[1] Исклучителна уни на подр и културни вредности коишто ги надмину заради идните генерации на целото човештво. Од тие причини, постојаната заштита а важност за целата меѓународна заедница (Оперативен водич за примена на Конвенцијата за светско наследство - параграф 49, https://whc.unesco.org/en/guidelines/).

[2] По впишувањето на Листата на светско наследство, состојбата со заштитата на добрата ја следи Центарот за светско наследство на УНЕСКО со своите советодавни тела - ИКОМОС, ИУЦН и ИКРОМ.

[3] Меѓународната унија за заштита на природата (International Union for Conservation of Nature (IUCN).

[4] 4. сесија на Комитетот за светско наследство - Париз 1980 (CONF 016 V.13).

резерват.[5]

[5] 26. сесија на Меѓународниот координациски совет за МАБ програмата, Јонкопинг - Шведска 2014 (SC-14/CONF.226/8/REV);

# 2. Изјава за исклучителната универзална вредност[6]

## 2.1. Исклучителна универзална вредност

Исклучителната универзална вредност на Охридскиот Регион е резултат на комбинацијата од природните феномени со квалитет и разновидност на културното наследство - материјално и нематеријално.

***Исклучителната универзална вредност*** на светското наследство се заснова на следните три столба:

- подрачјето/локалитетот/споменикот да исполнува најмалку еден од критериумите утврдени со Оперативниот водич за спроведување на Конвенцијата за светското наследство;
- подрачјето/локалитетот/споменикот да ги задоволува условите за автентичност и интегритет;
- подрачјето/локалитетот/споменикот да ги исполнува условите за заштита и управување со светското наследство;

Регионот на Охридското Езеро, мешовито добро што опфаќа 83 350 ha, беше впишан за неговите природни вредности во 1979 година, а за неговите културни вредности една година подоцна. Охридското Езеро е извонреден природен феномен кој е прибежиште за бројни ендемски и реликтни слатководни видови флора и фауна кои потекнуваат од терциерниот период. Древното езеро со тектонско потекло, односно ова длабоко езеро постои континуирано околу 2 до 3 милиони години. Неговите олиготрофни води чуваат над 200 вида растенија и животни кои се уникатни за езерото, вклучувајќи алги, сплескани црви, полжави, ракови и 17 ендемски видови риби, вклучително и два вида пастрмка, како и мноштво птици.

Лоциран на брегот на Охридското Езеро, градот Охрид претставува една од најстарите човечки населби во Европа. Изграден меѓу VII и XIX век, тој бил седиште на најстариот словенски манастир (посветен на св. Пантелејмон) и на повеќе од 800 икони со светска слава во византиски стил, насликани меѓу XI и крајот на XIV век. Охридската архитектура е најдобро зачуваната и најцелосната збирка на урбана архитектура во овој дел на Европа. Словенската култура се ширела од Охрид кон другите делови на Европа. Со археолошките истражувања се откриени седум базилики во стариот дел на Охрид (ова сигурно не е конечниот број), кои датираат од периодот меѓу IV, V и почетокот на VI век, а содржат такви архитектонски и декоративни својства кои неспорно укажуваат на силниот подем и слава на античкиот Охрид (Лихнид), во овој поглед. Структурата на градското јадро е збогатена со голем број археолошки локалитети, со акцент на ранохристијански базилики, кои имаат бројни мозаични подови. Посебно место во градителското наследство на Охрид припаѓа на нејзината стара урбана архитектура, особено поради фактот дека на оваа локација може да се види добро зачувана доцноосманлиска урбана резиденцијална архитектура од XVIII и XIX век со традиционално локално влијание. Ограниченио простор за градежни активности довел до формирање на многу тесни улици.

Иако градот Струга се наоѓа по должината на брегот од Охридското Езеро, неговиот живот е сконцентриран на бреговите на реката Црни Дрим која истекува од езерото. Постоењето на Струга е поврзано со неколку наколни рибарски населби лоцирани покрај брегот на езерото. Голем број археолошки локалитети сведочат за постоење наоди од

[6] Изјавата за исклучителната универзална вредност е усвоена на 39. сесија на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО (Бон, Германија 2015 год., Одлука 39 COM 8E);

неолитскиот период, бронзеното време, македонско-хеленистичкиот период, римскиот период и раниот средновековен период.

Спојот на добро зачуваните природни вредности со квалитетот и разновидноста на неговото културно наследство го прави овој регион навистина уникатен.

## 2.2. Критериуми за впишување

Со ***Оперативниот водич за спроведување на Конвенцијата за светското наследство***[7], меѓу другото, се дефинираат критериумите според кои одредено подрачје/локалитет/споменик, покрај автентичноста и интегритетот, треба да ги исполни истакнувајќи ја својата исклучителна универзална вредност, како услов да биде впишано на Листата на светско наследство. До 2005 година беа воспоставени шест критериуми за културното и четири критериуми за природно наследство. По 2005 година е воспоставен интегриран сет од десет критериуми, а подрачјето/локалитетот/споменикот кое е номинирано за впишување на Листата на светско наследство треба да исполнува најмалку еден критериум.

Впишувањето на природното и културното наследство во Охридскиот Регион (кое ја опфаќа територијата на Република Северна Македонија) се темели на четири од десетте критериуми за впишување на Листата на светско наследство:

- ***Критериум (i) -*** *културно добро што претставува ремек-дело на човековиот креативен дух.* Градот Охрид е меѓу најстарите населби во Европа. Присутни се добро зачувани археолошки наоѓалишта од бронзеното време до средниот век, религиска архитектура од VII-XIX век, како и автентична урбана архитектура од XVIII-XIX век. Овие објекти и остатоци имаат историски, архитектонски, културни и уметнички вредности. Заради концентрацијата од археолошки наоѓалишта и урбани структури во стариот урбан центар на Охрид, покрај брегот на Охридското Езеро и во непосредната околина, создаден е исклучителен и хармоничен ансамбл, што го прави овој регион навистина уникатен;
- ***Критериум (iii) -*** *да поседува единствено или барем извонредно сведоштво за културната традиција на одредена постоечка или исчезната цивилизација*: ова светско наследство е сведоштво на византиската уметност, која е прикажана на повеќе од 2.500 $m^2$ фрески и повеќе од 800 икони. Црквите Света Софија (XI век), Света Богородица Перивлепта (XIII век) и Свети Јован Канео (XIV век) презентираат високо ниво на уметнички достигнувања во фреските и теолошките претстави коишто се изработени од домашни и странски уметници. Естетските ведности на религиската архитектура, фреските и иконите придонеле овој регион да стане значаен верски и културен центар низ вековите;
- ***Критериум (iv) -*** *да претставува извонреден пример на градба, архитектонски или технолошки ансамбл или пејзаж кој ги отсликува значајните епохи на човековата историја*. Во градот Охрид бил основан најстариот словенски манастир и првиот Словенски универзитет на Балканот кој придонел кон развивањето и ширењето на образованието и културата во стариот словенски свет. Старото градско јадро на градот Охрид (чие античко име е Лихнидос) е единствена зачувана автентична урбана целина со плански архитектонски решенија - форум, јавни, станбени и сакрални објекти со потребната инфраструктура кои со својата хармонична поставеност се вклопуваат во крајбрежната линија и околниот терен. Ранохристијанската уметност од IV до VI век, со пространи базилики со мозаични подови, на која се надоврзува византиската уметност (IX-XIV век), со голем број зачувани религиски градби од разни типови, со внатрешност

[7] https://whc.unesco.org/en/guidelines/

богато украсена со фрески, икони и црковен мобилијар, преставуваат особен белег на периодот на нивното создавање. Посебно место во градителското наследство на Охрид зазема староградската архитектура, особено заради фактот што овде е зачуван типичниот изглед на ориентална градска куќа од XVIII и XIX век кој се развил во една оригинална, локална варијанта. Ограничениот простор за ѕидање диктирал и формирање на многу тесни улички;

- ***Критериум (vii)*** *- содржи суперлативни природни феномени или подрачја со исклучителна природна убавина и естетска важност*: Охридското Езеро коешто датира од предглацијалниот период е исклучителен природен феномен. Како резултат на неговата географска изолација и непрекината биолошка активност, Охридското Езеро претставува живеалиште на бројни ендемски и реликтни видови на слатководна флора и фауна. Во олиготрофните води на езерото живеат преку 200 ендемски видови - бентосна флора и фауна, особено алги, дијатомеи, црви, полжави и други видови, како и 17 ендемски вида риби. Во Охридскиот Регион, исто така, се среќаваат 87 вида птици.[8]

## 2.3. Интегритет

И покрај направените мали промени на границата во 2009 година, не беа опфатени сите елементи што ја одредуваат исклучителната универзална вредност на регионот, бидејќи беа заштитени само две третини од Охридското Езеро во Република Северна Македонија и само еден дел од сливот на езерото.

Во февруари 2018 година Република Албанија го поднесе номинациското досие за проширување на границите и впишување на делот од Охридскиот Регион кој се простира на територија од Албанија на Листата на светско наследство на УНЕСКО. Албанскиот дел од Охридското Езеро вклучува важни области како што се пределот на полуостровот Лин и селото Лин, пределот во северниот дел на Лин, каде што се лоцирани древни населби на Илирите и изворите Дрилон. Во јули 2019 година Комитетот за светско наследство на УНЕСКО го прифати проширувањето на границите на доброто и на територија од Албанија, со што е задоволена една од главните компоненти на исклучителната универзална вредност, а тоа е зачувување интегритетот на најстарото и најбогатото со биолошка разновидност езеро во Европа (Одлука 43 COM 8B.9).[9]

Главни закани за интегритетот на доброто се екстензивниот неконтролиран урбан развој, некоординираниот урбан развој, порастот на населението, несоодветниот третман на отпадните води и цврстиот отпад и силните притисоците од туризмот. Дополнително, застапена е фрагментација и уништување на живеалиштата, неконтролирано и нелегално риболовство, несоодветна експлоатација на крајбрежната зона; истовремено, квалитетот на водите е загрозен од загадувањето предизвикано од сообраќајот.

Интегритетот на доброто донекаде беше нарушен кога неколку куќи изградени во XIX век беа урнати за да се презентираат ископаните остатоци на римскиот театар. Генералната компактност на доброто, односно вклопеноста на објектите во пределот може лесно да се наруши доколку не се контролираат соодветно новите градби.

[8] Податоците се добиени за подготовка на Изјавата за исклучителната универзална вредност која Комитетот за светско наследство на УНЕСКО ја усвои на својата 39. сесија (Бон, Германија 2015 год., Одлука 39 COM 8E)
[9] https://whc.unesco.org/en/decisions/7366

## 2.4. Автентичност

Долгиот историски континуитет на овој регион, карактеризиран со културни размени меѓу Истокот и Западот, формирал идентитет со карактеристични специфики на оваа мала територија.

Градот Охрид е релативно добро зачуван, меѓутоа, неконтролираната урбанизација негативно се одразува на вредностите: формата на споменичкиот ансамбл, крајбрежјето и пределот. Овие вредности се загрозуваат заради потенцијалните влијанија од инфраструктурни проекти и други интервенции во просторот.

Значајни конзерваторски и реконструкциски работи на некои од религиските објекти се спроведени по 1990 година и тие се темелно истражени и документирани. Сепак, може да се забележи дека некои од овие активности негативно се одразуваат на автентичноста на доброто. Фреските и иконите кои се чуваат во црквите се во добра состојба.

Некои објекти со намена за домување се пренаменети, променета е и нивната внатрешност за да се подобрат животните услови. При реконструкцијата на објектите најчесто се користат изворни материјали коишто биле користени во текот на изградбата, но повремено се користат и нови материјали, што претставува закана за автентичноста на доброто.

## 3. Граници на доброто

Во номинациското досие од 1979 година не беа прецизно дефинирани границите на заштитениот регион. Од тие причини, во 2009 година, согледувајќи ја реалната состојба, извршено е незначителна промена со прецизно дефинирање на границите на заштитениот регион и тоа е прифатено од Комитетот за Светско наследство на сесијата која се одржа во Севлја, Шпанија (Одлука 33 COM 8B.40).

Границата на „Природното и културно наследство на Охридскиот Регион" на територијата од Република Северна Македонија, која зафаќа делови од териториите на општините Охрид, Струга и Дебрца, започнува од граничниот премин кај Свети Наум и се протега на исток и североисток по граничната линија меѓу Северна Македонија и Албанија, сè до граничниот столб Ф 11/I. Оттука, границата свртува кон север, избива на 1102 m н.в. кај Стара Галичица, од каде што се издига кон поголема надморска височина, а потоа се спушта по суводилицата која завршува кај месноста Липова Ливада на 1568 m н.в. Понатаму границата свртува кон исток и води по асфалтниот пат до месноста Долна Плос, од каде што го менува правецот кон север искачувајќи се на врвот Томорос - т.т. со кота 1673 m. Границата понатаму го задржува истиот правец и води по возвишенијата Пресека - т.т. со кота 1633 m, Тумба - т.т. со кота 1605 m, Шагон - т.т. со кота 1622 m, Самар - кота 1657 m, Црвен Камен - т.т. со кота 1660 m, Гарванов Камен, Самерница - т.т. со кота 1346 m, Бајчинов Рид - т.т со кота 1380 m, го сече патот Охрид - Ресен и избива на возвишението Прчишта - т.т. со кота 1184 m, а потоа на Стогово - т.т. со кота 1327 mи на Калипадинје - кота 1372 m. Оттука границата се протега кон север и се спушта на висинската точка со кота 1268 m, минува преку ридот Никотинец - кота 1131 м, од каде што се спушта кај месноста Привја Вода - кота 899 м. Тука границата го менува правецот и се протега на северозапад искачувајќи се на ридот Градиште - т.т со кота 1086 m. Потоа границата се спушта и минува низ јужните делови на Дебрца, потоа низ ридот Горица - т.т со кота 877 m, ја сече реката Сатеска, минува низ месноста Горна Тумба и котата 1270 m, преку возвишението Кодра Маре - т.т со кота 1436 m и висинската точка со кота од 1522 m, се спушта кон месноста Гриковец, минува низ селото Тоска и избива на висинската точка 971 м. Тука границата го менува правецот кон југ, ја сече реката Црни Дрим, минува низ Суво Поле, потоа низ т.т. 754 m и 714 m, го сече ридот Долна Краста, го сече патот с. Враништа - с. Октиси, минува низ висинската точка 752 m и низ источните делови на Синје Брдо, минува низ висинската точка 864 м, го сече патот Струга - с. Вишни, минува низ котата 1026 m, потоа низ месностите Банго и Цонга, висинската точка 1165, тригонометриските точки 1144 (Каралиште), 1103 (Красје) и 1179 и избива на граничниот премин Ќафасан на македонско-албанската граница. Потоа правецот на границата се протега кон исток и во должина од 2,2 km води до брегот на Охридското Езеро по границата кон Република Албанија а потоа се протега преку Охридското Езеро за да заврши на граничниот премин кај Св. Наум (слика 1).

Територијата која ја опфаќа заштитеното добро - Природно и културно наследство на Охридскиот Регион на македонска страна изнесува 83,350 ha.

Треба да се напомене дека со прекугранично проширување на заштитеното добро кое го опфаќа и албанскиот дел на Охридското Езеро се додадени уште 11,378.6 ha површина.




*Слика 1. Граници на прекуграничното добро - Природно и културно наследство на Охридскиот Регион.*

## 3.1. Контактна зона[10]

Во периодот кога доброто беше впишано на Листата на светско наследство во 1979/1980 година го опфаќаше поширокиот регион околу Охридското Езеро, но не беше предложена контактна зона. УНЕСКО препорачува дека секое подрачје/локалитет/споменик со светско значење треба да има контактна зона дефинирана околу доброто со цел негова

[10] https://whc.unesco.org/en/series/25/

подобра заштита. Контактната зона треба да обезбеди дополнителна заштита на исклучителната универзална вредност, автентичноста и интегритетот на доброто. Во контактна зона се воспоставува целосна правна заштита што предвидува соодветни забрани во однос на начинот на користењето на земјиштето, урбанизацијата и развивањето на инфраструктурни проекти, заради обезбедување на дополнителна заштита на доброто.[11]

Контактната зона ја вклучува непосредната околина на доброто за да ги заштити визурите од и кон заштитеното добро, да ги намали негативните влијанија на неговата исклучителна универзална вредност, како и да ги вклучи подрачјата што функционално се поврзани со заштитените области. Таа претставува интегрален дел од системот што државата и институциите го воспоставуваат заради соодветна заштита и управување со заштитеното добро.

Потребата од воспоставување контактна зона беше нотирана и во Извештајот од Реактивната мониторинг мисија (2017) со препорака да биде опфатено и Преспанското Езеро.[12]

Во текот на изработката на Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион се спроведоа анализи со цел утврдување на алтернативни граници на контактната зона. Притоа, се користеа насоките од изданието на УНЕСКО *Светското наследство и контактни зони*[13] кои ги дефинираат потребата и значењето од воспоставување контактна зона.

Утврдувањето на контактна зона на заштитените подрачја е релативно нов концепт во науката за заштита, и пристапот може да се разликуваат во голема мера за секоја локација.

### 3.1.1. Предлог граници на контактна зона

Дефинирањето на контактна зона за заштитено добро, особено кога станува збор за прекугранично добро со мешовити вредности (природни и културни) е мошне комплексно.

Затоа, во Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион се разгледани три предлози за определување на границата на контактната зона, и тоа:

1. границата на контактната зона која е идентична со границата на **Прекуграничниот биосферен резерват Охрид - Преспа;**
2. границата на контактната зона која го вклучува Преспанското Езеро;
3. граница на контактната зона каде што главен акцент е даден на интегритетот на Националниот парк „Галичица“.

При утврдувањето на границите на контактната зона е следена линеарната поставеност на теренот, било таа да е природна (релјеф, водени текови, водени површини и др.) или создадена (пат, граница на катастарска парцела, граница на подрачје со исто или слично искористување на земјиштето итн.).

Земајќи го предвид фактот што во јули 2019 година делот од Охридското Езеро кој припаѓа на Албанија е впишан во Листата на светското наследство на УНЕСКО, при разгледување на алтернативите за дефинирање на контактната зона се испочитувани границите на веќе дефинираната контактаната зона на албанската страна.

Разгледаните предлог-граници на контактната зона ќе се дискутираат преку широк консултативен процес. Дефинираната граница на контактната зона, по прифаќањето од страна на Комитетот за светско наследство (во постапка предвидена со Оперативниот водич за

[11] UNESCO 2019 Operational Guidelines, 103-107, c.30.
[12] 20170628_Reactive_Monitoring_mission_report_Ohrid_region.pdf.
[13] *„World Heritage and Buffer Zones“, UNESCO 2009,* (http://whc.unesco.org/documents/publi_wh_papers_25.pdf).

спроведување на Конвенцијата за светско наследство), ќе се вклучи во номинациското досие. Притоа, новата граница ќе се опише, ќе се внесе на катастарски подлоги, ќе се утврди површината на контактната зона, намената на користење на земјиштето и другите карактеристики на зоната. Истовремено, границите на контактната зона и мерките на заштита ќе се вклучат со измени и дополнувања на Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион и во ревидиран План за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион

Се предвидува процесот за утврдување на границите од контактната зона да заврши до јуни 2020 година. Усвојувањето на овие граници може да се реализира во 2021 година, по што би се пристапило кон измена на Законот за управување и на Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион.

#### 3.1.1.1. Предлог 1: Граница на контактната зона која е идентична со границата на преодната зона на биосферниот резерват Охрид - Преспа

Прекуграничниот биосферен резерват Охрид - Преспа е прогласен во 2014 година на сесијата на Меѓународната комисија на УНЕСКО по предлог на Билатералната комисија на Охридско Езеро и министрите за животна средина во Албанија и Северна Македонија. Биосферниот резерват се протега на територијата од општините Охрид, Струга, Ресен, Битола, Дебрца, Вечани, Корча, Подградец, Билшит и Малиќ, Цераве, Дардаш, Дреново, Хичишт, Худеништ, Билишт-Ќендер, Либоник, Лиќенас, Булгарец-Ќендер, Молај, Пирг, Бучимас, Појан, Прогрер, Проптишт, Рајче, Требиње, Виоскоп и Врешташ.

Вкупната површина изнесува 446,244.52 ha, од кои јадровата зона е 14,339.25 ha, а контактна зона изнесува 140,479.27 ha (слика 2).




*Слика 2. Биосферен резерват Охрид - Преспа.*

На територијата од Република Северна Македонија јадровата зона во Биосферниот резерват Охрид - Преспа се однесува на строго заштитните зони утврдени во заштитените подрачја – Национален парк „Галичица“, Национален парк „Пелистер“, Парк на природата „Езерани“ и Охридското и Преспанското Езеро. Контактната зона се формира во границите на зоните за активно управување и одржливо користење, додека преодната зона е ограничена со административните граници на општините Охрид, Струга, Дебрца, Ресен и Битола.

Во рамките на потенцијалната граница на контактната зона на природното и културното наследство во Охридскиот Регион, што би била идентична со границата на преодната зона на биосферниот резерват Охрид - Преспа, ќе се вклучат општините Ресен и Битола и ЈП Национален парк „Пелистер“.




*Слика 3. Граница на преодната зона на биосферен резерват Охрид - Преспа, граници на заштитените подрачја и границаи на природното и културното наследство во Охридскиот Регион.*

Ова проширување може да го усложни постојниот комплексен управувачки модел што се заснова на процеси кои ги спроведуваат голем број институции. Утврдената контактна зона на Природното и културното наследство на Охридскиот Регион на територијата од Албанија не ги следи границите на преодната зона утврдена со границите. Дополнително, контактната зона што е утврдена со номинацијата на доброто од албанска страна е помала од преодната зона утврдена со границите на биосферниот резерват Охрид - Преспа (слика 3).

Во периодот на јавната консултација се предложи во натамошниот процес на утврдување на границите на контактната зона овој предлог да се разгледува, и покрај тоа што управувањето со доброто може дополнително да се усложни.

#### 3.1.1.2. Предлог 2: Граница на контактната зона која го вклучува Преспанското Езеро

Со цел дополнителна заштита на доброто (предлог содржан во Извештајот на Реактивната мониторинг мисија на УНЕСКО од 2017 год.), предложена е граница на контактна зона што се движи по природни релјефни форми и вклучува подрачја што имаат иста или слична намена на користење за да се подобри функционалноста на регионот. Оваа граница се надоврзува на контактната зона на Охридското Езеро од албанска страна (слика 4).




*Слика 4. Граница на природното и културното наследство во Охридскиот Регион и предлог за контактна зона што е помала од контактна зона на биосферниот резерват Охрид - Преспа и го вклучува Преспанското Езеро.*

Со усвојување на оваа предлог контактна зона ќе се вклучи Општина Ресен, што повторно може да го усложни постојниот комплексен управувачки модел.

Од аспект на потребната заштита што треба да ја обезбеди контактната зона, овој предлог има поволности бидејќи со вклучувањето на Преспанското Езеро се препознава поврзаноста на ова водно тело со Охридското Езеро. Затоа, оваа алтернатива нема да биде отфрлена и ќе се разгледува во текот на јавната консултација со Предлогот 3.

#### 3.1.1.3. Предлог 3: Граница на контактната зона со главен акцент на интегритетот на Националниот парк „Галичица“

Оваа предложена граница на контактната зона во својот почетен дел е речиси идентична со втората алтернатива, но наместо да го вклучи Преспанското Езеро, таа се спушта




кон југ и се движи по источната граница на Националниот парк „Галичица“. Оваа граница, исто така, се надоврзува на контактната зона на Охридското Езеро од албанска страна.

*Слика 5. Граница на Природното и културното наследство во Охридскиот Регион и предлог за контактна зона што е помала од контактна зона на биосферниот резерват Охрид - Струга, но не го вклучува Преспанското Езеро.*

Источната граница на Националниот парк „Галичица“ ја следи бреговата линија на Преспанското Езеро. Притоа, и покрај фактот што во контактната зона не е вклучено езерото, се вклучува бреговата линија долж која се застапени каверните во карстната градба на планината Галичица, со што се обезбедува дека ќе се има контрола врз територијата на која се релизира хидролошката порзаност меѓу Преспанското и Охридското Езеро (слика 5).

Прифаќањето на предложената контактна зона не го усложнува постојниот комплексен управувачки модел. Од друга страна, се дооформуваат границите на доброто, бидејќи со контактната зона се вклучува целата површина на Националниот парк „Галичица“, наспроти сегашната граница што се простира по билото на планината.

## 4. Атрибути на исклучителната универзална вредност

Охридското Езеро е најстаро езеро во Европа, опкружено со древни патишта и населби кои опстојуваат низ историјата. Природната и културната историја во ова посебно место се испреплетувале низ времето, создавајќи исклучително наследство со специфики кои го вбројуваат во светското наследство и како такво треба да се зачува и пренесе на идните генерации.

Регион на Охридското Езеро

- Охридското Езеро е лоцирано на 683 m н.в.
- Опкружено е со високи планински венци на исток и на запад кои достигнуваат надморска височина од околу 2250 m.
- Има максимална длабочина од 288,7 m и просечна длабочина од 155 m.
- Тоа е едно од езерата со најголем волумен во Европа; има вкупна водна површина од 358 $km^2$, од кои околу две третини се лоцирани во Македонија и околу една третина во Албанија.
- Површината на неговиот непосреден слив изнесува 1129 km, додека ефективната површина на сливот го вклучува и сливот на Преспанското Езеро поради подземната врска низ карстот;
- Пронајдени се преку 1400 автохтони вида, вклучувајќи и околу 300 вида кои се ендемски за Охридското Езеро.
- Градот Охрид е една од најстарите човекови населби во Европа; претставува ретко архитектонско и уметничко достигнување и ризница на архитектонски, археолошки, материјални и нематеријални вредности.
- Градот Струга живее на брегот од Охридското Езеро и на бреговите на реката Црни Дрим, која како природен феномен истекува од Езерото; има археолошки наоди од периодот на неолитот, бронзеното време, македонско-хеленистичкиот период, римскиот и раниот средновековен период.
- Крајбрежните населби (Трпејца, Пештани, Радожда и Калишта) сведочат за традицијата, руралната архитектура и претставуваат исклучителен културен предел во кој објектите се во хармонија со морфологијата на теренот, вегетацијата и воденото огледало на езерото.

### 4.1. Атрибути на природните вредности

Охридското Езеро е познато како суперлативен природен феномен. Со геолошка и биолошка историја од 2 до 5 милиони години се истакнува како најстаро природно езеро во Европа и едно од најстарите езера во светот.

Овој суперлативен природен феномен се одликува со следните атрибути на исклучителната универзална вредност:

- со најголема просечна длабочина од 155 m Охридското Езеро е најдлабоко езеро не само на Балканскиот Полуостров туку и во Европа, а четиринаесето во светот;

*Слика 6. Охридско Езеро.*

- тоа претставува последен остаток од древниот воден регион на евроазискиот континент пред леденото време и според својата геолошка и биолошка историја се смета за најстарото езеро во Европа;
- од настанувањето на езерото во плеистоценот се создале услови за одредени екосистеми (посебно пештерски и водни екосистеми) и елементите на фауна кои се дел од овие екосистеми за да преживеат во текот на подолги периоди. Прастарите групи (реликтни видови на фауна) се распространиле преку процес на еволуција каде од еден вид настануваат два или повеќе генетски независни видови (специјација), што резултирало во бројни локални ендемски видови;
- езерото претставува исклучително жариште на биолошка разновидност од глобално значење. Со 212 ендемски вида флора и фауна и површина од 358,2 $km^2$ најверојатно претставува езеро со најголема разновидност во светот, во смисла на застапени ендемски видови на единица површина. Живите фосили и ендемските видови се развиле како единствен резултат на географската изолација и непреченото одвивање на биолошката активност. Овој ендемизам на Охридското Езеро опфаќа полжави, трепчести црви, голем број реликти од алги и од дијатомеи, езерски сунѓери, алги, риби, како и 88 вида птици. Овие видови се приспособиле на олиготрофните услови што се поддржани со карстните извори и Студенчишкото Блато. (Apostolova et al, 2016). Степенот на ендемизам на Охридското Езеро се проценува на 36% за сите видови и 34% за животинските видови. Значајно е да се одбележи дека се застапени 72 гастроподни вида од кои 78% не се среќаваат на друго место од планетата. Кај други таксони, исто така, се среќава висок степен на ендемизам, и тоа: *ciliophora* (91% ендемизам од вкупно 34 видови), *amphipoda* (90% од вкупно 10 вида), *porifera* (80% од вкупно 5 вида), *isopoda* (75% од вкупно 4), *tricladida* (79% од вкупно 29 вида), *ostracoda* (63% од вкупно 52 вида) и *hirudinea* (54% од вкупно 26 вида) (Albrecht и Wilke, 2008);
- Охридското Езеро го поддржува рзвојот на биолошката разновидност на слатководните риби со густина од >8 таксони на секои 104 $km^2$ (Hales, 2015). Застапена е релативна рамнотежа меѓу циприниднитe и салмонидните риби. Ихтиофауната е претставена со 21 вид, од кои 15 се карактеристички за Западен Балкан, 13 се среќаваат во Југоисточниот Јадрански Регион, а 8 се ендемски за Охридското Езеро (Hales, 2015);
- во езерото се среќаваат бројни загрозени видови од регионален, европски и глобален карактер. Според глобалната Црвена листа на ИУЦН, во Охридското Езеро се среќаваат 26 ранливи, 17 засегнати и 11 критично загрозени вида. Како поважни растителни видови може да се спомнат *Nufar lutea*, *Nymphaea alba*, кои се строго заштитени според националното законодавство.

- Студенчишкото Блато го снабдува езерото со вода преку подземна врска, притоа, регулирајќи ги екосистемските услуги на поширокиот регион преку задржување на нутриенти, и со тоа го намалува антропогеното влијание и го подобрува квалитетот на водите (Apostolova et al, 2016; Друштво на научници за блатни живеалишта, 2018). Студенчишкото Блато е остаток од претходното поголемо блатно живеалиште, но тоа е сè уште функционално, а стратифицираните слоеви на тресет претставуваат еден вид палеоеколошки архив; во блатото се мрестат три таксони на комерцијално значајни риби. Блатото придонесува и за секвестрација на јаглерод во 300 cm длабокото хистосолно тресетиште (Apostolova et al, 2016; Society of Wetland Scientists, 2018).

*Слика 7. Карстен предел на Галичица (фото: Васил Анастасовски).*

При вреднувањето на просторот особено значење е дадено на геоморфолошките и топографските специфики, визурите, атрактивноста на регионот и посебните климатски специфики. Од планините централно место во регионот зазема масивот Галичица со врвот Магаро (2255 m), додека планината Јабланица со високите врвови (Стрижак – 2333, Крстец – 2185 и Чумин Врв - 2125 m н.в.) претставува западна граница на регионот со географскиот диверзитет на планината Галичица е претставен со сите видови релјефни форми, кои се типични за карст (слика 7).

- Охридското Езеро, Националниот парк „Галичица“ и Преспанското Езеро како комплексна целина, претставуваат област со изразено богата биолошка разновидност, висок степен на хетерогеност и ендемиза, и во таа смисла се смета за навистина импресивна локација во Европа (Gaston & David, 1994).[14]
- Во Националниот парк „Галичица“ се откриени над 30 растителни таксони и тие претставуваат заштитен знак на планината. Тука се присутни и 19 таксони од светската Црвена листа на засегнати растенија на IUCN кои имаат статус „ретки“ (R – rare). Вкупниот број на таксони од фауната досега забележани на територијата од паркот изнесува над 3150 ha, што претставува енормно висока разновидност на подрачје од само 25000 ha.

[14] Gaston, K. J. & David, R. (1994). Hotspots across Europe. Biodiversity Letters, 2: 108 - 116.

Во Охридскиот Регион како „жаришта“ на биолошката разновидност се идентификувани девет локалитети (слика 17):

1. **Света Богородица Калишка** - сублакустриски извори.

*Слика 8. Сублакостриските извори во Калишта.*

2. **Калишта** - единствено природно живеалиште на жолтиот локвањ (Nupharlutea) на Охридско Езеро.

*Слика 9. Живеалиштето на жолтиот локван во Калишта.*

3. **Подмоље** - најраспространет појас на трска (*Phragmites australis*) на Охридското Езеро, природно живеалиште на загрозени видови птици и мрестилиште на крап.

*Слика 10. Најголем појас на трската во Подмоље.*

4. **Мазија** - ревитализирано природно живеалиште на жолтиот локвањ (*Nuphar lutea*), мрестилиште на крап и живеалиште и гнездилиште на птици.

*Слика 11. Ревитализирано живеашиптето на жолтиот локвањ во Мазија.*

5. **Студенчишко Блато** - макрофитска вегетација и плодиште на краповидни риби.

*Слика 12. Студенчишко Блато.*

6. **Вели Даб -** сублакустриски извори, плодиште на пастрмката и биодиверзитет на бентосната фауна.



*Слика 13. Сублакустрични извори во Вели Даб.*

7. **Вељa Пеш -** сублакустриски извори, плодиште на пастрмката и биодиверзитет на бентосната фауна.



*Слика 14. Сублакустрични извори во Вељa Пеш.*

8. **Свети Петар** - крајбрежни и сублакустриски извори, мрестилиште на пастрмката и биодиверзитет на бентосната фауна.

*Слика 15. Сублакустрични извори Свети Петар.*

9. **Светинаумски Извори -** најиздашен извор на Охридско Езеро, мрестилиште на пастрмки и крапoвидни риби и биодиверзитет на бентосната фауна.

*Слика 16. Изворите кај Свети Наум (фото: Васил Анастасовски).*




*Слика 17. Локалитети со атрибути на природни вредности („жаришта“ на биолошката разновидност) во Охридскиот Регион.*

## 4.2. Атрибути на културните вредности

Долгиот историски континуитет на овој простор и размената на културите меѓу Истокот и Западот формирал посебен идентитет на оваа мала територија каков што не постои на поширокиот простор на Балканот.

Специфичноста на природното опкружување, езерото, пејзажот, богатиот и разновиден биодиверзитет, во хармонија со автентичните вредности на создаденото културно наследство, му даваат посебност на целиот регион и го чинат единствен. Долгата активност на многу генерации оставила зад себе синтеза на природното, урбаното и руралното.

Постепеното губење на делови од традиционалните градби го менува изгледот на пејзажот во целина, со што трајно се губат неговите карактеристики. Од таа причина, треба реално да се согледаат вредностите на сите видови елементи во репертоарот на традиционалното градителство, затоа што иако секој елемент од градителството сам за себе не претставува исклучителна вредност, тој, заедно, со елементите од ист вид, го чинат интегралниот дел од хармонизираната целина каде што секој од деловите претставува градителска идеја на минатото.




*слика 18. Културно наследство во Охридскиот Регион*[15]

[15] 1. Успение на св. Богородица, с. Велестово; 2. Св. Стефан Панцир, Долно Коњско; 3. манастир Св. Наум, с. Љубаништа; 4. Пештерна црква Св. Богородица Пештанска, с. Пештани; 5. Пештерна црква Св. Еразмо, с. Долно Лакочерој; 6. Св. Богородица Захумска, с. Трпејца; 7. Св. Спас Вознесение Христово, с. Лескоец; 8. Св.Никола, с.

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*




*Слика 19. Археолошки локалитети во Охридскиот Регион.*

Карактеристичната архитектура која изобилува со свои препознатливи и единствени специфики и успешното остварување на единството меѓу градовите, населбите, природната околина и езерото го прават овој предел автентичен и заради тоа исклучително вреден.

Имајќи ги предвид богатите културно-историски, архитектонски, археолошки и етнолошки вредности кои на регионот му даваат посебност, единственост, репрезентативност, автентичност, со нивната зачуваност, разновидност и интегралност, создадени се можности

Косел; 9. Св. Богородица Пречиста, с. Злести; 10. Си Свети, с. Лешани; 11. Св. Богородица, с. Враниште; 12. Св. Атанас, с. Калишта; 13. Успение Богородичино, с. Калишта; 14. Св. архангел Михаил, с. Радожда; 15. Св. Ѓорѓи, Струга; 16. Халвети теќе, Струга; 17. Амам Мустафа Челеби, Струга; 18. Гимназија „Климент Охридски“, Охрид; 19. Куќа на Паункоски, Охрид; 20. Св. Никола, Охрид; 21. Св. Ѓорѓи, Охрид; 22. Св. Петка, с. Велгошти; 23. Св. Спас, с. Горни Лакочереј; 24. Св.Илија, с. Велгошти; 25. Св.Климент, с. Велгошти; 26. Св. Недела, с. Долни Лакочереј; 27. Св. Илија, с. Елшани; 28. Св. Врачи, с. Пештани; 29. Кулоглу џамија, Охрид; 30. Објект од образование, Струга.

регионот да претставува добро од највисоко национално значење со универзални вредности за човештвото и неговата историја, култура, уметност и наука.

Како најистакнати репрезенти со архитектонско-урбанистички вредности во границите на впишаното добро се старите историски центри - урбани јадра на градовите Охрид и Струга, крајбрежните населби покрај Охридското Езеро,[16] археолошките локалитети кои опфаќаат период од над 5000 години,[17] градбите од византискиот, османлискиот период, преродбенскиот период и модерната и др., како и духовните центри и манастирите, надвор од урбаните јадра сплотени со природното опкружување, од кои се издвојуваат, манастирскиот комплекс Св. архангел Михаил (Св. Наум) на јужниот дел од охридското крајбрежје, манастирскиот комплекс Св. Богородица Захумска - Заум кај с. Трпејца и манастирскиот комплекс Св. Богородица - Калишта на западниот брег од Охридското Езеро (Прилог 4).

- **Охрид** како споменична целина има огромно значење поради комплексноста од многубројните археолошки остатоци, како и низата поединечни градби кои ги имаат карактеристиките на културно наследство од исклучително значење. Како една од најстарите човекови населби во Европа, тој претставува ретко архитектонско и уметничко достигнување и ризница на архитектонски, археолошки, материјални и нематеријални вредности. Градот, формиран во карактеристични природно-географски, историски, етно-социјални и естетски услови на живеење и стопанисување, во изминатиот период се издигал и развивал во една карактеристична хармонија, без тенденција за узурпација на просторот и визурите. Старата градска архитектура на Охрид зазема посебно место во богатото културно наследство на овој град, особено заради фактот што овде е зачуван типичниот изглед на ориенталната градска куќа од XVIII и XIX век (куќата на Робевци, куќата на Крапчев, куќата на Уранија...). Иако присутен и на други места, овој тип на архитектура тука се развил во една оригинална, локална варијанта. Ограниченост простор за градба диктирал многу тесни улички меѓу куќите, така што некои од нив се едвај широки да можат двајца да се разминат. Недостигот на светлина и воздух е надоместен со подигањето на повеќе катови од кои секој нареден е поширок од претходниот и има многу прозорци обично свртени кон југ, кон езерото. Малобројните зачувани куќи од првата половина на XIX век се среќаваат во погусто населените простори, разместени по стариот дел на градот и секоја од нив има своја убавина. Зачуваните објекти од старата охридска станбена архитектура претставуваат извонредни споменици на македонското минато и претставуваат инспирација во современото архитектонско творештво (слика 22).
- Урбаното јадро на Охрид вклучува градби и други структури кои датираат од предисторијата, антиката и доцната антика, ранохристијанскиот период, раниот и развиениот среден век, османлискиот период, преродбенскиот период, модерната, но и градби кои го носат белегот на современото (слика 20 и 21). Изграден претежно меѓу VII и XIX век, Охрид е седиште на најстариот словенски манастир (Свети Пантелејмон) и дом на повеќе од 800 икони со светско значење во византиски стил, насликани меѓу XI и XIV век. Словенската култура се ширела од Охрид кон другите делови на Европа. Во градот Охрид се наоѓа еден од најстарите словенски манастири, основан од св. Климент Охридски во IX век (се смета за првиот универзитет на Балканот), кој ја ширел писменоста, образованието и културата низ целиот древен словенски свет. Со археолошките истражувања досега се откриени базилики[18] кои датираат од периодот меѓу IV и почетокот на VI век, а содржат архитектонски и декоративни својства кои неспорно укажуваат на силниот подем и слава

[16] Трпејца, Пештани, Калишта, Радожда.

[17] На подрачјето на Охридскиот Регион констатирани се 263 археолошки локалитети, од кои со акт за заштита се заштитени 21. По општини: Охрид - евидентирани се 141 локалитети, од кои 16 со акт за заштита; Струга - 85 локалитети, од кои 2 со акт за заштита; Дебрца - 37 локалитети, од кои 3 со со акт за заштита;

[18] Ранохристијанска базилика на локалитетот Манчевци, Поликонхална базилика на Плаошник, ранохристијанска базилика Студенчишта, базилика Св.Еразмо, ранохристијанска базилика на ул. „Илинденска“ и др.

на античкиот Охрид (Лихнидос). Структурата на градското јадро е збогатена со голем број на археолошки локалитети, со акцент на ранохристијански базилики, со исклучително значајни мозаични подови.



*Слика 20. Културно наследство во градот Охрид според периодот на настанување.*




*Слика 21. Старото урбано јадро на Охрид.*



*Слика 22. Градот Охрид.*

*Слика 23. Градот Струга.*

- Градот **Струга -** иако е лоциран долж брегот на Охридското Езеро, неговиот живот сепак е сконцентриран на бреговите од реката Црни Дрим, која како природен феномен истекува од Езерото. Настанувањето на Струга е поврзано со наколните населби покрај Охридското Езеро. Археолошките локалитети сведочат за постоењето наоди од периодот на неолитот, бронзеното време, македонско-хеленистичкиот период, римскиот и раниот средновековен период. Значењето на Струга го потврдуваат и репрезентите на градската архитектура кои се истакнуваат со своите амбиентални, естетски и градителски вредности. Големиот број сакрални и профани градби, мостовите на реката Црни Дрим и тесните, калдрмисани

улички, говорат за постоењето на старото градско јадро на овој град. Куќите од старата градска архитектура на Струга се збиени една до друга во совршена хармонија без да си пречат една на друга (слика 23). За жал, голем дел од тие градби исчезнале низ времето и денес веќе не постојат, но и оние малобројните што останале се вистинска гордост на стружани и сè уште сведочат за тоа што се случувало во едно не така одамна минато време, кога овде се живеело мирно и тивко. На фасадите, портите и прозорците од струшките куќи се забележуваат сите карактеристики на типичната ориентална градска архитектура од крајот на XIX и почетокот на XX век. Надворешниот изглед на куќите е прилично едноставен и без многу украси, но затоа, пак, нивниот ентериер изобилува со најразлични декоративни елементи, меѓу кои, се издвојуваат таваните украсени со најразновидни розети и други елементи изработени во длабока резба, што им дава навистина прекрасен изглед. Хармонијата на куќите е запазена и во нивната внатрешност преку целосно и функционално искористување на расположивиот простор, поделен на простории со различна намена во кои се одвивал секојдневниот живот.




*Слика 24. Културното наследство во градот Струга.*

- Според релјефните карактеристики Општината **Дебрца** се вбројува меѓу ридско-планинските општини и дел од нејзината територија припаѓа во границите за заштитеното природно и културно наследство на Охридскиот Регион. Концентрацијата на археолошки локалитети со значајни археолошки наоди го отсликуваат значењето кое оваа територија го имала во минатото, но и придонесот во комплетирање на сликата за автентичната универзална вредност на регионот. Констатираните археолошки локалитети на територијата од Општината Дебрца припаѓаат на различни временски периоди, од кои би ги издвоиле: Требенишка Некропола, Горенци, VIII-IV век пр. н.е. (позната по богатиот археолошки материјал - откриени златни посмртни маски), Требенишко Кале, Требеништа (антички период), Зла Страна, Горно Средоречје (неолит), Кутлина, Велмеј (неолит до VI век), Сува Чешма, Три Челусти и Вртулка, Горенци (VIII-IV век пр. н.е.), Черепец, Годивје, пештера Јаорец, Велмеј (констатирани траги од првобитни заедници). Религиското наследство (црквата Си Свети во с. Лешани од XIV век, слика 26) и некои стопански објекти (воденицата во с. Лешани) се само дел од богатото културното наследство кое го поседува овој регион.

*Слика 25. Територија на Општина Дебрца во границите на заштитеното добро.*



*Слика 26. Црква Богородица Пречиста, с. Злести (лево), и црква Си Свети, с. Лешани (десно).*

Откриените и конзервирани археолошки локалитети/наоѓалишта веќе се или ќе бидат ставени во функција на туризмот презентирани како археолошки паркови (на пр.: наколната населба - Музеј на вода во Заливот на Коските кај селото Пештани, единствен од овој вид во поширокиот регион); археолошките локалитети кои се во рамките на заштитените целини делумно се превентивно заштитетни и презентирани (ранохристијанските базилики на Плаошник, Манчевци и др., античкиот театар и Самоиловата тврдина) (слика 27). Бројните археолошки и етнолошки предмети, иконите, старите ракописи и историски документи, како и предметите од применетата уметност кои се изложени во неколку перманентни поставки или преку разни повремени изложби и други видови презентација, исто така придонесуваат во развојот на културниот туризам.

*Слика 27. Музеј на вода (лево); ранохристијанска базилика „Манчевци“ (десно).*

**Крајбрежни населби (Трпејца, Пештани, Радожда и Калишта):**

- ***Трпејца*** **-** село сместено во подножјето на планината Галичица, во природна вдлабнатина меѓу карпите на источниот брег од Охридското Езеро. Со векови населението се занимавало со риболов како основен извор на приходи. Значајна улога има и сточарството, а земјоделството е ограничено на мала обработлива површина во сувото Трпејчко Поле. Селото има 370 жители. Во непосредна близина на селото е сместена црквата Св. Богородица Захумска со фрескодекорација која зазема значајно место во охридската уметност од XIV век.
- ***Пештани*** **-** сместено на 12 km јужно од Охрид на источниот брег на Охридското Езеро. Рибарството и сточарство биле основни занимања на жителите во минатото, но последните неколку децении тие се ориентираат кон развој на туризмот со добро развиени услужни дејности, трговија и угостителство. Ова наложило старите селски домаќинства да се преадаптираат во модерни современи објекти за потребите на туризмот и угостителството, со што ја изгубиле својата автентичност.
- ***Радожда*** **-** претставува типично рибарско село, сместено во рамничарскиот дел крај северозападниот дел од езерскиот брег кое постепено прераснува во туристичка рурална населба, со идеални можности за развој на селски туризам. Селото постепено се трансформира во современа туристичка населба со развој на услужните дејности: трговија, угостителство и туризам. Над селото се наоѓа пештерната црква Св. архангел Михаил (XIII - XIV век) со зачуван вреден живопис.

- ***Калишта*** **-** претставува типично рибарско село каде во последните години се повеќе се градат мали угостителски објекти и се развива угостителството и туризмот. Во непосредна близина на селото се наоѓа манастирскиот комплекс Св. Богородица со пештерниот храм Рождество на Пресвета Богородица (XIV век). Манастирската црква и конаците се градени во периодот од 1977 год. до нивното осветување во 2003 година и се активни и денес.

*Слика 28. Охрид, поглед кон Самоилова тврдина.*

## 4.3. Урбанистичко-архитектонски вредности

Основните споменички вредности на Охридскиот Регион претставуваат единство од историски заштитени градски јадра, автентична урбана структура, езеро - брег, духовни центри сместени покрај брегот на езерото со специфичен начин на живеење и рурални населби сместени во зачувани еколошки природни средини.

На територијата од Охридскиот Регион се формирани урбани агломерации со специфичен органски урбанизам со обликување на две градски јадра, крајбрежни населби и повеќе рурални населби каде урбаното ткиво расте и се развива според потребите на човекот. Во природниот пејзаж збогатен со визури кон езерото преку богатите зелени падини на планините, природните извори, подножјата на стрмните карпести предели и таинственоста на просторот биле оформени и повеќе духовни центри (манастири).

Анализирајќи ги градбите, почнувајќи од праисторијата со постоењето на големиот број наколни палафитни населби, чии остатоци се видливи и денес на езерското дно, преку антиката, средниот век, византискиот период, османлискиот период, преродбенскиот период, периодот меѓу двете светски војни, периодот во рамките на СФРЈ и последниот период во рамките на самостојна Македонија до денес, се истакнува урбанизам кој не е регулиран со планови и прописи. Тоа е органски урбанизам, каде урбаното ткиво расте и се развива според строгите закони и потребите на човекот, следејќи ја топографијата на теренот и почитувајќи ја локалната микроклима - проветрување, осончување и сл.

Наспроти тоа, поставеноста на духовните центри било условено од големите вредности на природниот пејзаж збогатен со неповторливи визури кон езерото, користејќи ги богатите

зелени падини на планините, природните извори, подножјата на стрмните карпести предели и мистичноста на просторот.

Во периодот на агресивната урбанизација која го напаѓа крајбрежниот дел околу Охридското Езеро (од 80-тите години на XX век) единствено делумно зачувана останува вертикалната проекција на старото градско јадро на Охрид, која завршува со цитаделата од Самоиловата тврдина на самиот врв од брдото, како и зачуваниот периметрален бедемски ѕид со градски порти и неизграден пошумен терен под кој по изохипсите на теренот се развива градското јадро театрално спуштајќи се кон езерскиот брег. Ова урбано зеленило е неопходно интегрално да се заштити како еден препознатлив и карактеристичен белег од урбаниот развој на градот.

## 4.4. Општествени вредности

Историскиот развој на градот Охрид, извонредните архитектонски остварувања, археолошките наоди кои сведочат за вековниот континуитет на животот во Охридскиот Регион, религиското наследство, значајните фрески и икони од времето на Византија, Светиклиментовиот универзитет, втемелувањето на словенската писменост и развојот на просветителската дејност го детерминирале општествениот и културниот идентитет на Охридскиот Регион.

Меѓународниот статус на светско природно и културно наследство на Охрискиот Регион претставува основа за добро управување со Охридскиот Регион како предуслов за неговиот натамошен одржлив развој. Подигањето на свеста за вредностите на Охридскиот Регион е императив за заштитата на наследството, бидејќи можностите за одржлив економски развој што нема да има негативни влијанија на исклучителната универзална вредност не се доволно препознаени.

Традиционалните културни вредности се основниот елемент во создавањето на заедничкиот идентитет кој се темели на признавање и обединување на културните разлики и градењето на интеркултурализмот како моќен ресурс за развој на целокупното општество. Брендирањето на нематеријалното наследство на Охридскиот Регион е моќна алатка и во потврдувањето на културниот идентитет, но и во развојот на туризмот и другите услужни дејности (кулинарство, занаетчиство, обичаи...).

Процесите на интегрирано управување треба да влијаат на натамошно стекнување на знаења за демократијата и водењето на дијалог и градењето партнерски пристап во управување со доброто. Постојните недостатоци во интегрираното управување ќе се надминуваат со содветни мерки во однос на подобрување на првната и институционалната рамка за управување и со едукација на надлежните институции и другите засегнати страни.

Вредностите на природното и културното наследство на Охридскиот Регион имаат потенцијал да го поттикнуваат локалниот развој и развивањето на нови стопански, едукативни, туристички и друг вид активности, особено во сегментите на алтернативниот туризам и придружните услуги што ќе се развиваат поради збогатувањето на понудата и искуството на туристите.

## 4.5. Научно-образовни вредности

Долгото цивилизациско егзистирање на градот Охрид низ вековите како духовен и културен центар оставило посебен печат и во просветителската дејност со формирањето на првиот Словенски универзитет, односно делувањето на познатата Охридска книжевна школа (Светиклиментовиот универзитет). Локалните процеси за формирање на општествените, образовните и духовните вредности на градот се надополнети и со долгогодишното

егзистирање на Охрид како црковен (христијански) центар. Градот поседува завиден фонд на стари ракописи и копии на стари словенски епиграфски споменици. Образовните вредности на Охрид се надополнети и со делата на повеќе охридски интелектуалци и творци од преродбенскиот период и времето на националното будење.

Археолошките наоѓалишта од бронзеното време до средниот век, ранохристијанската уметност од IV до VI век, со пространи базилики со мозаични подови, религиската архитектура од VII-XIX век, како и автентичната урбана архитектура од XVIII-XIX век, типичниот изглед на ориентална градска куќа од XVIII и XIX век и изобилството на фрески и икони од византискиот период, го прават Охридскиот Регион посебно атрактивен за научни истражувања од областа на историјата, археологијата, архитектурата, етнологијата и историјата на уметноста. Претпоставеното нематеријално културно наследство кое сè уште не е евидентирано и истражено отвора можности за научни истражувања тесно поврзани со Охридскиот Регион.

Охридското Езеро има клучна улога за палеоеколошките и палеоклиматските истражувања; придонесува за разбирањето на интеракцијата меѓу биолошката и геолошката еволуција; конечно, ова езеро има голем придонес за истражувањата на видовите (Wagner, 2017). Заради своите специфики, ова релативно мало езеро, заради исклучителната биолошка разновидност функционира како „природна лабораторија“ (Hauffe et al, 2011).

Евидентните притисоците врз екосистемот на Охридското Езеро, кои, доколку продолжат, може да доведат до исчезнување на половина од сите видови во наредниот период од околу 100 години (Dudgeon et al., 2006). Затоа е неопходно да се истражи влијанието на екосистемот и на одделните видови од загадувањето на водите и несоодветното отстранување на отпадот, фрагментацијта на живеалиштата и крајбрежната трансформација, инвазивните видови и климатиските промени. Истовремено треба да се има предвид неможноста да се поврзат директно влијанијата/притисоците врз промените во екосистемот и намалувањето на видовите, заради одложеното дејство на променетите услови во живеалиштата на состојбата (бројноста и дистрибуцијата) на видовите (e.g., Kuussaari et al., 2009).

# 5. Методологија и процес на изработка на Планот за управување со Природното и културното наследство во Охридскиот Регион

## 5.1. Потреба и правна основа за донесување на Планот за управување со светското наследство

Основна цел на управувањето е да се обезбеди ефективна заштита на доброто за сегашните и идните генерации. Сепак, управувањето како процес во себе содржи и многу повеќе: тоа е механизам преку кој се стремиме да ја разбереме историјата на доброто и неговата употреба и вредностите за сегашноста и иднината. Управувањето засновано врз вредностите на доброто е суштински принцип, а консултациите, дискусиите и градењето консензус, постигнати за време на процесот на изработка на Планот, ќе играат клучна улога во идното успешно управување со светското наследство.

Земјите потписнички на Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство (член 4 од Конвенцијата) се обврзани да ја гарантираат идентификацијата, заштитата, конзервацијата, унапредувањето на културното и природното наследство на својата територија, но и да ја зачуваат автентичноста, интегритетот и исклучителната универзална вредност и да ја пренесат на идните генерации. Комитетот за светско наследство на УНЕСКО изразува силна препорака до сите земји потписнички да оформат рамки за унапредување и соодветна правна заштита која ќе обезбеди долгорочна заштита на локалитетите на светско наследство. Во таа насока, Оперативниот водич за спроведување на Конвенцијата го нагласува значењето на Планот за управување како ефективна алатка за постигнување на овие заложби. Планот за управување ќе му овозможи на Охридскиот Регион да чекори напред, потпирајќи се на своите темелни вредности како меѓународно значаен регион за наследството.

Тоа е можно преку соодветно планирање, спроведување на соодветни мерки, оцена и следење на нивната успешност во текот на спроведувањето. Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион е првиот чекор кон дефинирање на обмислена политика за управување со природното и културното наследство и соодветно промовирање на светското значење на Охридскиот Регион.

Потребата од План за управување произлегува не само од меѓународните упатства, но и од одредбите од националното законодавство.[19]

Имено, во согласност со член 13 од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион („Сл. весник на РМ“ бр. 75/10), Владата на Република Северна Македонија на предлог од министерот за животна средина и просторно планирање и министерот за култура, а по претходно мислење на Националната комисија на УНЕСКО, донесува План за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион.

## 5.2. Методологија на изработка на Планот за управување

Методологијата за подготовка на Планот за управување на заштитениот Охридски регион се темели на препораките на УНЕСКО, ИКОМОС и ИУЦН, а е во согласност со *Насоките за управување со локалитети на светско културно наследство* (Бернард М. Филден, Јука Јокилето, 1998) – заедничка публикација на ИКРОМ, ИКОМОС и УНЕСКО и *Планови за управување со светско наследство – практичен водич* (Бригита Рингбек, 2008) - публикација

[19] Закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион („Сл. весник на РМ“ бр. 75/10).

на Германската комисија за УНЕСКО, но и позитивните искуства од други земји при изработка на планови за управување како на пример:

- План за управување со стариот и новиот град Единбург (2017-2022);[20]
- План за управување со градот Бат (2016 - 2022);[21]
- План за управување со приморскиот комерцијален дел на Ливерпул, (2017 - 2024);[22]
- План за управување со историското јадро на Цетиње, 2009;[23]
- План за управување со природното и културно историското подрачје на Котор, 2011.[24]

Планот за управување ги има предвид и останатите релевантни документи, како Декларацијата од Будимпешта за светско наследство од 26. сесија на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО од 2002 год. (CONF 202 9)[25] и Повелбата од Бура за заштита на места со културно значење (ИКОМОС Австралија, 1979, ревидирана во 2013)[26] итн.

При изготвувањето на Планот за управување со Охридскиот Регион беа користени податоци содржани во национални стратешки документи, анализи и извештаи, информации како и соодветни библиографски единици за природното и културното наследство во Охридскиот Регион.

Оперативниот водич за спроведување на Конвенцијата за светско наследство на УНЕСКО, усвоен од страна на Комитетот за светско наследство го нагласува значењето на Планот за управување како ефективна алатка за постигнување на овие заложби и притоа ги дава следните насоки:

1. Имајќи предвид дека секое подрачје/локалитет/споменик има свои специфики и разлики, општите елементи што треба да се запазат со цел воспоставување ефикасен систем за управување со светското наследство се следниве:
   - спроведување партиципативно планирање и консултативен процес со цел запознавање на сите чинители со значењето на заштитата на наследството;
   - следење на стандардниот циклус – ***планирање, спроведување, мониторинг, процена на успешност на спроведувањето на планот и негово ревидирање***;
   - процена на ранливоста на наследството во однос на социјалните, економските и другите притисоци и промени, вклучувајќи го и следењето на влијанијата, односно трендовите на предложените интервенции;
   - развивање механизми за координирање на активностите што се преземаат од страна на различни заинтересирани страни и чинители;
   - алоцирање на потребните ресурси;
   - изградба на капацитети и подигање на свеста;
   - транспарентен и отчетен опис на функционирањето на системот за управување со светското наследство.

---

[20] https://ewh.org.uk/plan/assets/Management-Plan-2018b.pdf?

[21] https://www.bathworldheritage.org.uk/sites/world_heritage_site/files/heritage/World%20Heritage%20Site%20Management%20Plan%202016-2022.pdf

[22] http://regeneratingliverpool.com/wp-content/uploads/2017/07/PMD-486-Liverpool-WHS-Management-Plan-FINAL-VERSION-as-at-12-May-2017.pdf

[23] http://*www*.unescomontenegro.com/images/stories/documents/MP%20CT%20eng.pdf

[24] https://www.academia.edu/36138996/Menad%C5%BEment_Plan_PRIRODNOG_I_KULTURNO_-ISTORIJSKOG_PODRU%C4%8CJA_KOTORA?auto=download

[25] *Budapest Declaration on World Heritage*, Будимпешта, Унгарија 2002 (https://whc.unesco.org/en/decisions/1217/);

[26] The *Australia ICOMOS Charter for Places of Cultural Significance, The Burra Charter, 2013* (Burra Charter).

2. Комитетот препорачува земјите членки на Конвенцијата да ги вклучат и аспектите на подготвеност за ризици во плановите за управување со светското наследство и во плановите за обука.

## 5.3. Процес на изработка на Планот за управување

Во 2007 година беше формирана меѓуресорска стручна комисија којашто работеше на ревидирање на границите на природното и културното наследство на Охридскиот Регион. Воедно, формирана е и работна група за отпочнување постапка за подготовка на Закон за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион кој е донесен во 2010 година.

Од 13 до 16 декември 2009 година во Охрид во организација на Канцеларијата на УНЕСКО во Венеција се одржа работилница на тема „Применување на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион“, на која беа утврдени насоки за изработка на Акциски план како значаен дел од подготовката на Планот за управување.

Процесот за изработка на Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион, со повеќе прекини, опфати период од десетина години. Во 2009 година, по прифаќањето на Информацијата за подготовката на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион од страна на Владата на РМ (заклучоци од 48 седница, бр. 19-3428/1 од 8.7.2009 год.), првата нацрт-верзија на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион беше доставена на разгледување до Центарот за светско наследство на УНЕСКО (2010 год.). По добиените препораки и забелешки од советодавните тела (ИУЦН и ИКОМОС), се пристапи кон ревизија на Нацрт-планот за управување, но и покрај тоа формално-правно не се заврши постапката за негово донесување од страна на Владата. Во 2015 година е подготвен ревидиран План за управување со природното и културното наследство Охридскиот Регион (2016 - 2025), кој, исто така, не резултираше со негово донесување од страна на Владата

Имајќи ја предвид потребата за прекугранична соработка во однос на спроведување интегрирани заштитни мерки во Охридскиот Регион, под покровителство на Центарот на светското наследство на УНЕСКО, во периодот 2014 - 2018 година се спроведе т.н. *Upstream* процес. Надлежните институции од двете земји имаа можност да разменат искуства и стекнат знаења за вредностите, заканите и управувачките мерки во прекуграничен контекст, што придонесе за натамошно зајакнување на интегритетот на заштитеното добро.

На 40. сесија на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО (Истанбул, Турција - 2016 година), согледувајќи ја ранливоста на наследството, беше донесена Одлука (40COM 7B.68) со која се препорача да се спроведе Реактивна мониторинг мисија од страна на Центарот за светско наследство и советодавните тела ИУЦН и ИКОМОС. Целта на мисијата беше да се процени состојбата на заштитата на природното и културното наследство, како и да се обезбеди помош околу иницирањето на изработката на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС) на Нацр-планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион. Со СОЖС би се процениле одделните и кумулативните влијанија од урбанизацијата, спроведувањето на планираните проекти од областа на туризмот, патната и железничката инфраструктура и на крајбрежната трансформација врз исклучителната универзална вредност на светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион.

Потребата од ревидирање на постојниот Нацрт-план за управување со природното и културното наследство Охридски Регион 2016 - 2025 е нотирана и во Извештајот на Реактивната мониторинг мисија (спроведена од 9 до 14 април 2017 год.).

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

Овој План за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион, кој се однесува само на делот од доброто на територијата од Република Северна Македонија, се заснова на верзијата од 2017 година и истовремено ги вградува коментарите и препораките од Извештајот на реактивната мониторинг мисија од 2017 година.

Процесот на изработка на Планот кој се рестартираше кон крајот на 2018 година се темели на концептот на тимска работа и интердисциплинарен пристап, што подразбира синхронизирано водење на повеќе истражувачки постапки од страна на работниот тим составен од национални експерти, врз основа на заедничка методолошка платформа. Дополнително, за изработката на Планот во 2019 година од страна на Владата е номинирана работна група што вклучува стручни лица од клучните надлежни институции на национално и локално ниво.

Нацрт-планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион е резултат на активно учество на голем број засегнати страни и тој беше предмет на опсежна консултација со јавноста. На јавните расправи што се спроведоа во Охридскиот Регион земаа учество претставници од Албанија. Завршниот текст на Планот ги обединува суштинските придонеси што беа добиени во периодот на траење на јавната консултација по Нацрт-планот.

## 6. Управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион

Главна цел на управувањето со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион е воспоставувањето рамнотежа меѓу заштитата на неговата исклучителна универзална вредност, користењето на природните ресурси, социјалниот развој и економски раст во рамките на заштитеното добро. Успешното управување со светско наследство мора да биде сеопфатно и да обезбеди одржлив развој на територијата од доброто.

Управувањето со заштитеното природно и културно наследство во Охридскиот Регион е доста комплексно бидејќи:

- доброто е распространето на релативно голема територија и ги зафаќа општините Охрид, Струга и Дебрца;
- станува збор за мешано светско наследство - природно и културно;
- управувачката рамка се состои од бројни закони, стратешки документи;
- управувањето го вршат голем број институции на централната власт и локалната самоуправа.

Управувањето со доброто се заснова на два системи:

- ***Национален механизам за управување***, што опфаќа:
  1. ***правна рамка***;
  2. ***стратешки пристап и планирање***:
     - стратешка рамка за управување со природното и културното наследство и други области од значење за зачувувањето на исклучителната универзална вредност на доброто;
     - План за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион; примена на мерките и активностите утврдени со Планот за управување; следење (мониторинг) на атрибутите на исклучителната универзална вредност, односно оцена на ефективноста на спроведените мерки за заштита на природното и културното наследство во Охридскиот Регион; известување за наодите од процесот на следење и утврдување на потребата за ревидирање на Планот за управување или за изработка нов План за управување.
  3. Надлежни ***институции што управуваат со природното и културното наследство, со уредување на земјиштето и со други сектори*** што се значајни за управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот Регион.
  4. ***Субјекти одговорни за координација*** на институциите и органите надлежни за различни сегменти на управувањето:
     - Влада на Република Северна Македонија;
     - Комисија за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион.
- ***Меѓудржавен механизам за заедничко управување*** на доброто меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија:
  1. Комитет за управување со сливот на Охридското Езеро

## 6.1. Национален механизам за управување

### 6.1.1. Правна рамка

Правната рамка за управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот Регион се состои од:

- Законот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион;
- zакони што го третираат ***природното наследство***, односно Законот за животна средина, Законот за заштита на природата, Законот за водите, Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро, Законот за прогласување на шумските предели на планината Галичица за национален парк, Законот за прогласување на дел од планината Галичица за национален парк, Законот за шумите и Законот за пасиштата;
- управувањето со ***културното наследство*** е регулирано со Законот за заштита на културното наследство, Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење, како и со акти со кои е воспоставена заштита на поединечни културни добра во Охридскиот Регион;
- ***Урбаниот развој и промената на користењето на земјиштето*** се уредени со Законот за просторно и урбанистичко планирање, Законот за градење, Законот за градежно земјиште и Законот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти;
- Составен дел на правната рамка предметна за заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион се и ***ратификуваните меѓународни конвенции, повелби, декларации, како и директивите и регулативите на Европската Унија***.

#### 6.1.1.1. Закон за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион

***Законот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион*** („Сл. весник на РМ“ бр. 75/10), ги уредува правата и обврските на државата, на општините Охрид, Струга и Дебрца, како и правата и должностите на правните и физичките лица во однос на управувањето со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион впишан на Листата на светското природно и културно наследство на Конвенцијата на УНЕСКО. Со овој закон се дефинирани правата и обврските на Комисијата за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион. Комисијата, во согласност со овој закон, врши координирање на мерките за управување (делокругот на работата на Комисијата за управување со природното и културното наследство, како дел на националниот механизам за управување, е опишан во точка 6.1.4.2.).

Со Законот се дефинира потребата од донесување на План за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион. Дополнително, со Законот особено се утврдува содржината, процесот на изработка и усвојување на Планот, како и органите одговорни за негово спроведување. Притоа, Законот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион не ги регулира аспектите на посебната заштита на природното и културното наследство. Посебната заштита е дефинирана во корпусот закони од областа на животната средина и природата, како и од областа на заштитата на културното наследство.

#### 6.1.1.2. Закони што го регулираат управувањето со природното наследство

- ***Законот за заштита на природата*** („Сл. весник на РМ“ бр.67/04, 14/06 и 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 , 63/16 и 113/18) ја регулира заштитата на биолошката и пределската разновидност, како и заштитата на природното наследство во заштитени подрачја и надвор од нив. Во согласност со Законот за заштита на

природата, субјектите кои се надлежни за заштита и управување со заштитените подрачја донесуваат планови за управување и годишни програми за заштита на природата, по претходна согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање. *Со Законот се утврдени надлежностите на инспектор за заштита на природата, кој особено врши надзор врз: спроведување на просторните и урбанистичките планови и плановите за користење на природното богатство во делот кој се однесува на мерките и условите за заштита на природата; спроведување на плановите за управување и програмите за заштита; зачувување и користење на природното богатство;изведување на активности кои можат да предизвикаат промени; оштетувања на природното наследство или природното богатство.*

- ***Со Законот за животна средина*** („Сл. весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 39/16 и 99/18) се уредуваат правата и должностите на државата, на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, како и правата и должностите на правните и на физичките лица, во обезбедувањето услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина. Со Законот за животна средина се регулирани постапките за стратегиска оцена на животната средина од планови (како на пример просторни и урбанистички планови) и програми и за оцена на влијанијата врз животната средина од одделни проекти (како на пример автопат, железница, далновод, гасовод итн.). Со спроведување на овие постапки треба да се обезбеди дека плановите и одделните проекти нема да имаат влијание на исклучителната универзална вредност, односно атрибутите на природните и културните вредности на доброто.
- ***Со Законот за водите*** („Сл. весник на РМ“ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) се уредува правниот статус на водите и начинот и условите на управување со водите, како на пример: акумулирањето, зафаќањето, црпењето, користењето, пренасочувањето, одведувањето и испуштањето, како и другите дејства врз водите се вршат под услови, на начин и во постапка утврдени со овој закон. Управувањето со водите се врши по подрачја на речните сливови, односно за сливот на Охридското Езеро се изработува План за управување со неговиот слив. Со Законот е утврдува „водно право”, односно право на правните и на физичките лица да користат води и/или испуштаат во води и/или да вадат песок, чакал и камен од коритата и бреговите на површинските водни тела, право на користење на водите од водните тела и право за вадење песок, чакал и камен од коритата и бреговите на површинските водни тела, на начин и во постапка утврдени со овој закон. Имено, користењето и испуштањето на водите се регулира со издавање посебни дозволи од Управата за животна средина. Регулирањето на водните права има суштинска важност за спречување на загадување на езерото со отпадни води и за спречување на крајбрежната трансформација со исцрпување на песок и чакал.
- ***Со Законот за внатрешна пловидба*** („Сл. весник на РМ“ бр. 55/07, 26/09, 22/10, 23/11, 53/11, 155/12 и 15/13, 137/13, 163/13, 42/14, 166/14, 146/15, 193/15 и 31/16) се уредува внатрешната пловидба и безбедноста на пловидбата на внатрешните води на територијата од Република Северна Македонија, условите и начинот на користењето, одржувањето и заштитата на пловните патишта, пристаништата, зимовниците, сидриштата и плажите. Бродовите се запишуваат во регистар. Деловите на брегот и водниот простор на внатрешните води на кои можат да се градат пристаништа, зимовници, аеродром на водна површина, сидришта и плажи и да се поставуваат пловни и пливачки објекти се определуваат со урбанистички планови. Во постапката за донесување на урбанистички планови мислење дава Капетанијата. Пловните патишта, пристаништата, зимовниците, сидриштата и плажите, на предлог од министерот за транспорт и врски, Владата на Република Северна Македонија може да ги даде на концесија. Инспекторот за безбедност

во внатрешната пловидба врши надзор над: способноста за пловидба на пловните објекти; пловните патишта, пристаништа, зимовници, сидришта и плажи; бројот, составот и стручната оспособеност на членовите на екипажот; превозот на патници и товар во поглед на заштитата на животите на луѓето и имотот и заштитата од загадување од пловните објекти.

- ***Со Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро*** („Сл. весник на РМ“ бр. 45/77, 8/80, 51/88, 10/90 и 62/93), Охридското Езеро беше прогласено за заштитено подрачје во категоријата *споменик на природата*.
- ***Законот за прогласување на шумските предели на планината Галичица за национален парк*** („Сл. весник на НРМ“ бр. 31/58 и 16/65) и ***Законот за прогласување на дел од планината Галичица за национален парк*** („Сл. весник на РМ“ бр. 171/10) ги утврдуваат границите и режимите на заштита на Националниот парк „Галичица“.
- ***Законот за шумите*** („Сл. весник на РМ“ бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15 и 39/16) ги уредува планирањето, управувањето, стопанисувањето, одгледувањето, заштитата и користењето, чувањето на шумите како природно богатство и шумското земјиште, остварувањето на општокорисните функции на шумите, правото и обврските на користење на шумите, финансирањето, како и други прашања од значење за шумите и шумското земјиште по принципот на биолошка, економска, социјална и еколошка прифатливост.
- ***Законот за пасиштата*** („Сл. весник на РМ“ бр. 3/98, 101/00, 89/08, 105/09, 42/10, 116/10, 164/13, 193/15 и 215/15) ги уредува управувањето, унапредувањето и користењето на пасиштата во државна сопственост.

#### 6.1.1.3. Закони што го регулираат управувањето со културното наследство

- ***Законот за заштита на културното наследство*** („Сл. весник на РМ“ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) и соодветните подзаконски акти ги уредуваат работите поврзани со заштитата на културното наследство. Културното наследство во Охридскиот Регион, во согласност со член 175 став (2) од Законот за заштита на културното наследство е споменик на културата. *За да се обезбеди целосен заштитен третман на предметното културно наследство, Законот за заштита на културното наследство и донесените подзаконски акти од оваа област се применуваат на целата територија што е утврдена со границите на доброто впишано на Листата на светското наследство, при што надлежните установи се грижат за неговата ревалоризација, за режимот на заштита, како и за примена на соодветните казнени одредби*.
- ***Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење*** („Сл. весник на РМ“ бр. 47/11 и 154/15) ги утврдува границите на заштитената споменичка целина *Старо градско јадро на Охрид* и границите на нејзината контактна зона, како и режимот за заштита кој е пропишан поединечно - за целината и за нејзината контактна зона.
- Предметни за културното наследство во Охридскиот Регион се и сите акти со кои е воспоставена заштита на поединечни културни добра во Охридскиот Регион.

#### 6.1.1.4. Закони што го регулираат урбаниот развој и промената на користење на земјиштето и градењето

- ***Законот за просторно и урбанистичко планирање*** („Сл. весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) ја дефинира хиерархијата на планирањето, видовите на просторни и урбанистички планови, начинот на нивна изработка и донесување, како и учеството на јавноста. При изготвувањето и донесувањето на Просторниот план на

Републиката и урбанистичките планови ќе се почитуваат меѓународните договори и прописи кои се однесуваат на заштита и управување со животната средина и природата. Во документациската основа на урбанистичките планови се обележуваат сите заштитени добра коишто имаат статус на природно и културно наследство. *Генералните, деталните урбанистички планови, урбанистичките планови за села, урбанистички планови за вон населено место, во чии плански опфати постојат споменици, споменички целини, културни предели и други заштитени добра со статус на културно наследство, треба да содржат детални параметри за заштита на недвижното културно наследство според заштитно конзерваторските основи, што ги издава Управата за заштита на културното наследство.*

- ***Законот за градежно земјиште*** („Сл. весник на РМ“ бр. 15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16 и 31/16) со кој се уредуваат правата и обврските во поглед на градежното земјиште, уредувањето на градежното земјиште, условите и начинот на располагање со градежното земјиште, како и други прашања од областа на градежното земјиште. *Со Законот се дефинираат т.н. „привремени објекти“, како што се монтажно-демонтажни или типски објекти кои се поставуваат на градежно неизградено земјиште заради привремена употреба на просторот, до реализацијата на урбанистички план за градежното земјиште на кое е поставен првременото објект. На градежно неизградено земјиште може да се поставуваат привремени објекти под услови и на начин утврдени со Законот за градење, Законот за локалната самоуправа и Законот за Градот Скопје*. Градежно неизградено земјиште може да се даде под краткотраен закуп (3-5 години) заради поставување привремени објекти во согласност со Законот за градење. *Поставувањето привремени објекти се врши врз основа на Програмата за поставување привремени објекти донесена од страна на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, која содржи графички и текстуален дел, а на која претходно дава согласност Министерството за транспорт и врски*. Градежно земјиште предвидено со урбанистички план или урбанистичка планска документација за плажи може да се даде под краткотраен закуп.
- ***Законот за градење*** („Сл. весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 59/11, 13/12, 39/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16 и 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18) ги уредува градењето, основните барања на градбата, потребната проектна документација за добивање одобрение за градење, правата и обврските на учесниците во изградбата, начинот на употреба и одржување на градбата, како и други прашања од значење за градењето. Карактеристично за овој закон е што овозможува реализација на т.н. „привремени објекти“ и „урбана опрема“. Во согласност со Законот, „привремен објект“ е монтажно-демонтажен или типски објект кој се поставува заради привремена употреба до реализацијата на урбанистички план, заради вршење на: сообраќајни дејности (привремени паркинзи и приодни патеки), продажба на храна, туристички, културни, спортско-рекреативни и забавни дејности (платформи за спортски, културни, туристички и забавни настани, придружни објекти во функција на спортски настани и летни дискотеки) и објекти кои се во функција на граничните премини; „урбана опрема“ се поставува за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско-конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, *опрема во функција натуристички, културни, спортски настани, јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, пливачки објекти, паркинзи во функција на објекти на органите на државна управа и на објекти на општините, рекламни и информативни паноа, детски*

*игралишта, настрешници кои се поставуваат на јавна површина*, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци;

- ***Закон за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти*** („Сл. весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17). Со Законот за постапување со бесправно изградени објекти се уредуваат условите, начинот и постапката за евидентирање, утврдување на правен статус и санкционирање на бесправно изградените објекти. Со Законот се дефинирани бесправно изградените објекти што ќе имаат можност да стекнат правен статус, и тоа: објекти од значење за Републиката во согласност со Законот за градење и друг закон, објекти од локално значење во согласност со Законот за градење и објекти на здравствени установи за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита кои се изградени без одобрение за градење или спротивно на одобрението за градење, како и делови (доградби и надградби) на објектите од значење за Републиката и од локално значење и на објектите на здравствените установи за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита, кои се изградени без одобрение за градење или спротивно на одобрението за градење, во и надвор од плански опфат; објекти од локално значење, како и помошни градби (гаража, остава) кои се во функција на објект за домување или друг вид објект, базени на ниво на терен за индивидуална употреба (градби за кои во согласност со Законот за градење, времени објекти наменети за домување, како и објекти, односно посебни делови од објекти пренаменети без одобрение за пренамена. Условот е на објектот што ќе се легализира заклучно со 3 март 2011 година да се изведени градежните и инсталациските работи во целост и да претставуваат градежна и функционална целина. Имателите на бесправно изградените објекти што се изградени до влегување во сила на овој закон, општините (за објектите од локално значење), односно Министерството за транспорт и врски (за објекти од значење на државата), во рок од една година од приемот на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект, односно од денот на продолжување на постапката, доколку таа била прекината, утврдува дали се исполнети условите за утврдување правен статус пропишани со овој закон и издава урбанистичка согласност или донесува решение со кое се одбива барањето за утврдување правен статус на бесправен објект. *Со овој закон се легализирани голем број објекти во Охридскиот Регион, а за одреден број објекти се издадени решенија за одбивање. Постојат објекти за кои сè уште не е завршена постапката за утврдување правен статус. Изградбата на бесправни објекти се одразува негативно на урбаниот развој, како и на зачувувањето на исклучителната универзлна вредност на доброто*. Состојбата со бесправно изградени објекти е презентирана во точка 7.4.

#### 6.1.1.5. Одговорност на имателите на природното и културното наследство

- ***Законот за заштита на културното наследство и Законот за заштита на природата*** ја дефинираат сопственоста, а со тоа и одговорноста на имателот наследството. Културното наследство како и земјиштето на кое се наоѓа природното наследство во Охридскиот Регион може да биде во државна сопственост, во сопственост на единиците на локалната самоуправа на чие територија се наоѓа природното наследство и во приватна сопственост (физички лица, верски заедници). *Културното наследство и добро за кое основано се претпоставува дека претставува културно наследство што ќе се најде во земја или вода, се смета за државна сопственост. Имателите на културно наследство во Охридскиот Регион се одговорни за негово одржување, чување, почитување и правилно користење. Доколку имателите не го одржуваат и правилно користат културното наследство, стручните служби за заштита ќе им наложат спроведување мерки на заштита, како и други мерки утврдени со Законот за заштита на културното наследство. Заштитените видови флора и фауна и нивните живеалишта се во државна сопственост, без оглед на сопственоста на земјиштето на*

*кое се наоѓа природното наследство. Имателот на природното наследство во Охридскиот Регион може да го користи на начин и под услови утврдени со закон. Сопственикот на земјиштето на кое се наоѓа природното наследство е должен да се грижи за видовите и нивните живеалишта на начин определен со Законот за заштита на природата и законите од допирните области*. Следствено, имателите на природното и културното наследство се одговорни за негова заштита и доколку не се однесуваат соодветно, тие *можат да бидат казнети во согласност со Законот за прекршоците и Кривичниот законик*.

### 6.1.2. Стратешка рамка за управување со природното и културното наследство и други стратешки документи од значење за зачувувањето на исклучителната универзална вредност на доброто

За управувањето со доброто релевантни се следните стратешки документи и планови на Република Северна Македонија:

- ***Управување со природното наследство***:
  - Стратегија за биолошка разновидност на Република Македонија со Акциски план;
  - Национална стратегија за заштита на природата (2017 - 2027);
  - План за управување со Националниот парк „Галичица“ (2010 - 2020).
- ***Управување со културното наследство***:
  - Национална стратегија за развој на културата во Република Македонија (2018 - 2022);
- ***Просторен и урбан развој***
  - Просторен план на Република Македонија (2004 - 2020);
  - Просторен план за Охридско-преспанскиот Регион (2005-2020).
- ***Дргуги стратегии од значење за управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот Регион***
  - Стратегија за управување со отпад на Република Македонија (2008 - 2020);
  - План за управување со отпад во Југозападниот плански регион.

Следните плански и стратешки документи што се во изработка имаат силни синергистички врски со Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион:

1. Национална стратегија за заштита и користење на културното наследство (2020 - 2025);
2. План за управување со сливот на Охридското Езеро;
3. Локален акциски план за животна средина (ЛЕАП) за Општина Охрид;
4. Стратегија за одржлив развој на туризмот во Охридскиот Регион;
5. Сообраќајна студија за градот Охрид;
6. Студија за валоризација на Студенчишкото Блато;
7. Локален еколошки акциски план (ЛЕАП) за Општина Дебрца;
8. Елаборат за валоризација/ревалоризација на културното наследство во Охридскиот Регион.

#### 6.1.2.1. Стратегии релевантни за управувањесо природното наследство

- ***Национална стратегија за биолошка разновидност со Акциски план*** (2018 - 2023)[27] - Охридското Езеро се издвојува како еден од најголемите центри на диверзитет и ендемизам на водните без'рбетници, се утврдува силна загрозеност на популациите од 14 вида на национално ниво од деградација или фрагментација на живеалишта, како на пример на *Carex elata*, (Студенчишко Блато) и *Nuphar lutea* (Охридско Езеро, с. Калишта). Загрозена е и целата еднемска фауна на Охридското Езеро, од закани како што е депонирањето комунален и градежен отпад, испуштање на отпадни води и еутрофикација. Утврдени се специфични проблеми за Охридското Езеро, како, на пример, намалената популација на пастрмката и белвицата, експанзија на плашицата, потопените мрежи на дното; споменато е дека, *наспроти стремежите на Националната стратегија за рурален туризам да се интегрираат формите на екотуризам, ловен туризам, риболов, селски (фармерски) туризам и да се обезбеди зачувување на природните богатства и биодиверзитетот, се промовираат т.н. туристички развојни зони со кои се поттикнува масовниот туризам. Се спомнува усвоениот Урбанистички план вон населено место за изградба на туристичко-развојната зона во КО Калишта, Општина Струга („Сл. весник на РМ" бр. 135/2013), што укажува дека при планирањето на развојот на туризмот не се води доволно сметка за ефектите врз природата и особено биолошката разновидност, па честопати туристички зони за масовен туризам се планираат во заштитени подрачја или други значајни локалитети. Дополнително, како силна закана за вредностите на езерото се наведуваат плановите на општина Охрид за изградба на марина на просторот на Студенчишкото Блато. Се препорачува меѓународна заштита во согласност со Рамсарската конвенција, но Охридското Езеро, кое со сигурност ги исполнува критериумите за прогласување на водно живеалиште од меѓународно значење, тоа сè уште не е номинирано. Се предлага да се зајакнат мерките за управување со Охридско-преспанскиот Регион во прекуграничен контекст*.
- ***Национална стратегија за заштита на природата*** (2017 - 2027)[28] - направено е вреднување на типови предели и, меѓу другите, издвоен е „субмедитеранско-континенталниот езерски предел" (охридски предел). Како и со Стратегијата за биолошка разновидност со Акциски план, утврдени се бројни закани врз живеалиштата и видовите во Охридското Езеро. Утврдено е дека значајните предели (вклучително и охридскиот предел) се под разновидни закани кои ги деградираат како во структурна (зараснување на отворените предели, дефорестација преку нелегална сеча, неконтролирана урбанизација итн.) така и во функционална смисла (нарушувања во прометот на материја и енергија во екосистемите, а со тоа и деградација на основните екосистемски услуги, особено регулирачките). Во Акцискиот план од оваа Стратегија е предвидено како краткорочна мерка да се изработи Студија за реваоризација на *Споменикот на природата - Охридско Езеро*.
- ***План за управување со Националниот парк „Галичица"*** (2010 - 2020) - со Планот се утврдуваат четири зони за заштита во рамките на кои се определува и видот на економската активност. Тие се: Зона за строга заштита, Зона за активно управување, Зона за одржливо користење и Заштитен појас. Во Зоната за строга заштита може да се извршуваат само научноистражувачки активности. Во одделни делови од оваа зона се дозволени посети под строго регулирани услови кои се во функција на развој на

[27] http://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/NATIONAL-BIODIVERSITY_MKD.pdf
[28] http://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/%D0%9D%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%B7%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B8%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%B0-2017-2027.pdf

туристичката дејност, и тоа: прошетка по патеката на островот Голем Град, прошетка со кајче по извориштетово Свети Наум организирана од ЈУ Национален парк „Галичица“, искачување на врвот Магаро по планинската патека; во Зоната за активно управување од економските активности се дозволени екотуризмот и традиционалното екстензивно земјоделство; во Зоната за одржливо користење се дозволени економски активности, и тоа: туристички и угостителски активности; производство на огревно дрво; собирање лековити растенија и габи; земјоделско производство; трговија и занаетчиство; производни и преработувачки дејности за мали претпријатија и семејни бизниси (чисти, незагадувачки техничко-технолошки процеси); други комплементарни незагадувачки дејности.

#### 6.1.2.2. Стратегии релевантни за управувањесо културното наследство

- ***Национална стратегија за развој на културата во Република Македонија*** (2018 - 2022) - оваа стратегија дава дијагноза на состојбите, при што се презентира дека се потребни промени од корен и реформи, и тоа: демократизација на културата (органска интеракција со другите сфери на општеството) и културна демократија (учество на јавноста во креирање на културните политики; креативност (вклучување на уметниците и културните работници и институциите), плурализам и инклузивност (спречување на дискриминацијата и создавање на етничка, уметничка и идеолошка хомогеност); европски контекст (валоризација на културните вредности од Бледската декларација и Декларацијата од Давос); ослободување (надминување на влијанијата од политиката во културата; интегрирање на културата во другите сектори на општеството; развивање на руралните предели преку валоризирање на културното наследство и негова понуда за развој на туризмот; зајакнување на институциите што делуваат на полето на културата.
- ***План за интегрирана заштита на Старото градско јадро на Охрид***, донесен од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид во 2015 година во кој се содржани насоки за обезбедување посебни услови за трајно зачувување на споменичката целина и за отстранување на причините кои ги загрозуваат нејзините вредности, како и насоки за координирано реализирање на заеднички иницијативи, акции или проекти за заштита, уредување, користење и ревитализација на споменичката целина на Старото градско јадро на Охрид.

#### 6.1.2.3. Просторен и урбан развој

Планирањето и користењето на земјиштето во Охридскиот Регион се обезбедува со изработка, донесување и спроведување на просторни и урбанистички планови кои меѓусебно се усогласуваат.

Планските документи што го насочуваат просторниот развој на регионот се: Просторниот план на РМ односно Просторниот план на Охридско-преспанскиот Регион, генералните урбанистички планови (ГУП) на градовите Охрид и Струга, деталните урбанистички планови (ДУП), урбанистичките планови за село, урбанистичките планови за вон населено место (УПВНМ), урбанистички планови за подрачја и градби од државно значење, урбанистичко-плански документации за градби од посебен интерес, државни урбанистички плански документации (ДУПД), локални урбанистички планска документации (ЛУПД), урбанистичко-планска документација за туристичко-развојни зони (УПТРЗ), урбанистичко-плански документации за автокампови и за инфраструктурни проекти во Охридскиот Регион.

- ***Просторен план на Република Македонија*** (2004 - 2020) **-** Просторниот план на Република Македонија од 2004 година е највисокиот долгорочен и интегрален плански документ за просторот на државата со кој се даваат насоки за намената, користењето, заштитата, организацијата и уредувањето на просторот од територијата на државата и за уредувањето

со тој простор. Просторниот план на РМ не го обработува издвоено природното и културното наследство во Охридскиот Регион. Биолошката разновидност и нејзината заштита се третира во согласност со стариот Закон за природни реткости. Во поглавјето што го третира природното наследство се утврдени заштитените и подрачјата предвидени за заштита, како и поединечните видови во и надвор од заштитените подрачја. По донесувањето на Законот за заштита на природата во 2005 година, категориите на заштитени подрачја беа променети, односно усогласени со категориите утврдени од Меѓународната унија за заштита на природата - ИУЦН. Истовремено, конзерваторскиот пристап заснован на природни реткости во и надвор од заштитените подрачја се промени во насока на репрезентативно покривање на типовите живеалишта и екосистеми на територијата од Република Северна Македонија. ***Во таа насока, Просторниот план на РМ не дава соодветни насоки за управувањето со природното наследство во Охридскиот Регион***. Културното наследство, во согласност со Просторниот план на РМ, е класифицирано во две основни групи: споменични подрачја и поединечни споменици. Притоа, е идентификувано „Охридското природно и културно подрачје со стариот дел на градот Охрид, заштитеното Охридско Езеро и Националниот парк „Галичица“ како подрачје со мешовита вредност, со особени природни, историски, културни и уметнички вредности создадени од човекот низ вековите“. Со Просторниот план е направен обид да се направи инвентаризација на споменичките подрачја и поединечните споменици, но од парцијалните теренски податоци, а за периодот 1998 - 2003 година е констатирано пропаѓање на недвижното културно наследство, особено на старата градска архитектура. Просторниот план усвојува соодветни цели за заштита на културното наследство, како на пример: обезбедување плански услови за заштита на недвижното културно наследство, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата во туристичкото стопанство и услугите и утврдување на единствена методологија, критериуми и постапка за валоризација на недвижното културно наследство.

- **Просторен план за Охридско-преспанскиот Регион** (2005 - 2020) **-** со Просторниот план за Охридско-преспанскиот Регион се предвидува заштита на природното богатство и културно-историско наследство како најважен просторен капитал и запирање на урбанистичката деградација. Во однос на заштитата на природното и културното наследство применет е сличен концепт како во Просторниот план на РМ, односно природното и културното наследство во Охридскиот Регион впишано во Листата на светското наследство на УНЕСКО не е третирано како интегрална просторна целина. Во рамките на овој Просториот план се картирани локалитетите од значење за заштита на културното наследство во Охридскиот Регион.
- **Генерални урбанистички планови на градовите Охрид и Струга -** Генералниот урбанистички план (ГУП) за градот Охрид бил со важност од 2006 - 2016 година, додека ГУП за градот Струга бил важечки во периодот 2007 - 2017. Во 2013 година е иницирана изработката на нов ГУП за градот Струга, но овој процес бил запрен од страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид до изработка на заштитно-конзерваторски основи за планскиот опфат. Во 2015 година повторно е направен обид да се возобнови донесувањето на нов ГУП за градот Струга, имајќи предвид дека во меѓувреме се изработени неколку заштитно-конзерваторски основи за детални урбанистички планови, односно е извршена целосна инвентаризација на објектите кои се под заштита. Во 2018 година е започната изработка на нов ГУП за градот Струга, додека изработката на нов ГУП за градот Охрид се планира да отпочне.
- **Урбанистичките планови и урбанистичко-планска документација** - список на важечки планови и планови во изработка се дадени во Прилогот 6.

Во сегментот на урбанистичкото планирање основен проблем е непостоењето конзистентен систем на урбанистичко планирање (чести промени на законите и правилниците за планирање). При урбанистичкото планирање мора да се почитуваат усвоените заштитно-

конзерваторски основи кои се однесуваат на заштита на архитектонското и на постојното археолошко наследство, како и во однос на тоа кое може да се појави при градежни интервенции. **Во наведениот контекст, *потребно е да се донесат нови генерални урбанистички планови за градовите Охрид и Струга за да се примени Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство на УНЕСКО и да се спречат активности кои негативно влијаат врз исклучителната универзална вредност на природното и културното наследство во Охридскиот Регион.***

#### 6.1.2.4. Други стратегии/планови од значење за управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот Регион

- ***Стратегија за управување со отпад*** (2008 - 2020) - утврдено е дека мрежата на регионални депонии за комунален отпад кои се градат, се опремуваат и работат ќе бидат во согласност со стандардите на ЕУ за депонии и тие ќе бидат управувани од регионални тела основани од општините со цел заедничко решавање на проблемите со комуналниот и со другиот неопасен отпад на регионално ниво при оптимална економија на обем. Депониските капацитети ќе поседуваат интегрирани еколошки дозволи и тие ќе се изведуваат на начин што постојни депонии со среден или низок ризик за животната средина ќе се затворат и рекултивираат, а во непосредната близина ќе се изградат санитарни депонии во согласност со стандардите на ЕУ или депониите ќе се градат на нови локации што ги задоволуваат критериумите на директивите на ЕУ. Охридскиот Регион е утврдено дека припаѓа на Југозападниот плански регион и на соодветниот регионалниот систем што вклучува изведба на постројки што ги задоволуваат европските стандарди.
- ***План за управување со отпад во Југозападниот плански регион*** - со овој план се предвидени целите за намалување на количествата за отстранување на посебните текови на отпад и анализирани се опциите за воспоставување на регионален систем за управување со отпадот. Притоа, идентификувани се непрописните депонии што треба да се затворат и рекултивираат (вклучително и депонијата Буково на која се отстранува отпадот од Охрид).

### 6.1.3. Надлежни институции што управуваат со природното и културното наследство, со уредување на земјиштето и со други сектори од значење за управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот Регион

Носители на активностите за изработка и следење на спроведување на Планот за управување со Охридскиот Регион во согласност со Законот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион се ***Министерството за култура - Управа за заштита на културното наследство*** - за делот за културното наследство и за природното наследство – ***Министерството за животна средина и просторно планирање Управа за животна средина***.

***Управата за животна средина*** претставува надлежен орган за вршење стручни работи од областа на заштитата на природата, ги врши работите што се однесуваат на водење катастар на заштитени подрачја, регистар на природно наследство и евиденција за промет и други активности со заштитените видови, мониторинг на состојбите во природата и врши други работи во согласност со одредбите на Законот за заштита на природата. Управата за животна средина е формирана 2008 година како надлежен орган за вршење стручни работи од областа на животната средина и заштита на природата, чија главна цел е да воспостави ефикасен и интегриран систем на заштита на животната средина и природата.

***Управата за културното наследство*** е формирана 2004 година за вршење управни, стручни и други работи на заштита на културното наследство што се од значење за остварување на функциите на државата во заштитата на културното наследство, како и во остварувањето правата и должностите на граѓаните и правните лица во врска со културното наследство; Управата врши класификација на културното наследство; води евиденции за културното наследство во согласност меѓународните договори и конвенции; донесува решение за привремена заштита и решение за прогласување на културно наследство во опасност; го води националниот регистар на културно наследство; дава дозвола за археолошки ископувања; за право на користење на движни археолошки наоди; издава на заштитно-конзерваторски основи, заштитно-конзерваторски услови издава конзервторско одобрение и врши инспекцски надзор над примената на одредбите од Законот за заштита на културното наследство. Управата врши и други дејности во согласност со Законот за заштита на културното наследство.

***Општините Охрид, Струга и Дебрца*** во согласност со законската регулатива немаат надлежности во делот на заштитата на природното и културното наследство, освен можноста да инцираат прогласување на заштитени подрачја во согласност со Законот за заштита на природата. Меѓутоа, општините со практикување на своите надлежности во комуналните дејности, урбанистичкото планирање, локалниот економски развој и во утврдувањето на правниот статус на бесправно изградените објекти можат да извршат влијание врз исклучителните универзални вредности на светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион.

***Граѓанските организации*** ги следат процесите и активностите што можат негативно да влијаат на исклучителната универзална вредност на Регионот и реагираат во јавноста, вршејќи притисок врз институциите на национално и локално ниво и приватниот сектор, да ги почитуваат одредбите на законите што ги регулираат прашањата на заштита на животната средина, водите, природата, културното наследство и управувањето со отпадот. Граѓанските организации континуирано работат и на подигање на свеста за важноста на светското наследство на Охридскиот Регион; тие алармираат за состојби и активности што претставуваат деградација на природното и културното наследство; го олеснуваат пристапот на граѓаните до правдата; изработуваат анализи, научни трудови, извештаи и други документи; учествуваат во изработка на закони и стратегии, особено на закони и стратегии од значење за природното и културното наследство во Охридскиот Регион итн.

***Надлежностите на институциите за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион се фрагментирани или не обезбедуваат соодветна заштита. Не се донесени закони за прогласување на Охридското Езеро, Студенчишко Блато и Националниот парк „Јабланица“ за заштитени подрачја ниту, пак, се формирани тела за управување со овие подрачја што со своите природни вредности придонесуваат кон исклучителната универзална вредност на регионот. Неопходно е да се интензивираат активностите за заштитување на овие исклучителни подрачја и да се зајакнат капацитетите за управување и меѓусебна координација, која ќе обезбеди и вклучување на соодветните институции од Албанија.***

#### 6.1.3.1. Управување со природно наследство

Природното наследство во границите на светското наследство во Охридскиот Регион е концентрирано во Националниот парк „Галичица“ и *Споменикот на природата - Охридско Езеро*, вклучувајќи го и Суденчишко Блато. ЈУ Национален парк „Галичица“ управува со природното наследство во Националниот парк во согласност со *Планот за управување со Националниот парк „Галичица“ (2010 - 2020)*. Оваа установа интегрално управува со природното наследство и се грижи за спречување на деградацијата на природното наследство и

пределот на Националниот парк предизвикано од вршењето дејности и активности на други правни и физички лица во рамките на Националниот парк.

Со природното наследство на Охридското Езеро управуваат повеќе институции и организации (табела 1), во смисла на регулирање на котата на езерото преку истекот на реката Црни Дрим, стопанисување со рибниот фонд (вклучувајќи и порибување), мониторинг на квалитетот на водите, регулирање на внатрешната пловидба.

- ***АД Електрани на Македонија*** за производство на електрична енергија може да управува со минималната (693,10 m н.в.) и максималната кота на Охридското Езеро (693,75 m н.в.), преку контрола на истекувањето на реката Црні Дрим. Максималната и минималната кота се утврдени со водостопанската дозвола издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање.
- ***Концесионерот „ЛТДПТУ ЛЕТНИЦА-БЕЛВИЦА Милорад, ДООЕЛ увоз-извоз Струга“*** од Охрид стопанисува со Охридското Езеро во согласност со Риболовна основа изработена од страна на Сточарскиот институт од Скопје, според која максимална дозволена количина на дневен улов риба за риболовниот ревир *Слив на Охридско Езеро* изнесува вкупно 2 kg од кои: до 3 примероци пастрмка, до 15 примероци црна мрена, до 10 примероци скобуст, до 6 примероци клен, до 10 примероци писа, до 1 примерок крап, како и 1 примерок јагула. Мониторинг, научни истражувања на биолошката разновидност и обезбедување генетски материјал од видовите на Охридското Езеро и неговото сливно подрачје во рамките на Охридскиот Регион спроведува **ЈНУ Хидробиолошки завод - Охрид**.
- ***Капетанија на пристаништата - Охрид (Министерство за транспорт и врски)*** ги има следните надлежности: се грижи за безбедноста или сигурноста на пловните објекти, води регистар на пливачките објекти и чамци; може привремено да ја ограничи или забрани пловидбата и употребата на пловниот пат, пристаништата, зимовниците, сидриштата и капалиштата, како и да забрани пловидба на неисправни пловни објекти; бара да се отстранат оштетени, заринкани или потонати пловни објекти што ја попречуваат или загрозуваат безбедноста на пловидбата или претставуваат опасност за загадување, дава мислења за детални урбанистички планови за деловите на брегот и водниот простор на внатрешните води на кои можат да се градат пристаништа, зимовници, сидришта и капалишта и да се поставуваат пловни и пливачки објекти и друго. Ако на пловен објект се случи настан што ја загрозува сигурноста на бродот или пловидбата, или ако се случи вонреден настан на бродот, на патниците и на товарот, или ако се забележи загадување од масла и хемикалии на пловниот пат, заповедникот на бродот е должен тоа веднаш да го внесе во бродскиот дневник и да поднесе извештај за настанот до Капетанијата најдоцна во рок од 24 часа.

*Табела 1. Преглед на системот на управување со природното наследство во Охридскиот Регион*

| Добро | Тело/Институција | Закон | План или програма |
|---|---|---|---|
| Национален парк „Галичица“ | - ЈУ НП „Галичица“ | - Закон за заштита на природата<br>- Закон за прогласување на дел од планината Галичица за национален парк<br>- Номинации за: „Емералд подрачје“, „Значајно растително подрачје“, „Примарно подрачје за пеперутки“ и потенцијално „НАТУРА 2000 подрачје“ | - План за управување со Националниот парк „Галичица“ (2010 - 2020) |

| Добро | Тело/Институција | Закон | План или програма |
|---|---|---|---|
| Шуми надвор од Националниот парк | - ЈУ Македонски шуми | - Закон за шумите | - Шумско-стопански основи |
| Споменик на природа Охридско Езеро (вклучувајќи го Предлогот за заштитено подрачје - Студенчишко Блато)[29] | - Општина Охрид, Струга и Дебрца | - Закон за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро | - Не е изработен План за управување со Споменикот на природата Охридско Езеро |
| | - Хидробиолошки завод-– Охрид | - Закон за води<br>- Закон за за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро | - Програма за мониторинг на Охридското и Преспанското Езеро |
| | - ЕЛЕМ | - Закон за енергетика<br>- Водостопанска дозвола | - Управување со истекот на Црн Дрим и со хидроакумулациите на Црни Дрим |
| | - Летница-Белвица Милорад | - Закон за рибарство и аквакултура | - Риболовна основа на Охридско Езеро |
| | - Центар за јавно здравје Охрид | - Закон за води | - Програма за мониторинг на квалитетот на водата за капење |
| | - МТВ Капетанија на пристаништа - Охрид | - Закон за внатрешната пловидба | - Регистар на пливачките објекти и чамци;<br>- Ограничување или забрана на пловидба<br>- Извештај за загадување од масла и хемикалии на пловниот пат |

Сè уште не е изработена Студија за ревалоризација на Споменикот на природата Охридско Езеро и Студенчишко Блато, како основа за донесување на Закон за прогласување на овие заштитени подрачја, односно соодветни планови за нивно управување. Според тоа, не е определена ниту институција што ќе биде одговорна за управување со Охридското Езеро и Студенчишкото Блато. Во 2018 година изработено е и процесуирано предлог-досие за прогласување на Охридското Езеро и Студенчишко Блато во согласност со Рамсарската Конвенција, со чие прогласувањето за рамсарски места Охридскиот Регион ќе добие повисок приоритет.

***Имајќи предвид дека за управување со спомениците на природата - Охридско Езеро и Студенчишко Блато, не се назначени соодветни управувачки тела, може да дојде до натамошна неконтролирана експлоатација на природните ресурси и загуба на биолошката и пределската разновидност на регионот.***

### 6.1.3.2. Управување со културно наследство

Културното наследство во границите на заштитеното добро е концентрирано во градовите Охрид и Струга, крајбрежните населби Трпејца, Пештани, Радожда и Калишта и

[29] Сè уште не е воспоставено тело за управување.

крајбрежниот појас, како и во руралните делови во рамките на заштитеното добро (евидентирани археолошки локалитети, верски објекти и ретка народна архитектура). Националниот конзерваторски центар - Скопје и Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид се надлежни за преземање заштитно-конзерваторски мерки за културното наследство во Охридскиот Регион, секој според своите надлежности (табела 2).

***Националниот конзерваторски центар - Скопје*** во координација со ***Заводот за заштита на спомениците на културата и музеј – Охрид*** се грижи за заштита на културното наследство во Охридскиот Регион. ***Музејот „д-р Никола Незлобински“ – Струга*** е надлежна за заштита на движното културно и за природното наследство на територијата од Струга. Поради спецификите на изведување на работите во однос на градителското наследство, односно непосредната заштита, неопходни се квалификувани професионалци – одговорни изведувачи на работите (стручни лица во установите за заштита на културното наследство, како и лица однадвор, како архитекти, претприемачи, мајстори и т.н.). За да бидат вклучени изведувачите при конзерваторските работи и воопшто на заштитните интервенции, потребно е добро познавање на локалното наследство и техниките на неговата изградба, што особено се однесува на референците за изведувачите мајстори. Реалната состојба со стручни и искусни лица за конзерваторско-реставраторски работи е **неповолна.** Заводот и музеј - Охрид како територијално надлежен за Охридскиот Регион не е во можност да остварува увиди во состојбите со културното наследство од причини што не располага со возило.

**Музејот „д-р Никола Незлобински” - Струга** е надлежен за преземање мерки за заштита за движното културно и природно наследство кое е составен дел од збирката на овој музеј.

Службите за заштита се вклучени и во урбанизацијата на просторот на начин што пред отпочнувањето со изготвување на каков било плански документ секоја урбанизација е условена од изработка на заштитно-конзерваторски основи, кои се насоки за натамошната урбанизација на просторот на Охридскиот Регион. Тие опфаќаат идентификација, инвентаризација, граници на недвижното наследство со контактна зона, мерки на заштита, потреба од интервенции, ревитализација и потенцијалот за одржливо користење на доброто.

Службите за заштита се вклучени и во постапките за давање под закуп или трансформација на земјоделско земјиште, пасишта и шуми во сопственост на Република Северна Македонија. Имено, земјоделско земјиште, пасишта и шуми во сопственост на Република Северна Македонија на кои се наоѓа евидентирано или заштитено археолошко наоѓалиште може да се даде под закуп или да му се изврши трансформација во градежно земјиште по претходна согласност на Управата за заштита на културното наследство.

*Табела 2. Преглед на системот на управување со културното наследство во Охридскиот Регион*

| Добро | Тело/Институција | Закон | План или програма |
|---|---|---|---|
| Движно културно наследство | - Музеј „д-р Никола Незлобински“ - Струга<br>- НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид | - Закон за заштита на културното наследство<br>- Закон за музеи | - Програма за работа |
| Недвижно културно наследство | - НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид<br>- Национален конзерваторски центар - Скопје | | - Програма за работа<br>- Заштитно-конзерваторски основи за соодветна урбанистичко-планска документација<br>- Планови за управување со Старото градско јадро на Охрид |

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Добро | Тело/Институција | Закон | План или програма |
|---|---|---|---|
| | | | - Планови за управување со поединечно заштитени недвижни добра во границите на Охридскиот Регион |
| | - Правни и физички лица – иматели на културно наследство<br>- Македонска православна црква<br>- Исламска верска заедница | | - ДУП |
| Недвижно културно наследство во државна сопственост | - Управа за заштита на културното наследство | - Закон за заштита на културното наследство | |
| Старото градско јадро на Охрид | - НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид<br>- Општина Охрид | - Закон за заштита на културното наследство;<br>- Закон за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење | |
| Старото градско јадро на Струга | - НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид<br>- Општина Струга | - Закон за заштита на културното наследство | |

Формите на управување со заштитеното подрачје немаат изгледи за успех само со стручно, експертско и политичко ангажирање на јавниот сектор. Координираното управување во принцип се грижи за сите аспекти од секојдневниот живот на граѓаните - работа, услуги, јавни површини, јавни објекти, јавен сервис, економски аспект, култура итн. од тие причини тоа не може и не смее да биде во спротивност со целите на самата граѓанска средина. Основна задача на моделот на координираното управување е да обезбедува постојана комуникација со граѓаните и граѓанскиот сектор воопшто. Истото ќе се реализира преку процес на „копродукција" низ кој граѓаните ќе бидат учесници во процесот на управување, а не обичен набљудувач. Граѓаните ќе бидат вклучени и во активностите на јавниот сектор (општински, државен) заради стекнување увид и активна партиципација во донесувањето одлуки во креирањето и реализирањето на сите активности во заштитеното подрачје.

Културно наследство може да биде наследство само кога тоа го препознаваат заедниците, групите или поединците кои го создаваат, одржуваат и пренесуваат на идните генерации. Во таа насока, заштитата темелена на заедницата како јадро на идниот одржлив развој е загарантирана.

#### 6.1.3.3. Надлежни институции за управување со просторниот и урбаниот развој во Охридскиот Регион

За донесување и спроведување на соодветните просторни и урбанистички планови во Охридскиот Регион со своето светско природно и културно наследство надлежни се повеќе институции (табела 3):

***Министерството за транспорт и врски*** е надлежен орган за вршење на работите од областа на уредување на просторот и како таков издава согласност на урбанистичките планови изработени во форма на предлог-план со кои се потврдува дека плановите се изработени во согласност со одредбите на Законот за просторно и урбанистичко планирање и според прописите донесени врз негова основа. Министерството за транспорт и врски донесува Годишна програма за финансирање и изработка на урбанистички планови. Од аспект на заштита на културното наследство, во сите урбанистички планови - плански и урбанистичко-проектни документации се вградуваат заштитно-конзерваторски основи, кои претставуваат документациска основа за третманот на недвижното културно наследство во просторните и урбанистичките планови.

*Табела 3. Просторни и урбанистички планови и надлежни институции за нивно донесување и спроведување во регионот на Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион.*

| Тело/Институција | Намена | План |
|---|---|---|
| - Министерство за животна средина и просторно планирање | - Зонирање на заштитени подрачја<br>- Зонирање на споменички целини | - Просторен план на РМ<br>- Просторен план за Охридско-преспанскиот Регион<br>- Просторен план за Националниот парк „Галичица“ |
| - Министерство за транспорт и врски | - Намена на користење на земјиште на градежни парцели покрај патишта од државно значење<br>- Водење патна, железничка, енергетска, водостопанска и телекомуникациска инфраструктура | - ДУПД<br>- Проект за инфраструктура |
| - Општина Охрид<br>- Општина Дебрца<br>- Општина Струга | - Намена на користење на земјиште во градежен реон, градска четврт, урбан блок итн.<br>- Уредување на градежни парцели во и надвор од градежен реон, покрај патишта од локално значење | - ГУП, ДУП, УПВНМ, УПТРЗ, ЛПУД, |

Планирањето и користењето на земјиштето е важен фактор во зачувувањето на исклучителната универзална вредност на светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион. Од тие причини, за плановите со кои потенцијално може да се загрозат овие вредности задолжително се спроведува Стратегиска оцена на животната средина во согласност со Законот за животна средина и Уредбата за стратегии, планови и програми, вклучувајќи ги и нивните промени за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето, како и Оцена за влијанието на културното наследство (HIA) во заштитеното подрачје. За инфраструктурните проекти, а во зависност од видот на планираната инфраструктура, вообичаено се спроведува и постапка за Оцена на влијанијата врз животната средина во согласност со Законот за животната средина.

Одредби што се од значење за управувањето со урбанизацијата во Охридскиот Регион, вклучително и на одредбите во согласност кои Министерството за животна средина и

просторно планирање спроведува соодветни управни постапки се содржани во повеќе законски прописи од областа на заштитата на природата, животната средина, урбанистичкото планирање и сл.

***Постојниот систем на урбанистичко планирање што се применува на територијата од заштитеното подрачје може да доведе до фрагментирање на просторот, зголемување на густината на населеност, ширење на населбите, нарушување на пределот и на традиционалните и културни вредности. Трендот на бесправна градба може да продолжи. Развивањето инфраструктурни проекти се спроведува секторски, без притоа да се имаат предвид кумулативните влијанија што можат да настанат од заемната интеракција или од нивната дисперзија во просторот. Крајбрежната трансформација може да изврши негативно влијание врз квалитетот на водите на езерото и на биолошката разновидност, како и на целината на културниот предел. Загрозени се некои локалитети со природни вредности што се утврдени со номинациското досие.***

***Неопходно е крајбрежјето да се планира интегрално по целата своја должина и истото да подлежи на соодветни режими на заштита. Следствено, ќе биде неопходно да се интервенира во законската регулатива за да бидат применливи одредбите од овој план.***

### 6.1.4. Субјекти одговорни за координација на институциите и органите надлежни за различни сегменти на управувањето на национално ниво

Одговорни за координација на институциите и органите надлежни за различни сегменти на управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот Регион се:

- Владата на Република Северна Македонија;
- Комисијата за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион;

#### 6.1.4.1. Владата на Република Северна Македонија како национален координативен механизам

Владата има клучна улога во однос на координирањето на надлежните органи и организации, имајќи ја предвид претставеноста на институциите на највисоко институционално и политичко ниво.

Владата редовно разгледува информации за состојбата со природното и културното наследство во Охридскиот Регион и ги задолжува надлежните институции да спроведат мерки со цел зачувување на исклучителната универзална вредност на доброто.

Владата се грижи да се исполнат препораките од мисиите и препораките на УНЕСКО кои имаат цел да ги спречат или намалат најголемите закани по интегритетот и автентичноста на регионот, односно неконтролирана урбанизација, неодржливите туристички практики, несоодветниот третман на отпадните води и цврстиот отпад, нелегалното градење што го видоизменува автентичниот лик на градот, прекумерниот риболов, несоодветна крајбрежна трансформација што го видоизменува крајбрежниот пејзаж и ги нарушува исклучителната вредност на регионот, загадување од зголемениот воден сообраќај, инвазивни видови и др.

Владата во текот на 2019 година донесе повеќе одлуки од кои како поважни се издвојуваат:

- формирање и ставање во функција на Јавно претпријатие „Колекторски систем“, кое во 2019 година почна со санација на постоечката инфраструктура на колекторот на Охридското Езеро;

- формирање Комитет за заедничко управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион со Република Албанија;
- Препораката општините Охрид и Струга да донесат акциски планови според кои ќе се спроведуваат соодветни мерки заради примена на препораките од Извештајот на реактивната мониторинг мисија од 2017 година;
- Препораката општините Охрид и Струга да изготват инвентари на бесправно изградени објекти и нивните совети да донесат одлука за прогласување на мораториум на градба;
- задолжувањето на Министерството за култура да формира Работна група за изработка на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион;
- задолжувањето на Министерството за животна средина и просторно планирање да започне со идентификување на границите на контактната зона на природното и културното наследство во Охридскиот Регион.

Владата на Република Северна Македонија ќе го усвои овој План за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029). Притоа, Владата ќе ги задолжи сите надлежни институции да ги преземат своите обврски што произлегуваат од овој план и да обезбедат финансиски средства за нивна реализација. Истовремено, ќе ги задолжи да ја известуваат Владата за спроведените активности во определен временски рок што нема да биде подолг од една година (може да биде и почест) во зависност од видот и итноста на активностите.

***Координирано и ефикасно управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион е можно само доколку постои цврста и јасно изразена политичка волја на јавниот сектор и ангажирање на општините по своја волја што ќе се насочат кон разрешување на конфликтите и тешкотиите кои ќе се појавуваат во поединечните фази од процесот на управување.***

#### 6.1.4.2. Комисија за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион

Со Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион од 2010 година се утврди нов интегративен пристап, односно мултидисциплинарен управувачки механизам за координирано управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион преку основањето на ***Комисијата за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион***, како единственото државно тело кое ги обединува главните чинители што имаат ингеренции во Охридскиот Регион.

Комисијата за управување за првпат е формирана и ги започна своите активности во 2018 година. Таа е ***тело на Владата на Република Северна Македонија*** кое функционира со административна и финансиска поддршка на Министерството за култура. Комисијата се состои од 23 члена, претставници на државните органи, локалната самоуправа, експертската фела и граѓанскиот сектор. Комисијата е со следниот состав:

1) еден член на предлог од Владата на Република Северна Македонија;
2) еден член на предлог од министерот за животна средина и просторно планирање;
3) еден член на предлог од министерот за култура;
4) еден член на предлог од Националниот совет за одржлив развој на Република Северна Македонија;
5) еден член од Институтот за биологија на Природноматематичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, од редот на истакнати научни работници од областа на заштита на природното наследство;

6) еден член од Институтот за историја и уметност и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје, од редот на истакнати научни работници од областа на заштита на културното наследство;
7) еден член на предлог од Управата за животна средина од редот на вработените во Управата кои работат на прашања на заштита на природното наследство во Охридскиот Регион или од редот на истакнати научни работници од областа на заштита на природното наследство;
8) еден член на предлог од Управата за заштита на културното наследство од редот на вработените во Управата кои работат на прашања на заштита на културното наследство во Охридскиот Регион или од редот на истакнати научни работници од областа на заштита на културното наследство;
9) еден член на предлог од градоначалникот на Општината Охрид;
10) еден член на предлог од градоначалникот на Општината Струга;
11) еден член на предлог од градоначалникот на Општината Дебрца;
12) еден член на предлог од ЈНУ Хидробиолошки завод - Охрид;
13) еден член на предлог од ЈУ Национален парк „Галичица“;
14) еден член претставник од ЈУ Институт за екологија и технологија - Струга;
15) еден член на предлог од Македонската православна црква;
16) еден член на предлог од Исламската верска заедница;
17) еден член претставник од туристичка асоцијација во Охридскиот Регион;
18) еден член претставник од невладина организација од областа на заштитата на природното наследство од Охридскиот Регион;
19) еден член претставник од невладина организација од областа на заштита на културното наследство од Охридскиот Регион;
20) еден член претставник од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид;
21) еден член претставник од НУ Музеј „д-р Никола Незлобински“ - Струга;
22) еден член претставник од НУ Национален конзерваторски центар - Скопје;
23) еден член претставник од Националната комисија за УНЕСКО.

Комисијата, во согласност со Законот има функција на советодавно и координативно тело, и како таква е надлежна да:

1. го разгледува и дава мислење по нацрт-извештајот за состојбата со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион;
2. ги разгледува и дава мислења за спроведување на законите и другите прописи со кои се уредуваат прашањата од областа на заштита на светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион;
3. го разгледува и дава мислење по Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион;
4. ги разгледува и дава мислење за други планови со кои се засега во управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот Регион;
5. ги разгледува и дава мислење на просторните и урбанистичките планови во Охридскиот Регион;
6. ја следи и дава мислење за состојбата со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион;
7. ја разгледува состојбата и предлага мерки за подобрување на состојбата со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион, на своја иницијатива и/или по барање на друго правно или физичко лице или орган на државната или локалната власт;
8. разгледува и дава мислење за други прашања во согласност со Деловникот за работа.

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

Во периодот 2018 - 2019 година Комисијата одржа седум работни средби и даде мислење за 39 барања за урбанистичко-планска документација и иницијативи кои се предвидени да се реализираат во границите на заштитеното добро. Од вкупно 39 барања за реализација на урбанистички проекти и планови, позитивно мислење е издадено за 12 барања.

Комисијата ќе овозможи активен ангажман на засегнатите страни, вклучително и на институциите што се надлежни за различни сфери од управувањето.

Иако Комисијата имаше позитивна улога во етаблирањето на системот на координирано управување со доброто, искуството покажа дека сепак мислењата издадени од Комисијата не претставуваат доволен коректив за процесите што доведуваат до загрозување на исклучителните универзални вредности на доброто.

- Беа идентификувани можности за подобрување на структурата и работата на Комисијата.
- Како приоритет и предуслов за непристрасно и стручно произнесување на Комисијата во однос на доставени барања за реализација на проекти, планови и други иницијативи се воспостави потребата од итно усвојување на План за управување;.
- Поради мултисекторскиот карактер на управувањето со мешано светско наследство, беше согледано дека позиционирањето на Комисијата во состав на Министерството за култура не ја отсликува целокупната комплексност на нејзините надлежности. Дополнително, обемот на работа, потребната експертиза, како и комплексноста на прашањата со кои се занимава Комисијата бараат поголеми финансиски средства за нејзино ефикасно делување.
- Имајќи ги предвид надлежностите и одговорноста која ја има оваа комисија, Владата на Република Северна Македонија пристапи кон подготовка на нов Закон за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион. Во Предлог-законот се предложи Владата на Република Северна Македонија да формира Совет за следење и координација на управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот Регион како стручно и советодавно тело. За да се даде тежина и облигаторност на одлуките на Советот, во Предлог-законот се предвидува административната и финансиската поддршка за неговата работа да се обезбедува преку Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.
- Составот на Советот за Охридскиот Регион, во согласност со Предлог-законот е конципиран на начин што во управувањето ќе се вклучат сите засегнати страни кои имаат надлежности во Охридскиот Регион. За да одговори на комплексните предизвици што произлегуваат од потребата за спроведување на мултисекторски пристап и специјализирана експертиза, предвидено е во работата на Светот да се вклучат експерти и на претставници на граѓански организации од областите на природното и културното наследство.
- Предлог-законот за управување со природното и културното наследство, од комисиска расправа во Собранието на Република Северна Македонија, е вратен на дорабoтка.
- Заради значењето на Охридскиот Регион пожелно е да се основа и установа за управување со заштитени подрачја, која би имала за цел континуирано и тековно да презема активности поврзани со сите сегменти на интегрираното управување со заштитеното подрачје, како и да презема мерки за непосредна заштита со природното и културното наследство.

#### 6.1.4.3. Систем за заедничко управување помеѓу Република Албанија и Република Северна Македонија

Системот за заедничко управување меѓу Република Албанија и Република Северна Македонија е уреден со Закон за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за заштита и одржлив развој на Охридското Езеро и неговиот слив („Сл. весник на РМ“ бр. 46/05 - 99 седница, 10.6.2005 год.).

По проширувањето на границите на доброто со Одлука на Комитетот за светско наследство 43 COM 8B.9 (Баку, Азербејџан, 2019), Република Северна Македонија и Република Албанија се усогласија да воспостават систем за заедничко управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион, во согласност со Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за заштита и одржлив развој на Охридското Езеро и неговиот слив.

Во согласност меѓудржавниот Договор за заштита и одржлив развој на Охридското Езеро и неговиот слив се формираше заедничка Комисија за управување со сливот на Охридското Езеро. Договорот од 2004 година предвиде Комитетот да го сочинуваат тројца претставници на централната власт, тројца претставници на локалните власти и по еден претставник на граѓанскиот сектор од двете земји.

Комитетот официјално ќе се конституира во јануари 2020 година.

# 7. Ризици и оцена на загрозеноста за исклучителната универзална вредност

## 7.1. Извештај од Реактивната мисија на УНЕСКО (2017 година)

Со Извештајот на Реактивната мониторинг мисија (2017) е нотирана состојбата на светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион, ризиците и заканите врз исклучителната универзална вредност на доброто и дадени се препораки за нивно

отстранување, односно намалување.

### 7.1.1. Утврдена состојба на доброто

Во текот на Мисијата е искажана загриженост во врска со *заканите врз природните вредности на светското наследство, во прв ред врз Охридското Езеро и Националниот парк „Галичица“*. Хидрологијата на езерото и неговата биолошка разновидност се изложени на различни влијанија и ризици, како што е намалувањето на нивото на езерото во сушниот период, антропогени влијанија, како што е неконтролираното испуштање отпадни води, загадување на водите заради несоодветно пречистување на отпадните води и евидентна еутрофикација на одредени локации, како што се местата на кои се влеваат притоките на езерото. Овие влијанија, доколку продолжат во иднина, може да предизвикаат закана за целиот екосистем на езерото и на неколку ендемски видови што веќе се сметаат за згрозени. Во текот на Мисијата, исто така, е изразена загриженост во врска со *интензивниот урбан развој и несоодветна експлоатација на крајбрежните зони, што може да придонесе кон нивно уништување*, доколку не се преземат соодветни мерки. И покрај тоа што историското јадро на градот Охрид е добро зачувано, *еден од основните фактори што го загрозува доброто е изградбата во населбите, земјоделското земјиште и на крајбрежјето, што резултира со загадување на водите, деградација на живеалиштата, промена и загуба на квалитетот на езерскиот предел*. Од запишувањето на доброто во Листата на светското

наследство, па наваму се случиле големи промени. *Интензивната урбанизација на крајбрежјето извршила влијание на користењето на природните ресурси преку зголемена потрошувачка на вода, зголемено загадување, фрагментација и уништување на живеалиштата. Лошиот квалитет на архитектурата и хетерогеноста на голем број згради, во и надвор од населбите, претставува закана за визуелниот квалитет на доброто, особено во градовите Охрид и Струга. Изградбата на високи објекти во близина на езерото има негативен визуален ефект и го загрозува интегритетот на доброто. Предлозите за изведба на инфраструктурни и градежни објекти може да доведат до неповратна трнсформација и да ги прекинат традиционалните врски меѓу историското јадро, археолошките остатоци, природниот предел, вклучувајќи ги и Националниот парк „Галичица" и Охридското Езеро*. Во текот на Мисијата се искажа и *зариженост околу несоодветното отстранување на отпадот на повеќе локации, што предизвикува загадување на воздухот, почвата, површинските и подземните води и врши влијанија на биолошката разновидност, здравјето на луѓето, земјоделското земјиште и ја загрозува естетската вредност на доброто*. Се нагласи потребата од итни подобрувања на системот за пречистување на отпадните води во Северна Македонија и Албанија. Доброто е *изложено на силен притисок од туризмот, односно на сообраќајни метежи, паркирање на несоодветни локации и нелегално отстранување на отпадот*. Беше утврдено дека не постои систем за следење на бројот на посетители во Националниот парк „Галичица", а исто така не е утврден еколошкиот капацитет на подрачјето. Исто така, не е изработен План за управување со посетители. Во текот на Мисијата се нотирани заложбите за изработка на детален регистар на елементите на културното и природното наследство, како и предизвиците во текот на изработката на неколкуте планови за управување и на Планот за интегрирано управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион, кои произлегуваат од комплексноста и ранливоста на прекуграничното мешовито наследство и од големиот број надлежни институции. Зоната во северниот дел на доброто се смета дека е загрозена од планирани инфраструктурни проекти, урбанизација и пренамена на земјоделско земјиште, што претставува опасност за *исклучителната униврзална вредност на наследството*. Беше нотирано дека изработката на 19-те детални урбанистички планови е сè уште во рана фаза.

*Во текот на Мисијата се утврди дека општата состојба на заштита на мешовитото добро е под влијание на бројни фактори кои може да претставуваат опасност за исклучителната универзална вредност во согласност со алинеите 179 и 180 на Оперативното упатство и да предизвикаат автентичноста и интегритетот на наследството да станат ранливи*.

И покрај основањето на Комисијата за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион, сè уште се потребни подобрувања на верзијата на Планот за управување со наследството од 2015 година. Имајќи го предвид законското барање за изработка на Стратегиската оцена на влијанијата врз животната средина од овој план, се препорача процесот на Стратегиската оцена да се искористи за зајакнување на одделни делови на Планот за управување. И покрај модификацијата на границите на доброто направена во 2009 година, интегитетот на доброто сè уште може да се подобри, особено бидејќи во границите се вклучени само 2/3 од езерото, а делот во Албанија сè уште не е дел од наследството. Дополнително, заштитата на доброто може значително да биде зајакната доколку се воспостави кохерентна контактна зона што ќе го вклучи и Преспанското Езеро. Неопходно е да се зајакне прекуграничната соработка со надлежните институции од Албанија за да се применуваат интегрални заштитни и конзерваторски мерки. Постојат бројни прекугранични договори, стратешки планови и други акти што може да бидат корисни; во прв ред треба да се искористи проектот поддржан од ЕУ „Кон зајакнато управување со прекуграничното природно и културно наследство на регионот на Охридското Езеро", чијшто успех ќе зависи од посветеноста и од конкретните активности што ќе ги преземат двете земји за заштита на наследството. *Во текот на Мисијата е препорачано да се даде можност на*

*земјата да ги примени препораките, но доколку препорачаните активности не се спроведат, наскоро може да се создадат услови тоа да биде впишано на Листата на светското наследство во опасност*.

### 7.1.2. Заклучоци и препораки од Реактивната мониторинг мисија

Врз основа на детална анализа за состојбата на заштитата на *светското наследство* во текот на Реактивната мониторинг мисија се разработени детални препораки за да се намалат заканите и да се ублажат влијанијата што може да имаат сериозно негативно влијание врз исклучителната универална вредност:

1) до Центарот на светското наследство да се разработи и да се достави за разгледување од совеетодавните тела сеопфатна споредбена студија на алтернативни траси за железничката пруга во состав на европскиот Коридор VIII, вклучително и на траси што не минуваат во близината на брегот на Охридското Езеро и што ги одбегнуваат добро зачуваните делови на крајбрежјето долж македонско-албанската граница (имајќи ја предвид и опцијата што е идентификувана и предложена од ИКОМОС врз основа на посета на терен);

2) во врска со изградбата на автопатот А2: **а)** да се обезеди доволен број премини за луѓе и животни што се доволно широки и високи за да овозможат непречено преминување од страна на нивните корисниц на начин што ќе се предвиди најмалку еден премин со висина од 2 m на секој километар; **б)** да се надгради постојниот пат меѓу Струга и границата со Албанија наместо да се бара нова траса, имајќи ги предвид кревкоста на животната средина во тој дел на доброто и близината на езерото; **в)** во случај на пронаоѓање археолошки остатоци за време на изградбата да се прекинат сите работи додека не завршат археолошките истражувања;

3) да се проценат кумулативните влијанија од железничката пруга и автопатот А2 на исклучителните универзални вредности на доброто за да се анализираат можностите за нивно водење во заеднички коридор или за неменување на нивните траси, со што тие ќе се приближат во северниот дел на доброто;

4) засекогаш да се откажат плановите за изградба на делниците (а) и (е) на патот А3 и да се суспендира изградбата на другите делници на патот А3 додека не се преземат сите потребни активности за минимизирање на влијанијата врз исклучителната универзална вредност на доброто во согласност со препораките од Извештајот на Реактивната мониторинг мисија;

5) засекогаш да се откажат плановите за изградба на скијачки центар на Галичица, да се задржи постојното зонирање на Националниот парк и да се земат предвид можностите за развивање на екотуризам што нема негативно да влијаат на доброто;

6) да се прогласи мораториум на каква било урбана и крајбрежна трансформација во рамките на *светското наследство* додека не се донесат сите релевантни плански документи (План за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион, план за крајбрежјето што е заснован на исклучителната универзална вредност итн.), да се усвојат сите правни акти што се неопходни за ефективна заштита на доброто и да се воспостават соодветни контролни механизми;

7) да се завршат сите релевантни плански документи (Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион, планови за крајбрежјето засновани на исклучителната универзална вредност, Стратегија за развој на туризмот што се заснова на исклучителната универзална вредност, донесување регулатива за туристички активности, (како, на пример, мобилна опрема и други комерцијални дејности на плажите) и да се доставаат до Центарот на светското наследство и неговите советодавни тела. Се

препорачува процесот на изработка на Стратегиската оцена на животната средина да се искористи за зајакнување и изменување на делови од Нацрт-планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион;

8) да се обезбеди дека кумулативните влијанија од кој било инфраструктурен проект и проектите за урбанизација на крајбрежјето ќе се проценат за време на изработката на Стратегиската оцена на влијанијата врз животната средина за Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион. Овие документи да се достават до Центарот на светското наследство и неговите советодавни тела пред да бидат направени какви било одлуки што нема да можат да се отповикаат во согласност со алинеијата 172 од Оперативното упатство;

9) во врска со бесправно изградените објекти: **а)** да се направи детален инвентар на сите бесправно изградени објекти и да се спроведат постапки за Оцена на влијанијата врз животната средина (ОВЖС) и Оцена на влијанијата врз културното наследство (ОВКН) за да се процени нивното влијание врз исклучителната универзална вредност на доброто; **б)** да се отстранат сите бесправни изградени објекти на територијата од доброто, а особено во Националниот парк „Галичица“, за кои, врз основа на претходно спроведените ОВЖС и ОВКН, ќе се утврди дека претставуваат закана за доброто, вклучително и за интегритетот и автентичноста; **в)** да се обезбеди строго спроведување на законите за да се спречи какво било нелегално градење на територијата од наследството;

10) да се направи детална процена со цел утврдување на контактна зона на доброто за да се зајакне заштитата, што идеално би ја вклучило и Преспанското Езеро, како важен дел од поврзаниот екосистем Охрид - Преспа и да се вклучи преостанатиот дел од Националниот парк „Галичица“;

11) да се појасни механизмот, задачите и функцијата на Комисијата за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион и да се воспостават реални партиципативни механизми за управување со доброто, што ќе овозможат вклучување на локалните заедници и граѓанските организации;

12) да се зајакне прекуграничната соработка со Албанија за заштитата на доброто, особено во однос на заедничкиот мониторинг на биолошката разновидност на езерото, квалитетот на водите, размена на соодветни научни податоци и воспоставување заеднички активности за управување, како, на пример, заеднички утврдени квоти за риболов;

13) да се подобри системот за пречистување на отпадните води и да се вклучат сите населби во сливот на Охридското Езеро, да се обезбеди едукација и обука на вработените во претпријатието што го врши пречистувањето за да се подобрат нивните технички капацитети;

14) до Центарот на светското наследство да се достави детална информација за хемискиот состав на дрвените столбови на кои е поставена патеката во Музејот во Заливот на Коските, вклучително и наод на стручна установа во врска со потенцијалната закана од хемикалиите користени за заштита на дрвото за размножување на рибите под Музејот;

15) да се разработат и да се применат соодветни мерки со цел стабилизирање на нивото на водата на Езерото, вклучувајќи редовен мониторинг и конторла на испуштањето на водите во реката Црни Дрим и да се анализираат можности за повторно враќање на реката Сатеска во реката Црни Дрим;

16) да се затвори и рекултивира депонијата Буково и сите непрописни депонии на територијата на доброто, да се воспостави функционален систем за собирање на комуналниот отпад;

17) да се преземат сите неопходни мерки за да се контролираат инвазивните видови во Охридското Езеро и да се обезбеди спроведување на редовна програма за следење на биолошката разновидност на езерото, како и да се спроведат законските барања за заштита на загрозените ендемски видови;

18) да се намали моторизираниот сообраќај во Охридското Езеро во старото градско јадро на градот Охрид, да се предвидат рестрикции за паркирање во определени временски периоди, по примерот на добрата пракса од други историски градови во Европа и во светот;

19) да се преземат интервентни мерки за да се спречи загуба на археолошки остатоци, уништувањето на кохерентноста на архитектонските и урбанистичките вредности на начин што ќе се подобри пристапот до историските објекти и археолошките наоѓалишта со мерки за подобрување на пределот и за подобрување на визуелната вредност на јавните простори, постојано имајќи ја предвид автентичноста и интегритетот и избегнувајќи форми и материали што не се карактеристични за локалитетот и неговата култура и автохтоната вегетација, како да се избегнуваат големи билборди, а наместо нив да се користат помали постери.

## 7.2. Одлука од 43. сесија на Комитетот на светското наследство на УНЕСКО

Со Одлуката на Комитетот на светското наследство (43COM 7B.36), усвоена на 43. сесија (Баку, Азербејџан, 30 јуни - 10 јули 2019 година), препознаен е напредокот во однос на спроведувањето на дел од препораките на Реактивната мисија што се однесуваат на откажување на скијачкиот центар, туристичките развојни зони и патот А3, како и задолжувањата што Владата ги делегираше на надлежните институции, меѓутоа, нотирани се преостанатите ризици и потреби што земјата треба да ги надмине, односно исполни, и тоа:

- да се анализираат алтернативни траси на Железничкиот коридор VIII кои ќе се водат надвор од границите на заштитениот регион во Република Северна Македонија и кои ќе се надоврзат на предложена траса на пругата во Албанија што минува надвор од заштитениот регион во Албанија;
- да се спроведе оцена на влијанијата врз културното наследство од трасата на автопатот А2 делница Требеништа - Струга;
- да се воспостави мораториум на урбана и крајбрежна трансформација до усвојувањето на соодветните плански документи и донесувањето на правни и контролни механизми што ќе ја гарантираат потребната заштита;
- да се изработи инвентар на бесправно изградени објекти, да се спроведе оцена за влијанието врз културното наследство и оцена за влијанието врз животната средина кај овие објекти и да се пристапи кон нивно уривање што вршат негативно влијание, да се спроведува соодветен надзор за да се спречи натамошна појава на бесправно изградени објекти;
- да се доврши Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион и да се достави Нацрт-планот до Центарот на светското наследство и советодавните тела пред тој да биде финализиран и усвоен;
- да се спроведат сите останати препораки на Комитетот на УНЕСКО содржани во Извештајот на Реактивната мониторинг мисијаод 2017.

## 7.3. Закани врз природните вредности

Процената на ризици врз исклучителната универзална вредност на природното и културното наследство во Охридскиот Регион направена од страна на учесниците во Реактивната мониторинг мисија на Центарот на светското на УНЕСКО и неговите советодавни тела ИУЦН и ИКОМОС е усвоена како основа за утврдувањето на визијата, целите и мерките/акциите на Планот за управување.

Истовремено, консултирани се и научни трудови, како и упатствата публикувани од страна на Меѓународната унија за заштита на природата (International Union for Conservation of Nature (IUCN)) и Глобалната процена на меѓународните води (Global International Waters Assessment (GIWA)). Класификацијата препорачана од *IUCN* се однесува на ризици врз загрозените видови флора и фауна, додека ризиците идентификувани од страна на *GIWA* применуваат екосистемски пристап.

Како резултат на овие анализи, во табелата 4 се идентификувани и систематизирани влијанијата и ризиците што се присутни во сливот на Охридското Езеро, степенот на истраженост/познавање на причинителите за овие појави и даден е опис на причинителите.

*Табела 4. Влијанија/ризици, ниво на познавање на причинителите и опис на причинителите*

| Влијанија | Главни ризици | Познавање на причинителите | Опис на причинителите | Референца |
|---|---|---|---|---|
| Влијанија на квалитетот на водите во сливот на Охридското Езеро | Внес на нутриенти | Добро познати | Реката Сатеска и Преспанско Езеро | Watzin et al. (2002); Matzinger et al. (2007) |
| | Внес на седименти | Добро познати | Притоките на Охридско Езеро (Сатеска и Коселска Река) | Vogel et al. (2010b) |
| | Отпадни води | Добро познати | Недовршен колекторски систем што е во лоша состојба<br>Дотраена станица и несоодветно димензионирана станица за пречистување отпадни води во Враништа | Watzin et al. (2002) |
| | Загадување од тешки метали | Недоволно познати | Испуштање отпадни води од индустрија и рудници во прекуграничен контекст | Vogel et al. (2010b) |
| | Загадување од отпадни масла и хемиски супстанци од пловните објекти во езерото | познати | Испуштање отпадни масла и хемиски супстанци од пловните објекти во езерото | G. Kostoski1, C. Albrecht, S. Trajanovski, and T. Wilke |
| Земјоделство и неодржливо шумарство | Интензивно земјоделство | Непознати | Биоакумулирани пестициди во рибите | UNESCO ROSTE (2004) |
| | Наводнување | Познати | ХМС „Љубаништа“ - водата за наводнување кај овој систем се снабдува по пат на испумпување на водата од изворите кај Св. Наум | Watzin et al. (2002) |
| | Зафаќање на води | Познати | Зафати на водата за наводнување од Сатеска Река кои имаат влијание на рибниот фонд | Watzin et al. (2002) |
| | Сечење на дрва | Непознати | Бесправна сеча на дрва во Велгошти | G. Kostoski1, C. Albrecht, S. Trajanovski, and T. Wilke |
| | Пожари | Непознати | Антропогено предизвикани пожари на Галичица; спалување на појас на трска | D. Georgiev, личнакомуникација (2010) |

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Влијанија | Главни ризици | Познавање на причинителите | Опис на причинителите | Референца |
|---|---|---|---|---|
| Неодржлив туризам | Изградба на куќи, вили, хотели | Добро познати | Изградба на викенд-куќи во инфраструктура во заштитни зони на НП „Галичица" и изградба на хотели во крајбрежен појас како и одржување на Заливот на Коските | G. Kostoski1, C. Albrecht, S. Trajanovski, and T. Wilke |
| | Уредување на плажи | Добро познати | Некомпатибилни градби во крајбрежниот појас што го нарушуваат пределот | Z. Spirkovski, личнакомуникација (2010) |
| | Водни спортови | Добро познати | Уништување на местата за мрестење на ципиридни риби; истекување на нафта | Avramoski et al. (2006) |
| | Загадување | Добро познати | Оптоварување на колекторскиот систем и пречистителната станица | G. Kostoski1, C. Albrecht2, S. Trajanovski1, and T. Wilke2 |
| | Интензивна урбанизација на заштитеното подрачје | Добро познати | Прекумерна градежна експанзија | G. Kostoski1, C. Albrecht, S. Trajanovski, and T. Wilke |
| Внесување алохтони видови | Конкуренција со автохтони видови | Средно познати | Калифорниската пастрмка е закана за охридската пастрмка | G. Kostoski1, C. Albrecht, S. Trajanovski, and T. Wilke |
| | Популациски промени | Недоволно познати | *Elodea canadensis* во макрофитските заедници | G. Kostoski1, C. Albrecht, S. Trajanovski, and T. Wilke |
| Загуба и уништување на живеалишта | Крајбрежна трансформација | Добро познати | Фрагментација на Студенчишко Блато; урбанизација во крајбрежната зона | G. Kostoski1, C. Albrecht, S. Trajanovski, and T. Wilke |
| | Фрагментација на крајбрежна макрофитска вегетација | Средно познати | Макрофитски појас кај Пештани и Трпејца | Trajanovska (2009) |
| | Промени и зафаќања изворишта | Познати | Узурпација на Светинаумските извори (изградба на угостителски објекти) како и зафаќање на водата од изворите за наводнување | G. Kostoski1, C. Albrecht2, S. Trajanovski1, and T. Wilke2 |
| | Каптирање на извори | Добро познати | Каптирање на изворот Бејбунар | |
| | Еутрофикација | Недоволно познати | Промена на микробиофилм и алгални заедници особено на карпестите брегови | |
| Неодржливо рибарство | Прекумерен риболов | Добро познати | Нелегален риболов на охридската пастрмка | UNESCO ROSTE (2004) |
| | Испуштање на алохтони и инвазивни видови на риби | Недоволно познати | Детектирани алохтони видови кои се директна закана за автохтоните видови риба | Talevski et al. (2010) |
| Климатски промени | Покачување на просечни температури | Недоволно познати | Засилена еутрофикација проследена со аноксија во многу делови од езерото предизвикувајќи помор на рибите | Matzinger et al. (2007) |

### 7.3.1. Влијанија на квалитетот на водите во сливот на Охридското Езеро

Реката Сатеска од 1962 год., наместо да се влива во реката Црни Дрим, целосно е пренасочена во Охридско Езеро. Со претходни микробиолошки и физичко-хемиски анализи се

утврдени негативни ефекти од седиментот што реката Сатеска го транспортира во езерото (Watzin et al., 2002).

***Реката Сатеска*** има повеќекратно потврдено негативно влијание врз квалитетот на водата во Охридското Езеро, како и на животинските и растителните заедници кои го населуваат неговиот литорал. 5,28% или 53,96 $km^2$ од територијата се зафатени со високо ниво на ерозија (Блинков и сор. 2004) што придонесува Сатеска Река да депонира повеќе од 100 000 $m^3$/годишно седимент во езерото. Вкупно 38,1 тон од овој материјал е фосфор кој се акумулира близу до устието на реката. Наносот кој се депонира во езерото целосно го менува обликот на литоралот при влезот на реката (слика 29).

*Слика 29. Депониран нанос на вливот на реката Сатеска и промените низ годините (сателитска снимка од Google Earth).*

***Отпадните води*** од населбите, индустријата и туристичките објекти, главно, се собираат со колекторскиот систем и се пречистуваат во станицата за пречистување на отпадни води во Враништа. 35% од отпадните води создадени во областа Охрид - Струга не се третираат, односно директно се испуштаат во езерото. Колекторскиот систем не е довршен (слика 30) и исто така неговото несоодветно одржување довело до оштетувања на цевките и опремата, што дополнително се одразува негативно на неговата функционалност.




*Слика 30. Степен на поврзаност на канализациската мрежа со колекторски систем (извор: Студијата за прибирање на податоци за подобрување на животната средина на Охридското Езеро и техники за рехабилитација на колекторскиот систем, JICA, 2015 година)*

Колекторот е изграден за капацитет од 670 l/s, а при силни врнежи во него дотекуваат 2-2,5 $m^3/s$, бидејќи многу колективни и индивидуални објекти олуците ги внесуваат директно во фекалната канализација наместо да ги испуштаат на улица и оттука да оди во атмосферската канализација, а фекалната не е димензионирана за дополнителен доток, па така таа излева од шахтите.

Според студијата на JICA[30] од 2012 год., излевањето од пумпната станица во Подмоље се проценува дека се случува најмалку 100 дена во годината, односно при секои врнежи. Станицата за пречистување на отпадните води е во лоша состојба. Делумно пречистените отпадни води се испуштат во реката Црни Дрим.

Капацитетот на станицата не е доволен и потребна е нејзина итна надградба. Неопходно е да се доизградат 44 km канализација и да се изврши реконструкција на станицата за пречистување на отпадните води.

Во поголем број населени места во руралниот дел на општините околу езерото не се изведени фекална и атмосферска канализациска мрежа. При поголеми атмосферски врнежи

[30] Јапонска меѓународна агенција за соработка.

доаѓа до мешање на фекалните и атмосферските отпадни води, при што заради недоволниот капацитет на канализациската мрежа доаѓа до излевање на отпадната вода од шахтите и поплавување на делови од населените места. При врнежи отпадните води од пумпната станица во Подмоље се прелеваат и директно се спуштаат во езерото. Исто така, при вакви појави доаѓа до преоптоварување на колекторот од системот за заштита на Охридското Езеро, заради што отпадните води недоволно пречистени се испуштаат во езерото. При доток на вишок вода (повеќе од 670 l/s) отпадните води не се пречистуваат во пречистителната станица во Враништа. Отпадните води кои непречистени се влеваат во Охридско Езеро варираат од 19,5% во сушниот период до 60,6% во врнежливиот период (октомври до мај). Кај Подмоље излевањето на фекални отпадни води го поттикнува растот на трската, но исто така предизвикува загадување на езерото и непријатна мирисба.

Индустриските капацитети во општините Охрид и Струга не создаваат голема количина на индустриски отпадни води. Генерално, отпадните води од овие капацитети се испуштаат во септички јами. Затоа се смета дека отпадните води од индустријата не вршат значителен притисок врз квалитетот на водите на Охридското Езеро.

***Преспанско Езеро*** може да влијае на потенцијално внесување фосфор во Охридското Езеро преку хидрауличната карстна поврзаност меѓу овие две езера (слика 31). Фосфорот транспортиран од еутрофното езеро може да го загрози квалитетот на водата во Охридското Езеро (Matzinger et al., 2006a). Заради хидрауличката врска меѓу Охридското и Преспанското Езеро (e.g., Amataj et al., 2007) се транспортира фосфор што во иднина може да влијае негативно на олиготрофниот статус на Охридското Езеро (Matzinger et al., 2006a). Со натамошна еутрофикација на Охридското Езеро можно е да се влијае негативно на ендемските видови во сублиторалниот појас (Stankovic´, 1960).




*Слика 31. Водни патеки од Преспанското Езеро и дождовни води кои се сливаат од планината Галичица во Охридското Езеро (Поповска и Боначи 2007).*

Водниот сообраќај претставува значајна рекреативна и туристичка активност. Низ езерото, главно, сообраќаат рекреатвни и рибарски бродови, како и бродови што се користат за јавен транспорт. Во 1999 година се регистрирани вкупно 2268 рекреативни и рибарски брода, од кои активно се користат 500-600 брода. Во водниот сообраќај учествуваат и 4 брода за туристички прошетки. Дополнително, 40-50 приватни брода се користат за комерцијални (туристички) цели. Користењето на овие пловила предизвикува локализирани проблеми со квалитетот на водите во случај на испушање отпадни води од тоалетите и инцидентно

излевање на моторно масло. Моторните пловни објекти влијаат негативно на популацијта на рибите, особено заради вознемирувачкиот ефект во периодите на мрестење на рибите. Користењето на глисери и скутери претставува и проблем за безбедноста на туристите на капалиштата.

Заради состојбата со неповолна инфраструктура за закотвување на моторните пловни објекти најголем дел од бродовите се чуваат во Студенчишкиот Канал. Присуството на бродовите во каналот има сериозно негативно влијание на квалитетот на водите на езерото.

Годишната хидролошка рамнотежа се постигнува со регулирање на истекувањето на реката Црни Дрим и пренасочувањето на реката Сатеска. Испустот на Охридското Езеро се регулира во согласност со усогласените коти на езерото - природниот минимум од 693 m н.в. и максимум од 694 m н.в.

Иако Охридското Езеро е прогласено за светско природно наследство заштитено од УНЕСКО, тоа со децении се користи како акумулација за производство на електрична енергија од страна на АД ЕЛЕМ врз основа на добиена водостопанска дозвола.

Компанијата за производство и дистрибуција на електрична енергија АД ЕЛЕМ е одговорна за регулација на водостојот на Охридското Езеро. Регулација на водостојот се врши со испуштање на водата од езерото во Црни Дрим кое сè уште се изведува рачно, односно со дрвени прегради.

По течението на Црни Дрим има поставено две хидроелелектрани на територија на РС Македонија, ХЕ „Шпилје“ – Општина Дебар и ХЕ „Глобочица” во близина на Општина Струга, како и три хидроелектрани на територија од Република Албанија. Големите осцилации во нивото на водата во езерото, кои најчесто се резултат на неправилно управување, имаат негативни влијанија врз екосистемот на Охридско Езеро заради повлекувањето на водата и соодветните влијанија врз биолошката разновидност (слика 32), односно излевањето на езерото кое се случува при висок водостој и измивањето на ѓубриво и пестициди од земјоделските површини.

*Слика 32. Изглед на Охридското Езеро кога нивото е под минимално дозволената природна кота (лево) и над максимално дозволената природна кота (десно).*

Податоци за осцилацијата на нивото на водата во Охридското Езеро за периодот 1951 - 2000 година (Popovska and Bonacci 2007) покажуваат промени на ниво од 1,6 m, при што височината на езерото се движи меѓу 693,0 m и 694,6 m н.в. и просечна надморска височина од 693,5 m.

Нивелација на езерото последен пат е правена во втората половина на XX век, што јасно укажува на потребата да се направи повторна анализа. Со пренасочување на коритото на Сатеска Река во Охридското Езеро се променети природните осцилции на водите во езерото за околу 50 cm. Котите коишто се определени во почетокот на 60-тите години од XX век е потребно да се ревидираат, од причини што тие во измитатиот период може да се изместени,

при што не е познат ефектот на можните промени. Исто така, потребно е ревидирање и на договорот со Албанија за испуштање на одредена количина вода за нејзините енергетски потреби.

Ревидирањето на највисоката кота, меѓу другото, е потребно заради фактот што во согласност со Законот за води, а за потребите на заштита од поплавите, востановен е крајбрежен појас од 50 m сметано од највисоката кота на езерото, а тоа е 693,7 m н.в. Заради конфигурацијата на теренот, крајбрежното земјиште, во рамките на кое не смеат да се градат објекти во согласност со Законот за води, во басенот на градот Охрид, се протега во близина на границата на катастарската парцела 1/1 Охридско Езеро, додека во депресијата на Струшкото Поле, изохипсата со 693,7 m н.в., се протега северно од градот Струга и зафаќа делови од брегот на реката Црни Дрим.




*Слика 33. Највисока кота на Охридското Езеро (693,7 m н.в.)*

Како што може да се види од картата, појасот од 50 m сметано од највисоката кота на езерото во кој не смее да се градат објекти заради нивна заштита од поплави во Струшкото Поле не е соодветно применлив. Доколку тој би се применувал, градот Струга би требало целосно да се отстрани, што значи дека е неопходно да се ревидира највисоката кота, или за депресијата на струшкото поле оваа кота да се измени, за да се одрази реалната состојба на терен.

За потребите на Прелиминарната процена на ризикот од поплавување за сливот на реката Дрин/Дрим - Буна/Бојана (во рамки на проектот „Адаптација на климатските промени во прекуграничното управување со ризикот од поплави за Западен Балкан“, *GIZ*, *Eschborn*, Germany), направени се хидролошки моделирања на поплавување на регионот од површински води (слика 33) поплавување од подземни води, како и поплавување на крајбрежјето (слика 34).



*Слика 34. Хидролошко моделирање на поплавување од површински води.*



*Слика 35. Хидролошко моделирање на поплавување од подземни води (лево) и поплавуање на крајбрежјето од надоѓање на Езерото (десно).*

Нивото на езерото претставува основен фактор за состојбата и на ***Студенчишкото Блато***. Несомнено е дека водите од блатото комуницираат со езерото и токму нивото на езерото е регулатор на нивото на подземните води во блатото. Сигурно е дека високите водостои на езерото прават поголема бариера на истекот на водите кон него и го зголемуваат нивото на подземната вода во блатото, а при високи водостои, како што беа во 1963 година и

пролетта 2010 година, тоа станува составен дел на езерото. Одржливиот развој и воопшто опстанокот на блатото се состои токму од тоа како ќе биде изградена врската со езерото, односно како ќе биде решена постојаната комуникација на водите од блатото со водите на езерото.

### 7.3.2. Земјоделство и шумарство

***Земјоделството*** може да биде извор на дифузно загадување со различни хемиски соединенија и тешки метали. При земјоделското производство се користат различни хемикалии што недоволно се контролираат. Спроведените истражувања укажуваат на траги од забранети пестициди пронајдени во примероци на ткива од риби, што значи дека тие исто така може да го загрозат здравјето на луѓето. Неконтролираната и прекумерната употреба на ѓубрива предизвикува внес на нутриенти, а со тоа и еутрофикација.

За потребите на Планот за управување со сливот на Охридското Езеро што се изработува во рамките на проектот „Зголемена прекугранична соработка и интегрирано управување со водните ресурси во сливот на реката Дрим“[31] направени се процени на потрошувачката на вештачко ѓубриво и пестициди и на водните тела во сливот на кои земјоделството врши влијание со дифузно загадување.

На територијата од сливот на Охридското Езеро (која не е идентична со границите на природното и културното наследство во Охридскиот Регион) е проценето дека на годишно ниво се трошат околу 4000 тони вештачко ѓубриво (односно окоу 400 kg минерално ѓубриво по ha во текот на вегетациската сезона). Вкупното оптоварување со азот се проценува на 637 тони/годишно, додека оптоварувањето со фосфор е 314, а со натриум изнесува 332 тони/годишно. Овие бројки се однесуваат на апликација само на вештачко, а не и на арско ѓубриво.

Заради континуирана примена на вештачки ѓубрива забележана е акумулација на нутриентите во почвата, кои во услови на неповолни хидролошки состојби се измиваат и со тоа имаат негативно влијание на водите на Охридското Езеро и неговите притоки, односно влијаат на појава на алги и еутрофикација. Акумулацијата на нутриенти во почвата исто така доведува до нивно закиселување, познато како агрохемиско загадување.

Во сливот на Охридското Езеро проценето е дека годишно се тршат околу 45,400 l пестициди, односно во просек околу 6.12 l/ha. Овој просек е пресметан врз основа на видот на насади и нивната процентуална застапеност.

Во сливот на езерото е утврдено дека најглеми површини под земјоделско земјиште се застапени во сливот на реките Коселска и Сатеска, како и подрачјето околу истекувањето на реката Црни Дрим во Струшкото Поле. Според тоа, проценето е дека овие притоки се под закана од дифузно загадување од земјоделското производство и се извор на внес на нутриенти во Охридското Езеро.

Наводнување: водите од притоките на Охридското Езеро како и од изворот Св. Наум се користат и за наводнување. Имено, наводнувањето на површините во Охридскиот Регион се врши преку следните хидросистеми:

1. Хидромелиоративни системи (ХМС) со природни водотеци и реки:
   - ХМС „Лескоец“
   - ХМС „Косел - Лакочереј“
   - ХМС „Велмеј“

[31] https://www.gwp.org/en/we-act/change-and-impact/Impact-Stories/increased-transboundary-cooperation-and-integrated-water-resources-management-in-the-drin-river-basin/

- ХМС „Лешани“
- ХМС „Сатеска“ (Волино, Мешеишта)

2. Систем со испумпување на вода
   - ХМС „Љубаништа“
3. Систем за наводнување со вештачка акумулација
   - ХМС „Слатино“

ХМС „Љубаништа“ користи вода за наводнување што се снабдува по пат на испумпување на водата од изворите кај Св. Наум. Водата се исфрла во височина од 15 m, а потоа наводнување се врши по гравитациски пат. Пумпањето на водата за наводнување претставува ризик за зачувувањето на издашноста, но и на вредностите на овие извори.

Седиментацијата се зголемува заради намалување на површините под шума во сливот на Сатеска Река (N. Hoffmann, 2010; Vogel et al., 2010b). Овие количини на акумулирани седименти од устието до селото Подмоље се голема закана и за рибниот фонд во езерото, бидејќи рибите не положуваат јајца, а седиментот влегува во жабрите на младите риби и тие угинуваат.

### 7.3.3. Неодржлив туризам

Расте бројот на викенд-куќи, хотели, плажи, кампови, особено во крајбрежјето во околината на Охрид и Струга. Има силен притисок за урбанизација на неизградено земјиште со висок индекс на функционалност на крајбрежјето и покрај тоа што овие зони се исклучително сензитивни и имаат огромна важност за опстанокот на ендемските видови (Hauffe et al., 2010). На овој простор се застапени и бесправно изградени објекти и пристаништа/марини. Дури и на повисоките делови на котлината и на планината Галичица се градат објекти, што негативно се одразува на хидрологијата на сливот.

Брзите пловила креираат бранови што се деструктивни за литоралните заедници и за блатата. (Schmieder and Pier, 2000).

Во повеќе делови на крајбрежјето, а особено близу Трпејца и Пештани, се уништуваат или фрагментираат макрофитните асоцијации (Трајановска, 2009). Наместо автохтоните асоцијации се јавуваат нови, заради кои е можно да се јави промена на видот на рибите што се мрестат таму, па наместо салмониди да преовладаат ципринидни видови (Спирковски и Илиќ-Боева, 2004).

Изведувањето плажи исто така има негативно влијание на крајбрежната трансформација и видоизменувањето на пределот, загадувањето на езерото, а со тоа и на неговиот екосистем и застапените значајни видови.

Зголемениот број на туристи влијае на размножувањето на ендемските видови на риби (особено на ципринидите) (Спирковски и Илиќ-Боева, 2004). Бучавата во туристичката сезона влијае на размножувањето на птиците. Особено е штетна бучавата од глисери и скутери.

### 7.3.4. Внесување алохтони видови

Наместо автохтоните растителни асоцијации се јавуваат нови, заради кои е можно да се јави промена на видот на рибите што се мрестат таму, па наместо салмониди да преовладаат ципринидни видови (Спирковски и Илиќ-Боева, 2004).

Рибите според составот на видовите се значајно изменети (e.g., Talevski et al., 2010), меѓутоа, последиците врз интегритетот на екосистемот не се доволно истражени.

Пред неколку декади во Охридското Езеро се интродуцирани егзотични видови како калифорниска пастрмка и *silver carp* (Серафимова, 1985); најмалку седум вакви видови се среќаваат во езерото (Talevski et al., 2010). Златната пастрмка (*Oncorhynchus mykiss aguabonita*) исто така е пронајдена во улов близу Свети Наум (З. Спирковски, 2010).

Пловните објекти кои се носат од други води се препознаени како носители на ризик од внес на алохтони видови. Алохтони видови треба исто така да се разгледуваат од аспект на уништување на живеалиштата, загадување, еутрфикација и климатски промени бидејќи сите овие фактори имаат моќ да придонесат кон трансформација на алохтоните во инвазивни видови.

Потребно е да се истражува феноменот на неавтохтони видови во наредниот период (e.g., Wilke et al., 2010).

### 7.3.5. Загуба и уништување на живеалишта

Како една од најзначајните закани за исклучителната универзална вредност е крајбрежната трнсформација.

Преку следење промени на сателитски снимки е анализирана крајбрежната трансформација за периодот 2012 - 2018 год. што се однесува на изведување градби на крајбрежјето и поставување платформи во езерото, како и промени (намалување) на ареалот на трската (слика 36).

Евидентираните промени во појасот на трската во текот на 2011 година се должат на сраснувањето на поранешните помали комплекси во поголеми и нивно проширување дури и на копно, а и на тоа што комплексите трска кои порано биле со ретка трска сега се со поголема густина. Затоа вкупниот број комплекси трска во 2011 година (80) е помал во однос на тој евидентиран пред 25 години (105), додека вкупната површина на појасот на трската е зголемена. Имено, според мерењата од 2011 година вкупната површина на појасот на трската од Охридското Езеро изнесува 77,15 ha, што е за 2,8 ha поголема од онаа измерена пред 25 години (и покрај неконтролираното уништување на трската со сечење, палење, корнење, натрупување со земјиште и градежен шут).

Земајќи ја предвид сегашната состојба во 2019 година на појасот на трска и извршениот увид од страна на Хидробиолошки завод - Охрид се забележува дека во поедини подрачја трската е неконтролирано уништувана од страна на човекот со сечење, палење, корнење, натрупување со земјиште и градежен шут со цел добивање на т.н. „корисни површини“ за различни цели (обработливи површини, места за депонирање на земја и градежен шут, плажи, хотелски комплекси и друг вид сместувачки капацитети, паркиралишта и др.).

*Слика 36. Бетонски ѕид на појасот Струга - Калиште и монтажна куќарка во Радожда.*



*Слика 37. Депонирање на градежен шут во појас на трска кај Струга.*

*Слика 38. Обработливи површини во појасот на трска пред Радожда.*

„Жешките точки“ на биолошка разновидност кои се под закана се:

- *Подмоље, Општина Охрид* - закана: сечење и палење на трската, потенцијална урбанизација, туризам, потенцијално загадување;
- *Студенчишко Блато, Општина Охрид* - закана: невалоризирано, фрагментирање, натрупување отпад и шут;
- *Светинаумски Извори, Општина Охрид* - закана: масовен туризам, узурпирање на просторот со изградба на угостителски објекти, можно загадување од прихрана на риби во импровизирани рибници, отпадни води, возење со чамци;

Се уништуваат блатните живеалишта во Струшкото Поле и Студенчишта. Струшкото блато е целосно претворено во земјоделско земјиште додека во Студенчишкото Блато е евидентно намалување на дистрибуцијата на одделни реликтни блатни асоцијации (Министерство за животна средина и просторно планирање, 2003).

Постепената загуба на фотичната зона е друг пример на загуба на живеалишта. Тоа потенцијално сериозно влијае врз фитопланктонските заедници кои се важен дел од синџирот на исхрана.

Отпадот што се собира од правните лица и домаќинствата во Охрид од страна на ЈП Охридски комуналец се отстранува на нестандардната општинска депонија „Буково“. Таа функционира уште од 1972 година; површината изнесува 60,000 $m^2$ и таа е оддалечена околу 25 km од центарот на Охрид. Со Националниот план за управување со отпад (2009 - 2015) оваа депонија е оценета како високо ризична за животната средина и заради тоа треба да биде затворена најдоцна до 2020 година. Коселска Река може да транспортира загадување во Охридското Езеро, што потенцијално би се пренело од депонијата „Буково“ која не ги задоволува стандардите.

### 7.3.6. Неодржливо рибарство

Неодржливиот риболов на езерото го намалува рибниот фонд, при што се загрозени многу вредни видови, како што е ендемската охридската пастрмка (*Salmo letnica*). Прекумерното ловење на охридската пастрмка (*Salmo letnica*) и на белвицата (*Salmo ohridana*) е причина за намалување на бројноста на нивните популации. Порибувањето, исто така, е несоодветно (Szymanczak et al., 2009).

Златната пастрмка (*Oncorhynchus mykiss aguabonita*) се чини станува закана за охридската пастрмка, бидејќи е пронајдена во рибарските мрежи во езерото и кај изворите на Свети Наум (З. Спирковски, усна комуникација, 2010).

Последиците од рибарството во Охридското Езеро ќе се истражат за да се утврди во колкава мера самото рибарство, во содејство со другите закани (вклучително и на внесувањето на алохтони видови), влијае на популациите на автохтоните риби.

### 7.3.7. Климатски промени

Климатските промени претставуваат закана што не е доволно итражена. Сепак постојат докази за причинско-последичната врска меѓу исчезнување на видовите и климатските промени (e.g., Thomas, C. D. et al., 2004; Секретаријат на Конвенцијата за биолошка разновидност, 2009). Од претходни истражувања утвдено е дека езерото и неговиот жив свет се сензитивни на климатските промени такашто некои промени во еколошките услови се условени делумно и од глобалното затоплување (Mankolli and Peculi, 2010).

EAWAG (Швајцаркиот институт за акватична наука) ја истражувал сензитивноста на Охридското Езеро во однос на климатските промени (Matzinger et al., 2007). Со овие истражувања се покажало дека глобалното затоплување го мултиплицира негативното влијание од внесување на нутриенти во езерото, односно придонесува кон еутрофикација (Matzinger et al., 2007).

Климатските промени ќе се разгледаат и од перспектива на високите планински зони на Галичица.

Имајќи го предвид претходното, неопходно е натамошно истражување на состојбите со биолошката разновидност на ниво на живеалиште и видови, како и анализи на ефектите од антропогените влијанија и климатските промени врз атрибутите на природната универзална вредност на езерото.

## 7.4. Урбанизација и бесправно изградени објекти како закана за природното и културното наследство

Урбанизацијата на Охридскиот Регион започната во средината на XX век, особено е интензивна во новите делови од градовите и туристичките комплекси во крајбрежниот дел на езерото; историските јадра со модификации на структурите со поголеми или помали измени се останати во границите на своите урбано-историски рамки и со делумно нарушување на постојниот културен пејзаж.

Прекумерната и неконтролирана урбанизација негативно влијае на зачувувањето на: структурата на старите градски јадра на Охрид и Струга вклучително и на старата градска архитектура, структурата на населбите од крајбрежјето, но и на останатите простори каде се наоѓаат културни добра, како и на визурите и пејзажот на заштитеното подрачје и на вредноста на археолошките локалитети.

Во различни временски периоди од 2000 година наваму, интензитетот на пренамена на продуктивно во градежно земјиште варира, што зависи од можностите за просторен развој, кои, пак, се во корелација со менувањето на одредбите на Законот за просторно и урбанистичко планирање и соодветните подзаконски акти.

Промената на користење на земјиштето во Охридскиот Регион по периоди во согласност со CORINE Land Cover (CLC) е прикажана на сликата 40.

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*




*Слика 39. Промена на користење на земјиште (Извор: www.land.copernicus.eu/pan-european/corine-land-cover).*

Зголемувањето на урбаните опфати по пат на пренамена на продуктивно во градежно земјиште е утврдено за временските серии (2000 - 2006 год.; 2006-2012 год.; 2012-2018 год.). Имено, во периодот од 2000 - 2006 год. се забележува дека голем процент од земјиштето во Општина Струга е пренаменето во дисконтинуирано урбано земјиште (во согласност со класификацијата CLC е обележано со црвена боја), како и во ненаводнувано земјоделско земјиште (обележано со жолта боја).

Освен пренамената на земјиште за целите на урбанизацијата, карактеристична е зголемената густина на населеност, односно процентот на изграденост. Се менува катноста и традиционалните обележја на архитектурата во градските средини.

Анализирана е крајбрежната трансформација за периодот 2012 - 2018 преку следење на промени на сателитски снимки што се однесуваат на изведување на градби на крајбрежјето и поставување на платформи во езерото, како и промени (намалување) на ареалот на трската (слика 40).




*Слика 40. Крајбрежна трансформација (новоизградени содржини и уништување на трска) во периодот 2012 - 2018 година.*

Поголемите проблеми со зголемувањето на урбанизација во крајбрежниот простор се јавуваат со престанување на важноста на **Генералниот урбанистички план за Крајбрежниот простор на Општина Охрид**, кој беше укинат во 2005 год. со Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 51/05), каде што за првпат е дефинирано дека **генерални урбанистички планови се носат само „за Град Скопје и градови кои се седишта на општини"**. Во преодните и завршните одредби на овој закон стои дека генералните урбанистички планови за стопански и други комплекси донесени пред денот на стапување во сила на овој закон се применуваат како урбанистички планови вон населено место (и тие ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од една година од денот на неговото влегување во сила).

Подоцна, со донесување на Законот за просторно и урбанистичко планирање од 2009 год., („Сл. весник на РМ“ бр. 91/09) дојде до уште поголемо зголемување на урбанизацијата овозможено со видовите урбанистички документации како: *државна* и *локална урбанистичка планска документација*, како и со *урбанистичко-планска документација за туристичко развојна зона*, *урбанистичко-планска документација за автокамп* итн. Со овој вид плански документации и особено со *урбанистичко-планската документација за градби од посебен интерес*, која беше воведена со измените и дополнувањата на законското решение од 2014 год., (Закон за просторно и урбанистичко планирање „Сл. весник на РМ” бр. 199/14), **се врши фрагментација на планирањето**, бидејќи планови можеа да се изработуаат и да се донесуваат без претходно да се дефинира рамка на просторниот развој на повисоко ниво. Членот 50 (Урбанистичко-планска документација за градби од посебен интерес) подоцна беше укинат од Уставниот суд, на седница одржана на 5 јули 2017 год., но урбанистичките документации од типот: локална урбанистичко-планска документација, државна урбанистичко-планска документација, урбанистичко-планска документација за туристичка развојна зона и урбанистичко-планска документација за автокамп сè уште се во сила со постојниот Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ” бр. 199/14, 44/15, 193/15,31/16, 163/16 и 64/18).

Особено голем проблем создаде и Законот за постапување со бесправно изградени објекти од 2011 година („Сл. весник на РМ“ бр. 23/11), кој без исклучок се однесува за целата територија на државата и со кој не само што беше овозможена легализација на бесправно изградените објекти туку и единиците на локалната самоуправа беа задолжени за нивно вклопување во соодветните плански документации, а со измените и дополнувањата на овој закон („Сл. весник на РМ“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), роковите за легализирање постојано беа продолжувани, така што со последната измена од 2017 год., поднесувањето барање за утврдување на правен статус на бесправен објект е дефинирано до 31.12.2018 година.

Во собраниска процедура е нов Закон за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти. Со овој закон ќе се овозможи доделување правен статус на објекти за кои сопствениците (јавни институции, приватни правни и физички лица) не успеале да ја комплетираат потребната документација или за кои надлежните органи не успеале да ги затворат предметите во предвидениот рок. Во Законот се регулира дека правен статус ќе може да добијат само бесправно изградените објекти во границите на природното и ултурното наследство во Охридскиот Регион, за кои, со спроведување на Оцената на влијание врз животната средина и Оцена на влијанието врз културното наследство, ќе се утврди дека нема да имаат негативно влијание врз исклучителната универзална вредност.

Министерството за транспорт и врски, во согласност со Законот за постапување со бесправни изградени објекти, е надлежно да додели правен статус на објекти од национално значење. Во Министерството за транспорт и врски има пристигнато вкупно 811 барања за легализација на објекти од национално значење на територијата за општините Охрид (791) и Струга (20). За Општина Охрид од доставените 791 барања 358 се одобрени, 168 се одбиени, а 265 барања се во постапка. За доставените 20 барања во Општина Струга, 9 се одобрени, 5 се одбиени, а 6 барања се во постапка.

Министерството за транспорт и врски ги задолжи Општина Охрид и Општина Струга (кои се надлежни за доделување правен статус за бесправно изградени објекти од локално значење), како и Националниот парк „Галичица“, да изработат инвентари на бесправно изградени објекти. Општина Охрид и Националниот парк „Галичица“ доставија Инвентар на бесправно изградени објекти, додека Општина Струга достави само Регистар на барања за легализација на бесправно изградени објекти.

Во Општина Охрид до октомври 2019 година се евидентирани 15700 барања за добивање правен статус на 19624 објекти во согласност со Законот за постапување со бесправно изградени објекти. Од нив 11059 барања биле за објекти со намена А1 - семејни куќи, 420 со намена А2 - станбени згради, 28 за намена А4 - 1 хотели, 3759 барања за помошни објекти и 279 барања за земјоделски објекти. Од нив одобрени се барањата за 5645 објекти, а одбиени се барањата за 2432 објекти. 2414 барања биле доставени без потребната документација или истите биле повлечени. Евидентирани се 102 барања кои се препратени или треба да се препратат во надлежност на Министерството за транспорт и врски. Во постапка се барања за добивање на правен статус за 11536 објекти. Од предметите за кои тече постапката за легализација 414 објекти се евидентирани во крајбрежниот појас од 50 m на Охридското Езеро, а 2321 објект во границите на Националниот парк ,,Галичица". Националниот парк „Галичица" за 29 бесправно изградени објекти има поднесено пријави.

Општина Струга достави до Министерството за транспорт и врски Регистар на барања за стекнување на правен статус за 3330 објекти. Од Регистарот не може да се определи за колку од овие барања Општината дала одобрение, колку биле одбиени и колку се во постапка. Исто така, не може да се утврди колку бесправно изградени објекти се лоцирани во крајбрежниот појас. Доколку Општина Струга не постапи по задолжувањето од Министерството за транспорт и врски и не достави детален Инвентар на бесправно изградени објекти, ќе се применуваат други правни инструменти што ги овозможуваат позитивните законски прописи.

## 7.5. Фактори кои го загрозуваат културното наследство и урбанистичко архитектонските вредности

Културното наследство преставува значајна компонента во севкупните вредности на Охридскиот Регион. Препознатливите архитектонски градби кои ја сочинуваат урбаната матрица на градските центри, слоевитоста на историските периоди видлива на бројните археолошки локалитети ја потврдуваат улогата на недвижното културно наследство како атрибут на исклучителната универзална вредност на Охридскиот Регион и потребата од негова соодветна заштита. Но и покрај тоа што на голем број градби се извршени неопходните конзерваторско-реставраторски интервенции, сè уште се соочуваме со голем број фактори кои го загрозуваат културното наследство.

Согледувајќи ја општата состојба на зачуваност, се констатира дека не може да стане збор за зачуваност на старата урбана архитектура. Дел од профаните објекти се целосно руинирани, без архитектонски и материјални вредности или се новоградби од кои, пак, најголемиот дел се без карактеристичните архитектонски фасадни елементи, со доградби и надградби, но и со новоизградени објекти. Извршено е драстично зголемување на висините со катови и некарактеристични поткровја, со што се загрозува рамнотежата на просторната структура по висина, се затвораат визурите, се нарушува инсолацијата на околните објекти. Ова придонесува до создавање на една сосема поинаква густина на населеност и процент на изграденост на регионот. Дел од овие објекти се ненаселени, односно се користат како викенд-куќи.

Поединечно заштитените добра или добра со архитектонски или амбиентални вредности во урбаните јадра, а кои се во приватна сопственост се во многу лошата состојба и се препуштени на можностите и желбите на имателите. Најчесто имателите заради лоша финансиска состојба не се во можност нив да ги конзервираат или санираат, што доведува до нивно неповратно губење. Од друга страна, имателите кои се економски стабилни преземаат интервенции надвор од дозволените мерки за заштита, што резултира со нивно неповратно губење.

Археолошките локалитети кои се во рамките на заштитената целина се делумно превентивно заштитени и презентирани. Исклучок претставува Плаошник, каде што поголемиот дел е конзервиран и презентиран за поширока публика, иако сè уште во континуитет активностите продолжуваат секоја година.

За деградација на просторот придонесува и развиениот моторен сообраќај и како движење и како потреба од паркирање на секое слободно место покрај објектите.

Уличната мрежа е релативно зачувана, но факт е дека некогашните пешачки или колски улички се преоптоварени со моторен сообраќај.

Согледувањата за состојбата со културното наследство во Охрид е темелена на анализата направена од Заводот за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид, издвојувајќи ги критичните места за загрозеноста на културното наследство со важечката планска регулатива.[32]

Сето ова придонесува градовите да постепено да ја губат својата автентичност особено со:

- драстично зголемување на висините со катови и некарактеристични поткровја;
- внесување нови локации на слободни зелени површини без анализи на просторот на старите јадра со нерешена инфраструктурна мрежа и без претходно извршени анализи за стамбен, односно урбанистички максимум;
- легализирање на дивоизградени објекти, доградби и надградби на узурпирани простори, без решена нова инфраструктура на градовите, без соодветен сообраќаен концепт;
- менување на ликот на старите градски чаршии со промена на фасадите и излозите на дуќаните, како и зголемување на нивните висини, со несоодветното поплочување;
- изградба на колективни станбени згради со несоодветна архитектура, висина и поставеност спрема струењето на воздухот од езерото на местата од старите индивидуални куќи.

Покрај овие промени кои придонесуваат градските јадра да ја зачуваат само својата форма, но со нарушена автентична зачуваност, постојат и други фактори кои влијаат на вредностите на доброто:

- непотполна стручна валоризација на просторот и непостоење студии за заштита на градителското наследство за сите населени места;[33]
- недоволно почитување на историскиот развој на регионот, односно карактеристиките на историските епохи кои влијаеле на изгледот и условиле многубројни трансформации на просторот што негативно влијаат на можноста за препознавање на вредностите и потенцијалите;
- недоволно развиената јавна свест за вредностите и потенцијалите на просторот во целина, како и недоволното ниво на свеста за архитектонските и уметничките вредности на градителското и другото културно наследство;
- градењето голем број објекти покрај крајбрежниот појас на Охридското Езеро, што доведува до континуирана промена на постојната структура на населбите од крајбрежјето, на самиот пејзаж и на крајбрежјето;
- неприспособеноста на концептите за развој на поединечни стопански гранки со просторните потенцијали на Охридскиот Регион и со ограничувањата што ги

[32] Извештај од увидот во состојбата на споменичкото подрачје *Старо градско јадро на Охрид* за критичните места кои се загрозени со важечката планска документација (бр. 13-1449/5 од 23.11.2018).

[33] Завршена е валоризацијата и ревалоризацијата на поголемиот број профани објекти, религиски објекти на територијата од општините Охрид, Струга и Дебрца.

поставуваат критериумите за заштита (сообраќајната и друга инфраструктура, големи туристички комплекси, производствени погони, разни постројки и објекти, станици, магацини, складишта);

- неприспособеноста на стандардните инструменти за планирање на унапредувањето на состојбата на градителското наследство со пропишаните критериуми за заштита;
- недоволна обученост и недоволен број стручни кадри за вршење на работите околу планирањето, проектирањето и изведувањето на градежни и други работи во Охридскиот Регион;
- непостоење придобивки или некакви олеснувања и помош за сопствениците/корисниците за санација, реставрација и конзервација на нивните објекти;
- недоволна мотивација за обнова и негување на традиционалните, занаетчиски техники;
- недоволен број стручен кадар за извршување на работите за проучување, конзервација, реставрација и заштита на културното наследство;
- непостоењето постојани и сигурни извори на средства и континуиран начин за финансирање на заштитата и унапредувањето на состојбата на археолошкото, градителското и друг вид културно наследство;
- непрецизност и недореченост во законската регулатива во поглед на стручната компетентност за планирање, проектирање и реализација на градежни и други зафати во рамките на заштитените подрачја;
- недоволно вложување во образовниот систем преку кој би се образувале и обучувале занаетчии од соодветните занаети, потребни за заштита на специфични видови културно наследство;
- непостоење *стратегија за управување со културното наследство* во насока на одржлив туризам (интегрирање на археолошкото и севкупното културно наследство во туристичките понуди);
- непостоење научна установа специјализирана за посебните научни аспекти на културното наследство;
- несоодветно планирање на заштитно-конзерваторските проекти.

Конечно, треба да се спомене фактот дека службите што ги изработуваат и издаваат заштитно-конзерваторски основи и другите акти (заштитно-конзерваторски услови и конзерваторски одобренија) ќе го подобрат квалитетот на овие акти и ќе постапуваат во согласност со стандардите за непосредна заштита утврдени со меѓународните акти (декларации, конвенции, препораки, резолуции итн.) за да не се влијае на натамошно осиромашување на архитектонските и урбанистичките вредности на доброто, но и на сите содржини што го претставуваат културното наследство.

Засилената урбанизација и изградба на инфраструктурни објекти може да преставува закана и за губење на археолошкото наследство:

- недоволен конзерваторски третман на откриените археолошките локалитети;
- недоволна превенција од нелегалните ископувања и присвојување на артефакти.

### 7.5.1. Новоизградени објекти во старите градски јадра

Во Охридскиот Регион современата урбанизација ги зафаќа слободните простори покрај брегот на езерото, како и пополнување на слободните зелени површини во старите градски јадра на Охрид и Струга со нови градби. Со интензивната урбанизација се уриваат постојните градби и на нивно место се градат нови со зголемен габарит и фасаден изглед кој не ги одразува традиционалните карактеристики на урбаното јадро. Претежно се градат индивидуални семејни куќи, кои честопати се со несоодветни габарити и висини, како и

несоодветна архитектонска форма. Со овие градби се менува препознатливата силуета на градовите и се загрозуваат одликите на урбанистичките матрици. Тоа доведува и до нарушување на изворната просторна организација во рамките на традиционалните целини.

Ранливоста на културното наследство е зголемена со трајното губење на оригиналните карактеристики на поединечните елементи, особено со:

1) замена на т.н. стара турска ќерамида со други покривни материјали;
2) промена на изгледот на прозорците и вратите, при што дрвената дограма се заменува со пластична или алуминиумска, а со тоа драстично се видоизменува архитектурата на објектите; употреба нови градежни материјали при изведба на традиционалното ѕидано камено приземје на објектите, со што се губи автентичниот традиционален изглед на ѕидовите и се нарушува оригиналниот амбиент;
3) употреба на разни нијанси при фасадната обработка на објектите (наместо карактеристичната бела боја) од страна на приватните сопственици, како и користење на најразлични материјали несоодветни за постојната архитектура без употреба на дрвени хоризонтални и вертикални опшивни елементи;
4) непочитување на карактеристичната архитектонска форма со разиграни ѕидни површини, каде што градбите најчесто завршуваат или со испакната дрвена стреа или со профилирана стреа, која ја збогатува архитектурата на објектот и над која непосредно започнува покривната конструкција и самиот покривкровниот покривач, изградба на мансардни покриви и баџи несвојствени за традиционалната архитектура;
5) промена на поплочувањето на плоштадите и улиците со нови современи градежни материјали кои не се вклопуваат во оригиналниот амбиент;
6) рекламните паноа и други елементи од урбана опрема (вклучително и контејнерите за отпад поставени во старите градска јадра) ги нарушуваат визурите кон објектите и амбиенталните и естетски вредности на добрата.

Фактори на ризик кои придонесуваат кон намалувањето, односно губењето на вредностите на културното наследство се и:

1. демографскиот раст и миграцијата на населението од руралните области кон урбаните центри, што доведува до социјални промени и нарушување на историските центри каде што градбите добиваат комерцијална функција, а животните простори се често пренаселени;
2. зголемен моторен сообраќај и негово навлегување во делови во кои никогаш не била планирана употреба на возила кои произведуваат атмосферско загадување и деструктивни вибрации;
3. изградба на високи згради кои ги „задушуваат“ историските урбани центри, менувајќи ја и нивната микроклима и визурите од и кон старите градски јадра;
4. промена на видот и обемот на комерцијалните активности кои влијаат на економските функции на историското подрачје;
5. неодржување на старите градби и неразбирање на нивните културни и функционални вредности, како и потенцијалот за искористување на автентичното градителско наследство во одржлив туризам, што ја зголемува опасноста од пропаѓање и уривање, изведување конзерваторско-реставраторски работи од страна на правни субјекти кои не поседуваат конзерваторска лиценца;
6. недоволно санкционирање за негрижата за културното наследство, како за имателите така и за надлежните служби.

7. многубројни трансформации на просторот што негативно влијаат на можноста за препознавање на вредностите и потенцијалите;
8. недоволно развиената општа свест за вредностите и потенцијалите на просторот во целина, како и недоволното ниво на свеста за архитектонските и уметничките вредности на градителското и другото културно наследство, не само кај локалното населението туку и кај надлежните стручни служби;
9. градењето голем број објекти на крајбрежниот појас на Охридското Езеро, што доведува до континуирана промена на постојната структура на населбите, како и на самиот пејзаж на крајбрежјето;
10. неприспособеноста на концептите за развој на поединечни стопански гранки со просторните потенцијали на Охридскиот Регион и со ограничувањата што ги поставуваат критериумите за заштита (сообраќајната и друга инфраструктура, големи туристички комплекси, производствени погони, разни постројки и објекти, станици, магацини, складишта);
11. неприспособеноста на стандардните инструменти за планирање на унапредувањето на состојбата на градителското наследство со пропишаните критериуми за заштита;
12. недоволна обученост и недоволен број стручни кадри за вршење на работите околу планирањето, проектирањето и изведувањето на градежни и други работи во Охридскиот Регион од аспект на познавање и интегрирање на механизми за заштита на наследството, како и недоволен број стручен кадар за изведување на работите во традиционалните, занаетчиски техники.



## 7.6. Други ризици врз зачувувањето на исклучителната универзална вредност на природното и културното наследство во Охридскиот Регион

### 7.6.1. Инфраструктурни објекти

Во границите на Светското природното и културното наследство на Охридскиот Регион се планира изведба на линиска инфраструктура, и тоа:

- железничка пруга Кичево - Лин (граница со Р Албанија);
- автопатот А2, делница Требениште - Струга;
- интерконективен 400 kV надземен далекувод ТС „Битола 2“ - македонско-албанска граница и ТС 400/110 kV Охрид;
- Национален гасификационен систем, делница Охрид - Струга.

Неоспорна е потребата од реализација на ваков вид инфраструктура, но трасите, применетите технологии на изведба и одржување може негативно да влијаат на исклучителната универзална вредност на доброто (слика 41).




*Слика 41. Влијанија/ризици од планирани инфраструктурни проекти.*

Трасата на **железничката пруга Кичево - Лин** (граница со Р Албанија) е избрана во фазата на претфизибилити студија врз основа на технички, сообраќајни, експлотациони и економски критериуми, без притоа да бидат анализирани еколошките и социјалните критериуми. Биле разгледувани две алтернативи[34] (слика 42):

- **1 SA 1** - со која врската со Р Албанија се остварува преку подолг тунел (при што влијанијата врз биолошката разновидност и пределот се сведени на минимум) и на поголема оддалеченост од езерскиот брег (такашто влијанијата врз квалитетот на водите на езерото се сведени на минимум) и
- **1 SA 2** - втората, со која трасата на пругата се приближува кон езерскиот брег, истовремено вовлекувајќи се во падините на подножјето на планината Јабланица (која е потенцијално подрачје за Натура 2000).




*Слика 42. Анализирани траси на железничката пруга Кичево - Лин.*

Во текот на спроведувањето на Оцената на влијанија врз животната средина, трасата што се води во тунел воопшто не е разледувана; од двете варијантни решенија (нулта алтернатива *да не се гради* и алтернативна траса **1 SA 2**, која *се спушта во подножјето на Јабланица и се приближува до езерото*) не се дава можност за објективен избор, односно еколошките критериуми не се изедначени по важност со техничките и финансиските. Трасата што е избрана, во содејство со патот Струга - Ќафасан, можат да извршат нарушувања на

[34] http://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/10/Studija%20za%20OVZS%20od%20izgradba%20na%20zel.pruga%20Kicevo-Lin.pdf

пределот и трајно да ја нарушат исклучителната универзална вредност на околината. Затоа, пред финално да се одлучи за изборот на трасата на пругата што ќе се финансира со средства од европските фондови (ИПА), неопходно е да се земе предвид алтернатива што преку тунел ја преминува границата со Албанија. Разгледувањето на најмалку уште една алтернатива (што ќе го опфати и предлогот на ИКОМОС даден во текот на Реактивната мисија во април 2017 година) останува како обврска што треба да се реализира пред доставувањето на извештајот до Комитетот за светско наследство во февруари 2020 година.

**За автопатот А2 во делот на делница Требениште - Струга** е спроведена Оцена на влијанијата врз животната средина (ОВЖС), а по барање на Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) изработени се и:

- Процена на биолошката разновидност (Biodiversity Assessment);
- План за процена на влијанието врз културното наследство (Heritage Impact Assessment Report).

Во текот на процесот на избор на локација на трасата на автопатот А2, (европски коридор VIII, делница Требениште - Струга), во студијата за ОВЖС се разгледани 3 варијантни решенија (нулта алтернатива - да не се гради, лева и десна алтернативна траса). При избор на финалната траса земени се предвид техничките, економските и еколошките критериуми. Од аспект на зачувувањето на доброто, финалната (десната) траса претставува поповолна отколку разгледуваната лева варијанта која е неповолна поради непосредната близината на Охридското Езеро и реката Сатеска, што може да влијае на загадување на водите во регионот кои се најчуствителен екосистем. Дополнително, предвидени се доволен број премини за животни во трупот на патот. На тој начин во целост е применета препораката на УНЕСКО (слика 43).




*Слика 43. Разгледувани алтернативни траси на делница Требениште - Струга (извор: ОВЖС за проектот).*

Студија ОВЖС и социјалните аспекти: интерконективен 400 kV надземен далекувод ТС Битола 2 - македонско-албанска граница и ТС 400/110 kV Охрид.

За време на изборот земени се предвид два главни стратешки алтернативни коридори на далекуводот:

- алтернативниот коридор 1 на далекуводот поминува низ секција долга 11 km преку централните области на НП „Галичица“, исто така, идентификуван како *Emerald* подрачје (идно НАТУРА 2000). Предложениот проект за далекувод не е во согласност со статусот на заштитениот регион - НП „Галичица“;
- алтернативниот коридор 2 на далекуводот поминува низ периферниот северен дел на регионот прогласен за светско природно и културно наследство од страна на УНЕСКО - Охридскиот Регион, далеку од областа со главните природни вредности и Охридско Езеро. Засегнатата област, главно, се состои од обработливо земјиште, пасишта и повремени шуми и приградски населби кои гравитираат кон градовите Охрид и Струга и се избегнува какво било влијание врз природните вредности или нивниот статус на заштита. Алтернативниот коридор 2 на далекуводот ги избегнува сите категории на заштитени подрачја во Охридскиот Регион, вклучувајќи ги и НП „Пелистер“ и НП „Галичица“.

Во областа на поврзување со Албанија анализирани се две варијанти (поткоридори) на алтернативниот коридор 2 на далекуводот:

- поткоридор 2А - коридор на далекувод со премин кон Албанија на локалитетот Ќафасан во близина на постоечкиот граничен премин. Тој поминува низ периферната југоисточна област на предложениот НП „Јабланица“, во приближно 2 km долга секција. Оваа област е урбанизирана и вклучува бројни човечки предизвикани интервенции: населби, патишта, станбени и комерцијални објекти итн. Затоа, најверојатно нема да има значителни влијанија врз предложениот Национален парк;
- поткоридор 2Б - коридор на далекувод со премин кон Албанија преку планината Јабланица. Овој поторидор поминува низ централната област на предложениот НП „Јабланица“ во приближно 5 km долга секција. Најверојатно ќе има значителни влијанија врз еколошките и пределските вредности на предложениот Национален парк. Оваа опција поминува на надморска височина поголема од 1500 m, правејќи го пристапот и изградбата, како и оперативната контрола и одржување многу тешки.

Варијантата 2Б на коридорот на далекуводот (точка на поврзување со Албанија кај локалитетот Ќафасан, што ги избегнува централните области на планината Јабланица) се смета за најповолна алтернатива на предложениот далекувод.

Трасата на гасоводот Кичево - Струга - Ќафасан и Прилеп - Битола - Охрид сè уште не е одредена. При нејзиното дефинирање ќе се земат предвид кумулативните влијанија со останатата инфраструктура и други антропогени структури.

Сите потенцијални закани за подрачјето се прикажани картографски на слика 44.

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*




*Слика 44. Потенцијални ризици за исклучителните универзални вредности*

# 8. Визија и цели на заштитата

## 8.1. Визија

Значењето на природните и културните вредности на доброто е длабоко вградено во традицијата и свеста на локалните заедници, но и на граѓаните од целата држава.

Заради урбанистичко-архитектонските и природните вредности на Охридскиот Регион, просторниот развој ќе биде раководен од принципите на интегрирана заштита, односно почитување на традиционалните урбанистички модели за зачувување на природното и културното наследство, културниот пејзаж на Охридскиот Регион и неговата целовитост и интегритет, како и воспоставување на рамнотежа меѓу потребите на современиот живот и зачувувањето на исклучителната и универзална вредност.

Имајќи ги предвид процесите на интензивна урбанизација, експанзијата на градби за потребите на масовниот туризам, изградбата на објекти без правен статус, крајбрежната трансформација и фрагментацијата и загубата на живеалиштата, спуштањето на нивото на езерото во текот на продолжени лоши хидролошки услови, неодржливото земјоделство, изведбата на инфраструктурни проекти, испуштањето на отпадните води, непрописното отстранување на отпадот, неодржливото рибарство и внесувањето алохтони видови што влијаат или може да влијаат врз природното и културното наследство, ќе се воспостават соодветни заштитни зони на територијата на заштитеното добро. Заштитните зони и соодветните режими на заштита, ќе обезбедат заштита на пределот, на биолошката разновидност и урбанистичко-архитектонските вредности на старите градски јадра, и на среден и долг рок ќе овозможат враќање на функционалноста на крајбрежјето на езерото и ревитализација на културното наследство.

Заради единствените природни вредности на Охридскиот Регион, со големо внимание ќе се планира и ќе се реализира заштитата и зачувувањето на неговиот геодиверзитет и биодиверзитет. Преку преземање мерки за заштита на видовите и живеалиштата кои се вклучени на националните и меѓународните листи за заштита, ќе се обезбеди стабилност на екосистемите. Ќе се реставрираат и рекултивираат значајните екосистеми и ќе се создадат услови за заштита на ендемските видови.

Охридскиот Регион како светско наследство ќе претставува атрактивна дестинација за сите. Поради тоа, со широк консензус на сите чинители, ќе се води особена грижа за афирмација и негување на културните вредности, нивната интеркултурализмот, бројните традиционални културни манифестации, древна духовност и особеност. Старите занаети ќе се возобноват и повторно ќе заживеат, а препознатливите обележја ќе се афирмираат како брендови на Регионот. Со развивање на екотуризмот и другите форми на алтернативен туризам ќе се афирмира природното и културното наследство што ќе придонесе за одржлив економски развој на регионот.

Охридскиот Регион ќе продолжи да биде активно и живо место кое мудро ќе го користи својот статусот на светско наследство на УНЕСКО за своја широка препознатливост и привлечност како уникатна културна и природна вредност.

Исклучителната универзална вредност на природното и културното наследство на Охридскиот Регион ќе стане појдовна точка за воспоставување мостови на соработка со соседните држави, како и со државите од поширокиот регион.

## 8.2. Цели

Остварувањето на визијата на Планот за управување е единствено можна доколку целите се насочени кон минимизирање на заканите на исклучителната универзална вредност.

Во табелата 5 е даден преглед на идентификуваните закани, целите што се воспоставени заради надминување на секоја закана и потцелите, односно мерките што ќе се преземат за да се постигне целта.

*Табела 5. Преглед на заканите, целите и под-целите/мерките за постигнување на целите.*

| Закана | Цел | Потцели/мерки |
|---|---|---|
| Неефикасно управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион | Зајакнување на управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот Регион | Зајакнување на правната рамка за управување |
| | | Зајакнување на стратегиската рамка за управување |
| | | Зајакнување на институционалната рамка за управување |
| | | Следење на состојбата на природното и културното наследство |
| | | Едукација на сите засегнати страни со цел подобрено управување со наследството |
| | | Подобрување на интегритетот на доброто |
| | | Меѓудржавно управување со прекуграничното природно и културно наследство во Охридскиот Регион |
| Влијанија на квалитетот на водите во сливот на Охридското Езеро | Минимизирање на влијанијата на водите во сливот на Охридското Езеро | Минимизирање на испуштање на непречистени отпадни води |
| | | Спречување и ограничнување на внесот на седименти во езерото |
| | | Контрола на нивото на водата во езерото |
| | | Спречување на загадувањето на езерото со отпадни масла и хемиски супстанци од пловните објекти |
| Неодржливо земјоделство и шумарство | Примена на одржливо земјоделство и шумарство | Одржливо користење на вештачки ѓубрива и пестициди |
| | | Одржливо наводнување |
| | | Зајакната контрола врз пожари предизвикани од човекот |
| | | Зајакната контрола врз нелегална сеча |
| Неодржлив туризам | Равивање на одржлив туризам | Контролирана крајбрежна трансформација за целите на масовен туризам |
| | | Контрола врз уредувањето на постојните плажи |
| | | Ограничување и контрола на водни спортови |
| | | Воспоставување на одржлив транспорт во текот на туристичката сезона |
| | | Воспоставување на оддржлив културен и алтернативен туризам |
| | | Контрола врз концентрирањето и влијанијата од туристичките посети |
| Внесување на алохтони видови | Контрола врз внесувањето на алохтони видови | Контрола врз порибувањето |
| | | Зголемен обем на истражувања за состојбата и последиците од внесувањето на алохтони видови во езерото |
| Загуба и уништување на живелиштата | Реставрација и ревитализација на живеалиштата | Ревитализација на блатните екосистеми |
| | | Ревитализација на макрофитската вегетација |
| | | Ревитализација на „жариштата” на биолошка разновидност |
| | | Ревитализација на живеалиштата кај каптираните извори |

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Закана | Цел | Потцели/мерки |
|---|---|---|
| Неодржливо рибарство | Одржливо рибарство | Одржливи практики на рибарство |
| Нарушување на пределот | Заштита на предлот | Контролирана урбанизација |
| | | Контрола врз реализацијата на инфраструктурни проекти |
| | | Контрола врз пренамената на земјоделското во градежно земјиште |
| Климатски промени | Ублажување и адаптација на климатските промени | Истражување на климатските промени |
| | | Реставрација на блатните екосистеми заради секвестрација на јаглерод |
| | | Зголемување на површините под зеленило во населбите и надвор од населените места |
| Загуба на урбанистичко-архитектонските вредности | Обновување на урбанистичко-аритектонските вредности | Ре/валоризација на културното наследство |
| | | Интегрирање на заштитно-конзерваторските основи во процесот на просторно и урбанистичко планирање |
| | | Спроведување на режимите/мерките за заштита и следење на нивното почитување |
| | | Контрола врз процесот на издавање на градежна дозвола за нови објекти од класата А2 (колективни станбени згради) и А4-1 (хотели) |
| Загуба на археолшкото наследство предизвикано од засилена урбанизација и изградба на инфраструктурни објекти | Зачувување и презентација на селектирани археолошки локалитети | Археолшки истражувања |
| | | Конзерваторски третман на локалитетот и движните наоди |
| | | Изградба на пристапни патеки до археолошките локалитети |
| | | Превенција од нелегални ископувања и присвојување на артефакти |
| Ненавремена и нестручна конзервација на заштитените добра | Подобрување на конзерваторскиот третман на заштитените добра | Подобрени принципи и техники на конзервација |
| Ниска свест за значењето на природното и културното наследство во Охридскиот Регион | Подигање на свеста за значењето на природното и културното наследство во Охридскиот Регион | |

# 9. Зонирање и заштитни мерки во границите на природното и културното наследство во Охридскиот Регион

## 9.1. Потреба од воспоставување на заштитни зони во рамките на природното и културното наследство во Охридскиот Регион

Планот предвидува идниот просторен и економски развој на Охридскиот Регион да се насочи на заштитата на неговата исклучителна универзална вредност. За таа цел се врши зонирање и за секоја зона во согласност со утврдените атрибути/вредности, закани, состојба и ранливост на вредностите, се утврдени мерки за заштита на природното и културното наследство.

### 9.1.1. Заштитни зони на природните вредности

Заштитните зони за природните вредности се утврдени според ***атрибутите на природните вредности*** и според сет ***критериуми*** што, главно, се однесуваат на морфолошко-топографските и хидролошките карактеристики на теренот, користењето на земјиштето во согласност со *Corine Land Cover*, претходно утврдените граници на заштитените подрачја, заканите врз природните вредности и нивната ранливост, како и индексот на функционалност на крајбрежјето (shorezone functionalty index -SFI).

#### 9.1.1.1. Атрибути на природните вредностите и други критериуми за зонирање на доброто

Зонирањето на природното наследство, меѓу другото, се заснова на атрибутите на природните вредности на регионот и други критериуми, како што се:

1. *автентичност,* изразена како степен на зачуваност на изворните, односно природни и културни вредности со кои се потврдува исклучителната универзална вредност на природното и културното наследство на Охридскиот Регион како светско наследство на УНЕСКО;
2. *реткост,* изразена како застапеност на видот на помалку од пет локалитети во Република Северна Македонија, обично со мали површини, во рамките на неговиот поширок ареал;
3. *степен на ендемизам*, изразен како присуство на вид или подвид чие распространување е ограничено на одредено подрачје; стеноендемит подразбира вид или подвид чие распространување е ограничено на многу тесно подрачје (врв на планина, клисура итн.);
4. *диверзитет*, изразен како разновидност помеѓу растенијата, габите и животните со нивните живеалишта, нивниот генетски материјал и екосистемити; разновидност на елементи на геодиверзитетот;
5. *интегралност,* изразена преку степенот на единството на функциите и облиците, вклопеноста на структурите, односно содржините, интеракцијата со средината, поврзаноста на деловите во целината и слично;
6. *состојба на зачуваностна природното живеалиште*, изразена како збир од фактори што дејствуваат на природното живеалиште и на неговите типични видови кои би можеле да влијаат на неговата долгорочна природна распространетост, структурата и неговите функции, како и на долгорочниот опстанок на типичните видови;

7. *реликтност*, изразена како присуство на видови коишто се задржале на одреденото подрачје (најчесто рефугиум) од некоја поранешна геолошка епоха (период) во која биле далеку пораспространети и покарактеристични;
8. *присуство на видови и живеалишта од европско значење* (Емералд видови, Натура 2000 видови од нацрт-национални референтни листи за прилогот I и II од Директивата за живеалишта и прилог I од Директива за птици). Врз основа на присуство на живеалишта и видови од овие прилози во едно подрачје се врши идентификација на потенцијално подрачје за еколошката мрежа Натура 2000;
9. *степен на засегнатост на видовите* (ранлив вид, загрозен и критично загрозен) во согласност со ИУЦН Глобална црвена листа и ИУЦН Европска црвена листа.
10. *загрозеност*, изразена преку негативните влијанија врз исклучителната универзална вредност, и тоа од:




a) инфраструктурни проекти;
b) отпадни води;
c) Цврст отпад;
d) земјоделски активности;
e) урбанизација и бесправни градби;
f) морфолошко-топографските; карактеристики на теренот и надморската височина како показател за распространувањето на климазоналните шумски заедници;[35]
g) намена на користење на земјиштето во согласност со *Corine Land Cover*;[36]
h) хидрологијата и хидрографијата, а особено зоните на рипариските живеалишта застапени покрај бреговите на водните тела.

11. *Индекс на функционалност на крајбрежното подрачје* (SFI) како показател за тоа колку крајбрежното подрачје може да ги врши своите многубројни различни еколошки функции

## 9.2. Крајбрежната функционалност на Охридското Езеро како критериум за најстрога заштита

Крајбрежјето на езерото, доколку тоа е во природна состојба (со висок степен на функционалност), може да ги извршува своите позитивни функции врз биолошката разновидност и квалитетот на водата на езерото, и тоа: филтрирање на седиментација и загадување; заштита од ерозија; остранување на нутриенти; контрола на температурата на водата; формирање и одржување на природни живеалишта; заштита и одржување на висока

[35] Филиповски, Ѓ. - Ризовски, Р. - Ристевски, П. *Карактеристики на климатско-вегетациско-почвените зони (региони) во Република Македонија*. Македонска академија на науките и уметностите. Скопје, 1996.
[36] http://www.moepp.gov.mk/?page_id=2885&lang=en

вредност на пределот, што е формиран од природни и културни атрибути кои имаат историска вредност.

Според оцената на крајбрежната функционалност на езерото со Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион се одредуваат границите и мерките на најстрога заштита во крајбрежјето на Охридското Езеро, што ќе ги насочуваат политиките за просторен и урбан развој на наследството.

Разбирањето и процената на функционалност на крајбрежјето на езерото е во согласност со барањата на европската Рамковната директива за води (WFD) 2000/60/CE, која дава насоки за утврдување на еколошкиот квалитет на водните тела, користејќи информации од спроведен мониторинг и други соодветни параметри. Резултатите од индексот на крајбрежна функционалност (SFI) може да се користат за лесно идентификување на локации каде што е потребно да се насочат активностите за строга заштита, односно потенцијалните места за реставрација на крајбрежниот појас.

Истражувањата направени во рамките на проектот „Зачувување и одржливо користење на биолошката разновидност во Преспанското, Охридското и Скадарското Езеро“[37] во 2017 од страна на Друштвото за меѓународна соработка (GIZ) дадоа податоци за индексот на крајбрежна функционалност на Охридското Езеро. Параметри кои се користени за утврдување на индексот се: трансформација на крајбрежјето, обраснатост со вегетација на земјиштето, прекини на бреговата зона заради изведба на инфраструктура, присуство на патна инфраструктура, наклон на падината на брегот, присуство на појас на трска, присуство на арбореални видови, хетерогеност на арборелна вегетација и присуство на нехигрофилни видови.

Резултатите за статусот се прикажани на слика 45, додека на слика 46 и 47 е прикажана намената на земјиштето и туристичката инфраструктура долж крајбрежниот појас.

[37] https://www.giz.de/en/worldwide/20318.html




*слика 45. Индекс на функционалност на крајбрежјето на Охридското Езеро*

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*




*Слика 46. Инфраструктура поврзана со туризмот (Опсег: 0 = ниту една до 1 = 100% по целата должина) (0,1 = патека за пешачење; 0.2 = еден хотел; 0,5 = велосипедска патека покрај езерото; 1 = плажа или туристичка инфраструктура).*

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*




*Слика 47. Намена на користење на крајбрежниот појас на езерото (0 до 50 m од крајбрежјето).*

### 9.2.1. Граници на заштитните зони на природното наследство во Охридскиот Регион

Заради подобро управување и одржување на *исклучителната универзална вредност*, односно контрола врз одредени активности што можат да извршат негативни влијанија, воспоставени се три заштитни зони, а секоја од нив содржи соодветни подзони. Овие подзони се воведуваат за да се рефлектираат посебните мерки за заштита што се применливи во овие зони.

***Првата заштитна зона*** се формира во појас од 50 m сметано од границата на катастарска парцела 1/1 (КП Охридско Езеро) и има три подзони (Iа, Iб и Iв).

***Втората заштитна зона*** има две подзони (IIа - се формира на подрачјата зафатени со рипариски живеалишта и IIб) - ги зафаќа природните и полуприродните живеалишта над 866 m н.в.

***Третата заштитна зона*** е формирана на деловите под кота 866 m н.в., односно зафаќа простори што се наменети за непродуктивни намени или, главно се користат за земјоделско производство.

Границите на зоните за заштита воспоставени во заштитените подрачја (пр. Националниот парк „Галичица“, спомениците на природата - Охридското Езеро и Студенчишкото Блато) се преземаат во целост и се применливи мерките/режимите за заштита што се веќе воспоставени во согласност со соодветните планови за управување донесени врз основа на Законот за заштита на природата.




*Слика 48. Заштитни зони во границите на природното наследство на Охридското Езеро.*

#### 9.2.1.1. Мерки на заштита во првата заштитна зона

**Првата заштитна зона** го опфаќа Охридското Езеро и неговиот крајбрежен појас во хоризонтална проекција со ширина од 50 m сметано од граница на КП1/1 Охридско Езеро. Оваа зона на места се проширува во КП 1/1 Охридско Езеро за да се вклучат плажите. Таа ги опфаќа 9-те „жаришта“ на биолошка разновидност во Охридскиот Регион, како атрибути на

светското природно наследство. Во рамките на првата зона се вклучени простори на кои се среќава висока концентрација на популации на видовите кои се наоѓаат на IUCN - црвената листа видови кои се под закана на глобално и европско ниво, Бернската конвенција, како и матични популации на ендемски и реликтни видови, потоа сублакустриски извори, места за мрестење на крапoвидни риби.

Овој План за управување со природното и културното наследство при зонирањето и утврдувањето на мерките за заштита на природното наследство се ограничува на терестричните екосистеми. Самото Охридско Езеро е вклучено во првата заштитна зона, меѓутоа, не е извршено негово подзонирање. Ова се должи на фактот што сè уште не е изработена Студија за ревалоризација на *Споменикот на природата - Охридско Езеро*, која ќе даде многу одговори во однос на критериумите за зонирање на езерото и границите на зоните и режимите на заштита во согласност со Законот за заштита на природата.

Законот за водите предвидува да се определат заштитни зони за водни тела означени како води за рекреација, вклучувајќи ги и водите за капење; ваква заштитна зона за Охридско Езеро сè уште не е воспоставена.

Границите на Првата заштитна зона ќе се ревидираат откако ќе се изработи Студијата за ревалоризација на *Споменикот на природата - Охридско Езеро* и Студијата за валоризација на *Споменикот на природата - Студенчишко Блато*, односно откако ќе се донесат Законот за препрогласување на Охридско Езеро како споменик на природата и Законот за прогласување на предлог за заштитено подрачје - Студенчишко Блато. Тоа може да значи проширување на појасот со ширина од 50 m, кој со Планот е воспоставен со цел превентивна заштита, односно спречување на заканите врз екосистемот на езерото и неговото крајбрежје.

Дополнително, границите и режимите на Првата заштитна зона ќе се ревидираат откако ќе се воспостави заштитната зона на водите наменети за рекреација, односно капење.

Првата зона содржи три подзони:

- **I-а** зона на изворно природни простори, со SFI индекс 1 и 2 (според рамковната директива за води, станува збор за зона со одличен и добар статус);
- **I-б** зона во која се присутни одредени интервенции и е со SFI индекс 3, 4 и 5 (умерен, слаб, лош статус);
- **I-в** зона на плажи – се дефинираат плажи кои се во опфат на КП 1/1 КО Охридско Езеро, како и плажите чии опфати граничат со КП 1/1 КО Охридско Езеро, а земјиштето е во сопственост на Република Северна Македонија.

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*




*Слика 49. Прва заштитна зона.*

Во првата зона се предвидуваат мерки што опфаќаат дозволени и забранети активности што ќе овозможат живеалиштата во крајбрежниот појас да ја задржат својата изворна состојба и да се реставрираат и ревитализираат, колку што е можно, деградираните и фрагментираните екосистеми.

Дозволени активности се:

- спроведување културни, научни, образовни и рекреативни активности со обем и динамика која нема да изврши негативно влијание врз еколошките процеси, биолошката и пределската разновидност во зоната;
- спроведувања археолошки истражувања со недеструктивни методи;
- спроведување континуиран мониторинг;
- заштита на рибите и традиционалниот риболов.

За секоја од предвидените зони се утврдени соодветни мерки за заштита. Во продолжение се опишани забранетите активности за секоја зона коишто ќе бидат регулирани со соодветен правен акт.[38]

| **Забранети активности во заштитната зона I-а на крајбрежјето:** |
|---|
| • внесување на алохотни (туѓи) растителни и животински видови; |
| • деградирање и уништување на природните живеалишта, особено на местата каде животните и птиците мигрираат, се размножуваат или престојуваат; особено се забранува сечење дрвја, кршење, оштетување, уништување, сечење, откорнување вегетација, а особено на крајбрежна вегетацијата, палење на трска итн.; |
| • забрането преградување на крабрежното земјиште на начин кој придонесува кон сушење и деградирање на водните и блатните живеалишта, затрупување на изворите, мочуриштата и другите водни живеалишта; |
| • забрането намерно вознемирување на дивите животни, особено во текот на размножувањето, растењето или презимувањето или нивно заробување, повредување или отстрел; намерно отстранување на растенијата и габите од нивните живеалишта, намалување на нивната популација или нивно уништување на кој било начин; намерно оштетување или уништување на живеалиштата на дивите видови; |
| • намерно оштетување или уништување на гнезда, легла, како и нивните живеалишта или делови од живеалишта; нивно намерно вознемирување, особено во времето на размножувањето, одгледување на малечките, миграција, презимување, ако таквото вознемирување го загрозува нивниот натамошен опстанок; намерно уништување или земање на јајца од природата и чување на глуви јајца и прикривање, чување, одгледување, продавање, купување и отуѓување или на кој било начин прибавување и препарирање; |
| • преточување на нафта и нафтени деривати за пловните објекти; |
| **Забранети активности во заштитната зона I-а на крајбрежјето:** |
| • отворање позајмишта за црпење песок, чакал и други минерални суровини; |
| • тампонирање крупен или ситен тампон и насипување песок, како и изградба на бетонски и камени ѕидови (валобрани), освен на постоечки локации определени за таа намена; |
| • изградба на објекти од привремен и траен карактер, освен изведување на работите на |

[38] Зоните и соодветните мерки за заштита ќе се уредат со Законот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион и со посебен Правилник кој ќе се донесе во согласност со овој закон. Правилникот ќе се донесе од министерот за животна средина и просторно планирање, министерот за култура, министерот за транспорт и врски, имајќи предвид дека предвидените мерки за заштита во соодветните зони навлегуваат во надлежности на повеќе ресори.

| |
|---|
| реконструкцијата на колекторскиот систем; |
| • поставување урбана опрема што може да го наруши пределот или да извршат негативни влијанија врз природните процеси на езерото; |
| • поставување рибници; |
| • забрането е земјоделско производство; |
| • испуштање непречистени урбани и индустриски отпадни води; |
| • поставување подземни јами и/или дренажи за отпадни води, освен водонепропусни септички јами на локациите на кои не е изведена канализација; |
| • депонирање отпад; |
| • пловидба со пловни објекти и инсталации кои се придвижуваат со мотори со внатрешно согорување во заштитните зони на извори и заштитните зони за рекреација и капалишта; |
| • забрането изведување марини и пристаништа; |
| **Забранети активности во заштитната зона I-б на крајбрежјето:** |
| • внесување алохотни (туѓи) растителни и животински видови; |
| • деградирање и уништување на природните живеалишта, особено на местата каде животните и птиците мигрираат, се размножуваат или престојуваат; особено се забранува сечење на дрвја, кршење, оштетување, уништување, сечење, откорнување вегетација, а особено на крајбрежна вегетација, палење на трска итн.; |
| • забрането преградување на крабрежното земјиште на начин кој придонесува кон сушење и деградирање на водните и блатните живеалишта, затрупување на изворите, мочуриштата и другите водни живеалишта; |
| • забрането намерно вознемирување на дивите животни, особено во текот на размножувањето, растењето или презимувањето, или нивно заробување, повредување или отстрел; намерно отстранување на растенијата и габите од нивните живеалишта, намалување на нивната популација, или нивно уништување на кој било начин; намерно оштетување или уништување на живеалиштата на дивите видови; |
| **Забранети активности во заштитната зона I-б на крајбрежјето:** |
| • намерно оштетување или уништување на гнезда, легла, како и нивните живеалишта или делови од живеалишта; нивно намерно вознемирување, особено во времето на размножувањето, одгледување на малечките, миграција, презимување, ако таквото вознемирување го загрозува нивниот натамошен опстанок; намерно уништување или земање на јајца од природата и чување на глуви јајца и прикривање, чување, одгледување, продавање, купување и отуѓување или на кој било начин прибавување и препарирање; |
| • преточување на нафта и нафтени деривати за пловните објекти, освен на локации определени за таа намена; |
| • отворање позајмишта за црпење на песок, чакал и други минерални суровини; |

| |
|---|
| • тампонирање крупен или ситен тампон и насипување песок, како и изградба на бетонски и камени ѕидови (валобрани), освен на постоечки локации определени за таа намена; |
| • изградба на објекти од траен карактер, освен изведување на работите за реконструкција на колекторскиот систем, издведба на секундарна канализациска мрежа или изведба на станица за пречистување на отпадните води; |
| • поставување урбана опрема што може да го наруши пределот или да извршат негативни влијанија врз природните процеси на езерото; |
| • поставување рибници; |
| • интензивно земјоделско производство со примена на арско, хемиско ѓубриво и пестициди кои ги загадуваат површинските и подземни води; |
| • испуштање непречистени урбани и индустриски отпадни води; |
| • поставување подземни јами и/или дренажи за отпадни води, освен водонепропусни септички јами, на локациите на кои не е изведена канализација; |
| • депонирање отпад; |
| • пловидба со пловни објекти и инсталации кои се придвижуваат со мотори со внатрешно согорување во заштитните зони на извори и заштитните зони за рекреација и капалишта; |
| • изградба нови марини и пристаништа, освен реконструкција и одржување на постоечките во согласност со препораките од Стратегијата за одржлив туризам; |
| • надградба и доградба на постојни или изградба на нови објекти за туристичко сместување, или пренамена на објекти за домување или помошни објекти за сместување на туристи; |
| • забрането формирање нови плажи. |
| **За првата - а и првата - б зона, односно за појасот со ширина од 50 m, сметано од границата на КП 1/1 „Охридско Езеро“, ќе се изработи урбанистички план за крајбрежјето. Мерките за зачувување на типовите живеалишта во поволна состојба на зачуваност, како и за реставрација/ревитализација на значајните екосистеми се вклучуваат во изработката на просторните и урбанистичките планови (акциски план).[39]**<br>**Заради заштита на биолошката и пределската разновидност на урбаното подрачје со изработката на урбанистичките планови, во зависност од видот на планот, се обезбедува меѓусебна поврзаност на истите типови живеалишта, зачувување на постојните и создавање зелени површини, дрвореди, водотеци и стагнантни водни тела, како и други живеалишта, со давање предност на автохтоните видови и живеалишта.[40]**<br>**Во Прва – а зона не се дозволува изведба ниту на трајни ниту на времени објекти, додека во Прва – б зона се дозволува поставување на привремени објекти, односно на: типски монтажно-демонтажни објекти за продажба храна, весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед, телефонски говорници, јавни санитарни јазли, покриени и непокриени шанкови, рекламни и информативни паноа, настрешници кои се поставуваат на јавна површина, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци. Други видови привремени објекти дефинирани со Законот за градење не се дозволени. Препораки за материјалите од кои** |

[39] Член 50 став (2) од Законот за заштита на природата.
[40] Член 63 од Законот за заштита на природата.

**треба да се направени привремените објекти ќе се дефинирааат со *елаборат за заштита на животната средина* и *конзерваторска согласност*.**

| Забранети активности во заштитната зона I-в на крајбрежјето: |
|---|
| • внесување алохтони видови; |
| • тампонирање на крупен или ситен тампон и насипување на песок, како и изградба на бетонски и камени ѕидови (валобрани), освен на постоечки локации определени за таа намена; |
| • изградба на објекти од времен и траен карактер; |
| • поставување на урбана опрема што може да го наруши пределот или да извршат негативни влијанија врз природните процеси на езерото; |
| • испуштање непречистени отпадни води од комерцијалните и услужните дејности што се одвиваат на плажите; |
| • непрописно депонирање отпад; |
| • пловидба со пловни објекти и инсталации кои се придвижуваат со мотори на внатрешно согорување во заштитните зони за рекреација и капалишта; |
| • контролирано споведување на водни спортови; |
| • изградба нови марини и пристаништа, освен реконструкција и одржување на постоечките во согласност со препораките од Стратегијата за одржлив туризам. |

#### 9.2.1.2. Втора заштитна зона

Во втората заштитна зона се применуваат мерки кои подразбираат зачувување на состојбата на природата во тие живеалишта каде е започнато антропогеното влијание со цел тоа да се намали/минимизира.

Во таа насока, оваа зона е поделена на подзони: II-а и II-б. II-а зоната ги опфаќа рипариските живеалишта надвор од урбаните опфати чија функција е и да бидат заштита од влијанијата врз квалитетот на водата во сливот на Охридското Езеро. II-б заштитната зона ќе се протега условно на просторите што се наоѓаат надвор од урбаните опфати и не смее да се зафатат со урбанизација. Во Втората заштитна зона се забрануваат активности што имаат негативно влијание врз пределот и животната средина, а ќе се воспостават исклучоци доколку треба да се реализираат проекти од државно значење. Дозволени се рекреативни активности со незначителни влијанија врз природата, кои се поддржани со наједноставна инфраструктура. Зоната на активно управување на НП „Галичица“ е дел од ова зона. За НП „Галичица“ важат зоните и мерките за заштита дефинирани со Планот за управување со НП „Галичица“.

| Забранети активности во заштитната зона II: |
|---|
| • експлоатација на минерални ресурси; |

| |
|---|
| • изградба на објекти за масовен туризам; |
| • интензивно земјоделство со примена на вештачко ѓубриво и пестициди; |
| • изградба на инфраструктурни градби, освен кога проектите се од јавен интерес и кога за нив се спроведува стратегиска оцена и/или оцена на влијание врз животната средина и социјалните аспекти, како и оцена на влијанието врз културното наследство. |

#### 9.2.1.3. Трета заштитна зона

**Третата заштитна зона** ќе ги опфати просторите со непродуктивна намена (населби и друго градежно земјиште) и продуктивно земјиште (земјоделски поседи, пасишта и шуми), што се застапени меѓу котата 866 m н.в. и надворешната граница на првата заштитна зона. Во оваа зона ќе се овозможи развој на населбите, туризмот и инфраструктурата, но ќе се дефинираат посебни услови.

| Забранети активности во заштитната зона III: |
|---|
| • интензивно земјоделско производство со примена на арско, хемиско ѓубриво и пестициди кои ги загадуваат површинските и подземни води; |
| • зголемување на урбаните опфати на населбите за не повеќе од 20%; |
| • изградба на инфраструктурни градби, освен кога проектите се од јавен интерес и кога за нив се спроведува стратегиска оцена и/или оцена за влијание врз животната средина и социјалните аспекти, како и оцена на влијанието врз културното наследство; |
| • други активности што може да го нарушат пределот и да ги загрозат исклучителните вредности. |

### 9.2.2. Мерки за заштита на културното наследство во Охридскиот Регион

Културното наследство го сочинуваат различни видови добра и нивното опкружување, сочинувајќи една целина. Тоа може да има различни вредности, во зависност од контекстот, и затоа неговиот заштитен третман може да се разликува од случај до случај. Во таа насока, целта на заштитата е да се зачува квалитетот и вредноста на културното наследство, неговата материјална содржина и да го осигура неговиот интегритет (ги вклучува поединечните градби, отворените простори и парковите, улиците, крајбрежјето, археолошките остатоци и сл.) за идните генерации.

Инвазивната урбанизација на просторите во заштитеното добро се движи во насока на загрозување на вредностите поради кои регионот е впишан на Листата на светско наследство.

Мерките за заштита на културното наследство подразбираат обезбедување непосредна заштита на начин кој ќе ги зачува изворните историски, урбанистичко-архитектонски, уметнички и естетски вредности, односно зачувување на исклучителната универзална вредност на регионот. Во поширока смисла, мерките за заштита ќе овозможат и внесување нови содржини во рамките на регионот во согласност со современите потреби на стопанските, туристичките, културните и другите дејности, но со максимално почитување на исклучителната универзална вредност. Но за да се постигнат придобивки и да се осигура дека Охридскиот Регион ќе ја зачува својата исклучителна универзална вредност, потребно е новите

развојни процеси во границите на доброто да бидат добро управувани и контролирани. Заштитата на културно наследство во Охридскиот Регион ќе се темели на неколку принципи:

- обезбедување реверзибилност како принцип во конзерваторско-реставраторскиот третман на наследството;
- зачувување на автентичноста (да се овозможи максимално зачувување на оригиналниот градителски материјал, да не се дозволи новите интервенции да доминираат над оригиналното ткиво, туку да се почитува неговиот потенцијал);
- во просторните планови во чиј опфат има заштитени споменички целини потребно е во најголема можна мерка да се задржи и да се ревитализира историската матрица на целината. Поради губење на просторниот идентитет, не е оправдана промената на структурата и типологијата на постојните објекти со нивно функционално поврзување во поголеми просторни целини;
- урбанистичкото планирање ќе има за цел постигнување хармонија, избегнување несакани функции и задржување на постојната големина на градбите, како и нивните функционални и културни вредности по принципот на интегрирана заштита;
- заштитата се однесува и на активности неопходни за создавање услови за опстанок на подрачјето/споменикот/локалитетот, вклучително и намалување на визуелната загрозеност;
- при планирањето на изведување нови инфраструктурни проекти или поголеми градежни активности **во регионот задолжително е изготвувањето на Оцената на влијание врз културното наследство (ХИА);**
- **по донесувањето на урбанистички планови усогласени со овој план, изградбата на објекти или преземање мерки на непосредна заштита со кои непосредно или посредно се нарушува интегритетот на заштитеното добро, односно заштитеното подрачје задолжително е со пропишани заштитно-конзерваторски услови.**

Од суштинско значење за локалитетите со светско наследство, препознаени по својата исклучителна универзална вредност, е да се обезбеди зачувување на нивната автентичност и културна вредност на соодветен начин. Имајќи ги предвид комплексноста и разновидноста на културното наследство, а со цел негова соодветна заштита, одржлив развој и контролирана урбанизација, во Охридскиот Регион се дефинираат неколку заштитни зони со специфични услови и мерки за зачувување:

- градски урбани центри;
- религиско наследство;
- села и крајбрежни населби;
- археолошки локалитети.

### 9.2.2.1. Градски урбани центри

Во **градските урбани центри** главен критериум за утврдување систем на заштитни мерки е констатираната концентрација на поединечно заштитени добра и амбиентални објекти. Од тие причини, дефинирани се три зони со свои специфичности.

**Првата зона** се однесува на споменичките целини (во Охрид[41] и Струга[42]) кои содржат значајни културно-историски градби. Со мерките за заштита во оваа зона се предвидува целосна заштита на сите културно-историски вредности со најголемо можно почитување на традицијата и функцијата на просторот и неговата содржина. На просторот од оваа зона треба строго да се контролира внесувањето нови структури и содржини несвојствени на културните вредности. Приспособувањето на постојните историски функции и содржини на современите потреби може да биде прифатливо со минимални физички интервенции во историската структура. Во овој контекст, максимално треба да се избегнува уривањето на старите постојни градби. Прифатливи методи на заштита се санација, конзервација, реставрација, конзерваторска реконструкција (обновување на заштитено добро со додавање делови што недостасуваат во форма и изглед што ги имале) и презентација. Секој ваков зафат ќе се темели на подготовка на детална документација од надлежните служби за заштита.

Во Старото градско јадро на Охрид мерките за заштита на културното наследство ќе се остваруваат и според детално дефинирани параметри содржани во деталните урбанистички планови според посебно изготвени заштитно-конзерваторски основи или преку пропишани заштитно-конзерваторски услови.

[41] Границите на Првата зона во Охрид се утврдени со Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење како Старо градско јадро.

[42] Границите на Првата зона во Струга се дефинирани во согласност со Заштитно-конзерваторките основи (бр. 13-1640 од 1.12.2009 год.).

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*




*Слика 50. Заштитни зони во граници на ГУП на Охрид (културно наследство).*

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

*Слика 51. Заштитни зони во граници на ГУП на Струга (културно наследство).*

| Мерки за заштита во заштитна зона I се: |
|---|
| • зачувување на урбаната структура: граници на урбаните агломерации како дел од органскиот урбанизам, уличната мрежа, пристапите кон езерото и сите зелени површини, вклучително и густината на населеност; |
| • зачувување на висината и фасадниот изглед на поединечно заштитените добра и на амбиенталните објекти; |
| • зачувување на габаритот на поединечно заштитените добра и на амбиенталните објекти; |
| • зачувување (ентериер и екстериер) на поединечно заштитените споменички добра во изворна состојба преку конзервација, реставрација, санација; |
| • задржување на фасадата на приземјата и на високите приземја од полуобработен камен, а катовите да се малтерисани и обелени со вар; |
| • задржување на изворната состојба, габаритот и автентичната боја на објектите подигнати во периодот меѓу двете светски војни (заштитени или кои придонесуваат на амбиенталната целина), задржување и одржување на постојните основни функции на старите градски јадра на Охрид и Струга, со враќање на некои изворни функции (стари занаети - доколку постојат услови), или давање нови современи функции кои се компатибилни со природата и карактерот на споменичката целина и не влијаат на нарушување на автентичноста и интегритетот на доброто (со обезбеден надзор од институциите за заштита на културното наследство); |

| |
|---|
| • враќање на изгубениот фонд на објекти (преку нивна реконструкција, или типолошка обнова) на локации кои се слободни и за кои постојат стари урбанистички планови, остатоци од објектите или техничка и фотодокументација, може да биде прифатливо само врз основа на целосна стручна анализа и студии; |
| • враќање на автентичниот фасаден изглед на тие објекти кои го изгубиле, а за кои постојат доволно информации за изворниот изглед; |
| • вредностите и амбиенталната слика на заштитеното јадро/целината да ги зачуваат карактеристичните елементи од традиционалната архитектура за регионот (дрвени опшивки, еркерни испусти, косници, испакнати или профилирани стреи итн.); |
| • при евентуална адаптација на ентериерот на амбиенталните градби, покривните прозорци можат да бидат дозволени само по претходна согласност на надлежната институција за заштита со максимално почитување на ненарушување на визуелните влијанија; |
| • враќањето на изгубените содржини на амбиенталните објекти кои придонесуваат за вредностите и амбиенталната слика на целината мора да се темели на карактеристичните елементи од традиционалната архитектура и периодот на настанување; оправданоста на интервенциите треба исклучиво да биде поткрепена со информации од историски извори и документација и да биде со согласност и надзор од надлежната установа за заштита на културното наследство; |
| • реализацијата на конзерваторските проекти да биде во согласност со утврдените законски критериуми и процедури; |
| • во споменичките целини не треба да се воведуваат нови содржини без процена на нивните способности да ги примат, користат и одржуваат, ниту содржини кои предизвикуваат бучава и загадување на околината, светлосно и звучно загадување како и нарушување на амбиенталната вредност (треба да се препознае дека неконтролираниот туризам може да предизвика негативно влијание на локалното население во смисла на губење на приватност, поголеми гужви во сообраќајот, оштетување на добрата како и нарушување на стилот на живот); |
| • затскривање на сите видови водови од инфраструктурата и инсталациите на просторот од заштитените стари градски јадра на Охрид и Струга; |
| • унифицирање на натписи на фирми и други натписи, билборди, неонски и друг вид реклами, споменична сигналитика, осветлување, урбана опрема на отворените простори на начин кој нема да ја нарушува визурата и амбиенатлната вредност на просторот; |
| • заштитата од сонце на јавните простори да биде подвижна (чадори за сонце), а прицврстувањето на тенди ќе биде со строга контрола и одобрени од институцијата за заштита; |
| • со оглед на големата концентрација археолошки остатоци во старите градски јадра, секоја темелна реконструкција, градежни или други работи мора да бидат условени со претходни археолошки истражувања и надзор; |
| • преземање превентивни и корективни мерки против деструктивни ефекти од бучава, удари и вибрации предизвикани од машини и возила (целосна пешачка зона во старите јадра со посебен режим за дотур на стоки и за движење на жителите, со организирани паркиралишта на точки кои тоа го дозволуваат, односно ослободување на јадрата од моторен сообраќај). |

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Забрани во заштитната зона I се: |
|---|
| • катноста на објектите и спецификите на градбите во старите градски јадра на Охрид и Струга ќе биде дефинирана со изработка на заштитно-конзерваторски основи (пред изготвување на урбанистички план), односно со заштитно-конзерваторски услови; |
| • не смее да се градат објекти повисоки од П + 2 ката; |
| • во старите градски јадра на Охрид и Струга не смее да се градат нови објекти кои како висина имаат галерија или потпокрив, без или со баци, или се покриени со рамна тераса; |
| • не смее да се градат гаражи како посебни објекти на градежна парцела; |
| • не смее да се поставуваат потпирачи, телевизиски антени, репетитори, големи рекламни паноа, сончеви колектори и слично; |
| • се забранува фрлање отпад и поставување контејнери во близина на заштитени добра; |
| • не се дозволува паркирање, како и формирање паркинг-места непосредно до заштитените добра; |
| • не смее да се зголемува габаритот и висината на постојните помошни објекти; |
| • не смее да се менува обработката на пешачките патеки и на сообраќајниците од камени плочи и гранитни коцки; |
| • не смее да се употребуваат павер-елементи (бекатон) како обработка на пешачките површини. |

| Други мерки за заштита во заштитната зона I се: |
|---|
| • на јавните простори дозволено е, покрај основните функции поврзани за градската коминикација, повремено да се вршат и комерцијални, културни и други дејности и настани, со обврска по нивното завршување да се отстрани ѓубрето, опремата и сл.; |
| • комерцијалните дејности не смее да ги загрозат пешачките комуникации, како и визурите на културните добра, и ќе се ограничат исклучиво на строго одредени локации со претходно одобрение од Советот на Општината и критериуми пропишани од страна на надлежната институција за заштита на културното наследство; |
| • дејностите не треба да го загрозуваат градителското наследство, презентираниот археолошки локалитет, ниту да ја попречуваат безбедноста и движењето на граѓаните; |
| • при туристички посети, односно при реализација на комерцијални активности (концерти, претстави, културни и друг вид настани, собири) да се обезбедат неопходните мерки за заштита на наследството; |
| • редуцирање (забрана) на автомобилски сообраќај во строго заштитните зони; |
| • реклами може да се постават на јавни места во градското јадро во согласност со посебните прописи за поставување реклами и во согласност од надлежните институции за заштита; |

| |
|---|
| • рекламни натписи не смеат да се поставуваат на поединечно заштитени градби; |
| • со цел оневозможување на затскривање на архитектонските вредности на доброто, челните фасади на деловните објекти треба да го задржат традиционалниот изглед на отворите; се забранува изложување производи и други предмети на вратите или прозорците и фасадите на деловните објекти; |
| • поставувањето привремени објекти и урбана опрема, како и елементите на урбаната опрема треба да бидат внимателно дизајнирани, а за нивното поставување е потребно одобрение од надлежната општина и согласност од и од Заводот за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид и од Управата за заштита на културното наследство; |
| • надворешните единици на клима-уредите не смее да се поставуваат на уличната фасада, ниту смеат да се нарушат/оштетат заштитените градби за нивно поставување; |
| • не смее да се издаваат одобренија во согласно прописите за градење без претходно издадено конзерваторско одобрение и почитување на архитектонскиот израз на градбите и строга контрола од страна на надлежни институции за заштита. |

**Втората зона**[43] преставува простор кој содржи значајни елементи на историската структура и културно наследство со различен степен на зачуваност. Преку мерките за заштита во оваа зона се заштитуваат основните елементи на планско-урбанистичката матрица и карактеристичните групи градби (амбиентални објекти), поединечно заштитените добра, пред сè, во однос на габаритот и историската содржина. На територијата од оваа зона ќе се преземаат интервенции кои се во насока на приспособување на функцијата и содржината на современите потреби, но без значајни измени на зачуваните архитектонско-естетски елементи на заштитените и амбиенталните добра. Прифатливи методи на заштита се конзервација, реконструкција, интерполација, рекомпозиција и интеграција во смисла на вклопување на културните добра со новите структури и содржини кои произлегуваат од новите потреби. Со оглед на специфичниот историски контекст на развој, сите интервенции (земјани/градежни) се условени и со археолошки истражувања или надзор. Во однос на катноста, во втората зона не смеат да се градат објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 50%.

**Третата зона** е простор со поретка концентрација на културно наследство. Во оваа зона се прифатливи сите интервенции, но со придржување кон основните начела на заштита на културното наследство. Во оваа зона ќе се применува мерката на урбана реконструкција, односно воспоставување состојба која ќе ги подобри

[43] Границите на Втората зона во Охрид се утврдени со Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење како контактна зона на Старото градско јадро; Границите на Втората зона во Струга се дефинирани во согласно со Заштитно-конзерваторките основи (бр. 13-1640 од 1.12.2009 год.) како контактна зона на споменичката целина;

условите за живеење и работа. При уредување на просторот прифатливи методи се обнова на постојните и изградба на нови градби со почитување на амбиенталните карактеристики на целината, традиционалните форми, карактеристиките на пејзажот и хармонијата на целината.

За поединечно заштитените добра и амбиенталните градби кои се наоѓаат во **втората и третата зона** од градските агломерации се предвидуват повеќе активности.

| **Мерки на заштита во заштитните зони II и III:** |
|---|
| ● зачувување на висината и фасадниот изглед, како на поединечно заштитените добра и така и на амбиенталните објекти; |
| ● зачувување на габаритот на поединечно заштитените добра; |
| ● зачувување на изворната состојба на поединечно заштитените добра со спроведување мерки како конзервација, реставрација, санација и сл.; |
| ● не смее да се изведуваат интервенции кои можат да го загрозат интегритетот на поединечните заштитени и амбиентални добра. |

***Новите градби*** во втората и третата урбана зона треба да исполнат специфични аспекти со кои ќе бидат испочитувани културните вредности и традиции на историската област, како и условите на постојните структури. ***Во таа смисла, се забранува окрупнување, односно создавање вештачка комбинација на неколку парцели за да се изгради голема градба.***

| **Новите градби треба да имаат:** |
|---|
| ● ритам кој е во хармонија со урбаниот и морфолошкиот образец на околните градби доколку се поединечно заштитено добро или поседуваат амбиентални вредности; |
| ● габарит кој е усогласен со контекстот и не ја нарушува визуелната перцепција кон целината *Старо градско јадро*; |
| ● улична гранична линија која ја следи линијата на постојните објекти; |
| ● силуета која го почитува традиционалниот локален карактер и силуетата на просторот каде се градат; |
| ● висок квалитет на градба и дизајн, кој се постигнува со особено внимание на пропорциите. |

Во согласност со потребите за урбан развој, а со цел постигнување на наведените аспекти и со максимално почитување на вредностите на културното наследство кое тие го поседуваат, третата зона на заштита се дели на три подзони во опфатот на ГУП (слика 50-51).

| **Забранети активности во заштитната зона III:** |
|---|
| ● интензивно земјоделско производство со прекумерна употреба на пестициди/ѓубриво кои загадуваат; |

| |
|---|
| • изградба објекти повисоки од П + 4 ката и поголем процент на изграденост од 50%; |
| • други активности што може да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност. |
| **Забранети активности во заштитната зона III-б:** |
| • интензивно земјоделско производство со прекумерна употреба на пестициди/ѓубриво кои загадуваат; |
| • изградба на објекти повисоки од П + 5 ката и поголем процент на изграденост од 50%; |
| • други активности што може да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност. |

| |
|---|
| **Забранети активности во заштитната зона III-в:** |
| • изградба на објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 50% во граници на ГУП; |
| • интензивно земјоделско производство со прекумерна употреба на пестициди/ѓубриво кои загадуваат; |
| • други активности што може да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност; |
| • изградба на објекти повисоки од П + 2 ката и поголем процент на изграденост од 50% во населбата Рача. |

Целта на планирањето на заштитата, особено кога се работи за регион кој е светско наследство, е да се даде приоритет на зачувувањето на постојните историски градби со нивниот контекст. Новите градби се потребни за воспоставување функционален и архитектонски континуитет и треба да го изразат духот на денешницата со дизајн темелен на јасна и системска анализа на историската морфологија на постојните урбани градби и нивната функција.

Во контекст на урбаното планирање, ревитализацијата може да се користи за подобрување на општествените и економските активности на делот од културно-историското подрачје на градот, кој го изгубил своето оригинално функционално живеење. Тоа ќе се постигне со преземање активности (конзервација/реставрација) кои ќе овозможат враќање на вредностите на тоа градителското наследство и на урбаните простори кои почнале да го губат своето значење. Користењето на ревитализираното културно наследство ќе биде во согласност со мерките на заштита, односно нема да се дозволи намена која дополнително ќе влијае на нарушување на интегритетот на наследството. Токму затоа, целта на ревитализацијата во овие простори ќе биде воспоставување на рамнотежа меѓу заштитата и развојот.

#### 9.2.2.2. Религиско наследство

**Религиското наследство/комплекси** имаат важна улога во историјата на регионот. Уметничките вредности на архитектурата, ѕидното сликарството и иконите, надополнети со духовните вредности на самите простори, бараат посебен пристап во нивниот третман,

заштита и ревитализација. Во тој контекст, во **зоната на религиското наследство/комплекси** (цркви, манастири, текии, џамии и други свети места...) мерките за заштита се темелат на подеднакво прифаќање и почитување на културните и духовните вредности.

| **Мерки за заштита:** |
|---|
| ● не се дозволува промена на габаритот на религиските комплекси; |
| ● примена на меѓународно признаени конзерваторско-реставраторски принципи и соработка со надлежните институции за заштита; |
| ● комерцијалните дејности (продажба на сувенири, книги, верски предмети...) може да се вршат во религиските комплекси и нивната непосредна околина, на точно утврдени локации и во услови кои не го нарушуваат интегритетот и духовноста на комплексот; |
| ● интервенциите треба исклучиво да бидат поткрепени со информации од историски извори и документација и да бидат со согласност и надзор од надлежната установа за заштита на културното наследство; |
| ● регулирање на јачината на бучавата, имајќи ја предвид духовноста на овие простори/свети места. |

#### 9.2.2.3. Села и крајбрежни населби

При ревитализацијата на **селата и крајбрежните населби** со амбиентални вредности потребно е да се применат форми на заштита за постигнување едукативни, еколошки и туристички ефекти, а кај локалното население да се поттикнува грижата за наследството. Тоа се однесува на руралните населби и населбите од крајбрежјето на Охридското Езеро кои имаат потреба од интегрален пристап во заштитата и зачувување на пределот од агресивните намени.

Постојат и две дополнителни зони надвор од градот: зона III-г (опфати на села) и зона III-д (урбани опфати надвор од градот и надвор од селата). Новите урбани опфати (зона III-д) да се формираат како логична целина околу веќе постоечки објекти со урбанистички план вон населено место.

| **Забранети активности во заштитната зона III-г:** |
|---|
| ● интензивно земјоделско производство со прекумерна употреба на пестициди/ѓубриво кои загадуваат; |
| ● изградба на објекти со намена семејно домување повисоки од П + 2 ката и поголем процент на изграденост од 50%, освен за селата од збиен тип; |
| ● зголемување на урбаните опфати на селата за повеќе од 20%; |
| ● реконструкција на легално изградените станбени објекти во постојниот габарит; |
| ● други активности што може да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност. |
| **Забранети активности во заштитната зона III-д:** |

| |
|---|
| • интензивно земјоделско производство со прекумерна употреба на пестициди/ѓубриво кои загадуваат; |
| • изградба објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 40%; |
| • реконструкција на легално изградените станбени објекти во постојниот габарит; |
| • други активности што може да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност. |

Надвор од градските подрачја (надвор од опфат на ГУП), со исклучок на крајбрежниот појас, во согласност со насоките и критериумите утврдени во Просторниот план на Охридско-преспанскиот Регион, може да се планираат:

- инфраструктурни градби (првенствено со користење на постојните траси и коридори за да се заштитат шумите и земјоделското земјиште, односно уништувањето на интегритетот на природните структури создадени од човекот со задолжително изработувањеа Стратегија за оцена на влијанието врз културното наследство);
- активности кои ќе ги подобрат условите за живеење и стопанисување преку ревитализација на руралните населби преку принципот на интегрален развој и потребите на селскиот и екотуризам (во согласност мерките на заштита и со претходна согласност од надлежните институции);
- реконструкција на легално изградени станбени објекти во постојниот габарит.

При градењето надвор од градските подрачја не се дозволува:

- формирање нови населби на неизграден простор (простор кој ја опфаќа заштитната зона 2-б во делот за природно наследство);
- зафаќање на крајбрежниот појас од Охридското Езеро;
- користење на квалитетно земјоделско земјиште со негова пренамена во градежно земјиште за градење со пренамена;

На планинските и водените површини активностите ќе се одвиваат исклучиво во функција на ограничено и контролирано економско искористување на природните ресурси (шумарство, лов, рекреација и екотуризам).

Генерално гледано, мерките за заштита во крајбрежјето на Охридското Езеро ќе обезбедат трајно зачувување на природните и на културните вредности и ќе спречат значајни промени на тие вредности преку следните активности:

| |
|---|
| • зачувување на природниот амбиент и спречување пренамена и заземање на овие простори за градежни активности кои би го нарушиле крајбрежниот пејзаж; |
| • спречување на градежното зафаќање на релјефни возвишенија, доминантни места каде со изградбата на објекти ќе се наруши крајбрежниот пејзаж; погледите од панорамските видиковци во голема мера го подобруваат разбирањето на карактерот, поставеноста и општиот изглед на доброто; |
| • изградба на објекти надвор од границите на градските подрачја ќе биде со контролиран габарит; при обликувањето на градбите ќе се користат материјали и бои приспособени на |

| |
|---|
| природните обележја на околниот простор и традиционалната архитектура; |
| ● штитење на значајните визури од градење на големи градби; |
| ● планирање на трасите од инфраструктурата (патишта и сл.) ќе биде долж природната релјефна морфологија на теренот, а доколку се потребни поголеми морфолошки промени (насипи, засеци и сл.) се препорачува градежните елеменети да бидат одвоени од теренот за да се обезбеди целовитост и споеност со пределот; |
| ● типологијата, габаритот и висината за изградба на угостителско-туристички како и објекти за одмор и рекреација надвор од населените места ќе се одредуваат врз основа на анализа на визуелната поставеност и вклопеност во постојното природно опкружување. |

#### 9.2.2.4. Археолошки локалитети

Охридскиот Регион е богат и со исклучително археолошко наследство - археолошки локалитети и наоди кои потекнуваат од широк распон на хронолошки периоди - од праисторијата (меѓу кои и подводните локалитети, односно наколните населби), преку архајското време, антиката, па сè до средновековниот период. Резултатите од нивното досегашно истражување во најголема мера придонеле за расветлување на историјата на Охридскиот Регион и пошироко и се една од основните карактеристики на исклучително значајните вредности на регионот поради што е прогласен за светско културно наследство.

Мерките на заштита на археолошкото наследство во Охридскиот Регион се темелат на одредбите од Законот за заштита на културното наследство, Европската конвенција за заштита на археолошкото наследство (Валета, 1992) и Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство (УНЕСКО, 1972).

- Под „презентација на археолошки локалитети“ се сметаат оние делови од јавни и приватни површини на кои е презентирано археолошко наследство, било да се работи за остатоци или историска архитектура која со конзерваторски интервенции е презентитарана на начин да се истакне нивната археолошка и архитектонска вредност.

Во зоната на археолошки локалитети мерките за заштита се однесуваат на повеќе сегменти

| **Општи мерки за заштита:** |
|---|
| ● се дозволува и се охрабрува научно истражување на постојните и идните новооткриени археолошки локалитети и наоѓалишта на територијата на Охридскиот Регион со недеструктивни методи и според одредбите за археолошки истражувања утврдени со Законот за заштита на културното наследство; |
| ● задолжителен конзерваторски третман на археолошките локалитети; |
| ● мерките на заштита да се спроведуваат во согласност со меѓународно признаени конзерваторско-реставраторски принципи од страна на надлежните институции за заштита; |

| |
|---|
| • ако во текот на изведувањето градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е должен да го пријави откритието, да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување и неовластен пристап, како и да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени (Глава IV, Оддел 2, дел 2.2 - случајни откритија); превентивните сондажни археолошки истражувања ќе бидат во насока на дефинирање на значењето и вредностите на конкретното наоѓалиште и негова заштита);<br>Управата за заштита на културното наследство може да определи извршувањето на работите да го продолжи со археолошки надзор или да донесе решение за привремено запирање на работите (според член 67 од Законот за заштита на културното наследство); |
| • земјоделско земјиште, пасишта и шуми во сопственост на РСМ на кои се наоѓа евидентирано или заштитено археолошко наоѓалиште, запишано во јавната книга за впишување на правата на недвижностите, може да се даде под закуп или да се изврши трансформација во градежно земјиште по претходна согласност од Управата за заштита на културното наследство; |
| • на просторите за кои има евидентирани археолошки локалитети која било форма на планирање новоградби, сообраќајници и други инфраструктурни проекти, како и вршење земјени или други градежни работи не смеат да се реализираат без да се извршат археолошки истражувања; |
| • на заштитените (регистрирани) археолошки локалитети се дозволува да се врши конзервација, односно реставрација и реализирање на научноистражувачки проекти; |
| • во градските урбани центри на Охридскиот Регион не смее:<br>- да се предвидуваат новоградби и сообраќајници, како и да се вршат земјени или други градежни работи без археолошки надзор, а по потреба и археолошки истражувања; |
| • истражените археолошки локалитети на територијата од Охридскиот Регион кои се соодветно подготвени за туристичка презентација се достапни за посети од јавноста; |
| • во јавен интерес е да се изврши експропријација на земјиште на кое се наоѓа евидентирано или заштитено археолошко наоѓалиште заради вршење на археолошки истражувања и ископувања и спроведување на мерки на заштита; |
| • создавање предуслови за пристап до археолошките локалитети и нивна презентација и нивно означување и поставување на информативизијавни табли. |

Со цел заштита на светското наследство и зачувување на автентичноста и вредностите на светското наследство (сл. 44, 45, 46), потребно е да се дефинираат приоритети во изборот на физичката заштита во согласност со меѓународните препораки. Секоја земја потписничка, за да ги осигура правилните мерки за заштита на културното наследство кои се наоѓаат на нејзина територија, треба да ги применува принципите пропишани и од страна на УНЕСКО и советодавните тела ИКОМОС, ИУЦН и ИКРОМ.

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

Зачувувањето на заштитеното добро од Листата на светско наследство мора да има приоритет на сите нивоа на урбано планирање, од мастер плановите на локално ниво до стратегиите на национално ниво.



## 10. Акциски план

Акцискиот план е елабориран врз основа на анализите за состојбата и заканите за исклучителната универзална вредност на природното и културното наследство во Охридскиот Регион и целите што се дефинирани во насока на намалување или избегнување на тие закани. Планот опфаќа мерки и активности што ќе овозможат да се постигнат целите; за секоја активност се утврдени одговорни институции (една институција која е носител на активноста и други надлежни институции што ќе бидат вклучени во реализацијата/спроведувањето на активностите), рокови во кои е потребно да се реализираат активностите, односно достапните ресурси; таму каде што постојат реални показатели проценети се и потребните финансиски средства и наведени се потенцијалните извори на финансирање. За некои активности, за кои постојат студии или проектна документација, проценетите финансиски средства се засновани на тие достапни информации. За активностите за кои нема претходна документација, односно не е вршена претходна процена на трошоците, предвидени се индикативни суми за потребните средства. Процените се направени внимателно, така што предвидени се, главно, повисоки вредности поради можноста да се јават и непредвидени трошоци. За активностите за кои во моментот не постојат реални показатели врз основа на кои може да се утврдат потребните средства, тие воопшто и не се изразени. Конечно, утврдени се показатели со чија помош ќе се следи дали соодветната активност е реализирана. За секоја активност, за која е апликативна некоја од препораките од Реактивната мисија на УНЕСКО, направено е поврзување со препораките од Извештајот од реактивната мониторинг мисија на УНЕСКО од 2017 година за да се обезбеди дека спроведувањето на предвидените активности ќе придонесе за зачувување на исклучителните универзални вредности. Дел од активностите предложени во Акцискиот план, кои, исто така, се значјни за зачувување на исклучителната универзална вредност, немаат непосредна поврзаност со препораките од Реактивната мисија на УНЕСКО од 2017 година, но се посредно поврзани со препораките содржни во претходиние извештаи на УНЕСКО.

### 10.1. Зајакнување на управувањето со природното и културното наследство

Управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот Регион, кое е фрагментирано, ќе се спроведува на целата територија од доброто и ќе биде интегрирано, односно заштитата на природното и културното наследство ќе се врши во тесна координација меѓу надлежните институции, Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање, Управата за животна средина и Управата за заштита на културното наследство, општините Охрид, Струга и Дебрца и другите надлежни институции.

#### 10.1.1. Зајакнување на правната рамка

Подобрувањето на интегративниот и координираниот пристап при управувањето ќе се овозможи со интервенција во правната рамка, која е реалавнтна за природното и културното наследство во Охридскиот Регион, но и со континуирно остварување на надлежностите на Комисијата за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион, како орган што издава мислења во следните постапки:

- доделувањето правен статус на бесправно изградените објекти преку издавање мислење за прифатливоста на оцената на влијанија врз животната средина и културното наследство за бесправно изградените објекти во првата и втората заштитна зона утврдени во Поглавјето 9 од овој План за управување;
- донесувањето на просторниот план и соодветните урбанистички планови, од кои приоритет за донесување имаат урбанистичкиот план од државно значење за првата - а и првата - б заштитна зона, генералните урбанистички планови за Охрид и Струга, изменувањата и дополнувањата, односно донесувањето на нови урбанистички планови

што не се усогласени со предвидените зони и мерки за заштита утврдени во Поглавјето 9 на овој План за управување;

- издавањето дозволи за градба за објекти со намена А2 (колективни станбени згради) и А4 (хотели);
- спроведување на Оцената на влијанија врз животната средина и културното наследство од инфраструктурни проекти преку издавање соодветно мислење;
- издавање мислење во текот на постапките за пренамена на земјоделско во градежно земјиште, за изградба на објекти во првата и во втората заштитна зона што се утврдени во Поглавјето 9 од овој План за управување.

Врз основа на изменет и дополнет (или нов) Закон за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион се предвидува донесување на Правилник со кој ќе се дефинираат границите на заштитните зони во Охридскиот Регион и соодветно ќе се нанесат на катастарски план и ќе се пропишат мерките за заштита на природното и културното наследство. Со овој План за управување, во содејство со погоре цитираниот Правилник, Комисијата, надлежните органи и општинските служби ќе можат да постапуваат при донесувањето урбанистички планови, издавањето конзерваторско одобрение, како и издавањето дозволи за градба. Вклучувањето на Комисијата во овие постапки ќе придонесе кон зачувувањето и обновувањето на урбанистичко-архитектонските вредности и намалување на заканите врз и исклучителната универзална вредност.

Се предвидуваат интервенции во корпусот на закони што ја регулираат заштитата на културното наследство за да се воспостави и да се регулира процесот за спроведување на Оцената на влијанијата врз културното наследство и да се прецизираат компетенциите на стручните служби за планирање, проектирање и спроведување на работи на непосредна заштита[44] во заштитеното подрачје. Овие интервенции имаат цел подобрување на стручниот приод од страна на надлежните институции и проектантите на објекти (при реконструкција на постојни или изградба на нови) за да се спречи реализација на градби со несоодветни визуелни вредности и нивно несоодветно интегрирање во пределот на доброто, како и да се подобрат работите на непосредна заштита.

Предвидените измени на Правилникот за валоризација, ревалоризација и категоризација на културното наследство и Правилникот за содржината и методологијата за изработка на заштитно-конзерваторски основи за културното наследство, се насочени кон поедноставување на постапката во насока на намалување на обемот на потребната документација. Ова ќе придонесе за скратување на потребното време за спроведување на овие постапки, а нема да влијае на квалитетот на процесите и самата документација.

Во сферата на урбанистичкото планирање се предвидува донесување нов Закон за урбанистичко планирање, со кој ќе се овозможи суспендирање на урбанистички планови или нивни делови што се во спротивност со мерките за заштита утврдени со Поглавјето 9 на овој План за управување и ќе се наложи потребата од нивно изменување и дополнување или донесување нови планови.

Со новиот Закон се воведува Урбанистички план од државно значење, што во контекст на овој план предвидува изработка на Урбанистички план за зоните I-а и I-б, што ќе овозможи на интегриран начин да се зачува и унапреди функционалноста на крајбрежјето и да се реставрираат и ревитализираат клучните екосистеми на доброто. За овој урбанистички план од државно значење ќе се изработи Стратегиска оцена за влијанието врз животната средина и врз културното наследство. Во текот на изработката на Урбанистичкиот план и Стратегиската оцена, информации за животната средина ќе се преземаат од Студијата за ревалоризација на

[44] „Непосредна заштита“ се работите на конзервација, реставрација, реконструкција, санација, адаптација, превентива и секој друг вид директна интервенција на заштитените добра што се преземаат во јавен интерес (Закон за заштита на културното наследство).

Споменикот на природата - Охридско Езеро и Студијата за валоризација на Споменикот на природата - Студенчишко Блато. Информации за културното наследство за потребите на изработка на наведениот план ќе се преземаат од Елаборатот за валоризација/револоризација на културното наследство во Охридскиот Регион. Притоа, ќе се дадат насоки за изменување и дополнување на постојните државни и локални урбанистички плански документации и други планови, како, на пример, планови за изградба на комплекс хотели во Св. Стефан - Горица, за хотел во Лагадин, планови за изградба на марини и пристаништа. Ќе се анализираат и влијанијата од изградба на мала хидроелектрана на испустот на реката Црни Дрим.

Од голема важност за одржувањето на функционалноста на крајбрежјето и за зачувувањето на пределската вредност на доброто, е да се уредат соодветно плажите, што ќе се овозможи со прецизирање на дефинициите[45] на привремени објекти и градежна опрема во Законот за градење. На тој начин ќе се избегне на плажите да се изведуваат објекти од цврста градба, што би придонело за нарушување на пределот и зголемено загадување.

За да се овозможи управување со заштитените подрачја во согласност со Законот за заштита на природата: Споменикот на природата - Охридско Езеро и Споменикот на природата - Студенчишко Блато, се предвидува донесување закони за нивно прогласување. Со донесувањето на овие закони ќе се даде значаен придонес кон зачувување и унапредување на природното и културното наследство во Охридскиот Регион. Со цел спречување проекти што можат да извршат негативно влијание врз природните вредности на Предлогот за заштитеното подрачје - Студенчишко Блато, министерот за животна средина и просторно планирање ќе донесе *решение за привремена заштита* на деловите од природата за кои се води постапка за прогласување.[46]

Законот за внатрешна пловидба не го регулира користењето на глисери и на скутери, што придонесува за недоволна контрола на овој вид пловила, а како резултат може да има зголемено загадување и намалена безбедност. Затоа, се предвидува измена и дополнување на овој закон за да се предвидат одредби со кои ќе се надминат овие состојби.

Во контекст на културното наследство, правната рамка е дадена во Законот за заштита на културното наследство и во повеќе од 20 подзаконски акти со кои се доуредува заштитата на културното наследство и коишто се релевантни и за остварувањето на заштитата на културното наследство во Охридскиот Регион. Правната рамка е надополнета и со Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење, како и со повеќе одлуки за прогласување поединечни добра за културно наследство од особено значење. Во фаза на изработка е нов Закон за заштитата на културното наследство. Во Акциски план се адресирани само неколку важни апекти кои во моментов се неопходни да се извршат во постојната законска регулатива и со кои се овозможува доследна примена на Планот за управување. Генерално, при постапката за изработка на новиот Закон за заштита на културното наследство ќе се согледаат сите аспекти на евентулани негативни влијанија на законската регулатива, врз зачувувањето на исклучителните вредности. Во однос на Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење, веќе е согледана потребата од измена на категоризацијата на Старото градско јадро и потребата од воведување построги режими на заштита.

Интервенциите во предметните правни прописи кои ќе бидат направени во насока на спроведување на целите содржани во овој План се подетално елаборирани во Поглавјето 5 на овој План, но и во самиот Акциски план.

---

[45] Дефинициите на „привремени објекти“ и „урбана опрема“ се дадени во Поглавјето 6, точка 6.1.1.4. Закони што го регулираат урбаниот развој и промената на кристење наземјиштето и градењето.

[46] Во согласност со член 97 од Законот за заштита на природата.

### 10.1.2. Зајакнување на стратегиската рамка за управување

Постојниот Просторен план за Охридско-преспанскиот Регион не ги опфаќа доволно аспектите на природното и културното наследство во Охридскиот Регион. Во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање, Просторниот план се изработува за подрачја од јавен интерес за Републиката што ги опфаќа сите категории заштитени подрачја. Просторните планови се донесуваат од страна на Собранието на Република Северна Македонија и како такви претставуваат еквивалент на законска материја. Со изработка на нов Просторен план за природното и културното наследство во Охридскиот Ретион ќе се уреди просторниот и одржливиот економски развој на заштитеното подрачје, имајќи ги предвид заштитните зони и мерки за заштита на природното и културното наследство утврдени со овој План.

Нацрт-стратегијата за заштита и користење на културното наследство (2019 - 2024) е изработена од страна на УЗКН, но таа уште не е усвоена од страна на Собранието на Република Северна Македонија. Овој План за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион се надоврзува на насоките од Стратегијата и ги концептуализира во Акциски план, приспособувајќи ги на потребите на заштитата на културното наследство. Нејзиното донесување ќе обезбеди висок степен на синергија на овие два плански документи, и ќе придонесе за олеснето обезбедување на потребните ресурси за нивно спроведување.

### 10.1.3. Зајакнување на институционалната рамка

Со цел зајакнување на институционалната рамка, предвидено е Комисијата за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион редовно да одржува состаноци и за нејзината работа да се обезбедат соодветни финансиски средства. За Заводот и музеј - Охрид е предвидено да се зајакне со стручен кадар и потребна опрема за да може да ги спроведува своите надлежности со соодветен обем и квалитет.

Заради поефикасна заштита на природното наследство ќе се основаат тела за заштита на спомениците на природата - Охридско Езеро и Студенчишко Блато. Се предлага, заради ефективност на ресурсите, да се користи стручноста и искуството на Националниот парк „Галичица“, а во управувањето на соодветен начин да се вклучат и општините Охрид и Струга.

### 10.1.4. Едукација на сите засегнати страни со цел подобрено управување со наследството

Целта е *јакнењето на кадровски капацитети* преку кадровско доекипирање на институциите, со континуирана доедукација за унапредување на стручните знаења и вештини, преку едукација, тренинзи и оспособување кадри на секторско и мултисекторско ниво во доменот на одржливиот развој и управување со природното и културното наследство, оспособување за подготовка и конкурирање со проекти пред меѓународни и домашни извори за финансирање, обезбедување услови за академско образование во подрачјата на конзервација, управување и сл. со цел создавање квалитетни кадри.

### 10.1.5. Обезбедување континуирано финансирање на мерките и активностите утврдени со планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион

За да се овозможи целосно спроведување на овој план и постигнување на зацртаните рокови, неопходно е навремено обезбедување на потребните финансиски средства. Постојат ограничувања во националниот буџет, меѓутоа, достапни се средства за финансирање што произлегуваат од програми за заштита на природното и културното наследство на

меѓународни донатори, како и инструментите за поддршка на капиталните инвестиции што се достапни преку меѓународните финансиски институции.

Интервентни средства, започнувајќи од 2021 година, ќе се предвидат преку воведување нова програма во рамките на Буџетот на РСМ, која ќе се реализира преку на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и од која ќе се финансираат активности поврзани со:

- работата на Комисијата за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион;
- работата на Меѓудржавниот комитет за прекугранично управување;
- спроведување годишни програми за обука на надлежните институции;
- кампањи за подигање на свеста за значењето на природното и културното наследство и за одржливиот развој на подрачјето;
- финансирање повремени ангажмани на меѓународни експерти од советодавните тела на УНЕСКО.

Постојат искуства на управување со светско наследство од страна на посебно тело што наместо координативна улога, има изворни надлежности и континуирано се грижи за доброто управување со заштитеното подрачје, но и за промовирање на вредностите на заштитеното подрачје. Со овој план се предвидува да се изработи Студија за оправданоста од основање посебна установа за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион. Доколку се докаже оправданоста и потребата од основање ваква институција, ќе се укине програмата при Генералниот секретаријат и ќе се определи буџет за работа на установата.

### 10.1.6. Меѓудржавно управување со прекуграничното природно и културно наследство во Охридскиот Регион

Меѓудржавното управување со прекуграничното добро ќе се иницира во почетокот на 2020 година и ќе се спроведува преку заедничко тело во кое учествуваат претставници на надлежните институции на централно и локално ниво. Заедничкото управување ќе се уреди со деловник за работата на телото и ќе се договорат приоритетните заеднички активности. Со овој план се предвидени неколку заеднички активности за кои ќе се бараат извори на финансирање од меѓународни извори. Предложените активности се однесуваат на:

- иницирање заеднички мониторинг и постигнување договор за заеднички квоти за риболов;
- поттикнување одржлив туризам и создавање на единствена туристичка понуда што е заснована на атрибутите од исклучителната универзална вредност;
- одржливо земјоделство - во контекст на одржлива земјоделска практика и производство на локална храна како дел од туристичката понуда;
- процена на пределската разновидност на прекуграничното наследство, како основа за идниот развој на населбите, инфраструктурата и туризмот.

Овие прекугранични иницијативи се индикативни и ќе бидат предмет на усогласување меѓу страните.

## 10.2. Минимизирање на влијанијата на водите во сливот на Охридското Езеро

### 10.2.1. Минимизирање на испуштање на непречистени отпадни води

Кон крајот на 2019 година започна реконструкцијата на колекторскиот систем за собирање на отпадните води од населбите долж Охридското Езеро. Работите на реконструкцијата ќе продолжат во 2020 година и се очекува да завршат во текот на годината. Во 2021 ќе започне доизградбата на колекторот на потегот од Елен Камен до Радожда и ќе се изработи техничка документација за изведба на малите пречистителни станици за отпадните води од Трпејца и Љубаништа. Во 2022 година ќе се доизгради колекторскиот систем и ќе се изградат малите пречистителни станици. До 2025 година се планира да се покријат сите населби со секундарна мрежа за собирање и одведување на отпадните води.

Реконструкцијата на централната станица за пречистување на отпадните води во Враништа ќе се финансира преку фондовите на програмата ИПА 3. Техничката документација е подготвена и ќе се аплицира во 2021 година. Се планира работите да започнат во 2022 и да завршат во 2024 година.

### 10.2.2. Спречување и ограничнување на внесот на седименти во езерото

Пренасочувањето на реката Сатеска во старото корито од вливот во Охридско Езеро во влив во реката Црни Дрим е иницирано како проект многу одамна. УНДП поддржа изработка на техничка документација и во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање работи на обезбедување финансски средства за реализација на проектот. Проектот за пренасочување се состои од четири фази, и тоа:

- реконструкција на старото корито на реката Сатеска од Волино до Црни Дрим (8 km);
- изградба на структура за пренасочување на дел од протокот на реката Сатеска;
- регулација на горниот тек на реката Сатеска од Волино до Клемештица (20 km);
- таложници за нанос во горниот тек на реката Сатеска, пошумување и други антиерозивни мерки за намалување на седиментот што го транспортира реката Сатеска.

Се планира работите на пренасочувањето да започнат во 2021, а да завршат до крајот на 2024 година.

### 10.2.3. Контрола на нивото на водата во езерото

Во текот на сушни периоди и како резултат на испуштањето на водите преку реката Црни Дрим, нивото на Охридското Езеро се спушта блиску до предвидената минимална кота.[47] Варијациите на нивото на езерото имаат негативен ефект: при низок водостој се загрозува опстанокот на живиот свет, а при висок водостој се испира земјоделското земјиште на крајбрежјето и се внесуваат нутриенти и тешки метали во водите на езерото кои се акумулирани во промиената почва заради употреба на вештачки ѓубрива и пестициди.

Нивото на водата на езерото ќе се следи од Управата за хидрометеоролошки работи и контролира од страна на ЕЛЕМ за да се спречат навремено вакви несакани состојби. Се планира разгледување на договорот[48] склучен меѓу Македонија и Албанија за користење на водите во сливот на реката Црни Дрим и одредување нови коти на Охридското Езеро до 2024 година.

---

[47] Од мај до ноември 2018 година нивото на Охридското Езеро се намали за 80 cm. Граѓанските организации и експертите алармираа дека спуштањето на котата od езерото го загрозува живиот свет и ендемските видови.

[48] Одлуката за одобрување на Протоколот на вториот состанок од Југословенско-албанскиот комитет за управување со водите од 11 декември 1962 година.

### 10.2.4. Спречување на загадувањето на езерото со отпадни масла и хемиски супстанци од пловните објекти

Водниот транспорт во езерото има влијание на квалитетот на водите, бидејќи пловните објекти користат мотори со внатрешно согорување и се случува излевање на гориво и масло од бродови што не се одржуваат соодветно. Пловните објекти ги вознемируваат животните, рибите и птиците.

Студијата за ревалоризација на Споменикот на природата - Охридско Езеро ќе даде одговори за тоа во кои зони од езерото пловните патишта ќе се ограничат или забранат. Врз основа на наодите на Студијата за ревалоризација на Споменикот на природата - Охридско Езеро и на посебна студија за влијанијата од пловните објекти и водниот транспорт на квалитетот на водите и живиот свет, се планира ревидирање на рутите на пловните објекти до 2025 година.

Покрај ограничувањето или забраната за движење, предвидено е да се зајакнат контролите врз спроведувањето мерки за сооветно одржување на пловните објекти, започнувајќи уште од 2020 година. Овие контроли особено ќе зачестат на Студенчишкиот Канал, каде што со мониторингот на квалитетот на површинските води во сливот на Охридското Езеро спроведен во 2019 година во состав на изработката на Планот за управување со сливот на Охридското Езеро, е утврдено дека единствено статусот на водите во Студенчишки Канал е лош, додека за другите водни тела е добар или умерен.

### 10.2.5. Одржливо управување со отпад

Во февруари 2020 година ќе бидат готови анализите што Министерството за животна средина и просторно планирање ги реализира со консултанти ангажирани од страна на Европската банка за обнова и развој, кои ќе дадат насоки за оптималниот модел на финансирање на воспоставувањето на интегриран регионален систем за управување со отпадот во Југозападниот плански регион. Овие анализи се надградуваат врз постојна техничка документација што е финансирана со средства од ИПА програмата; пресметката на трошоците извршени во текот на изработката на оваа техничка документација е направена под претпоставка дека ќе бидат достапни неповратни средства од ЕУ. За жал, грант финансирање за реализација на овој регионален проект не е достапно и тековните анализи ќе ги утврдат најсоодветните модели на финансирање, што потенцијално ќе вклучи комбинација на кредит од меѓународни финансиски институции и инвестициски грант. Во втората половина на 2020 година ќе се донесе одлука за отпочнување на инвестицијата и од 2021 година ќе се започнат тендерски постапки за набавка на опрема за собирање на отпадот, ангажирање на компании за затворање на нестандардните депонии (вклучително и на Буково) и за изградба на претоварни станици и на централнатапостројка за преработка и отстранување на отпадот. Се очекува регионалниот систем за управување со отпадот да биде оперативен во 2024 година.

## 10.3. Примена на одржливо земјоделство и шумарство

Поради ризикот од еутрофикација на Охридското Езеро, кој се должи на користење од агрохемикалии при земјоделското производство, неопходно е да се промени земјоделската практика и да се применуваат ефикасни и одржливи методи. Не смее да се палат стрништа или фолии искористени при градинарско производство.

Одржливото земјоделство и шумарство ќе се поттикнува преку спроведување обуки на земјоделските производители, нивно субвенционирање со цел пристап до суровини и пазари, и со зајакнати контроли на несоодветно земјоделство (палење на стрништа и на нелегална сеча на дрва).

За создавање услови за одржливо земјоделско производство се планира воведување програма за субвенционирање најдоцна до 2026 година. Оваа програма ќе се дизајнира со државна помош што нема да предизвика дискриминација и неповолни влијанија на пазарот. Темата на земјоделство во градовите неодамна го привлече интересот на УНЕСКО како потенцијална можност за зачувување на традиционалните практики во урбаниот предел. Негувањето на земјоделството во градовите може да има позитивни ефекти и на борбата против климатските промени. Затоа, со овој план за предвидува да се истражат можностите за поддршка на земјоделската активност во градовите што ќе се изведува на одржлив начин.

Недозволената сеча дрва строго ќе се контролира и санкционира.

## 10.4. Развивање на одржлив туризам

За да се спречи крајбрежната трансформација и да се намалат притисоците од неодржливиот туризам, со овој план не се предвидува изградба на објекти надвор од населбите, а во самите населби се ограничува процентот на изграденост и катноста и се даваат насоки за урбанистичко-архитектонскиот израз.

Интегрираниот пристап за урбанизација на крајбрежјето, што ќе овозможи зачувување на крајбрежната функционалност и постапна ревитализација на клучните екосистеми, ќе се овозможи преку изработка на Урбанистички план од државно значење за површината на која ќе се воспостави и одржува првата - а и првата - б заштитна зона. Пред да се пристапи кон изработка на овој урбанистички план, ќе треба да биде донесен новиот Закон за урбанистичко планирање, ќе треба да бидат нанесени границите на заштитните зони на катастарски план и да се изработат ажурирани геодетски подлоги. Оптимално, Урбанистичкиот план за првата заштитна зона ќе биде готов до крајот на 2021 година, а урбанистичките документации за плажи - до крајот на 2022 година. Во меѓувреме ќе бидат спроведени оцените за влијанија врз животната средина и културното наследство и ќе бидат определени објектите во крајбрежниот појас што ќе бидат предмет на отстранување.

За плажите ќе се изработува урбанистичка документација за плажи со кои ќе се обезбеди дека нема да се врши бетонирање на брегот, нема да се градат платформи што навлегуваат во водата, нема да се изведуваат објекти од цврста градба и нема да се испуштаат отпадни води во езерото. Уредувањето на плажите ќе биде предмет на редовни инспекциски контроли.

Со цел обезбедување примена на режимот на заштита за секоја од заштитните зони утврдени со овој план, изградбата на објекти (односно преземањето мерки за непосредна заштита со кои непосредно или посредно се нарушува интегритетот на заштитеното подрачје) до донесувањето на новите детални-урбанистички планови за Охридскиот Регион (кои ќе бидат усогласени со овој план) ќе се врши врз основа на заштитно-конзерваторски услови. Условите ги издава Управата за заштита на културното наследство, а ги изработува НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид. Управата за заштита на културното наследство при одлучување по барањата за издавање на конзервторско одобрение за преземање мерки на непосредна заштита во Охридскиот Регион ќе ги има предвид режимите за заштита утврдени во овој план и по барањата за издавање на конзервторско одобрение ќе одлучуваа по претходно мислење на стручна комисија основана од Управата. Во насока на воведување дополнителен механизам со кој ќе се обезбеди висок степан на заштита и примена на најстроги мерки на заштита, Заводот и музеј - Охрид, стручните контроли на конзерваторските проекти ќе ги врши во соработка и по претходно мислење на Националниот конзерваторски центар - Скопје како матична установа.

### 10.4.1. Стратегија за одржлив туризам

Покрај крајбрежната трансформација што се јавува заради интересот на инвеститорите да градат сместувачки капацитети за туристите, со Планот се предвидува да се намали притисокот од концентрацијата на туристи и загадувањето од нивниот зголемен број.

Најпрво ќе се направи процена на еколошкиот капацитет на наследството, ќе се изработат: Стратегија за одржлив туризам, План за управување со посетители (до крајот на 2021 година), како и сообраќајни студии со цел растоварување на туристичките центри од масовни туристички движења и сообраќајна гужва.

Намалување на притисокот од масовниот (неодржлив) туризам е возможно ако се популаризира културниот и алтерантивниот туризам. Притоа, се предвидува зголемена промоција и презентација на културното и природното наследство и поддршка на домаќинствата во руралните средини за подобрување на условите за сместување на туристи, брендирање на културни дестинации и диверзификација на понудата.

Најголем дел од занаетите во Република Македонија како продуктивна дејност се исчезнати, а на остатокот опстанокот им е загрозен. Заради културниот и економски потенцијал на занаетите потребна е заштита на дел од нив како национални „брендови“, како и мерки за нивна одржлива ревитализација (занаети за кои има современ интерес или кои имаат потенцијал за современ редизајн).

#### 10.4.1.1. План за управување со посетители

Клучните чекори при изработка на Планот за управувањето со посетителите се дефинирани во Водичот на УНЕСКО,[49] а тоа се:

- идентификување на тековната и идната побарувачка од туристичката дестинација од страна на посетителите;
- идентификување на критични локации за природното и културно наследството поради преголема посетеност и ослободување на тие локации од притисокот на туристите;
- идентификување и промовирање на подрачја/локалитети што имаат атракција за одржлив туризам;
- идентификување сезонски пикови и падови на посетеност на дестинацијата;
- месечни и дневни анализи на бројноста на посетители;
- анализи на бројноста на посетители за време на државни празници или настани (фестивали и слично);
- анализи на бројноста на посетители во текот на денот;
- предвидување на долгорочни и краткорочни трендови во однос на бројноста на посетители и притисоците за наследството за период од 5-10 години.

Подобрувањето на достапноста и пристапноста за сите категории посетители до поединечно заштитените добра и до значајни ареали на доброто ќе го подобри и искуството на посетителите, како и разбирањето на вредностите на ова светско наследство.

Овој План за посетители ќе се фокусира и на обезбедувањето високо квалитетни содржини за посетителите, соодветна промоција на светското наследство и потребата за

[49] http://81.47.175.201/stodomingo/attachments/article/244/ManagingTourismWorldHeritageSites.pdf; http://whc.unesco.org/sustainabletourismtoolkit/sites/default/files/UNESCO%20toolkit%20PDFs%20guide%208C.pdf

зголемување на ползата од туризмот за локалната економија со максимално почитување на исклучителната универзална вредност на доброто.[50]

За да се овозможи изработка на детален План на посетители неопходно е да се воспостават механизми за собирање на податоци. Потребно е да се процени состојбата на објектите за посетители и по потреба да се направат планови за евентуално подобрување.

Во отсуство на достапни податоци, се пропорачува како краткорочна мерка да се изработи План за управување со посетители.

## 10.5. Контрола врз внесувањето на алохтони видови

Нема доволно информации за состојбата со алохтоните видови и заради тоа со Планот се предвидува изработка на студија со која ќе се анализира присуството и на последиците од алохтоните видови. Како соодветна мерка за делување на автохтоните видови се утврдува ревизија на риболовната основа што ќе ги третира овие аспекти и како важен криитериум, покрај комерцијалнте ефекци, ќе ја вклучи и биолошката разновидност.

## 10.6. Реставрација и ревитализација на екосистеми

Како најважни мерки и активности за зачувување на исклучителната универзална вредност на доброто се валоризацијата и ревалоризацијата на спомениците на природата: Студенчишкото Блато и Охридското Езеро и нивното прогласување како *рамсарски места*, а потоа и спроведувањето на заштитата на природата и биолошката разновидност.

Во 2019 година започна ревизијата на Планот за управување со Националниот парк „Галичица"; ревидираниот План за управување со Националниот парк ќе заврши до крајот на 2020 година, кога и истекува важноста на претходниот план. На тој начин ќе се обезбеди континуитет во управувањето со ова заштитено подрачје.

Фрагментацијата и деградацијата на клучните живеалишта ќе се надмине со изработка на студии за нивна реставрација и ревитализација и пилот-мерки за реставрација, а потоа, во зависност од резултатите на пилот-мерките, ќе се пристапи кон оптималните методи на реставрација и ревитализација. Се планира реставрација и ревитализација на фрагментираната макрофитна вегетација, враќање во првобитна состојба на деградираните подрачја, како, на пример, Острово - Свети Наум, каптажата кај Беј Бунар итн. Овие мерки дополнително ќе се прецизираат откако ќе бидат познати наодите од студиите што ќе се изготват во периодот 2021 - 2022година.

## 10.7. Одржливо рибарство

Риболовот во Охридското Езеро е уреден со Риболовната основа што е изработена во согласност со Законот за рибарство и аквакултура. За да се применат критериумите за биолошка рановидност неопходно е оваа Риболовна основа да се ревидира.

## 10.8. Заштита на пределот

Најважните закани врз пределот во наследството се неконтролираната урбанизација, бесправната градба, несоодветниот архитектонски израз на објектите и реализацијата на

[50] https://portals.iucn.org/library/sites/library/files/documents/PAG-027-En.pdf

инфраструктурни проекти што не ги третираат пределските карактеристики на соодветен начин.

Урбанизацијата со овој План се третира на начин што во Охридскиот Регион ќе воспостават мерки за заштита на природното и културното наследство и ќе се изменат и дополнат сите важечки урбанистички планови што не се усогласени со овие мерки.

Бесправно изградените објекти за кои постапките за донесување правен статус се завршени и за кои барањата за легализација се одбиени со издавање правосилни решенија за рушење, ќе се отстрануваат уште во текот на 2020 година.

За сите бесправно изградени објекти за кои трае постапка за доделување правен статус ќе се спроведат постапки за оцена на влијанијата врз животната средина и културното наследство. Во текот на овие процеси јавноста ќе биде вклучена на соодветен начин за да се овозможи неселективност и објективност на процената и да се издвојат само тие објекти што вршат најнегативни влијанија што ќе бидат предмет на отстранување. Студиите за оцена на влијанијата на животната средина и културното наследство ќе ги третираат сите бесправно изградени објекти во регионот на интегриран начин, односно ќе се изработи една Студија за аспектите на животната средина, културното наследство и пределот. Изработката на Студијата ќе се координира на централно ниво, а во процесот активно ќе се вклучат општините со обезбедување податоци и логистика во текот на посетите на терен.

Отстранувањето на објектите што ќе бидат посочени како закана за пределот и исклучителната универзална вредност, ќе биде поврзано со емисии во воздухот, почвата и водите, ако и штетна бучава и заради тоа ќе треба да се реализира многу внимателно. Ќе се изработи План за рушење според кој ќе се утврди динамиката/фазната реализација на отстранувањето и ќе се утврдат мерките за намалување на овие емисии. Отстранувањето на објекти, платформи и други цврсти или привремени објекти што се поставени во крајбрежјето ќе се врши во присуство на биолози за да се спречи вознемирување на живиот свет и деградација на живеалиштата. Процесот на отстранување на бесправно изградените објекти се очекува да заврши до крајот на 2025 година.

Планираната железничка пруга во состав на Коридорот 8 и автопатот А2 неизбежно ќе извршат влијание врз пределот и затоа нивните траси ќе се утврдат на начин што ќе се минимизираат кумулативните влијанија преку водење на расите во еден коридор или преку избор на тунелско решение. Постапката за избор на трасите и на мерките за ублажување на влијанијата врз пределот и биолошката разновидност ќе заврши до крајот на 2021 година.

## 10.9. Ублажување и адаптација на климатските промени

По пат на мониторинг утврдено е дека во последните 100 години концентрациите на фосфор во езерото се зголемени за 3.5 пати; езерото е сè уште олиготрофно, но со загревањето на надворешната температура процесите на еутрофикација ќе се забрзаат. За да се спречат процесите на еутрофикација, а со тоа и потенцијалното исчезнување на ендемски видови, во услови на предвидено затоплување од 0.04C$^0$до 2021 година, во наредната декада ќе мора да се намали внесот на фосфор за 50% (Beat Muller, Michael Sturm, and Alfred Wuest, 2007).

Научните трудови што ги третираат последиците од климатските промени врз статусот на екосистемот на Охридското Езеро како суперлативен феномен не даваат одговори како тие да се ублажат и кои приспособливи мерки да се применат. Затоа, со овој план се предвидува изработка на посебна Студија за климатските промени заради утврдување на овие одговори. Од литература и меѓународните искуства е утврдено дека одржувањето и ревитализацијата на блатните екосистеми има позитивно влијание на ублажувањето на климатските промени заради улогата на мочуриштата во секвестрацијата на јаглерод. Во Планот мерката

реставрација и ревитализација на Студенчишко Блато, што е предвидена со цел реставрација на клучните екосистеми за одржување на биолошката разновидност, е повторена за да се истакне уште еднаш важноста на овој екосистем за исклучителната универзална вредност на доброто заради спречување на деградација на ова предлог заштитено подрачје. По донесување на Планот за управување со природното и култуното наследство на Охридскиот Регион, министерот за животна средина и просторно планирање ќе донесе решение за привремена заштита на деловите на природата за кои се води постапка за прогласување.[51] Исто така, истакната е важноста од зачувување и унапредување на урбаното зеленило за амбиенталните вредности и спречување на појавата од топлотни острови со помош на изработка на стратегија, а урбано зеленило во рамките на Генералниот урбанистички план за Охрид и Струга, којашто произлегува од Законот за урбано зеленило. Промовирањето на урбаното земјоделство, колективното градинарство и други интервенции од овој вид,ќе придонесат за адаптација на климатските промени, но и за подобра социјална кохезија.

Предвидена е и изработка на Методологија за вршење на посебен конзерваторски мониторинг за влијанието на климатските промени и загадувањето врз недвижното културно наследство.

## 10.10. Зачувување и обновување на архитектонско-урбанистичките вредности

Унапредување на правната регулатива (ревидирање или носење нови закони и подзаконски акти) со цел обезбедување механизми за ефикасна спроведливост на заштитата и поедноставување на административните постапки во процесите на заштита на културното наследство.

Конзервацијата, реставрацијата и друг вид на непосредна заштита, но и унапредувањето на дејноста заштита на културното наследство се неопходни за обезбедување максимална физичка одржливост на културното наследство во Охридскиот Регион како предуслов за негово користење.

Во насока на спроведување на Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење потребно е да се изработат ажурирани геодетски подлоги како основа за изработка на заштитно-конзервторските основи кои ќе се вградат во урбанистички планови за 19 комплекси во Старото градско јадро во Охрид. Спроведувањето на урбанистичките планови во кои ќе бидат вградени заштитно-конзерваторските основи ќе биде сигурна гаранција за примена на соодветен режим на заштита во преземањето на градежни зафати и преземањето на мерки со кои се посега во интегритет на поединечните добра во Охридскиот Регион. Процесот на преземање мерки на непосредна заштита со кои може да се посегне по интергритетот на заштитените добра претпоставува доследна примена на Законот за заштита на културното наследство, што условува за секој поединечен конзерваторски проект, на кој претходно се спроведени конзерваторски истражувања, да се изврши стручна контрола на конзерваторски проекти, да се издаде конзерваторско одобрение, а изведувањето на работите на непосредната заштита континуирано да се спроведува конзерваторски надзор и да се врши прием на изведени работи. Заштитата на културното наследство е континуиран процес во кој е потребно да бидат запазени сите стандардни процедури од увид во состојбите, конзерваторски истражувања, изработка на конзерваторски проект, стручна контрола на конзерваторски проект, издавање конзервторско одобрение, конзерваторски надзор и прием на изведени работи. Во Акцискиот план не се наведени конкретни активности врз недвижни и движни добра, а на кои е потребна непосредна заштита. Во фазата на изработка на елаборатите за валоризација, односно ревалоризација на културното наследство во Охридскиот Регион, врз основа на извршен

[51] Во согласност со член 97 од Законот за заштита на природата.

непосреден увид во состојбата на културното наследство, ќе се детектираат потребите и приоритетите за негова идна заштита во согласност со состојбата во која се наоѓа и ќе бидат предвидени во годишните програми за работа на Заводот и музеј - Охрид. Во насока на доследна примена на меѓународно воспоставените протектолошки стандарди, кои претпоставуваат секоја заштитна активност да се темели на стручно согледување на состојбите, идентификување на причинителите за таквата состојба, како и утврдување на научни и стручни мерки за надминување на состојбите, во Акцискиот план не се наведени активности кои се поврзани со преземање конкретни дејствија врз културното наследство, а за кои претходно не се направени потребните истражувања.

## 10.11. Зачувување и презентација на селектирани археолошки локалитети

Состојбата во која се наоѓаат археолошките локалитети укажува на потребата од заокружување на нивната истраженост, користејќи недеструктивни методи, со што ќе се добијат релевантни податоци не само за локалитетот туку и за историскиот контекст на регионот. Со цел целосна и соодветна заштита неопходен е и целосен конзерваторски третман на откриените остатоци вклучително и археолошките наоди.

Презентацијата како еден од начините на популаризација на вредностите на културното наследство ќе биде целта на конзервираните археолошки локалитетите за чие целосно претставување пред посетитетлите е неопходна и потребната пристапна инфраструктура и содржини кои ќе ги задоволат потребите на посетителите.

Ризиците со кои се соочува културното наследство упатуваат на потребата од создавање механизми за унапредување на ефикасноста и квалитетот на безбедносната заштита на културното наследство (која се однесува на ризиците по културното наследство во случај на вооружен судир и природни непогоди) и заштитата на културното наследство од незаконски дејствија, односно за остварување ефикасна заштита од недозволени ископувања, намерно оштетување и уништување, кражби, присвојување, прикривање, недозволена трговија, криумчарење и други незаконски дејства против културното наследство.

### 10.11.1. План за управување со ризици од катастрофи [52]

Катастрофите и ризиците од катастрофите се неизбежен фактор кој може да влијае на нарушување или уништување на вредностите на доборото. Катастрофите се последица од опасностите кои можат да бидат дефинирани како природни (земјотрес, поплава, климатски промени) или предизвикани од човечкото делување (вооружен судир).

Ризикот од катастрофи се подразбира како функција на „опасност“ и „ранливост“.

Покрај земјотресите, природното и културното наследство е изложено на ризици од други опасности - пожар, до извесен степен поплавите[53] и други временски непогоди, како и техничко-технолошките хаварии и катастрофи.

- Карактерот на старите градски јадра е со релативно тесни улици кои ги оневозможуваат активностите за евакуација и помош во случаи на катастрофи.

Затоа, Планот за управување со ризик од катастрофи ќе ги зема предвид видовите и изворите на опасности што можат да влијаат на доброто и подложноста на природните и

[52] https://whc.unesco.org/en/managing-disaster-risks/

[53] Подрачјето на Охридскиот Регион, односно поедини негови делови или поединечки културни добра, можат, иако ретко, да бидат изложени на ризикот од поплави, најчесто поради несоодветниот одводен или канализациски систем (нивното недоволно одржување), но и од повремено излевање на некои од речните текови или во екстремен случај од нагло и енормно подигнување на нивото на Охридското Езеро.

културните добра на овие опасности од различен степен. Главната цел е превенцијата и управувањето со катастрофи, ублажување на ризиците, како и подготвеноста за итни случаи пред, за време и по катастрофата.

Ефективното спроведување на овој план ќе го зајакне зачувувањето и заштитата на природните и културните компоненти на доброто. Планот за управување со ризици од катастрофи периодично ќе се разгледува/ревидира со цел носење нови мерки како одговор на настанатите појави и идните потреби.

## 10.12. Подобрување на конзерваторскиот третман на заштитените добра

Од аспект на културното наследство Охридскиот Регион претставува посебна целина за која е потребно да се изработи Елаборат за валоризација/ревалоризација на културното наследство во Охридскиот Регион. Валоризацијата се врши за вредностите, својствата, функциите и значењето на сите видови културно наследство во Охридскиот Регион. Валоризацијата е високо стручна работа во која се прибира, средува и обработува расположливата документација за културното наследство, се врши увид во состојбата и негова идентификација, класификација, регистрација, но и се вршат наменски истражувања, се прават споредбени анализи и се утврдува режимот на заштита. Од исклучително значење за културното наследство во Охридскиот Регион е да се изработи Елаборат за валоризација/ревалоризација на културното наследство во Охридскиот Регион, кој ќе се темели на стручни и научни сознанија. Елаборатот ќе ги даде сите идни насоки и параметри за заштита на културното наследство во Охридскиот Регион. Елаборатот ќе преставува стручна основа за донесување соодветен акт за заштита, но и за изработка на заштитно-конзерваторските основи за Охридскиот Регион.

Стручната основа за заштита на културното наследство ќе се надополни со изработка на елаборати за валоризација на поединечно заштитените добра во Охридскиот Регион, со кои ќе се доспецифицираат сите мерки и режими на заштита на недвижното и движното културно наследство. Локалните и регионалните студии – економски валоризации на употребните потенцијали на сите видови културно наследство (со насоки за одржливо користење) ќе придонесат намените за кои ќе се користи културното наследство да бидат и во согласност со посебните аспекти на заштитата на културното наследство, но и со целите на одржливиот развој и користењето на културното наследство како живо културно наследство.

Интересот за недвижното наследство е насочен во *заштита на традиционалните урбани и рурални целини, културниот предел кои имаат голем капацитет за одржливо користење.* Во однос на движното наследство интересот е во насока на унапредување на просторните услови за негово чување и презентирање, но и оформувањето нови специјализирани музејски установи. Во поглед на нематеријалното наследство стратешкиот интерес е во унапредување на мерките за заштита во насока на негово негување и приближување до јавноста, но и искористување во развојни цели (претприемништво, туризам итн.).

Зачувавањето на универзалната исклучителна вредност на Охридскиот Регион е условена и од навремено и стручно спроведување на конзерваторските мерки но и од примената на сите други мерки на заштита. Во наведениот контекст во Акцискиот план посебно се изразени заложбите за подигнување на нивото на стручност на стручните кадри за заштита на културното наследство. Генералните насоки за унапредување на стручноста, како и формите на кои ќе се реализира специјализацијата и доедукацијата ќе бидат содржани во Националната стратегија за културното наследство. Националната стратегија ќе ја отслика и потребата од основање посебен Институт за културното наследство, како и потребата од трансформација на Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид во две

одделни установи Конзерваторски центар - Охрид и Музеј - Охрид. Програмираното финансирање на заштитата на културното наследство, што претпоставува финансирање врз основа на претходно извршени увиди на состојбата со културното наследство, како и можноста за повеќегодишно финансирање на проектите од областа на заштитата на културното наследство, со што ќе се овозможи континуирано заокружено финансирање на сите фази во постапките за конзервација на поединечно заштитено добро (конзерваторски истражувања, изработка на конзерваторски проект и конзервација/реставрација на предметното добро) е веќе согледана и соодветно воведена во новиот Закон за остварување на јавниот интерес во културата, кој е во собраниска постапка на донесување.

### 10.13. Подигање на свеста за значењето на природното и културното наследство во Охридскиот Регион

Бизнис-интересите на локалните заедници често се во спротивност со јавниот интерес и заштитата на наследството. Кога свеста за значењето на природното и кулурното наследство е ниска, изостанува грижата и посветеноста на граѓаните и се јавуваат закани за зачувување на исклучителната универзална вредност. Доколку локалните заедници не ја разбираат важноста на светското природно и културно наследство и не се запознаени со можностите за одржлив локален економски развој преку брендирање на наследството како атрактивна туристичка дестинација, нема да се добие соодветната поддршка на граѓаните и доброто нема да може соодветно да се заштити; можностите на развојот што се втемелени во вредностите на доброто нема да можат да се валоризираат.

Затоа заштитата на природното и културно наследство на Охридскиот Регион ќе се реализира само доколку се подигне јавната свест за вредностите на регионот кај сите граѓански и политички структури, на национално и локално ниво.

Постојат различни методи за подигање на свеста за значењето на светското природно и културно наследство. Како прв чекор при изборот на методите на комуникација е изработката на Програма за комуникација што ќе се заврши кон крајот на 2020 година. Програмата за комуникација ќе го содржи особено следното:

1. мапирање на засегнатите страни и целните групи според образование, пол, старост, интереси итн.
2. идентификување на перцепциите, ставовите и интересите за заштитата на доброто
3. дефинирање цели на програмата за комуникација и формулирање на порака или пораки за постигнување на тие цели:
   - слоган
   - секундарна порака
4. начин на комуникација:
   - електронски медиуми;
   - алтернативни медиуми;
   - социјални мрежи;
   - тркалезни маси, конференции, екскурзиии;
   - брошури, летоци.

Органите на државната управа и градоначалниците на општините Охрид, Струга и Дебрца, секој во рамките на своите надлежности, се должни да преземаат мерки за подигање на јавната свест и спроведување информативни програми со цел запознавање на населението со вредностите на регионот, потребата и значењето од почитување и заштита на природното и културното наследство на Охридскиот Регион. Органите на државната управа, општините, како и правните и физичките лица се должни да ја информираат јавноста за вредностите на

природното и културното наследство, за опасностите кои му се закануваат на природното и културното наследство, како и за преземените мерки за негова заштита.

### 10.13.1. Мапирање на засегнатите страни

Заштитата на природното и културното наследство зависи од соработката со засегнатите страни. Тие ги влучуваат надлежните институции во јавниот сектор, бизнис-заедницата и граѓанските организации. Прв чекор од изработката на Програмата за комуникација ќе биде мапирањето на засегнатите страни. Тоа ќе опфати анализи за синергистички и конфликтни релации помеѓу засегнатите страни, одржливиот развој што се воспоставува со примена на мерките за заштита во овој план и зачувувањето на исклучителната универзална вредност на доброто.

Во текот на мапирањето на засегнатите страни ќе се добијат одговори на следните прашања:

- дали засегнатата страна има интерес од заштитата на наследството;
- дали постојат потенцијални конфликти меѓу засегнатата страна и други засегнати страни што дејствуваат на територијата на доброто;
- искористување на вредностите на доброто од засегнатата страна за егзистенцијата или друг вид материјални придобивки;
- вид и обем на потенцијалното негативно влијание што засегнатата страна го врши или може да го изврши врз вредностите на наследството; да се нотира дали активностите што вршат негативно влијание се легални или нелегални;
- влијанија на мерките за заштита што се воспоставени на територијата на доброто врз засегнатите страни; опис на најважните влијанија врз таа засегната страна;
- позитивни влијанија што засегнатата страна ги врши или може да ги врши врз вредностите на наследството; опис на позитивните влијанија;
- позитивни влијанија од заштитата на наследството (на пример, екосистемски услуги) за засегнатата страна;

Во зависност од одговорите на овие прашања ќе се конципира Програмата за комуникација, така што на различен начин ќе се ангажираат засегнатите страни преку алатки за комуникација што се приспособени на карактеристиките и интересите на секоја од засегнатите страни. Интересна можност при мапирање на засегнатите страни ќе биде идентифкацијата на граѓани што се заинтересирани, професионално или аматерски, да даваат придонес во мониторингот при спроведувањето на Планот. Овој процес е наречен „граѓанска наука“ и тој во државата не е развиен. Доколку има интерес, Управата за животна средина и Управата за заштита на културното наследство ќе се ангажираат за поттикнување на оваа дисциплина.

### 10.13.2. Видови кампањи и други мерки за подигање на јавната свест

Поради недоволно познавање на исклучителната универзална вредност на Охридскиот Регион се наметнува потребата од едукација. Нејзината цел е да се опфатат соодветни целни групи и да се зголеми нивната свест за важноста на вредностите во регионот, можните ризици и придобивки, како и улогата на засегнатите страни, а особено поединецот во зачувувањето и одржувањето на исклучителната универзална вредност на регионот.

Со овој План за управување се предвидени едукативни медиумски програми за културното наследство и формирање на информативно-едукативни центри со цел промоција на природното и културното наследство во Охридскиот Регион.

Врз основа на позитивните искуства (Somipam R. Shimray, 2014), во врска со промовирањето на наследството со Планот се предлага одржување на сооодветни фестивали посветени на промовирањето на културното наследство, културни тури и прошетки, награди за конзервација на културното наследство, уличен перформанс, печатени медиуми и портали за промоција на културното и природното наследство итн.

Подигнувањето на јавната свест нема да има изгледи за успех само со стручно, експертско и политичко ангажирање на јавниот сектор, затоа што значењето на природното и културното наследство е поврзано со сите аспекти од секојдневниот живот на граѓаните - работа, услуги, јавни површини, јавни објекти, јавен сервис, економски аспект, култура итн.

Затоа, граѓаните ќе имаат можност да се вклучат преку јавни дискусии, консултации, усогласување на ставови, договори, анкети, интервјуа, работилници, изложби, билтени и сл.

Кампањите ќе се финансираат од домашни извори, но и од меѓународни донатори. При конципирањето и утврдувањето на приоритети на проектните предлози за финансирање од страна на меѓународната заедница и во текот на спроведувањето на проектите активно ќе биде вклучен и граѓанскиот сектор.

#### 10.13.2.1. Кампањи преку социјални медиуми

Во денешно време е видлива моќта на дигиталните медиуми со посебен акцент на социјалните мрежи во размена и дисеминација на информации кои може да придонесат во подигнување на јавната свест. Според истражувањата, социјалните медиуми се најсовремен и најпрактичен начин за успешно користење на знаењето и создавање стратегија за напредок.

Преку развој на иновативна маркетинг кампања за природното и културното наследство, визијата на овој план ќе се пренесе до сите на интерактивен начин.

Министерството за животна средина и просторно планирање[54] и Министерството за култура[55] одржуваат *Facebook* страници преку кои ќе презентираат теми од интерес за заштитата на природното и културното наследство. Дополнително, двете министерства користат *Tweeter* за комуникација со граѓаните, што ќе се стави во функција за подигањето на свеста за значењето на природното и културното наследство во Охридскиот Регион.

## 10.14. Едукација

### 10.14.1. Едукација на професионалци и јавна администрација

Непостоењето систем во образовниот процес за континуирана едукација и специјализација на кадри од областа на заштитата на културното и природното наследство придонесува до нагласена атрофија на службите за заштита на природното и културното наследство. Ова резултира со носење одлуки од страна стручните служби за заштита кои не се поволни за природното и културното наследство.

Заводот за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид (надлежна институција за заштита на културно наследство во Охридскиот Регион), во координација со Националниот конзерваторски центар - Скопје се најзначајните установи кои со своето стручно

[54] https://www.facebook.com/MOEPPMKD/
[55] https://www.facebook.com/Ministerstvo.za.kultura/

и професионално делување може да придонесат кон зачувување на исклучителната универзална вредност на културното наследство. Континуирната стручна едукација и професионална надградба на стручниот кадар во овие установи особено во усовршување на знаењата поврзани со непосредната заштита на културното наследство е од витално значење за одржувањето и ревитализацијата на културното наследство. Во состав на Заводот и музеј - Охрид постои Одделение за архитектура кое е опремено со потребната опрема за изведување истражувачки работи, изработка на проекти и студии за унапредувањето на културното наследство. Постои и Одделение за документација – ИНДОК, во кој е сместена целокупната документација којашто ја има институцијата за движното и недвижното културно наследство на територијата од заштитениот регион. Ограничените финансиски средства, како и немањето на соодветен стручен кадар придонесува дел од старата документацијата сè уште да не е дигитализирана.

Со формирањето на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид се оформува кадар кој е неопходно потребен за функционирањето на угостителството и туризмот. Ова претставува услов за развој на сите форми на туризам во кои локалната власт и населението ја гледаат развојната шанса.

Постоењето на ЈНУ Хидробиолошки завод - Охрид (основана во 1934 год.) го докажува фактот дека науката отсекогаш била заинтересирана за состојбите со биодиверзитетот на езерото и неговата поблиска околина.

Соодветно информирање и промоција за вистинските вредности придонесува за подигање на јавната свест, пред сè, на локалното население како основен фактор за зачувување на вредностите. Целта е заштита, зачувување и презентирање на интегралното добро во функција на секојдневниот живот и негова меѓународна афирмација.

**Во текот на изработката на Планот, а во комуникација со различни засегнати страни, утврдено е дека палењето на трската од локалното население и од службите се смета за традиционален начин за отстранување на биомасата по сушењето на трската наесен. Неопходно е да се пренесе пораката за штетите што се поврзани со овој вид пракса.**

Главна цел е да се подобри нивото на информираност, едукацијата и промоцијата за вредностите, спроведувањето на истражувачки активности, како и подигање на јавната свест особено во општините Охрид, Струга и Дебрца со цел да се вклучат целните групи на национално и на локално ниво и да се подигне нивната свест за прашања кои се однесуваат на заштитата на доброто.

НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид ќе биде задолжена за развивање на активности за подигнување на јавната свест за значењето на културното наследство преку организирање на едукативни настани и публикации кои ќе влијаат на одржливо однесување на јавноста кон културно-историските споменици.

Промовирање на природните вредности ќе вршат вработените во Националниот парк „Галичица“. За таа цел постојат инфоточки и едукативни материјали што повремено треба да се возобноват за да ги следат трендовите на комуникациски алатки и да бидат во чекор со резултатите од најновите научни истражувања во врска со биолошката разновидност и екосистемски услуги.

Со овој план е предвидено да се спроведе процена на потребите за обука на вработените во надлежните институции за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион на национално и локално ниво и да се изработи Програма за обука. По изработката на Програмата континуирано ќе се спроведуваат обуки во согласност со утврдените потреби.

### 10.14.2. Едукација на млади

Светското наследство се користи и како образовен ресурс. Зачувувањето на природното и културното наследство за сегашните и идните генерации е многу сериозна задача. Поттикнувањето на свеста за значењето на наследството е клучот за неговото зачувување, а најмоќното и најефикасно средство е образованието на младите. Младите се тие што во иднина ќе донесуваат одлуки и ќе ја имаат задачата да ги зачуваат вредностите на наследството.

Во таа насока, училиштата имаат значајна улога во поттикнувањето на младите да го разберат поширокото значење на добра од светското наследство, како и влијанието кое како поединци може да го имаат за состојбата и иднината на доброто.

За таа цел, во 1999 година УНЕСКО подготви образовно наставно помагало *Светското наследство во рацете на младите*,[56] чија цел е да го воведе концептот на едукација за областа на светското наследство во образовниот систем. Помагалото има за цел да ги вклучи младите во едукацијата за наследството и во активностите за негово зачувување во и надвор од училниците, на локалните и националните локалитетите, во соработка со сите чинители, како што се: имателите, општините, граѓанскиот сектор и локалната и централната власт/управа.

Наставното помагало е со голема вредност, бидејќи е изработено врз темелите на практичното искуство и е наменето за наставниците во средните училишта:

- кои предаваат насекаде низ светот во сосема различни услови, вклучувајќи ги и тие што се многу тешки (отсуство на училишна инфраструктура, недостапни наставни материјали и опрема, голем број ученици во класот, преоптоварени наставни планови итн.), како и за тие кои работат во училишта опремени со најнова технологија во образованието (пристап до интернетот итн.);
- за тие што на ученици на возраст од 12 - 18 години им предаваат различни предмети: географија, историја, мајчин јазик, природни науки, математика, ликовна уметност итн.

Преку иновативни образовни пристапи се дава поддршка за зачувувањето на светското наследство, а со тоа на младите/учениците им се овозможува:

- да осознаат и да научат повеќе за културните и за природните локалитети во регионот впишани на Листата на светско наследство кои поседуваат исклучителна универзална вредност;
- да се здобијат со нови вештини потребни за да се помогне за зачувување на овие локалитети како светско наследство;
- да изградат нови ставови и трајна посветеност кон зачувувањето на нашето локално, национално и светско наследство за сегашните и идните генерации;
- да одиграат клучна улога во чувањето на исклучителната културна и природна разновидност во светот преку меѓународна соработка.

Наставното помагало преку разни форми на активности, посети на локалитети и сл. овозможува младите да ги стекнат потребните знаења и вештини во препознавање и заштита на светското наследство.

### 10.14.3. Едукација на туристички водичи

Туризмот е една од најбрзо растечките индустрии во Охридскиот Регион и е голем извор на приход за локалното население. Како индустрија ориентирана кон луѓето, туризмот,

[56] www.unesco.org/whc/education; *Светското наследство во рацете на младите* - Скопје: Министерство за култура на Република Македонија, Национална комисија на УНЕСКО, 2012

исто така, обезбедува многу работни места што помага во заживување на локалните економии. Сепак, како и другите форми на развој, туризмот може да предизвика и проблеми како што се социјална дислокација, губење/оштетување (физичко и/или механичко) на културното наследство, економска зависност, губење на карактеристични својства и намени со воведување несоодветни содржини заради „осовременување“, како и деградација на животната средина.

Токму затоа, потребно е да се подигне свеста кај туристичките водичи за можните влијанија што потенцијално ги врши масовниот туризам, како и да ги поттикне да влијаат како едукатори на туристите во насока на намалување на притисоците врз природните и културните вредности од туристичките посети. За таа цел, постои програма во УНЕСКО која помага да се идентификуваат начините на кои одржливиот туризам може да им се приближи на сите тие кои се вклучени во туристичкиот сектор.

### 10.14.4. Едукација на земјоделски производители

Со Планот се предвидува обука за земјоделските производители за одржливо земјоделство и воведување стимулативни мерки за промовирање/пласман на земјоделските производи што се одгледани на одржлив начин.

Едукацијата ќе вклучи примери за методи без употреба на агрохемикалии, примена на одржлива фертилизација, наводнување и организирано собирање на агроотпадот. Во текот на обуките земјоделците ќе добијат информации за улогата на земјоделството за заштитата на природното и културното наследство. Освен предавања, се планира одржување на инфосесии и форуми на кои ќе бидат присутни земјоделци претставници на откупни центри за земјоделски производи и трговски друштва - производители на земјоделски производи од регионот. На тој начин ќе се влијае врз осигурување на пласманот на производите.

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Закана:** Неефикасно управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион<br>**Цел:** Зајакнување на управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот Регион | | | | | | |
| Зајакнување на правната рамка за управување | Изменување и дополнување на Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион[57] со цел воспоставување на правна основа за донесување на Правилник со кој ќе се пропишат заштитните зони и мерките за заштита на природното и културното наследство за секоја зона, како и зголемување на надлежностите на Комисијата за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион, со цел овозможување на ревитализација на урбанистичко-архитектонските вредности на културното наследство во Охридскиот Регион и зголемување на контролата врз утврдувањето на правниот статус на бесправно изградените објекти. | МК и МЖСППѓ | 05.2020-10.2020 | / | Изменет и дополнет Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион, воспоставена правна основа за донесување на Правилник со кој ќе се пропишат заштитните зони и мерките за заштита на природното и културното наследство за секоја зона и доделување на повеќе надлежности на Комисијата за управување со природното и културното наследство, за овозможување на ревитализација на урбанистичко-архитектонските | Препораки бр. 6, 7 и 11 од Извештајот |

[57] Новиот Закон за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион е повлечен од Собранието на РСМ на доработка. До мај 2020 година ќе се одлучи дали ќе се продолжи со постапката за усвојување на новиот закон или ќе се интервенира во постојниот Закон. Во секој случај, со интервенциите ќе се даде правна основа за пропишување на заштитните зони и режимот на заштита и проширување на надлежностите на комисијата.

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | вредности и контрола врз утврдувањето на правниот статус на бесправно изградените објекти | |
| | Донесување Правилник со кој ќе се пропишат заштитните зони и мерките за заштита на природното и културното наследство за секоја зона во границите на Охридскиот Регион | МК, МЖСПП и МТВ | 10.2020 - 7.2021 | / | Донесен Правилник и пропишани заштитните зони и мерките за заштита | Препораки бр. 6 и 7 од Извештајот |
| | Изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство[58] и пропишување основа во Законот за задолжителна изработка на Студија за влијание на културното наследството во процесот на изработка на планска и проектна документација за реализација на објекти и инфраструктура во заштитени подрачја, како и прецизирање на стручните компетенции за планирање, проектирање и преземење конзерваторско-реставраторски работи во заштитеното подрачје. | МК во соработка со УЗКН | 5.2020 - 10.2020 | / | Ревидиран Закон за заштита на културното наследство и даден основ во Законот за изработка на студии за влијание на културното наследство во процесот на изработка на планска и проектна документација за реализација на објекти и инфраструктура во заштитени подрачја, како и прецизирање на стручните компетенции за планирање, | Препораки бр. 6 и 7 од Извештајот |

[58] Во фаза на изработка е нов Закон за заштита на културното наследство. Со новиот Закон кој е во фаза на изработка се предефинираат повеќе правни инстументи кои се релавантни за заштитата на културното наследство, но и се предлага нова организациона поставеност во остварувањето на заштитата а културното наследство. Во зависност од напредокот на постапката на донесувањето на новиот Закон правните сегменти значајни за управувањето со Охридскиот Регион ќе бидат вградени или во новиот Закон или ќе се интервенира во постојниот Закон.

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | проектирање и преземење на конзерваторско реставраторски работи во заштитеното подрачје. | |
| | Ревидирање на Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење по претходно изработен Елаборат за ревалоризација со кој ќе се преоцени категоријата на заштитеното добро, а режимот на заштита ќе се усогласи со овој план. | МК, во соработка со УЗКН, Завод и музеј охрид-Охрид | 3 - 12.2020 | 120.000 мкд Буџет на РСМ | Ревидиран Закон за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење | Препораки бр. 6 и 19 од Извештајот |
| | Ревидирање на Правилникот за валоризација, ревалоризација и категоризација на културното наследство во делот на општите режими на заштита на културното наследство во согласност со категоријата и во делот на постапката и содржината на елаборатите за валоризација и категоризација.[59] | МК, во соработка со УЗКН | 05 - 9.2020 | / | Ревидиран Правилникот | Препораки бр. 6 и 19 од Извештајот |
| | Ревидирање на Правилникот за содржината и методологијата за изработка на заштитно-конзерваторските основи за културното наследство поради рационализирање на | МК, во соработка со УЗКН | 05-09 2020 | / | Ревидиран Правилникот | Препораки бр. 6 и 19 од Извештајот |

[59] Со Правилникот за валоризација, категоризација и ревалоризација на културното наследство („Сл. весник на РМ“ бр.111/05 и 130/13) се пропишани критериумите, условите,и начинот на валоризација, категоризација и ревалоризација на културното наследство, содржината на елаборатите и начинот на обезбедување на ревизија на елаборатите.

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | постапката на изработка на заштитно-конзерваторските основи[60] | | | | | |
| | Донесување нов Закон за урбанистичко планирање | МТВ | 5.2020 - 7.12.2020 | / | Донесен закон | Препораки бр. 6 и 7 од Извештајот |
| | Донесување Закон за прогласување на Студенчишко Блато за заштитено подрачје | МЖСПП | 2.2021 - 6.2021 | / | Донесен Закон за прогласување на Студенчишко Блато за заштитено подрачје | Препорака бр. 17 од Извештајот |
| | Донесување Закон за прогласување на Охридско Езеро за споменик на природата | МЖСПП | 10.2021 - 5.2022 | / | Донесен Закон за прогласување на Споменикот на природата - Охридско Езеро | Препорака бр. 17 од Извештајот |
| | Ревидирање на Законот за заштита на природата во делот на зајакнување на надлежностите на инспекторот за природа | МЖСПП | 5.2021 - 10.2021 | / | Ревидиран Закон за заштита на природата во делот на зајакнување на надлежностите на инспекторот за природа | Препорака бр. 17 од Извештајот |
| | Измена и дополнување на Законот за градење со цел за давање правна основа за пренесување на надлежноста за управување на крајбрежјето на | МТВ, во соработка со МК и МЖСПП | 5.2020 - 5.2021 | / | Изменет и дополнет Закон за градење, со цел давање правена основа за пренесување | Препораки бр. 7 и 9 од Извештајот |

[60]Заштитно-конзерваторска основа е документациска основа за третманот на недвижното културно наследство во просторните и урбанистичките планови.Заштитно-конзерваторските основи содржат текстуален, графички и документарен приказ за заштитени и недвижни добра предвидени за заштита на подрачјето на опфатот на планот, со податоци за самите добра, непосредната околина, пристапите и поширокото подрачје на влијание, релевантни за планирањето и уредувањето на просторот и содржината на планот. Со Правилникот за методологијата за изработка на заштитно-конзервторските основи („Службен весник на РМ“ бр. 111/05) се пропишуваат содржината и методологијата за изработка на заштитно-конзервторските основи.

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Охридското Езеро од локално на национално ниво, како и предефинирање на поимите урбана опрема и времени објекти и усогласување на поимот „реконструкција“ со поимот „реконструкција“ од Законот за заштита на културното наследство | | | | на надлежноста за управување на крајбрежјето на Охридското Езеро од локално на национално ниво, како и предефинирање на поимите урбана опрема и времени објекти и усогласување на поимот „реконструкција“ со Законот за заштита на културното наследство | |
| | Донесување Закон за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти[61] | МТВ | Започната активност, ќе заврши до 7.2020 | / | Донесен Закон за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти | Препорака бр. 9 и 11 од Извештајот |
| | Измена и дополнување на Законот за внатрешна пловидба со цел контрола врз регистрирањето, користењето / одржувањето на глисерите и скутерите | МТВ, Капетанија | 2.2021 - 10.2021 | / | Изменет и дополнет Законот за внатрешна пловидба и воспоставена контрола врз регистрирањето, користењето / одржувањето на | Препорака бр. 7 и 18 од Извештајот |

[61] Новиот закон за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, кој е во собраниска постапка на донесување, се донесува заради довршување на започнатите постапки за легализација на бесправно изградените објекти. Во општините Охрид и Струга сè уште се во постапка голем број барања за стекнување на правен статус на бесправно изградени објекти. Со изменување и дополнување на Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион ќе се даде основа Комисијата за управување со светското природно и културно наследство давање на мислење за секој бесправно изграден објект во заштитеното подрачје да учествува во постапките за легализација.

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | глисерите и скутерите | |
| Зајакнување на стратегиската рамка за управување | Донесување Просторен план за природното и културното наследство во Охридскиот Регион | МЖСПП, во соработка со АПП | 2.2021 - 2.2023 | 32.500.000[62] мкд | Усвоен Просторен план за природното и културното наследство во Охридскиот Регион | Препорака бр. 7 од Извештајот |
| | Изработка на Национална стратегија за заштита и користење на културното наследство[63] | УЗКН | Започната активност, ќе заврши до 6.2020 | / | Усвоена Национална стратегија за заштита и користење на културното наследство | Препорака бр. 7 од Извештајот |
| Зајакнување на институционалната рамка за управување | Редовно одржување на седниците на Комисијата за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион | Комисија за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион | Квартално и почесто, по потреба | 1.500.000 мкд | Записници од одржани седници и објавени на веб страниците на МЖСПП и МК | Препорака бр. 11 од Извештајот |
| | Набавка на потребна опрема и возила за вршење увиди на културното наследство во Охридскиот Регион | НУ Завод и музеј - Охрид | 10.2020 - 12.2020 | 1.500.000 мкд / буџет на РСМ | Набавена потребна опрема и возила за вршење увиди на културното наследство во Охридскиот Регион | |
| | Вработување на 5 стручни лица во Завод и музеј - Охрид | | | 3.000.000[64] мкд /годишно | Вработени 5 стручни лица во НУ Завод и | |

[62] Средствата се пресметани во согласност со Методологијата што ја утврдува тарифата по еден километар квадратен за изработка на просторен план, за површина од 833.76 km².

[63] Националната стратегија ги содржи целите и основните начела на заштитата и следниве стратегиски определби: легислатива, финансирање, установи за заштита, јавна свест и едукација, идентификација, археолошки истражувања, заштита на недвижно културно наследство, заштита на движно културно наследство, заштита на нематеријално културно наследство, превенција од противправни дејства, заштита во случај на природни непогоди и вооружен судир, заштита на културното наследство од загадувањето на животната средина, користење на културното наследство, образование и едукација на кадри, дигитализација на културното наследство и популаризација на културното наследство. Националната стратегија содржи Акциски план за реализација со дефинирани активности, динамика, носители на активности и проекции на буџетски и вонбуџетски средства, како и показатели за евалуација на спроведувањето на Националната стратегија. Таа е во постапка на донесување.

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | музеј Охрид | |
| | Назначување тело за управување со Споменикот на природата - Охридско Езеро | МЖСПП | 3.2021 - 3.2022 | 3.360.000 мкд[65] годишно | Назначено и оперативно тело за управување со Споменикот на природата - Охридско Езеро | Препорака бр. 17 од Извештајот |
| | Назначување тело за управување со Споменикот на природата - Студенчишко блато | МЖСПП | 12.2020 - 10.2021 | 960.000 мкд /годишно[66] | Телото за управување со Споменикот на природата Студенчишко блато е назначено и оперативно | |
| Обезбедување континуирано финансирање на мерките и активностите утврдени со Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион | Воведување посебна програма во Буџетот на РСМ за финансирање на мерките и активностите утврдени со Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион | Генерален Секретаријат Владата на РСМ, МФ, МК и МЖСПП | 12.2020[67] | 6.200.000[68] мкд /годишно | Донесена програма за финансирање на мерките и активностите утврдени со Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион | Препораки бр. 7, 8, 11 и 12 од Извештајот |

[64] Пресметаните средства се за пет нови вработувања на конзерватори (архитекти, археолози, историчари на уметност).

[65] Средствата би се обезбедиле од буџетите на општините Охрид, Струга и Дебрца, за плати на двајца административни службеници во секоја општина и еден координатор на годишно ниво. Основањето на телото, доколку се одлучи управувањето да го превземат општините, нема да предизвика дополнителни фискални импликации.

[66] Средствата би се обезбедиле од буџетот на Општина Охрид, за плати на двајца административни службеници на годишно ниво. Основањето на телото, доколку се одлучи управувањето да го преземе Општина Охрид, нема да предизвика дополнителни фискални импликации.

[67] Во декември 2020 година ќе се усвои буџетот за 2021 година и ќе се донесе посебната програма

[68] Средствата од оваа програма ќе се користат за финансирање на работата на Комисијата за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион, Меѓудржавниот комитет за управување со сливот на Охридското Езеро, контрибуција кон Конвенцијата на УНЕСКО, хонорари за ангажирање меѓународни и национални експерти, спроведување на обуки за едукација на стручни лица од надлежните институции и други трошоци во согласност со донесената годишна програма.

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | од страна на Владата на РСМ | |
| | Изработка на Студија за оптималната институционална поставеност на управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот Регион со можност за основање на посебна Јавна установа за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион | МК, МЖСПП | 6.2022 - 6.2023 | 1,900.000 мкд / донации од билатерални или мултилатерални донатори | Утврдена оптималната институционална поставеност на управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот Регион | Препорака бр. 11 од Извештајот |
| Следење на состојбата на природното наследство во Охридскиот Регион | Континуирано следење на промени на природното наследство на Охридскиот Регион | МЖСПП, НПГ, ХБЗ, ЛСО и ЛСС | Континуирано | 6.000.000 мкд / национален и локални буџети | Промени на живеалиштата, на бројноста и дистрибуцијата на видовите, квалитетот на водите, нивото на езерото,состојбата со алохтони видови, обем на моторизиран сообраќај во езерото, површината и волуменот на непрописните депонии, број на легализирани / отстранети објекти, хектари земјиште за кое се донесени нови или се изменети и дополнети урбанистичките | Препораки бр. 13, 15, 16, 17, 18 и 19 од Извештајот |

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | планови заради усогласување со зоните и мерките за заштита утврдени со Планот за управување во согласност со Планот за мониторинг | |
| Следење на состојбата на културното наследство во Охридскиот Регион | Изработка на методологија за вршење посебен конзерваторски мониторинг | МК, УЗКН, ЗИМ-Охрид | 10 - 12.2020 | 60.000 мкд | Воспоставен систем и протоколи за мониторинг | |
| | Воспоставување протоколи за следење на состојбата на културното наследство со соодветна опрема во културните добра (на Пр. опрема за мерење на влага и др.) | | 10 - 12.2020 | 60.000 мкд | | |
| | Набавка и поставување соодветна опрема за следење на состојбата во културните добра. | | 12.2021 | 5.000.000 мкд | | |
| Едукација на сите засегнати страни со цел подобрено управување со наследството | Спроведување проценка на потребите за обука на надлежните институции за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион на национално и локално ниво и изработка на програма за обука | Генерален секретаријат на Владата на РСМ, МК, МЖСПП и МИОА | 6.2020 - 6.2021 | 922.500 мкд | Спроведена проценка на потребите за обука на надлежните институции за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион на национално и локално ниво и изработка на програма за обука | Препорака бр. 11 од Извештајот |

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Спроведување обука на надлежните институции за управување со природното наследство | | Континуирано | 1.000.000 мкд /годишно | Број на обучени лица по институција | Препорака бр. 11 од Извештајот |
| | Спроведување обука на надлежните институции за управување со културното наследство | | | 1.000.000 мкд /годишно | | |
| | Спроведување обука на надлежните инспекторати и инспекциски служби | | | 1.000.000 мкд /годишно | | |
| | Едукација на туристички работници и други субјекти заинтересирани за културен туризам | МК, УЗКН, АППТ, ЗТВПМ | Континуирано | 1.000.000 мкд / годишно | Број на реализирани обуки, работилници | |
| | Спроведување студиски посети, меѓународна размена со соодветни управувачки тела за природно и културно наследство на други држави | МК, МЖСПП, Комисија за управување со природното и културното наследство во Охрискиот регион | Континуирано | 500.000 мкд /годишно | Број на лица по институција што учествувале на студиските посети | |
| Подобрување на интегритетот на доброто | Дефинирање на граници на контактна зона на доброто | МЖСПП, МК, НУ ЗИМ-Охрид | 6.2020 - 10.2021 | 1.000.000 мкд | Одобрена контактна зона на доброто од страна на Комитетот за светско наследство | Препорака бр. 10 од Извештајот |
| Меѓудржавно управување со прекуграничното природно и културно наследство во Охридскиот Регион | Заедничка работа на Комитетот за управување со сливот на Охридското Езеро[69] | МЖСПП (РСМ), ЛСО, ЛСС, ЛСД, УЗКН (РСМ), Институт за споменици на културата (АЛБ), Директорат за заштита | Континуирано со динамика на билатерални состаноци уврдени со | 500.000 мкд | Записници од одржани состаноци објавени на веб-локациите на МК, МЖСПП, УЗКН, општини Охрид, Струга и Дебрца | Препорака бр. 12 од Извештајот |

[69] Договор меѓу Владата на РМ и Советот на министри на Албанија за заштита на одржлив развој на Охридското Езеро и неговиот слив, потпишан на 17.6.2004 и ратификуван на 10.6.2005 година

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | на природата (АЛБ), Регионален директорат за национална култура од Поградец (АЛБ), општина Поградец, Управа за заштитени подрачја, Поградец (АЛБ) | Деловникот за работа | | | |
| | Изработка и усвојување Стратегија за одржлив туризам во Охридскиот Регион во прекуграничен контекст | Комитетот за управување со сливот на Охридското Езеро, општини Охрид, Струга, Дебрца и Поградец | 6.2021 - 12.2022 | 1.000.000 мкд /меѓународни билатерални и мултилатерални договори | Усвоена Стратегија за одржлив туризам во Охридскиот Регион во прекуграничен контекст | Препорака бр. 12 од Извештајот |
| | Изработка и усвојување на Студија за одржливо земјоделство во Охридскиот Регион во прекуграничен контекст | Комитетот за управување со сливот на Охридското Езеро, ЛСО, ЛСС, ЛСД и Поградец | 6.2023 - 12.2024 | 1.000.000 мкд /меѓународни билатерални и мултилатерални договори | Усвоена Студија за одржливо земјоделство во Охридскиот Регион во прекуграничен контекст | |
| | Изработка и усвојување на Студија за пределска разновидност и заштита на пределот во прекуграничен контекст | Комитетот за управување со сливот на Охридското Езеро, ЛСО, ЛСС, ЛСД и Поградец | 6.2024 - 12.2025 | 1.500.000 мкд / меѓународни билатерални и мултилатерални договори | Усвоена Студија за пределска разновидност и заштита на пределот во прекуграничен контекст | |
| | Основање и спроведување на прекуграничен систем за следење на состојбите на природното и културното наследство во Охридскиот Регион | Комитетот за управување со сливот на Охридското Езеро, МЖСПП, УХМР, ХБЗ | Основање во 6.2022, спроведување континуирано, секоја година | | Промени на живеалиштата, на бројноста и дистрибуцијата на видовите, квалитетот | |

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | со утврдена динамика | | на водите, површината и волуменот на непрописните депонии, и други параметри согласно Протоколот за основање на прекуграничниот мониторинг на природното и културното наследство во прекуграничен контекст | |
| | Иницирање заеднички мониторинг и утврдување на заеднички квоти за риболов | Комитетот за управување со сливот на Охридското Езеро, МЖСПП, МЗШВ, ХБЗ | 6.2022 - 6-2023 | 1.000.000 мкд / меѓународни билатерални и мултилатерални договори | Утврдени заеднички квоти за риболов | |
| **Закана**: Влијанија на квалитетот на водите во сливот на Охридското Езеро<br>**Цел**: Минимизирање на влијанијата на водите во сливот на Охридското Езеро | | | | | | |
| Минимизирање на испуштање на непречистени отпадни води | Реконструкција на колекторот за собирање на отпадните води од секундарните канализациски мрежи долж Охридското Езеро | МЖСПП, ЈП Колекторски систем | Започната акивност ќе заврши до 12.2020 | 184.000.000 мкд / буџет на РСМ | Километри реконструиран колектор, количини на отпадни води зафатени со колекторот како процент од вкупно создадените отпадни води | Препорака бр. 13 од Извештајот |
| | Реконструкција на станицата за пречистување на отпадните води во Враништа | МЖСПП, ЈП Колекторски систем | 6.2022 - 12.2024 | 492.000.000 мкд / ИПА 3 (фондови на ЕУ) | Степен на пречистување на отпадните води (%) | |

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Доизградба на колекторот за собирање на отпадните води од секундарните канализациски мрежи долж Охридското Езеро од населбата Елен Камен до Радожда | МЖСПП, ЈП Колекторски систем | 2.2021 - 6.2022 | 52.275.000 мкд / меѓународни финансиски институции | Километри доизграден колектор, количини на отпадни води зафатени со колекторот како процент од вкупно создадените отпадни води | |
| | Изградба на две мали станици за пречистување на отпадните води од Трпејца и Љубаништа | МЖСПП, ЈП Колекторски систем | 2.2021 - 6.2022 | 49.200.000 мкд / ИПА 3 (фондови на ЕУ) | Степен на пречистување на создадените отпадниводи од Пештани и Свети Наум (%) | |
| | Доизградба на секундарната канализациска мрежа за сите населби во Охридскиот Регион | | 6.2022 - 12.2025 | 1.845.000.000 мкд / меѓународни финансиски исштитуции | Процент на население приклучено на секундарна канализациска мрежа | |
| Спречување и ограничнување на внесот на седименти во езерото | Реконструкција на старото корито на реката Сатеска од Волино до Црн Дрим; (8 km); изградба на структура за пренасочување на дел од протокот на реката Сатеска; регулација на горниот тек на реката Сатеска од Волино до Клемештица (20 km); изградба на таложници за нанос во горниот тек на реката Сатеска; пошумување и други антиерозивни мерки за намалување на седиментот што го транспортира реката Сатеска. | ЕЛЕМ, МЗШВ | 2.2021-12.2024 | 873.000.000 мкд / меѓународни донатори и меѓународни финансиски исштитуции | Депониран нанос во Охридското Езеро (тони) годишно | |

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Контрола на нивото на водата во езерото | Изработка на студија за опимални веријации на нивото на Охридското Езеро и за највисоката кота на езерото | УХМР, ЕЛЕМ | 2.2022-12.2022 | 1.000.000 мкд / ЕЛЕМ | Изработена Студија за оптимални веријации на нивото на Охридското Езеро и за највисоката кота на езерото | Препорака бр. 12 од Извештајот |
| | Ревидирање на договорот со Албанија за испуштање на одредена количина вода за нејзините енергетски потреби | МЖСПП, МК, МНР | 2.2023 - 2.2024 | / | Ревидиран договор со Албанија за испуштање одредена количина вода за нејзините енергетски потреби | |
| | Следење на варијациите на котата на Охридското Езеро заради спречување на прекумерно спуштање или пораст на нивото на езерото заради заштита на екосистемот и одделните видови во Езерото, односно спречување на поплави и настанување на материјални и други штети | УХМР, ЕЛЕМ, МЖСПП | континуирано | / | Варијациите на котата на Охридското Езеро во текот на годината | |
| Спречување на загадувањето на езерото со отпадни масла и хемиски супстанци од пловните објекти | Изработка на Студија за оцена на влијанијата од водниот транспорт во Охридското Езеро | МТВ, Капетанија | 2.2024 - 2.2025 | 1.000.000 мкд / буџет на РСМ и меѓународни билатерални и мултулатерлни договори | Изработена Студија за оцена на влијанијата од водниот транспорт во Охридското Езеро | Препорака бр. 18 од Извештајот |
| | Ревидирање на рутите на водниот транспорт, во согласност со зонирањето на Охридското Езеро што е извршено со Планот за управување со Споменикот на природата - Охридско Езеро | | 5.2025 - 12.2025 | / | Ревидирани рутите на водниот транспорт во согласност со зонирањето на Охридското Езеро што | |

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | е извршено со Планот за управување со Споменикот на природата - Охридско Езеро | |
| | Контрола врз одржувањето на пловните објекти што сообраќаат во Охридското Езеро | | Континуирано | | Број на извршени контроли и износ на средства наплатени од глоби и други казни | |
| | Контрола на пловните објекти што се стационирани во Студенчишкиот Канал | | | | | |
| Одржливо управување со отпад | Изработка на Студија за опции за финансирање на интегрираниот регионален систем за управување со отпад во 4 плански региони и избор на нова локација за регионална постројка за отстранување на отпадот во Југозападниот плански регион | МЖСПП | Започната активност, ќе заврши најдоцна до 2.2020 | 7.380.000 мкд / Европска банка за реконструкција и развој | Избрана опција за финансирање | Препорака бр. 16 од Извештајот |
| | Набавка на опрема за собирање и селектирање отпад за Југозападниот плански регион | МЖСПП | 2.2021 - 9.2021 | 335.000.000 мкд / меѓународни финансиски институции и инвестициски грант од WBIF[70] | Набавена опрема за собирање и селектирање на отпад за Југозападниот плански регион | |
| | Затворање на непрописните депонии (вклучително и на „Буково“) | МЖСПП | 5.2021 - 10.2023 | 676.500.000 мкд / меѓународни финансиски институции, инвестициски | Затворени непрописни депонии (вклучително и на „Буково“) | |

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | грант од WBIF | | |
| | Изградба на постројките за претовар и отстранување на отпад за Југозападниот плански регион | МЖСПП | 9.2022 - 12.2024 | 1.476.000.000 мкд / меѓународни финансиски институции, инвестициски грант од WBIF | Изградени постројките за претовар и отстранување на отпад за Југозападниот плански регион | |
| **Закана:** Неодржливо земјоделство и шумарство<br>**Цел:** Примена на одржливо земјоделство и шумарство | | | | | | |
| Одржливо користење на вештачки ѓубрива и пестициди | Изработка на долгорочна Програма за одржливо земјоделство | МЗШВ и МЖСПП | 2.2024 - 3.2025 | 3.000.000 мкд / меѓународни билатерални и мултилатерални донатори | Изработена долгорочна Програма за одржливо земјоделство | / |
| Одржливо наводнување | | | | | | |
| Промовирање и поттикнување на одржливи земјоделски практики | Обука на земјоделските производители за практицирање на одржливо земјоделство | МЗШВ, МИОА, МЖСПП | Започнуваат во 2025 и се спроведуваат континуирано на годишно ниво | 1.000.000 мкд годишно / меѓународни билатерални и мултилатерални донатори | Број на обучени земјоделци | |
| | Спроведување на мерки за поттикнување на одржливо земјоделство | МЗШВ, МФ | Започнуваат во 2026 и се спроведуваат континуирано на годишно ниво | 61.500.000 мкд /годишно / буџет на РСМи ИПАРД програмата | Износ на финансиски средства доделен за поттикнување на одржливо земјоделство | |
| Зајакната контрола врз пожари предизвикани од | Редовен инспекциски надзор | Шумска полиција | континуирано | / | Хектари изгорена шума, стрништа или | Препорака бр. 17 од |

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| човекот | | | | | трска | Извештајот |
| Зајакната контрола врз нелегална сеча | | | | | Број на спроведени инспекциски контроли, износ на пропишани глоби или друг вид казни | |
| **Закана:** Неодржлив туризам<br>**Цел**: Развивање на одржлив туризам | | | | | | |
| Контролирана крајбрежна трансформација за целите на одржлив туризам | Нанесување на границите на заштитните зони од Планот за управување на катастарски план | МТВ и АКН | 10.2020 - 7.2021 | 800.000 мкд / буџет на РСМ | Нанесени границите на заштитните зони на катастарски план | Препорака бр. 7 од Извештајот |
| | Донесување на урбанистички план за I-а и I-б заштитна зона | МТВ | 7.2021 - 12.2022 | 7.000.000 мкд / буџет на РСМ | Донесен урбанистички план, по претходно добиено позитивно Мислење од Комисијата за управување со природното и културното наслдство во Охридскиот Регион | |
| | Донесена урбанистичка документација за плажи | ЛСО и ЛСС | | /[71] | Донесен урбанистички план, по претходно добиено позитивно Мислење од Комисијата за управување со Природното и | |

[71] Трошоците за изработка на урбанистичката документација за плажи ќе паднат на товар на концесионерите на плажите што имаат склучено договор за краткотраен закуп со општината.

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | културното наследство во Охридскиот Регион | |
| | Спроведување редовни и вонредни контроли од страна на надлежни инспекциски органи со цел спречување неконтролирана урбанизација и уништување на функционалноста[72] на крајбрежјето | Инспекциски совет, инспекторати за животна средина, заштита на природата, градежништво и земјоделство | Континуирано | / | Број на спроведени инспекциски контроли, износи на пропишани глоби или друг вид казни | |
| Контрола врз уредувањето на постојните плажи | Издавање одобренија за урбаната опрема на плажите | ЛСО, ЛСС, ЛСД | | | Број на издадени одобренија за урбаната опрема на плажите | |
| | Редовни инспекциски контроли врз уредувањето на плажите | Инспекциски совет, овластен инспектор за градежништво, инспектор за природа, комунален инспектор, | | | Број на спроведени инспекциски контроли, износ на пропишани глоби или друг вид казни | |
| | Спроведување редовни инспекциски контроли за користењето и одржувањето на глисери и скутери | | | | Број на спроведени инспекциски контроли, износ на пропишани глоби или друг вид казни | |
| Воспоставување одржлив културен и алтернативен туризам | Изработка на Стратегија за одржлив туризам | ЛСО, ЛСС и ЛСД | 6.2020-6.2021 | 5.000.000,00 мкд Буџет на РСМ / Меѓународни билатерални и | Донесена Стратегија за одржлив туризам | Препорака бр. 7 од Извештајот |
| | Изработка на План за посетители | МК, МЖСПП, ЈУ НП Галичица, НУ ЗИМ- | | | Донесен План за управување со | |

[72] Крајбрежјето на езерото, доколку е во природна состојба (со висок степен на функционалност), може да ги извршува своите позитивни функции врз биолошката разновидност и квалитетот на водата на езерото, и тоа: филтрирање на седиментација и загадување; заштита од ерозија; остранување на нутриенти; контрола на температурата на водата; формирање и одржување на природни живеалишта; заштита и одржување на висока вредност на пределот, што е формиран од природни и културни атрибути што имаат историска вредност.

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Охрид, Капетанија на пристаништа-Охрид, ЛСО, ЛСС и ЛСД | | мултилатерални донатори | посетители | |
| | Поттикнување и поддршка за развој на брендирани производи од креативните индустрии темелени на културното наследство | МК, МЕ, АППТ, ЛСО, ЛСС, ЛСД | континуирано | 1.000.000 мкд Буџет на РСМ | Брендирани производи како значајно обележје на Охридскиот Регион | |
| | Означување на културното наследство во Охридскиот Регион со национален и меѓународен знак за заштита и други соодветни ознаки[73] | ЛСО, ЛСС и ЛСД, НУ ЗИМ-Охрид, МК, УЗКН | 9.2020-12.2021 | 2.000.000 мкд | Поставени национални и меѓународни знаци за заштита и други соодветни ознаки во Охридскиот Регион | |
| | Развој на традиционални занаети/формирање Центар за занаети и афирмирање на нематеријалното наследство на Охридскиот Регион | МЕ, НВО, ЛСО,ЛСС и ЛСД | 12.2022 | 3.000.000 мкд/ Буџет на РСМ, донации | Заживеани занаети и афирмирано нематеријално културно наследство | |
| Контрола врз концентрирањето и влијанијата од туристичките посети | Изработка на Анализа на влијанието и последиците од неконтролиран развој на туризмот и проценка на капацитетот на издржливост (carrying capacity) | МЕСТ, МК, МЖСПП, ЛСО, ЛСС, ЛСД, НУ ЗИМ-Охрид, НВО | 2.2021 - 2.2022 | 3.000.000,00 мкд Буџет на РСМ / меѓународни билатерални и мултилатерални донатори | Изработена процена на капацитетот на издржливост (*carrying capacity*) | |
| | Изработка и спроведување на сообраќајни планови за Охрид и Струга | ЛСО и ЛСС | Активноста е започната во Општина Охрид; да | 1.500.000 мкд / буџети на Општините | Изработени и ставени во функција сообраќајни планови за Охрид и Струга | |

[73] Заштитените недвижни добра задолжително се означуваат со знак за заштита. Со Правилникот за употреба на знаци за културното наследство определни со меѓунроден договор („Сл. весник на РМ“ бр.25/05), како меѓунродни знаци се дефинирани знакот за распознавање утврден со член 16 став (1) од Конвенцијата за заштита на културните добра во случај ва вооружен судир и знакот на светско наследство од Конвенцијата за заштита на светското природно и културно наследство.

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | започне во Струга во февруари 2020 и двете студии да завршат најдоцна до јуни 2021 | | | |
| **Закана**: Внесување алохтони видови<br>**Цел**: Контрола врз внесувањето на алохтони видови | | | | | | |
| Контрола врз порибувањето | Ревизија на Риболовна основа за Охридското Езеро што вклучува критериуми за заштита на биолошката разновидност во езерото и соодветни методи за порибување | МЖСВ, ХБЗ | Најдоцнадо 2022 година | 800.000 мкд / буџет на РСМ | Ревидирана риболовна основа за Охридското Езеро што вклучува критериуми за заштита на биолошката разновидност во езерото и соодветни методи за порибување | Препорака бр. 17 од Извештајот |
| | Инспекциски надзор на порибувањето | Инспектор за земјоделство | При секое порибување | / | Број на спроведени инспекциски контроли, износ на пропишани глоби или друг вид казни | |
| Зголемен обем на истражувања за состојбата и последиците од внесувањето на алохтони видови во езерото | Изработка на Студија за состојбата и последиците од внесувањето на алохтони видови во езерото | МЖСПП, во соработка со МЗШВ, Концесионер на Охридското Езеро, ХБЗ | 2.2022 - 2.2024 | 1.500.000 мкд / | Изработена Студија за состојбата и последиците од внесувањето на алохтони видови во езерото | |

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Закана**: Загуба и уништување на живелиштата<br>**Цел**: Реставрација и ревитализација на екосистеми | | | | | | |
| Одржување на биолошката разновидност во Националниот парк „Галичица“ | Ревизија на Планот за управување со Националниот парк „Галичица“ | ЈУ Националан парк „Галичица“, МЖСПП | 2019 - 2020 | / | Ревизија на Планот за управување со Националниот парк „Галичица“ | Препорака бр. 17 од Извештајот |
| Ревитализација на блатните екосистеми | Изработка на Студија за ревалоризација на Споменикот на природата - Охридско Езеро | МЖСПП | 5.2020 - 12.2021 | 3.000.000 мкд / Global Environment[74] Facility | Изработена и усвоена Студија за ревалоризација на Споменикот на природата - Охридско Езеро | |
| | Изработка на План за управување со Споменикот на природата - Охридско Езеро | МЖСПП | 3.2021 - 3.2022 | 1.000.000 мкд / Global EnvironmentFacility | Изработен усвоен и План за управување со Споменикот на природата Охридско Езеро | |
| | Изработка на Студија за валоризација за Предлогот за заштитено подрачје - Студенчишко Блато | МЖСПП | Започната активност, ќе заврши до крајот на 2020 година | 1.500.000 мкд / буџет на општина Охрид | Изработена и усвоена Студија за валоризација за Предлог за заштитено подрачје - Студенчишко Блато | |
| | Изработка на План за управување со Предлог за заштитено подрачје - Студенчишко Блато | МЖСПП | 12.2020 - 10.2021 | 1.000.000 мкд / буџет на општина Охрид | Изработен и усвоен План за управување со Споменикот на природата - Студенчишко Блато | |

[74]https://www.thegef.org/

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Поднесување и одобрување на Номинациското досие и прогласување на Охридско Езеро и Студенчишко Блато за рамсарски места | МЖСПП | Започната активност, номинацијата ќе биде поднесена најдоцна до 6.2020, а одобрена најдоцна до 12.2021 година | / | Прогласени Охридско Езеро и Студенчишко Блато за рамсарски места | |
| | Спроведување мерки за реставрација на делови од Студенчишко Блато | МЖСПП, ХБЗ | 6.2022 - 6.2024 | 5.000.000 мкд / меѓународни билатерални и мултилатерални донатори | Хектари реставрирано Студенчишко Блато | |
| Ревитализација на макрофитската вегетација | Изработка на студија за состојбата на и методите за реставрација и ревитализација на макрофитната вегетација во Охридското Езеро и пилотирање на експериментални мерки за реставрација и ревитализација | МЖСПП | 6.2021 - 6.2022 | 1.000.000 мкд / меѓународни билатерални и мултилатерални донатори | Пилотирани најмалку две мерки за реставрација на макрофитна вегетација во Охридското Езеро | |
| | Спроведување селективни мерки за реставрација и ревитализација на макрофитната вегетација во Охридското Езеро | | 2.2023 - 2.2025 | 2.000.000 мкд / меѓународни билатерални и мултилатерални донатори | Спроведена најмалку една мерка за реставрација и ревитализација на макрофитната вегетација | |
| Ревитализација на „жариштата” на биолошка | Изработка на Студија за состојбата и методите за реставрација и | | 2.2023 - 2.2025 | 1.000.000 мкд / меѓународни | Изработена на Студија за состојбата и | |

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| разновидност | ревитализација на „жариштата“ на биолошка разновидност | | | билатерални и мултилатерални донатори | методите за реставрација и ревитализација на „жариштата“ на биолошка разновидност | |
| | Спроведување селективни мерки за реставрација и ревитализација на „жариштата“ на биолошка разновидност | | 2.2025 - 2.2028 | 2.000.000 мкд / меѓународни билатерални и мултилатерални донатори | Спроведени селективни мерки за реставрација и ревитализација на „жариштата“ на биолошка разновидност | |
| Ревитализација на живеалиштата кај каптираните извори | Изработка на студија за состојбата на и методите за реставрација и ревитализација на живеалиштата кај каптираните извори | | 2.2023 - 2.2025 | 1.000.000 мкд / меѓународни билатерални и мултилатерални донатори | Изработена Студија за состојбата на и методите за реставрација и ревитализација на живеалиштата кај каптираните извори | |
| | Спроведување на селективни мерки за реставрација и ревитализација на живеалиштата кај каптираните извори | | 2.2025 - 2.2028 | 2.000.000 мкд / меѓународни билатерални и мултилатерални донатори | Спроведени селективни мерки за реставрација и ревитализација на живеалиштата кај каптираните извори | |
| **Закана:** Неодржливо рибарство<br>**Цел:** Одржливо рибарство | | | | | | |
| Одржливи практики на | Ревизија на Риболовната основа за | МЖСВ | 6.2021- | 800.000 мкд / | Ревидирана риболовна | Препорака бр. |

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| рибарство | Охридското Езеро, што вклучува критериуми за заштита на биолошката разновидност во езерото | | 10.2022 | буџет на РСМ | основа за Охридското Езеро што вклучува критериуми за заштита на биолошката разновидност во езерото | 17 од Извештајот |
| **Закана**: Нарушување на пределот<br>**Цел**: Заштита на пределот | | | | | | |
| Контролирана урбанизација | Донесување нови или измена и дополна на постоечки урбанистички планови заради усогласување со заштитните зони и мерките за заштита од Планот за управување | ЛСО и ЛСС | 7.12.2020 | 3.000.000 мкд / буџет на општините Охрид и Струга[75] | Донесување нови или измена и дополна на постоечки урбанистички планови заради усогласување со заштитните зони и мерките за заштита од Планот за управување | Препорака бр. 9 од Извештајот |
| | Вклучување на Комисијата за управување со природното и културно наследство во Охридскиот Регион во фазата на идејни проекти за објекти со намена А2 и А4 | Инвеститори на проекти со намена А2 и А4 | Континуирано | / | Број на издадени позитивни и негативни мислења од страна на Комисијата | |
| | Постапно отстранување на бесправно изградените објекти во заштитените зони за кои е издадено правосилно решение за отстранување од страна на надлежен орган | ЛСО и ЛСС, ВРСМ | 6.2020-12.2022 | 61.500.000 мкд / буџет на РСМ и буџет на општините Охрид и Струга | Број на отстранети бесправно изградени објекти | |
| | Спроведување на Оцената на влијанијата врз културното и природното наследство | МТВ | 6.2020 – 12.2021 | 2.000.000 мкд / буџет на РСМ | Утврдени бесправно изградени објекти кои | |

[75] Потребните средства за финансирање на изменувањето и дополнувањето на урбанистичките планови ќе бидат обезбедени и од приватни инвеститори.

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | според оцената на влијанијата врз природното и културното наследство ќе се отстранат | |
| | Постапна реализација на отстранување на бесправно изградените објекти во заштитените зони во согласност со спроведените оцени на влијание врз природното и културното наследство | ЛСО и ЛСС, ВРСМ | 2.2022 - 12.2025 | 61.500.000 мкд / буџет на РСМи буџет на општините Охрид и Струга | Број на отстранети објекти | |
| Контрола врз реализацијата на инфраструктурни проекти | Анализа на алтернативни траси на железничката пруга и избор на најсоодветна траса | ЈП за железничка инфраструктура | 3.2020 - 3.2021 | 3.000.000 МКД / буџет на РСМ | Усвоена алтернатива со минимални влијанија врз Исклучителните универзални вредности на доброто | Препорака бр. 1 од Извештајот |
| | Планирање на трасата на автопатот А2 и на мерките за ублажување на влијанијата врз животната средина и културното наследство, во синергија со изборот на трасата на железничката пруга Кичево - Лин | ЈП за државни патишта во соработка со ЈП за железничка инфраструктура | 10.2020 - 10.2021 | 3.000.000 мкд / буџет на РСМ | Усвоени траси на автопатот А2 и железничката пруга Кичево - Лин со минимални кумулативни влијанија врз животната средина, културното наследство и пределот. | Препораки бр. 2 и 3 од Извештајот |
| | Идентификација на траса на гасоводот што во содејство со избраната траса на 400 kV далноводот кон границата со Албанија и со плановите за урбанизација на крајбрежјето и населбите, ќе има минимални кумулативни влијанија врз | МТВ, МЕР, МЖСПП | Во зависност од програмата на Владата на РСМ за реализација на | 3.000.000 МКД / буџет на РСМ | Спроведени анализи на алтернативи и усвоена траса на гасоводот со минимални влијанија врз исклучителните универзални вредности | Препорака бр. 3 од Извештајот |

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | исклучителните универзални вредности на доброто | | гасоводната мрежа | | на доброто | |
| | Вклучување на Комисијата за управување со природното и културно наследство во Охридскиот Регион во сите фази на планирање на инфраструктурни проекти | Инвеститори на инфраструктурни[76] објекти (јавни и приватни) | континуирано | /. | Издадени мислења од страна на Комисијата | |
| Контрола врз пренамената на земјоделското во градежно земјиште | Издавање мислење од страна на Комисијата за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион за пренамена на земјоделско во градежно земјиште во првата и втората заштитна зона за природното наследство | Комисија за управување со природното и културното наследство во охридскиот регион, УЗКН, МЗШВ | континуирано | / | Број на одбиени барања за пренамена на земјоделско во градежно земјиште во првата и втората заштитна зона за природното наследство | Препорака бр. 7 од Извештајот |
| **Закана**: Климатски промени<br>**Цел**: Ублажување и адаптација на климатските промени | | | | | | |
| Истражување на климатските промени | Изработка и усвојување Студија за ублажувањето и адаптирањето на климатските промени на природното и културното наследство во Охридскиот Регион | МЖСПП | 6.2025 - 6.2027 | 3.000.000 мкд / Global Environment Facility или Зелен климатски фонд | Усвоена Студија за ублажувањето и адаптирањето на климатските промени на природното и културното наследство во Охридскиот Регион | / |
| | Изработка на методологија за вршење посебен конзерваторски мониторинг за влијанието на климатските промени и загадувањето врз недвижното културно | МК, МЖСПП, УЗКН | континуирано | | Изработена и усвоена методологија | |

[76] Под инфраструктурни објекти се подразбираат претежно линиски објекти, како, на пример, патна инфраструктура, железничка пруга, гасовод, далновод, оптички кабел итн., како и комплекси од градби, како, на пример, туристички зони, скијачки центри итн.

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | наследство. | | | | | |
| Реставрација на блатните екосистеми заради секвестрација на јаглерод | Спроведување мерки за реставрација на делови од Студенчишко Блато | МЖСПП, ХБЗ | 6.2022 - 6.2024 | 5.000.000 мкд / меѓународни билатерални и мултилатерални донатори | Хектари реставрирано Студенчишко Блато | Препорака бр. 17 од Извештајот |
| Зголемување на површините под зеленило во населбите и надвор од населените места | Изработка на Стратегија за урбано зеленило паралелно со изработката на ГУП за Охрид и Струга во согласност со Законот за урбано зеленило | ЛСО и ЛСС | 2.2021 - 6.2022 | 2.000.000 мкд /буџети на општините Охрид и Струга | Метри квадратни урбано зеленило по глава на жител | |
| | Изработка на Основен план за подигање, заштита и одржување на зеленилото во состав на урбанистичкиот план за I-а и I-б заштитна зона во согласност со Законот за урбано зеленило и Законот за заштита на природата | МТВ | 7.2021 - 12.2022 | 1.500.000 мкд / буџети на општините Охрид и Струга | Изработен Основен план за подигање, заштита и одржување на зеленилото во состав на Урбанистичкиот план за заштитните зони I-а и I-б во согласност со Законот за урбано зеленило и Законот за заштита на природата | |
| **Закана**: Загуба на урбанистичко-архитектонските вредности<br>**Цел:** Зачувување и обновување на урбанистичко-аритектонските вредности | | | | | | |
| Ре/валоризација на културното наследство во Охридскиот Регион | Изработка на Елаборат за ревалоризација културното наследство во Охридскиот Регион | МК, УЗКН, во соработка со НУ ЗИМ-Охрид | 2 - 12.2020 | 1.000.000,00 МКД/Буџет на РСМ | Изработен Елаборат за ревалоризација | |
| | Изработка на елаборати за ревалоризација и валоризација на поединечни споменици на културата | УЗКН, во соработка со Заводот и музеј - Охрид | 5.2020 - 12.2023 | 1.000.000,00 МКД/годишно Буџет на РСМ | Изработени елаборати како стручни основи за донесување на | |

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | соодветен акт за заштита | |
| | Изработка на локални и регионални студии - економски валоризации на употребните потенцијали за сите видови културно наследство (со насоки за одржливо користење) | МЛС, ЛСО, ЛСС и ЛСД, МК, МЕ, МЖСПП, МТВ, УЗКН, НУ ЗИМ-Охрид | 2022 - 2023 | / | Извршени консултации со национални субјекти во домен на животна средина, просторно планирање, економија (туризам) заради остварување на меѓусекторска компатибилност и неповторувачки проектни активности<br>Извршени консултации со иматели, корисници на културни добра и друг граѓански сектор<br>Изработени локални и регионални студии за економска валоризација. | |
| Интегрирање на заштитно-конзерваторските основи во процесот на просторно и урбанистичко планирање | Изработка на ажурирани геодетски подлоги со цел изработка на урбанистички планови за 19 комплекси во Старото градско јадро во Охрид | МТВ, во соработка со АКН | 5.2020 - 12.2020 | | Изработени ажурирани геодетски подлоги за 19 комплекси во Старото градско јадро во Охрид | |
| | Изработка на конзерваторски основи за урбанистичките планови за 19 комплекси во Старото градско јадро во | УЗКН во соработка со Заводот и музеј - Охрид | 2.2021 - 6.2022 | 1.000.000 мкд Буџет на РСМ | Изработени конзерваторски основи за урбанистичките | |

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Охрид | | | | планови за 19 комплекси во Старото градско јадро во Охрид | |
| | Изработка и спроведување паурбанистички планови за 19 комплекси во Старото градско јадро во Охрид | МТВ, Општина Охрид | 6.2022 - 12.2023 | 1.000.000 мкд Буџет на РСМ | Изработени и спроведени урбанистички планови за 19 комплекси во Старото градско јадро во Охрид | Изработени урбанистички планови |
| Спроведување на режимите/мерките за заштита и следење на нивното почитување | Спроведување стручна контрола на конзерваторски проекти, издавање на конзерваторско одобрение, вршење на конзерваторски надзор и прием на изведени работи | Завод и музеј - Охрид, УЗКН и стручни комисии | Континуирано | | | |
| | Конзервација, реставрација на поединечни заштитени добра во Охридскиот Регион[77] | Завод и музеј - Охрид | Континуирано | 8.000.000 мкд буџет на РСМ | Заштитени културни добра | |
| Контрола врз процесот на издавање на градежна дозвола за нови објекти од класата А2 (колективни станбени згради) и А4-1 (хотели) | Издавање мислење од Комисијата за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион за идејните проекти за нови објекти од класата А2 (колективни станбени згради) и А4-1 (хотели) | Комисија за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион | Континуирано | | Издадено мислење | |
| **Закана**: Загуба на археолошкото наследство предизвикано од засилена урбанизација и изградба на инфраструктурни објекти | | | | | | |

[77] Заштитата на културното наследство е континуиран процес во кој е потребно да бидат запазени сите стандардни процедури од увид во состојбите, конзерваторски истражувања, изработка на конзерваторски проект, стручна контрола на конзерваторски проект, издавање на конзерваторско одобрение, конзерваторски надзор и прием на изведени работи.Во Акциски план не се наведени конкретни активности врз недвижни и движни добра а на кои е потребна непосредна заштита. Во фазата на изработка на елаборатите за валоризација, односно ревалоризација на културното наследство во Охридскиот Регион, врз основа на извршен непосреден увид во состојбата на културното наследство, ќе се детектираат потребите за негова идна заштита во согласност со состојбата во која се наоѓа и ќе бидат предвидени во годишните програми за работа на Заводот и музеј - Охрид.

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цел**: Зачувување и презентација на селектирани археолошки локалитети | | | | | | |
| Археолошки истражувања, заштита и презентација на археолошкото наследство[78] | Доистражување на постојните археолошки локалитети со недеструктивни методи | Завод и музеј - Охрид, МС | Континуирано | | | Препорака бр. 19 од Извештајот |
| | Конзерваторски третман на откриените археолошки локалитети и движните наоди | | | | | |
| | Изградба на пристапни патеки до архелошките локалитети | ЛСО и ЛСС | | | | |
| Безбедносна заштита на културното наследство и заштита на културното наследство од незаконски дејствија | Донесување на методологија за процена на штетата на културното наследство причинета за време и како последица на вооружен судир или природна непогода | МК, УЗКН, ЦУК, ДЗС | 12.2021 | | Усвоена методологија | |
| | Превенција од нелегални ископувања и присвојување на артефакти (чуварски служби, видео надзор и други вид на безбедносни мерки) | УЗКН, Завод и музеј - Охрид и МВР | Континуирано | 1.000.000,00 мкд/Буџет на РСМ | Број на обезбедени археолошки локалитети | |
| | Изработка на План за управување со ризици од катастрофи | МК, Стручни тела | 12.2021 | | Донесен План за управување со ризици од катастрофи | |
| **Закана:** Ненавремена и несоодветна конзервација<br>**Цел**: Подобрување на конзерваторскиот третман на заштитените добра | | | | | | |
| Подобрени принципи и техники на заштита и | Воспоставување копродукции, соработки со високо образовни институции, јавно- | МК, во соработка со УЗКН, Заводот и музеј | Континуирано | /[79]* | Воспоставени копродукции и | |

[78] Заштитата на археолошките локалитети ќе биде во насока на доистражување на локалитетите кои во поголем обем се истражени, нивна конзервација и обезбедување неоходните мерки за нивна идна презентација (пристапни патеки, сигналитика и сл.). Динамиката на реализација и процената за потребните интервенции, како и финансиски средства ќе биде изразена во годишната програма на Министерството за култура и работата на надлежните институции.

[79] *Финансиските средства за реализација на одредени активности ќе бидат предвидени со посебните програми за секоја од активностите.

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| конзервација | приватно партнерства и друг вид соработка, во истражувачки, конзерваторско-реставраторски проекти, непосредна заштита, управување | - Охрид, научно-образовни установи | | | соработки | |
| | Преземење на конзерваторско - реставраторски работи за заштита и презентација на иконописните дела во Охридскиот Регион[80] | МК во соработка со Заводот и музеј - Охрид | Континуирано | 3.000.000,00 мкд (годишно) буџет на РСМ | Конзервиран иконопис | |
| | Преземење конзерваторско-реставраторски работи за заштита и презентација на живопис во Охридскиот Регион | МК во соработка со НУ Заводот и музеј - Охрид | | 3.000.000,00 мкд (годишно) буџет на РСМ | Конзервиран живопис | |
| | Одржување на културното наследство[81] | МК, Завод и музеј - Охрид | Континуирано | 500.000 мкд / годишно/ буџет на РСМ | Превентивно заштитено културно наследство | |
| | Спроведување обуки за принципите и техниките на конзервација | МК, УЗКН, Завод и музеј - Охрид | Континуирано | 500.000 мкд / буџет на РСМ и меѓународни билатерални и мултилатерални донатори | Број на обучени лица за принципи и техники на конзервација | |
| **Закана**: Ниска свест за значењето на природното и културното наследство во Охридскиот Регион<br>**Цел:** Подигање на свеста за значењето на природното и културното наследство во Охридскиот Регион | | | | | | |
| Промоција и популаризација | Изработка и спроведување на Програма | МК и МЖСПП | континуирано | /* | изработени програми | |

[80]Активностите, динамиката и потребните финансиски средства за реализација за конзервација на живописот и иконописот ќе бидат условени од спроведувањето на увидите во нивната состојба и утврдените приоритети. Потребните средства на годишно ниво се утврдуваат во Годишната програма за работа на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид.

[81]„Одржување“ - е задржување на културното наследство во состојба на оптимална целосност и функционалност со навремено преземање оперативни мерки и дејствија што се повторуваат програмски.

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| на природното и културното наследство во Охридскиот Регион | за комуникација | | | | | |
| | Спроведување на кампањи, користејќи рзлични комуникациски алатики во согласност со Програмата за комуникација | | | /* | Број на спроведени кампањи | |
| | Организирање и спроведување на работилници, конференции и тркалезни маси за различни прашања од областа на заштитата и промовирањето на природното и културното наследство | | | /* | Број на организирани работилници, конференции и сл. | |
| | Јакнење на граѓанското учество во селекцијата и прифаќањето на проектни предлози | МК, УЗКН, граѓански здруженија | Континуирано | /* | Број на прифатени проекти од страна на граѓаните како и нивната спремност да партиципираат во истите;<br>Број на иницијативи произлезени од форумите; | |
| | Јакнење на едукативни медиумски програми за културното наследство како културен ресурс и ресурс за социо-економски и културен развој на заедницата и од тој аспект потребата за негова заштита, чување и одржливо користење | МК<br>УЗКН, медиуми | Континуирано | /* | Број и вид на медиумски програми | |
| | Медиумско промовирање на позитивните аспекти во инвестирањето во културното наследство | МК, УЗКН, медиуми | континуирано | /* | Квантитативна медиумска застапеност | |

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Мерка | Активност | Носител на активности | Рок за реализација | Потребни финансиски средства (мкд) и извори на финансирање | Индикатор | Поврзаност со препорака на Реактивната мониторинг мисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Формирање на информативно-едукативни центри со цел промоција на природното и културното наследство во Охридскиот Регион | МК, МЖСПП, УЗКН, граѓански сектор | 2022 | /* | Број на формирани центри | |

## 11. Спроведување на Планот за управување и спроведување на мерки и активности за заштита

Спроведувањето на Планот за управување ќе обезбеди континуирана соработка на сите страни инволвирани во процесот од кои се очекува да ги преземат своите одговорности и функции заради усогласување со целите на Планот и спроведување на утврдените мерки и активности. Во спроведувањето се вклучени голем број институции и поединци кои имаат потенцијал да го дадат придонес, а посебен акцент е даден на вклучувањето на локалната самоуправа.

За координирано извршување на активностите утврдени во Планот и вршење надзор при неговото спроведување е надлежна Комисијата за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион како советодавно тело на Владата на Република Северна Македонија.

Управата за животна средина ќе работи на заштитата на природното наследство и подобрување на квалитетот на водите, како и воспоставувањето на регионалното управување со отпад во Југозападниот плански регион. Исто така, ќе иницира истражувања на состојбата со алохтоните видови, климатските промени и предизвиците што произлегуваат од нив и ќе поттикне мерки за ревитализација на значајните живеалишта.

Управата за заштита на културното наследство преку остварување на своите надлежности ќе придонесува во зачувување и ревитализација на архитектонско-урбанистичките аспекти, во подобрувањето на непосредната заштита, во презентација на археолошкото наследство, едукацијата и во вршењето на другите надлежности кои се во функција на заштитата на културното наследство во Охридскиот Регион.

Националниот конзерваторски центар - Скопје и Заводот за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид ќе преземаат заштитно-конзерваторски мерки на културното наследство во Охридскиот Регион секој според своите надлежности, како и спроведување мониторинг на состојбата.

Музејот „д-р Никола Незлобински" - Струга ќе презема мерки на заштита за движното културно и природно наследство кое е составен дел од збирката на овој музеј.

Јавната научна установа - Хидробиолошки завод - Охрид ќе преземе мерки за заштита на природното наследство во Охридскиот Регион, негово научно истражување и мониторинг, промовирање и обезбедување на генетски материјал од видовите.

Националниот парк „Галичица" ќе преземе мерки за заштита на природно наследство во рамките на подрачјето на Националниот парк и ќе се грижи за спречување на деградацијата кај природното наследство и во пределот на Националниот парк.

Општините Охрид, Струга и Дебрца и нивните органи и јавни служби заедно со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата ќе работат на спроведувањето на мерки и активности за заштита и промовирање на природно и културно наследство во Охридскиот Регион во рамките на нивните надлежности утврдени со овој или друг закон.

Имателите на природно и културно наследство во Охридскиот Регион ќе се грижат за одржувањето, чувањето, почитувањето и правилното користење на природното и културното наследство (доколку не го чуваат, одржуваат и правилно користат ќе се применат одредбите на Законот за заштита на културното наследство во смисла на извршување на мерката на заштита од страна на Завод и музеј - Охрид, а на трошок на имателот и преку назначување на старател на заштитеното добро).

Прекуграничното управување со доброто ќе се спроведува преку меѓудржавниот механизам - Комитет кој ќе се грижи за сеопфатна функционалност и зачувување на природното и културното наследство во регионот на Охридското Езеро. На овој начин ќе се зацврстат вредностите и интегритетот на заштитеното добро како светско наследство.

За националната и прекугранична соработка за интегрирано управување со доброто е неопходна соработка на сите одговорни структури на управување. Секојдневната соработка, вклучително и рутинска размена на информации, состаноци, советувања и заедничко учество во проекти ќе осигураат интегрирано управување и редовна комуникација со одговорните за управувањето со албанскиот дел од Охридското Езеро.

## 11.1. Финанасирање на спроведување на Планот за управување

Средствата потребни за спроведување на Планот за управување ќе се обезбедат од буџетот на РСМ, буџетите на општините Охрид, Струга и Дебрца, од меѓународни билатерални и мултилатерални донатори, како и од меѓународни финансиски институции. Средствата за предвидените активности можат да бидат обезбедени и од средства стекнати со користење со природното и културното наследство во Охридскиот Регион, како, на пример, влезници, надоместоци, туристичка такса и др.

Капиталните инвестиции за реконструкција и доизградба на колекторскиот систем ќе се финансираат преку програмата на Министерството за животна средина и просторно планирање за колекторскиот систем. Финансирањето на реконструкцијата на станицата за пречистување на отпадните води ќе се обезбеди преку средства од ЕУ (ИПА 3). Изградбата на регионалните постројки за управување со отпадот ќе се финансира преку меѓународни финансиски институции во комбинација со инвестициски грант. Пренасочувањето на реката Сатеска ќе се финансира преку комбинација на буџетски, грант средства и кредит од меѓународни финансиски институции.

Трошоците за изработка на студиите и доделувањето друг вид техничка помош, како, на пример, за ревитализација на вредни екосистеми, за одржливо земјоделство, за намалување и адаптација на климатските промени ќе се покрие со средства од донаторската заедница.

Средствата за заштита на културното наследство (непосредна заштита, популаризација, презентација итн.) ќе се обезбедат од буџетот на РСМ преку програмирано финансирање и приоритети.

## 11.2. Ревизија на Планот за управување

Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион се носи за период од 9 години.

Со оглед на тоа што визијата содржана во Планот покрива подолг временски период за управувањето со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион, така, и целите на Планот се релевантни за подолг временски период.

Новите сознанија, измената на социо-економските околности можат да влијаат на промената на управувачките приоритети и да наложат преземање дополнителни мерки, особено со оглед на фактот дека принципот на управувањето е еволутивен и динамичен процес којшто не престанува со донесувањето на Планот за управувањето со природното и културното наследство на Охридскиот Регион.

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

Во таа насока, ревизијата на Планот е потребно да се врши на секои три (3) години. Во случај кога ќе настанат промени, како, на пример, по донесувањето на Законот за управување со Споменикот на природата - Охридско Езеро и Споменикот на природата - Студенчишко Блато, задолжително ќе се ревидира Планот, зонирањето и мерките за заштита. Ревизијата на Планот може да е условена и од измените во позитивната законска регулатива.

Ревизијата на Планот за управување ја вршат Комисијата за управување со природното и културното наследство, Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство и Министерство за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина (секој во доменот на своите надлежности) врз основа на ажурираните податоци за спроведување на целите и примената на Акцискиот план на Планот за управување.

Циклусот на успешност за спроведување на Планот за управување е мерлив преку фазата планирање, спроведување, мониторинг (придружен со проценка на ефектот од спроведените мерки) и негова ревизија/оцена, при што повторно се пристапува кон процесот на планирање (или изработка нов План доколку се укаже потреба за тоа).

## 12. План за мониторинг

Планирањето на управувањето е динамичен процес и не завршува со изработка на Планот за управување. Затоа е особено важно спроведувањето на Планот редовно да се следи и ажурира. За да се осигура ефективната заштита на исклучителната универзална вредност на доброто, состојбите со заштитата на наследството континуирано ќе се следат, а резултатите од таквиот мониторинг ќе се одразат при процесот на ревидирање на Планот. Следењето на спроведувањето на Планот ќе овозможи и следење на управувањето со доброто, а добиените искуства ќе овозможат и приспособување и на управувачките активности во иднина.

На тој начин ќе се документираат вредностите на доброто заради кои тоа има исклучителна универзална вредност, ќе се докаже дали тие соодветно се одржуваат и се унапредуваат. Мониторингот дополнитено ќе обезбеди информации што се потребни за редовното известување кон телата на УНЕСКО.

Мониторинг на спроведување на Планот за управување врши Комисијата за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион преку доставени информации/извештаи од страна на надлежните институции.

Друга форма на мониторинг е надзорната расправа во Собранието на Република Северна Македонија која се одржува со цел да се добијат информации и стручни мислења за прашањата од делокруг на матичното работно тело во врска со утврдувањето и спроведувањето на политиката, извршувањето на законите и другите активности на Владата и на органите на државната управа. Организирањето надзорна расправа во Собранието на Република Северна Македонија е соодветна алатка за следење на примената на Законот управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион, како и на Планот за управување.

Мониторинг за спроведување на Планот ќе спроведува и Владата преку надлежните министерства и Управата за животна средина и Управата за заштита на културното наследство кои еднаш годишно доставуваат заеднички извештај.

Дополнително, ревизија на успешноста на Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион може да спроведе и Државниот завод за равизија.

Со овој план за потребите на мониторингот се идентификуваат параметрите/показателите што ќе бидат предмет на следење на предложениот начин:

- тие се значајни, затоа што со нивното следење е можно да се утврдат значајни промени на вредностите на наследството во заштитениот регион;
- тие може да се следат постојано, односно не постојат пречки што ќе предизвикаат дисконтинуитет на следењата, односно мерењата.

Параметрите/индикаторите што се избрани за следење се поделени на физички (природа: бројност на ендемски видови, култура: автентичност или зачуваност на спомениците на културата според вид, нивен број, густина на определено подрачје итн.) и следење на човечки активности (на пример, управување со посетители, испуштање отпадни води, количества на отстранет отпад, користење пестициди за заштита на растенијата, број на бесправно срушени изградени објекти во заштитениот регион итн.).

### 12.1. Мониторинг на човекови активности

Мониторирањето на човековите активности ќе опфати следење на сите видови активности кои се преземаат во заштитеното добро и кои може да имаат влијание врз

интегритетот на доброто. Механизмите за вршење на мониторинг се содржани во Законот за управување на Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион, но и во сите останати закони кои се релевантни за природното и културното наследство во Охридскиот Регион. Конкретните мерки на мониторинг се инспекциските надзори и управните надзори, вклучително и надзорите над работата на општините кои се спроведуваат од страна на инспекциските служби на централната власт.

Мониторирањето на човечките активности ќе опфати и:

1. мониторинг извршен во текот на реализацијата на инфраструктурните проекти во согласност со плановите за мониторинг што ќе се дефинираат со студиите за Оцената на влијанијата врз животната средина и културното наследство;
2. мониторинг на посетители:
   - број и структура на посетители во Националниот парк, музеиите, археолошките локалитети, религиско наследство, плажи, посетители што користат пловила итн. (мерење еднаш месечно);
   - број на ноќевања според видот на сместување (хотел, камп, приватно сместување во град, приватно сместување во село итн.) (мерење еднаш месечно);
   - интерес за специфичен вид туризам или специфична атракција (организирана или индивидуална посета, религиски, летен, културен или алтернативен туризам);
   - квалитет на интеракција со локалните даватели на услуги и генерална јавност (мерење еднаш годишно).

## 12.2. Мониторинг на природното наследство

Физичките параметри што ќе се следат за да се оцени степенот на спроведување на овој план се следните:

**природно наследство** - еколошки и пределски параметри:

- мониторинг во заштитените подрачја во согласност со програмите за мониторинг и плановите за управување со овие заштитени подрачја со кои се утврдени параметрите и честотата на мерење;
- мониторинг на реставрирани/ревитализирани живеалишта;
- мониторинг на алохтони видови;
- мониторинг на квалитетот на водата на Охридското Езеро и притоките;[82]

- **мониторинг на ризиците** што можат да извршат негативно влијание врз природните вредности, и тоа:
  - испуштање непречистени отпадни води од населбите што не се приклучени на колекторскиот систем (со честота на мерење што ќе се усогласи со Хидробиолошкиот завод);
  - степен на пречистување на водите испуштени од пречистителната станица во Враништа (%), еднаш месечно;
  - биолошка потрошувачка на кислород за пет дена (БПК5) на пречистени отпадни води на испуст во Црни Дрим (со честота на мерење еднаш дневно);
  - реконструиран колекторски систем (должина на реконструиран цевковод - изразена во километри), (со честота на следење квартално);
  - должина на новоизграден цевковод колекторот на западната страна на Охридското Езеро (изразена во километри со честота на следење квартално);

[82] Во Прилогот 8 е даден Планот за мониторинг на Охридското Езеро и притоките што е доставен од страна на Хидробиолошкиот завод во Охрид.

- количества на непрописно отстранет отпад ($m^3$, честота на мерење еднаш месечно);
- број на урнати бесправно изградени објекти во заштитените подрачја (честота на ледење еднаш месечно);
- број на издадени дозволи за градење;
- ерозивен депозит од реката Сатеска ($m^3$) со честота на мерење еднаш на 6 месеци (годишно; до пренасочување на реката на 6 месеци, откако ќе се пренасочи - еднаш годишно);
- број на инспекциски контроли и изречени казни за:
  - непрописно отстранување на отпад;
  - испуштање на непречистени отпадни води од индустриски објекти;
  - нелегална сеча на дрва;
  - запалено стрниште.

Центарот за светско наследство на УНЕСКО има публикувано Методологија за управувавње и следење на ефективноста на управувањето со природното наследство.[83] Оваа методологија опфаќа обрасци со конкретни прашања и параметри што вообичаено се следат во врска со процената на ефективноста на спроведените мерки за природното наследство. Во текот на мониторингот овие обрасци ќе се приспособат на локалните услови и така адаптирани ќе се користат при известувањето од страна на надлежните институции.

## 12.3. Мониторинг на културното наследство

**Културно наследство** - Охридскиот Регион е подрачје кое изобилува со различни видови градби и споменици со свои специфики во однос на архитектонскиот, амбиенталниот и естетскиот контекст, со археолошки локалитети и движно културно наследство, и потребно е секој од нив да биде следен на посебен начин.[84] За да се осигура квалитетна заштита не само на културното наследство туку и на севкупното негово природно опкружување, неопходно е преземање континуирани активности во поглед на следење на состојбата, и тоа:

- состојбата на културното наследство ќе се следи преку мониторинг на годишно ниво како дел од годишната програма на институциите за заштита, а ќе опфаќа:
  - следење на физичката состојба на градбите (постојни пукнатини, отклонувања, конструктивни проблеми, амбиентална и капиларна влага, звучно и светлосно загадување, вегетација и сл.);
  - следење на можните амбиентални нарушувања;
  - влијание на доброто од посета на туристи;
  - влијание од лошо/погрешно управување и/или одржување на доброто;
- секој мониторинг ќе резултира со известување за напредокот, но и идентификување на приоритети за следната година; поради комплексноста на културното наследство со кое раполага Охридскиот Регион, како и поради потребата монитирингот да се темели на стручни и научни основи, ќе се изработи посебен План за мониторинг на културното наследство темелен на посебна методологија за негово спроведување;

  мониторингот ќе се фокусира на напредокот со:

  - заштитата на културното наследство;
  - конзервацијата на културните добра;
  - презентацијата на културното наследство;
  - употребата на културното наследство и ефектите/штетните последици од таа употреба.

[83] https://whc.unesco.org/en/series/23/
[84] https://whc.unesco.org/documents/publi_wh_papers_10_en.pdf

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

Овој план ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-локациите на Министерството за култура и Министерството за животна средина и просторно планирање.

Бр. 44-367/1
21 јануари 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**РАБОТЕН ТИМ:**

За изработка на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион беа формирани координативни тела и работни групи кои беа вклучени во целокупните активности во периодот на изготвување на Планот:

**координатор за процесот на подготовка на Планот за управување со културното наследство на Охридскиот Регион:**

**м-р Зоран Павлов**, раководител на Секторот за меѓународна соработка, документација и дигитализација на културното наследство, Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство;

**Работна група/соработници:**

- **Цветанка Ласкова**, посебен советник за култура, Влада на Република Северна Македонија - Канцеларија на оретседателот на Владата, **член**;
- **м-р Кристина Бицева,** советник за координација на меѓународната соработка, Управа за заштита на културното наследство, **член**;
- **м-р Ана Алексова,** помлад соработник за меѓународна помош и соработка, Управа за заштита на културното наследство, **член**;
- **м-р Весна Илиевска**, државен советник за правни работи, Министерство за култура;
- **Тања Бунташеска-Паскали**, архитект, виш конзерватор во НУ Завод за заштита на споменици на културата и музеј - Охрид, **член**;
- **Горан Патчев**, архитект, овластен конзерватор во НУ Завод за заштита на споменици на културата и музеј - Охрид, **член**;

**координатор на процесот за подготовка на Планот за управување со природното наследство на Охридскиот Регион:**

**Ана Петровска**, државен секретар за животна средина, Министерство за животна средина и просторно планирање;

**Работна група/соработници**

- **Драган Јованов**, посебен советник за животна средина, Влада на Република Северна Македонија - Канцеларија на претседателот на Владата, **член**;
- **м-р Влатко Трпески**, раководител на Секторот природа, Министерство за животна средина и просторно планирање, **член**;
- **Валентина Чавдарова,** раководител на Одделението за уредување на просторот во заштитени подрачја и геодиверзитет, Министерство за животна средина и просторно планирање, **член**;
- **Неби Реџепи,** помошник-раководител на Секторот за просторно планирање, Министерство за животна средина и просторно планирање, **член**;
- **Дејан Гаџовски**, помлад соработник за спроведување на регионални просторни планови, Министерство за животна средина и просторно планирање, **член**;
- **Илбер Мирта**, раководител на Секторот за води, Министерство за животна средина и просторно планирање, **член**;
- **Љупка Зајкова,** помошник-раководител на Секторот за води, Министерство за животна средина и просторно планирање, **член**;

- **Мелита Гочевска,** раководител на Одделението за концесии и меѓуресорска соработка, Министерство за животна средина и просторно планирање, **член**;
- **Аријан Ганији**, помлад соработник за дозволи, Министерството за животна средина и просторно планирање, **член**;
- **Шпреса Фетаху**, помошник-раководител на Секторот за урбанизам, Министерство за транспорт и врски, **член**;
- **Ана Ѓорѓиоска**, помошник-раководител на Секторот за документирање и управување со градежно земјиште , Министерство за транспорт и врски, **член**;

**соработници:**

- **Антонио Гавриловски** - Кабинет на градоначалникот на Општина Охрид, **член**;
- **Лилјана Јоноска**, Сектор за уранизам и управување со градежно земјиште во Општина Охрид, **член**;
- **Бранко Арнаудовски,** Сектор за уранизам и управување со градежно земјиште во Општина Охрид,
- **Вера Рауник**, Сектор за уранизам и управување со градежно земјиште во Општина Охрид, **член**;
- **Дашмир Насуфи**, шеф на Кабинетот на градоначалникот на Општина Струга, **член**;
- **Игор Мартиноски,** советник за урбанистичко планирање и издавање на одобренија за градба во Општина Дебрца, член**;**
- **Натмир Неџепи,** Општина Струга;
- **Ѓорги Дишлиоски,** Општина Струга.
- **д-р Сашо Трајановски**, научен советник во Одделението за фауна на дно, ЈНУ Хидробиолошки завод - Охрид, член.
- **Милчо Георгиевски,** историчар на уметноста, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид;
- **Елена Кочкоска,** архитект, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид;
- **Гоце Ангеличин,** историчар на уметноста, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид;
- **д-р Бошко Ангеловски,** археолог, Министерство за култура**;**
- **Антонио Балески,** Секторот за туризам и локален економски развој, Општина Охрид**.**

Во подготовката на Планот беа вклучени и консултанти од Градежниот институт „Македонија“ АД - Скопје кои воедно се изработувачи на Стратегиската оцена за животната средина од спроведувањето на Планот, и тоа:

- **Мартина Блинкова-Дончевска**, дипл. еколог - овластен СОЖС експерт**;**
- **м-р Сузана Касовска Георгиева**, дипл. археолог и историчар на уметност;
- **м-р Марио Баткоски** - дипл. архитект;
- **Ивица Арсов -** дипл. геолог - ГИС експер**т.**

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

**КРАТЕНКИ**

| | |
|---|---|
| МК | Министерство за култура |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| ЛСО | Локална самоуправа Охрид |
| ЛСС | Локална самоуправа Струга |
| ЛСД | Локална самоуправа Дебрца |
| ЗИМ | Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид |
| МС | НУ Музеј „д-р Никола Незлобински" - Струга |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| МЕ | Министерство за економија |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| АУК | Агенција за управување со кризи |
| ХОТАМ | Хотелска асоцијација на Македонија |
| АТАМ | Асоцијација на туристички агенции на Македонија |
| МЕСТ | Министерство за економија - Сектор за туризам |
| МЛС | Министерство за локална самоуправа |
| НКЦ | Национален конзерваторски центар - Скопје |
| ЕЛЕМ | Електрани на Македонија |
| МПЦ | Македонска православна црква |
| ИВЗ | Исламска верска заедница |
| ФТУ | Факултет за туризам и угостителство - Охрид |
| НПГ | ЈУ Национален парк „Галичица" |
| ХБЗ | Хидробиолошки завод - Охрид |
| ВРСМ | Влада на Република Северна Македонија |
| ЦУ | Царинска Управа на Република Македонија |
| МФ | Министерство за финансии |
| УЗКН | Управа за заштита на културното наследство |
| УЖС | Управа за животна средина |
| АПП | Агенција за планирање на просторот |

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| | |
|---|---|
| **АКН** | Агенција за катастар на недвижности |
| **АОИЛ** | Агенции за обезбедување имот и лица |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| ЈПДП | Јавно претпријатие за државни патишта |
| **АППТ** | Агенција за промоција и поддршка на туризмот |
| **НВО** | Невладини организации |
| **БС** | Бизнис сектор |
| **СКРМ** | Стопанска комора на Република Македонија |
| **Комисија** | Комисија за управување со културното и природното наследство на Охридскиот Регион |
| **ДЗС** | Дирекција за заштита и спасување |
| **ЦУК** | Центар за управување со кризи |

## Прилог 1: Одлуки на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО

**Комитет за светско наследство**
**38. сесија (Доха, Катар, 2014 год.)**
**Одлука: *38 COM 7B.58***

**ЕВРОПА И СЕВЕРНА АМЕРИКА**

**58. Природното и културното наследство на Охридскиот Регион (поранешна југословенска Република Македонија) (C/N 99ter)**

*Година на впишување на Листата на светско наследство* 1979, проширување во 1980

*Критериуми* (i)(iii)(iv)(vii)

*Година на впишување на Листата на светско наследство во опасност* N/A

*Претходни одлуки на Комитетот*, види: http://whc.unesco.org/en/list/99/documents/

*Меѓународна помош*
Одобрени барања: 1 (1986)
Вкупна одобрена сума: 20,000 USD
За повеќе детали види http://whc.unesco.org/en/list/99/assistance/

*УНЕСКО вонбуџетски средства*
N/A

*Претходни мониторинг мисии*
Септември 1998: Заедничка мисија на Центарот за светско наследство/ИКОМОС/ИУЦН
Декември 2013: Советодавна мисија на ИКОМОС/УНЕСКО

*Фактори кои влијаат на доброто идентификувани во претходните извештаи*

- Управување и планирање
- Економски и демографски развој

*Илустративен материјал* Види страна http://whc.unesco.org/en/list/99/

*Тековни конзерваторски прашања*

Во декември 2013 год. земјата членка покани Советодавна мисија на ИКОМОС/УНЕСКО со цел да ја процени состојбата на конзервација на доброто и да направи евалуација на проектот „Возобновување на Светиклиментовиот универзитет на Плаошник“. На 28 март 2014 год. земјата членка достави Извештај за состојбата на конзервација. Обата извештаи се достапни на http://whc.unesco.org/en/list/99/documents. Извештајот на земјата членка ги подвлекува спроведените активности како одговор на препораките од Мисијата:

- направена е сеопфатна ревизија на плановите за изградба за проектот „Возобновување на Светиклиментовиот универзитет на Плаошник“ која ја зеде предвид *исклучителната универзална вредност на доброто*, како и историските и физичките аспекти на локацијата и нематеријалните асоцијации. По деталните препораки на Мисијата следуваа нови изведбени проекти кои вклучуваат промени во димензиите, висините и архитектонските изрази. Експертски одбор одблизу ќе врши мониторинг на спроведувањето на архитектонските проекти за секоја компонента со цел да се осигура дека нема да се случи никакво негативно влијание врз доброто. Како што беше препорачано, се вршат археолошки истражувања и се разгледуваат алтернативи за релокација на Комплексот IV;

- издадени се дозволи за крајбрежен развој на Љубаништа 1 (инвеститор „Сахара Индија Паривар“) и за развој во Општина Струга. Развојната туристичка зона Љубаништа 2 (289.5 ha) е во почетна фаза на подготовка. Земјата членка известува дека ќе бидат спроведени Процена на влијанието врз животната средина (ПВЖС) и Процена на влијанието врз културното наследство (ПВКН) и дека тие ќе бидат доставени за ревизија. Во овој период не е предвидено изградба нови пристаништа и хидродром;
- севкупната проектна документација за Паневропскиот железнички коридор VIII се очекува да биде комплетирана до 2017 год. и ќе вклучува ПВЖС и ПВКН. Врз основа на овие процени, се разгледуваат алтернативни рути кои нема да поминуваат низ доброто и кои нема да влијаат врз подрачјето на езерото;
- во тек е изведба на регионален пат А3 од Охрид до Пештани за кој се дадени насоки и од страна на Министерството за култура со цел да се избегнат влијанија врз регистрираните културни и историски локалитети за време на изградбата. Нема назначено референци за направена процена врз влијанието врз природните аспекти на ИУВ. Исто така, земјата членка известува за конзерваторските интервенции спроведени на историски куќи и археолошки локалитети. Што се однесува до алатките за планирање, Планот за управување се ревидира и ќе биде изготвен Интегриран план за заштита на Старото градско јадро на Охрид. Не е наведена временска рамка за нивна финализација и одобрување.

*Анализа и заклучок на Центарот за светско наследство и на советодавните тела*

Позитивниот одговор на земјата членка на препораките на Мисијата и темелната ревизија на проектот за Светиклиментовиот универзитет треба да бидат поздравени. Внимателниот мониторинг за време на спроведувањето на архитектонските проекти ќе осигура дека развојот во зоната на Плаошник нема да влијае врз ИУВ на доброто. Континуираниот дијалог со земјата членка е исто така значајна во овој поглед како што ќе напредува проектот. Новите специфични архитектонски проекти треба да се достават за ревизија.

Наодите на мисијата во поглед на неконтролираните интервенции и развој од изминатите години и нивното влијание врз автентичноста и интегритетот се добро нотирани. Потребни се строга контрола и оперативен менаџмент со цел да не се еродираат атрибутите до таков степен што би ја компромитирале ИУВ на доброто. Новите закони кои се однесуваат на доброто од Листата на светско наследство треба во целост да се применат и потребно е фомирање на управувачка структура со цел да ги координира активностите на различните нивоа и меѓу институциите со релевантни мандати и одлучувачки надлежности. Ова е особено значајно во поглед на давањето дозволи за градба или за реставрација на историски градби.

Ефективната примена на алатки за планирање и регулаторни мерки е потребна со цел да се има соодветна контрола врз притисоците за развој, згуснувањето (концентрацијата на градби) и интервенциите кои влијаат на карактерот на историскиот карактер и средината во која се наоѓа на доброто. Процесот на ажурирање и ревидирање за регулаторните мерки мора да вклучува одредби за да се спроведуваат процени на влијанието врз животната средина и врз културното наследство (ПВЖС и ПВКН), во врска со ИУВ на доброто со цел да се обезбедат соодветни информации кои ќе треба во целост да се вградуваат низ процесот на ревизија на Планот за управување, урбанистичките планови за целината и за време на развивањето на Интегрираниот план за заштита на Старото градско јадро на Охрид.

Покрај неодамна одобрениот развој на крајбрежната туристичка развоја зона Љубаништа 1 и регионалниот пат Охрид - Пештани, Центарот за светско наследство и советодавните тела ги нотираат јавно достапните информации (http://www.mepso.com.mk/en-us/Vesti.aspx?itemVID=267) во врска со намерата на земјата членка за изградба на ски-центар и

резорт (одмаралиште) во Националниот парк „Галичица“ во рамките на границите на доброто и во оваа насока побараа дополнителни информации од земјата членка во април 2014 год. Постои загриженост за потенцијалните поединечни и кумулативни негативни ефекти од овој планиран инфраструктурен проект врз ИУВ на доброто, а изградбата на ски-центар во доброто најверојатно би била некомпатибилна со статусот на светско наследство. Уште еднаш се повикуваме на препораките од Мисијата, особено во поглед на тоа дека треба да биде изготвен сеопфатен акциски план за езерското крајбрежје пред натамошен напредок на развојни проекти. Исто така, за ваквите проекти треба да се изготват процени на влијанието врз животната средина и врз културното наследство во согласност со Советодавната белешка за процени на влијанието врз животната средина на ИУЦН и Упатството за изработка на процени за влијанието врз културното наследство на ИКОМОС за добра од Листата на светско наследство. Овие документи треба да бидат испратени заедно со другите технички детали за проектите до Центарот за светско наследство со цел тие да бидат ревидирани од советодавните тела пред да бидат донесени какви било неповратни одлуки во согласност со Член 172 од *Оперативниот водич*.

Што се однесува до Паневропскиот железнички коридор, ПВЖС и ПВКН ќе бидат од клучно значење за проектот и треба сериозно да се разгледа можноста да се побараат алтернативни рути кои нема да поминуваат низ доброто. На крај, се нотира дека мисиите остварени во доброто го нагласија значењето на ефективна прекугранична соработка и се препорачува да се даде приоритет на напорите за прекугранично проширување со Албанија со цел да се обезбеди долгорочна конзервација и заштита на доброто во рамките на т.н. *UP STREAM* процес за светско наследство.

**Нацрт-одлука: 38 COM 7B.58**

Комитетот за светско наследство,

1. *Откако го разгледа* документот WHC-14/38.COM/7B.Add,

2. *Потсетувајќи се* на одлуките **22 COM VII.30** и **33 COM 8B.40** усвоени на својата 22. (Кјото,1998) и 33. (Севилја, 2009) сесија,

3. *Ги поздравува* активностите преземени од страна на земјата членка како одговор на препораките од Советодавната мисија од 2013 год. во врска со проектот „Возобновување на Светиклиментовиот универзитет на Плаошник“ и препорачува продолжување на дијалогот меѓу земјата членка и советодавните тела при напредувањето на спроведување на проектот,

4. *Ја охрабрува* земјата членка да ги примени сите препораки на Советодавната мисија од 2013 год. за подобрување на состојбата на конзервација на доброто со особено внимание на следново:

а) да го финализира Планот за управување со доброто и Интегрираниот план за заштита на Старото градско јадро на Охрид и да достави електронски и во три печатени примероци Нацрт-ревидиран План за управување за ревизија од страна на Центарот за светско наследство и советодавните тела;

б) да развие детален Урбанистички план за целата споменична целина во согласност со постојната регулативна рамка со цел да се осигура спроведувањето на одредбите и да се контролираат активностите кои би можеле да влијаат врз целата заштитена зона;

в) строго да ги спроведе законските и регулаторните одредби и да воспостави управувачка структура со цел да се контролираат развојните притисоци и интервенциите врз доброто;

г) да развие сеопфатен акциски план за езерското крајбрежје со цел да се обезбедат соодветни насоки за видот и обемот на потенцијалните развои во врска со атрибутите на *исклучителната унивезрална вредност* (ИУВ) на доброто и неговата средина;

5. *Ја изразува својата загриженост* за неколкуте планирани инфраструктурни проекти во рамките на доброто, вклучувајќи ги крајбрежните развои на Љубаништа 1 и 2, патот Охрид - Пештани и ски-центарот и одморалиштето на Галичица, и бара да се достават технички детали, како и процени за влијанието врз животната средина и врз културното наследство (ПВЖС и ПВКН) за проектите кои се планирани во рамките на доброто и тие да се достават на ревзиија до Центарот за светско наследство пред да се донесат неповратни (нереверзибилни) одлуки во согласност со членот 172 од Оперативниот водич,

6. *Смета* дека планираната изградба на ски-центар и одморалиште на Галичица најверојатно ќе има значително директно и индиректно влијание врз ИУВ на доброто, и бара од земјата членка да го запре проектот сè додека не се комплетираат и не се ревидираат горенаведените процени на влијанието,

7. *Исто така, бара* избраните проектни предлози за спроведување на Паневропскиот железнички коридор VIII да се достават до Центарот за светско наследство и ја поттикнува земјата членка да идентификува алтернативни рути кои не поминуваат низ доброто,

8. *Исто така, ги охрабрува* земјите членки Албанија и поранешна југословенска Република Македонија, со поддршка од Центарот за светско наследство и советодавните тела, да продолжат да соработуваат во рамките на т.н. *UP STREAM* процес, кој ќе доведе до изработка на нова номинација за прекугранично проширување на доброто, кое би го вклучувало и албанскиот дел од Охридското Езеро и неговите водотеци со цел да се зајакнат вредностите и интегритетот на доброто;

9. *Понатаму, бара* земјата членка до Центарот за светско наследство до **1 февруари 2015 год**. да достави извештај заедно со извршно резиме од 1 страница, за итниот напредок поврзан со горенаведените прашања, а до **1 декември 2015 год**., ажуриран извештај, заедно со извршно резиме од една страница за состојбата со конзервацијата на доброто и примената на горенаведеното, за разгледување од страна на Комитетот за светско наследство на неговата 40. сесија во 2016 год.

**Комитет за светско наследство**
**40. сесија (Истанбул, Турција, 2016 год.)**
**Одлука: *40 COM 7B.68***

**ЕВРОПА И СЕВЕРНА АМЕРИКА**

**68. Природно и културно наследство на Охридскиот Регион (Република Македонија) (C/N 99ter)**

*Година на запишување во Светската листа на наследства* 1979, проширување во 1980 година

*Критериуми* (i) (iii) (iv) (vii)

*Година(и) на запишување во Листата на загрозено светско наследство,* не се применува

*Претходни одлуки на Комитетот,* види: http://whc.unesco.org/en/list/99/documents

*Меѓународна помош*
Одобрени барања: 1 (од 1986 - 2011)
Вкупно одобрен износ: 20.000 американски долари
За детали види веб-локацијата: http://whc.unesco.org/en/list/99/assistance
Вонбуџетски *средства на УНЕСКО*

Вкупен одобрен износ: 20.000 американски долари (Регионално биро за наука и култура во Европа на УНЕСКО, Венеција)

*Претходни мониторинг мисии*
Септември 1998: Заедничка мисија на Центарот за светско наследство и ICOMOS/IUCN;
Декември 2013: Советодавна мисија на UNESCO/ICOMOS

*Фактори кои влијаат на културните добра идентификувани во претходните извештаи*

- Управување и планирање
- Економски и демографски развој
- Објекти и развој
- Сувоземна транспортна инфраструктура
- Сместување на посетители и поврзана инфраструктура
- Влијание од туризам/посетители/рекреација

*Илустративен материјал* види веб-локација: http://whc.unesco.org/en/list/99/

*Актуелни прашања во врска со конзервацијата*

На 3 декември 2015 година земјата членка достави Извештај за статусот на конзервација кој е достапен на http://whc.unesco.org/en/list/99/documents, како и дополнителна документација на 28 февруари 2016 година во согласност со барањето од Центарот за светско наследство од 28 јануари 2016 година. Напредокот во однос на постапувањето по различните барања доставени од Комитетот на неговата 38. седница (Доха, 2014) е даден како што следи:

- проектот „Возобновување на Универзитетот Св. Климент на Плаошник“ беше ревидиран со земање предвид на препораките од Советодавната мисија на UNESCO/ICOMOS 2013 во однос на големината, извишувањето, опсегот и опфатот на планираните градби;
- Нацрт-планот за управување со доброто беше финализиран со поддршка од Регионалното биро за наука и култура во Европа на УНЕСКО, Венеција, и во моментов е во процес на консултација од страна на релевантните власти;

- подготовката на Детален урбанистички план за целата монументална единица во Охрид беше откажана во корист на 19 урбанистички планови, по еден за секој од комплексите, кои се очекуваат до септември 2017;
- воспоставувањето на Комисијата со советодавна и координативна улога за природно и културно наследство со цел контролирање на развојните притисоци и интервенциите на доброто ќе следи по усвојувањето на Планот за управување;
- во иднина се планира сеопфатен акциски план за езерскиот брег;
- крајбрежните планови во Љубаниште 1 и 2 од страна на инвеститорот „Сахара Индија, Паривар“ се откажани;
- во Стратешката оцена на животната средина 2015 (СОЖС) за измени на Планот за управување со Националниот парк „Галичица“ доставен од земјата членка се обезбедени информации за потенцијалните негативни влијанија врз *извонредната универзална вредност* (ИУВ) на доброто од предложената промена на зонирањето на Националниот парк „Галичица“ со цел обезбедување простор за предложениот ски-центар и одморалиште на Галичица и планираната изградба на регионалниот пат А3 (Охрид - Пештани);
- за делницата Лин (Албанија) - Струга - Кичево од Железничкиот коридор VIII во Оцената на влијание врз животната средина (ОВЖС), изготвена во јуни 2010 година се дадени информации за бројот на потенцијални негативни влијанија врз животната средина. ОВЖС за проектот за автопатот А2 (Требениште - Струга) забележува негативни влијанија врз животната средина, културното наследство и пејзажот, како и се предлагаат мерки за ублажување на влијанието. Во Оцената за влијание врз наследството (ОВН) не е забележано значително влијание на автопатот врз ИУВ на доброто;
- изградба на пристаниште во Охрид - беа реализирани физибилити студија и јавни консултации;
- земјата членка продолжува со соработката во рамките на Процесот во почетна фаза (Upstream process) кон проширување на доброто кон албанската страна од езерото.

*Анализа и заклучоци на Центарот за светско наследство и советодавните тела*

Земјата членка презема значителни мерки за да одговори на препораките од Советодавната мисија од 2013 и на барањата од Комитетот, а особено преку ревидирање на проектот за Универзитетот Св. Климент на Плаошник и напредок во финализирањето на Планот за управување со доброто. Исто така, беше забележана и одлуката за откажување на крајбрежното уредување во Љубаниште од страна на инвеститорот.

Меѓутоа, и понатаму се предлагаат големи проекти во рамките на културното добро. Во СОЖС кон нацрт-измените на Планот за управување за Националниот парк „Галичица“ (2011 - 2020) е забележано дека промените во зонирањето на паркот се предложени од страна на Владата заради обезбедување развојни проекти, вклучително со ски-центарот на Галичица, поврзаниот ски-лифт и крајбрежното село во Градиште, што може да биде во судир со статусот на светско наследство на доброто. Исто така, во СОЖС се наведени кумулативни влијанија од комбинацијата на ски-центарот и патот А3, што може да резултира во зголемена активност на човекот и дополнителни притисоци врз доброто. **Се препорачува Комитетот да побара од земјата членка да не ги одобри предложените измени и да разгледа алтернативни локации за развој на ски-центарот надвор од границите на доброто и Националниот парк „Галичица“.**

Во ОВЖС за Паневропскиот железнички коридор VIII е наведено дека инцидентите со истекување на супстанции во текот на градежните и оперативните фази би резултирале во загадување на Охридското Езеро. Ова создава особена загриженост, бидејќи дел од

железницата се планира да се гради доста блиску до брегот на езерото во еден од последните добро зачувани појаси. Поради високата сензитивност на водниот екосистем и визуелниот интегритет на овој крајбрежен појас, се претпочитаат алтернативи со минимално потенцијално влијание врз езерото и брегот, и потребно е да се усвојат сите потребни мерки за ублажување на влијанието во текот на градежните и оперативните фази.

ОВЖС и ОВН за автопатот А2 (Требениште - Струга) се изготвени само за потег во должина од 8 km, што претставува само еден дел од многу поширока планирана надградба на транспортната инфраструктура. Поради тоа, во истите не е обезбедена сеопфатна оценка на целиот инфраструктурен појас каде, исто така, треба да се разгледаат и потенцијалните прекугранични влијанија на албанската страна од езерото и можните алтернативи за локацијата.

Во заклучоците од горенаведената СОЖС, и во прашањата поврзани со автопатот А2 и Железничкиот коридор VIII, е наведено дека овие проекти претставуваат потенцијална опасност за културните добра во согласност со ставовите 179 и 180 од оперативните упатства и тоа ќе претставува случај за запишување на доброто во Листата на загрозени светски наследства.

Итно е потребно да се изготви сеопфатен акциски план за крајбрежната област, како и СОЖС и ОВН за сите горенаведени инфраструктурни проекти со цел оценување на нивното потенцијално кумулативно влијание врз *извонредната универзална вредност* (ИУВ) на доброто, како и да се разгледаат можните алтернативни рути и локации за ваквите големи проекти за да се осигури дека тие нема негативно да влијаат на ИУВ.

Се препорачува Комитетот да побара од земјата членка да ја покани Заедничка реактивна мониторинг мисија на Центарот за светско наследство/ICOMOS/IUCN за да се оцени доброто за статусот на конзервација, како и да се обезбедат технички совети за изготвувањето на СОЖС и ОВН за сите предложени инфраструктурни проекти.

Понатаму, се препорачува Комитетот да ја поттикне земјата членка да го финализира Планот за управување и итно да ја формира предвидената Комисија која ќе обезбеди раководна структура за координирање на активностите на различни нивоа. Исто така, се препорачува Комитетот уште еднаш да го достави своето барање за Интегриран план за заштита на Старото градско јадро на Охрид, за што земјата членка нема доставено информации.

Конечно, треба да се пофали континуираната соработка на земјата членка во рамките на Процесот за светско наследство во почетна фаза насочен кон можно прекугранично проширување на доброто кон албанскиот дел од Охридското Езеро, бидејќи ефективното прекугранично управување ќе осигури долгорочна конзервација и заштита на добро и ќе го зајакне интегритетот на истото.

**Нацрт-одлука: 40 COM 7B.68**

Комитетот за светско наследство,

1. *По разгледување на* документот WHC/16/40.COM/7B,

2. *Повикувајќи се на* Одлуката **38 COM 7B.58**, усвоена на неговата 38. седница (Доха, 2014),

3. *Ги поздравува* активностите превземени од земјата членка во врска со ревидирањето на проектот „Возобновување на Универзитетот Св. Климент на Плаошник“ со цел намалување на негативните влијанија врз доброто,

4. *Забележува со загриженост* дека се предложени голем број големи инфраструктурни проекти во рамките на доброто и дека во заклучоците од оцените на влијанија за предложените ски-центар „Галичица“, патот А3, Железничкиот коридор VIII и автопатот А2,

се наведува дека овие проекти најверојатно ќе резултираат во значителни потенцијални влијанија врз *извонредната универзалната вредност* (ИУВ) на доброто, и смета дека овие проекти претставуваат потенцијална опасност за доброто во согласност со ставовите 179 и 180 од оперативните упатства,

5. *Бара* од земјата членка, како итно прашање, да изготви Сеопфатна стратешка оцена на животната средина (СОЖС) и Оцена на влијанието врз наследството (ОВН) со кои сеопфатно се оценуваат потенцијалните кумулативни влијанија на сите предложени инфраструктурни планови и други големи проекти врз ИУВ на доброто во насока на идентификување алтернативни рути и локации за овие големи проекти кои не влијаат на ИУВ, и нивно доставување до Центарот за светско наследство за разгледување од страна на советодавните тела, пред преземање на какви било натамошни активности,

6. *Исто така, бара* од земјата членка да покани Заедничка реактивна мониторинг мисија на Центарот за светско наследство/ICOMOS/IUCN на доброто во 2016 година за да се оцени статусот на конзервација и да се обезбедат технички совети за земјата членка во однос на изготвувањето на горенаведените СОЖС и ОВН,

7. *Исто така, го поздравува* партиципативниот пристап кон ревидирањето на Планот за управување со доброто, но силно ја поттикнува земјата членка да:

а) го финализира Планот за управување со доброто и Планот за интегрирана заштита на Старото градско јадро на Охрид, и да достави електронска и три испечатени копии од ревидираниот План за управување до Центарот за светско наследство за разгледување од страна на советодавните тела, пред реализацијата на горенаведената Реактивна мониторинг мисија;

б) ги финализира деталните урбанистички планови за секој од 19 комплекси кои се дел од оваа споменичката целина во согласност со постојната правна рамка за да се осигури спроведувањето на одредбите и контролата на активностите што може да влијаат на ИУВ на доброто;

ц) ги спроведе строго правните и регулаторните одредби и да ја формира, како итно прашање, предвидената Комисија за координација на активностите поврзани со природното и културното наследство, како управувачка структура за контрола на развојните притисоци и интервенции на доброто;

д) изготви сеопфатен акциски план за крајбрежната област за да се обезбедат соодветни насоки за видот и степенот на потенцијалниот развој во врска со атрибутите на ИУВ на доброто и нивната поставеност;

8. *Исто така, ги поттикнува* земјите членки Албанија и Република Македонија, со поддршка од Центарот за светско наследство и советодавните тела, да продолжи да соработуваат во рамките на процесот во почетна фаза кон подготовката на прекуграничното проширување на доброто за можно вклучување на албанскиот дел од Охридското Езеро со цел зајакнување на вредностите и интегритетот на доброто;

9. *Понатаму, бара,* земјата членка до 1 февруари 2017 година да достави извештај до Центарот за светско наследство за статусот на конзервација на доброто и за чекорите преземени за спроведување на горенаведените препораки, за негово разгледување од страна на Комитетот за светско наследство на неговата 41. седница во 2017 година, **и во случај на потврдување на утврдена или потенцијална опасност за ИУВ, да се разгледа можноста за запишување на доброто во Листата на загрозено светско наследство.**

**Комитет за светско наследство**
**41. сесија (Краков, Полска, 2016 год.)**
**Одлука:** ***41 COM 7B.34***

**ЕВРОПА И СЕВЕРНА АМЕРИКА**

**34. Природното и културното наследство на Охридскиот Регион (Република Македонија) (C/N 99ter)**

*Година на впишување на Листата на светско наследство* 1979, проширување во 1980 година

*Критериуми* (i)(iii)(iv)(vii)

*Година на впишување на Листата на светско наследство во опасност* N/A

*Претходни одлуки на Комитетот,* види: http://whc.unesco.org/en/list/99/documents/

*Меѓународна помош*

Одобрени барања: 1 (од 1986-2011)

Вкупна одобрена сума: 20,000 УСД

За повеќе детали види на: http://whc.unesco.org/en/list/99/assistance/

*УНЕСКО вонбуџетски средства*
Вкупен износ на доделени средства: 20,000 УСД (УНЕСКО Регионално биро за наука и култура во Европа, Венеција)

*Претходни мониторинг мисии*
**Септември 1998**: Заедничка мисија на Центарот за светско наследство/ИКОМОС/ИУЦН
**Декември 2013:** Советодавна мисија на ИКОМОС/УНЕСКО
**Април 2017**: Заедничка мисија на Центарот за светско наследство/ИКОМОС/ИУЦН Реактивна мониторинг мисија

*Фактори кои влијаат на доброто идентификувани во претходните извештаи*

- Управувачки систем/План за управување
- Градби и развој
- Инфраструктура за копнен транспорт
- Големи сместувачки капацитети и придружна инфраструктура (предложениот ски-центар на Галичица)
- Влијание на туризмот/посетителите/рекреација

*Илустративен материјал* види страна http://whc.unesco.org/en/list/99/

*Тековни прашања на заштита*

На 14 март 2017 година земјата членка достави Извештај за состојбата со заштитата, достапен на http://whc.unesco.org/en/list/99/documents/ и детален напредок за повеќе прашања за заштитата како следните:

- Ревидираниот план за управување треба да се усвои од земјата членка по комплетирањето на Стратегиската оцена за влијанието на околината (СЕА);
- формирање Комисија за управување за контрола на развојната пресија и интервенции во доброто е започната и постапката за именување членови на Комисијата е во завршна фаза;
- Нацрт-планот за интегрирана заштита на Старото градско јадро на Охрид е подготвен во 2016 година, а усвоен на 23 февруари 2017 година; подготовката на урбанистичките

планови за 19 комплекси во рамките на градот Охрид се очекува да бидат завршени во текот на 2017 година;

- техничката документација за бројните големи инфраструктурно работи е во подготовка (особено за Железчезничкиот коридор VIII, автопатот А2 и експресниот пат А3);
- документацијата за урбанистичко планирање е подготвена за седум развојни или туристички зони, една која покрива околу 290 ha (Љубаништа 2, претходно откажана) и за еден спортски аеродром во Калишта, Струга, како и за изградба на пристаништа и понтонски мостови во Охрид, обнова на пристаништата во Св. Наум, Радожда, Трпејца, Пештани и изградба на платформа во близина на охридскиот аеродром и пешачка патека во Охрид;
- ажурирање на проектот за одведување на отпадните води финансиран од Европската инвестициска банка за селата во рамките на општината Дебрца, Струга и Охрид;
- земјата членка продолжува да соработува во рамките на *Upstream* процесот кон проширување на доброто на албанската страна од езерото;

Следните дополнителни информации беа доставени до Центарот за светско наследство во мај 2017 година: анализа на животната средина за проектот за уредување на плажата кај Лагадин, Нацрт-верзија на Стратегијата за развој на туризмот на Општина Охрид (двете на македонски), извештај од Хидробиолошкиот завод со наведени фактори кои влијаат на моментната состојба со загадувањето и промените на нивото на водата на Охридското Езеро и бројни инвентарни листии карти подготвени од Заводот и музеј - Охрид со културните атрибути лоцирани во рамките на границите на доброто.

Од 9 до 14 април 2017 година заедничката мониторинг мисија на Центарот за светско наследство/ИКОМОС/ИУЦН го посети доброто. Извештајот е достапен на> http://whc.unesco.org/en/list/99/documents/.

Мисијата разговараше со авторитетите за целокупната состојба со заштитата на доброто и обезбеди техничка асистенција за обемот и развојот на СЕА-та, која треба сеопфатно да ги процени можните индивидуални или кумулативни влијанија на сите погоре споменати проекти на *исклучителната универзална вредност* на доброто (ИУВ).

*Анализи и заклучоци на Центарот за светско наследство и на советодавните тела*

Некои корисни чекори се преземени од страна на земјата членка во однос на спроведување на препораките од Комитетот во 2016 година (изработка Нацрт-план за интегрирана заштита, формирање Комисија за управување), меѓутоа, некои насоки сè уште се во тек, како што се усвојувањето на Ревидираниот план за управување, постапката на завршувањето на СЕА и изработката на 19-те детални урбанистички планови кои во моментот на мисијата во 2017 година сè уште беа во подготвителна фаза.

Со оглед што Планот за управување сè уште не е стапен на сила, неколку инфраструктурни и туристички градежни проекти се одобрени или се изработени без сеопфатна посебна процена на нивните комулативни влијанија врз исклучителната универзална вредност на доброто и неговите придружни атрибути, а цврстиот отпад и отпадните води сè уште се несоодветно управувани. Беа побарани Сеопфатна СЕА и Оцена на влијанието врз културното наследство (ХИА) за сите овие проекти и планови од страна на Комитетот во 2016 година, но тие допрва треба да се подготват. Земјата членка изјави дека за време на мисијата тоа ќе биде сработено додека трае на процесот за СЕА на Планот за управување. Мисијата искажа загриженост за зголемениот сообраќај и притисокот од туризам и сличните несоодветни инфраструктурни проекти, вклучувајќи ја и предложената изградба на ски-центарот на Галичица и за зголемениот и некоординиран урбан развој.

Овие притисоци би можеле да ги влошат клучните атрибути на природните и културни вредности на доброто (како што е целосната форма на споменичката урбана целина и биодиверзитетот на регионот на Езерото) доколку не се преземат итни мерки. Дополнително, несоодветен третман на отпадните води и на цврстиот отпад би можеле да предизвикат еутрофикација и загадување, слабеејќи го олиготрофниот квалитет на водата на езерото од којшто зависи неговиот исклучителен биодиверзитет. Мисијата, исто така, го разгледа проектот за коридорот за железницата којшто ги поврзува Кичево (надвор од границите на доброто) со албанската граница, и кој се наоѓа во завршна фаза и заклучи дека би можел да се прифати доколку препораките од мисијата се целосно применети.

Исто така, треба да биде забележано дека некои големи инфраструктурни проекти, кои се дел од Паневропскиот коридор VIII се изработени и договорени со меѓународните субјекти (Европската Унија). Меѓутоа, ниедна информација не беше доставена до Центарот за светско наследство, како што е наведено во параграфот 172 од Оперативниот водич за да обезбеди прелиминарна оцена на потенцијалните негативни влијанија врз доброто. Дополнително, за проектите за железницата и патните поврзувања во рамките на Паневропскиот коридор VIII, иако беше изработена Оцена за влијанието врз животната средина (ЕИА), нивните потенцијални негативни влијанија врз исклучителната универзална вредност на доброто и неговите атрибути не беа посебно обработени (оценети). Имајќи предвид дека Комитетот за светско наследство на својата 38. сесија (Доха, 2014) итно побара земјата членка да идентификува алтернативни патишта кои нема да поминуваат низ заштитеното добро, мисијата посети неколку локации и доби информации за избраните локации.

Додека изградбата на железницата, која го поврзува Кичево (надвор од границите на доброто) со албанската граница, која поминува низ заштитеното добро, би била прифатлива во принцип, доколку соодветно е планирана и спроведена со сите мерки за претпазливост, Мисијата препорачува надлежните институции до Центарот за светско наследство да доставаат, најпрво, сеопфатна споредбена студија (анализа) за алтернативните патишта и проверка од страна на советодавни тела на Центарот, вклучувајќи ги и тие што не поминуваат во близина на крајбрежјето на Езерото, а особено избегнувајќи го еден од последните добро зачувани делови на крајбрежјето на албанско-македонската граница.

Мисијата од 2017 година заклучи дека неколку од предлозите за големи инфраструктурни и градежни проекти, како што се потсекциите (а) и (е) од патот А3 и Ски-центарот „Галичица“ кои се во границите на доброто, би довеле до неповратни промени на доброто во комбинација со развојот и промените кои веќе се случуваат во урбаните населби и на крајбрежјето од времето на неговото впишување. Мисијата строго препорачува целосно откажување од ски-центарот на Галичица, зачувување на внатрешното зонирање на паркот како што е, и да се земе (има) предвид развивањето опции за екотуризам кои нема негативно да влијаат врз доброто. Поради тоа, се препорачува Комитетот да побара од земјата членка да ги стопира проектите за изградба на ски-центарот на Галичица, како и потсекциите (а) и (е) од патот А3.

Исто така, се препорачува Комитетот да ја потсети земјата членка дека сите проекти, вклучително и тие што се поднесени до големи донатори како Европската Унија и кои би можеле да имаат негативно влијание врз исклучителната универзална вредност на заштитеното добро, треба да се доставаат до Центарот за светско наследство и советодавните тела на разгледување во согласност со параграфот 172 од Оперативниот водич. Имајќи ги предвид бројните закани врз доброто, Мисијата идентификува серија препораки; некои од нив кои би требало да бидат приоритетни и исполнети во текот на наредните две години, заедно со усвоените препораки во 2016 година кои сè уште треба да бидат исполнети.

Согледувањата од Мисијата предлагаат дека севкупната состојба на заштита може да биде сметана како ранлива и доколку приоритетните препораки не бидат применети за време

на предложениот период од две години (т.е. до 2019 година), заштитеното добро може да ги исполни критериумите за впишување на Листата на светско наследство во опасност. Поради тоа се препорачува Комитетот да побара од земјата членка до 1 февруари 2018 година да поднесе Извештај за напредок на спроведувањето на овие приоритетни препораки на разгледување од страна на Центарот за светско наследство и советодавните тела. Доколку во нивната процена се согледа недоволен напредок, заштитеното добро ќе биде разгледано од страна на Комитетот на неговата 42. сесија во 2018 година.

***Нацрт-одлука: 41 COM 7B.34***

Комитетот за светско наследство,

1. *Откако го разгледа* документот WHC-17/41.COM/7B.Add,

2. *Потсетувајќи се* на Одлуката **40 COM 7B.68,** усвоена на 40. сесија (Истанбул/УНЕСКО,2016),

3. *Ги бележи со уважување* преземените чекори од земјата членка во однос на:

а) финализирање на процесот на изработка на Планот за управување за доброто и подготовката на Нацрт-планот за интегрирана заштита на Старото градско јадро на Охрид;

б) формирање Комисијата за управување за координирање на природните и културните активности, како и управувачка структура за контрола на развојни притисоци и интервенции на доброто;

в) развивање детални урбанистички планови за секој од 19-те комплекси кои се дел од споменичката целина во насока на постојната регулаторна рамка за да се осигура спроведување на одредбите и контрола на активностите кои може да влијаат врз исклучителната универзална вредност (ИУВ) на доброто;

4. *Го повторува барањето* до земјата членка за изработка на Стратегиска оцена за влијанието на околината (СЕА), која сеопфатно ќе ги процени кумулативните влијанија на сите инфраструктурни и развојни планови и други поголеми проекти на *исклучителната универзална вредност* на доброто (ИУВ) на доброто засновано врз препораките и советите дадени од Мисијата во 2017, како и секоја неопходна Проценка за влијанието на наследството (ХИА) и да ги достави до Центарот за светско наследство за разгледување од советодавните тела, пред какви било натамошни работи да бидат преземани,

5. *Бара* земјата членка да ги запре изградбата на проектите на потсекциите (а) и (е) на патот А3 и ски-центарот на Галичица во рамките на доброто, кои може да имаат негативно влијание на неговата исклучителна универзална вредност (ИУВ),

6. *Исто така, бара* земјата членка итно да преземе сеопфатна споредбена студија за алтернативни рути за железницата од Паневропскиот коридор VIII, вклучително и тие кои не поминуваат во непосредна близина на крајбрежјето, а особено избегнување на еден од последните добро зачувани делови од крајбрежјето на албанско-македонската граница,

7. *Понатаму, бара* земјата членка целосно да ги исполни сите препораки на Мисијата од 2017,

8. *Ги поттикнува* земјите членки, Албанија и поранешна југословенска Република Македонија, со поддршка од Центарот за светско наследство и советодавните тела, да продолжат да соработуваат во рамките на т.н. *Upstream* процес, кој ќе доведе до изработка нова номинација за прекугранично проширување на доброто кои би го вклучувало и албанскиот дел од Охридското Езеро со цел да се зајакнат исклучителните универзални вредности, вклучително и услови за неговиот интегритет,

9. *Смета* дека севкупната состојба на зачуваност на доброто е сè поранлива, и ако приоритетните препораки не се применат во рок од две години (т.е. во 2019) предложено од

Мисијата, доброто може да се соочи со потенцијална опасност во согласност со параграфот 179-180 од Оперативниот водич,

10. *Понатаму, бара* земјата членка до Центарот за светско наследство, до **1 февруари 2018 година,** да достави извештај за напредокот на спроведувањето на горенаведеното заради разгледување од Центарот за светско наследство и советодавните тела, и доколку во нивната процена е согледан недоволен напредок, да се разгледува од страна на Комитетот за светско наследство на неговата 42. сесија во 2018 година,

11. *На крајот, бара* земјата членка до **1 декември 2018 година** да достави ажуриран извештај за состојбата со заштитата на доброто и спроведувањето на горенаведеното на разгледување од страна на Комитетот за светско наследство на неговата 43. сесија во 2019 година.

**Комитет за светско наследство**
**43. сесија (Баку, Азербејџан, 2019 год.)**
**Одлука**: ***43 COM 7B.36***

**ЕВРОПА И СЕВЕРНА АМЕРИКА**

**36. Природното и културното наследство на Охридскиот Регион (Северна Македонија) (C/N 99ter)**

*Година на впишување на Листата на светското наследство* 1979, продолжување во 1980 година

*Критериуми* (i) (iii) (iv) (vii)

*Година (и) на впишување на Листата на светско наследство во опасност* N/A (неприменливо)

*Претходни одлуки на Комитетот* на следниов линк:
http://whc.unesco.org/en/list/99/documents/

*Меѓународна помош*
Одобрени барања: 1 (од 1986 - 2011)
Вкупно одобрен износ: 20.000 американски долари
Детали на следниов линк: http://whc.unesco.org/en/list/99/assistance/

*Вонбуџетски фондови на УНЕСКО*

Вкупен доделен износ: 20.000 американски долари (Регионално биро за наука и култура на УНЕСКО во Европа, Венеција)

*Претходни мониторинг мисии*
**Септември 1998**: Заеднички мисија на Центарот за светско наследство / ICOMOS / IUCN;
**Декември 2013**: Заедничка советодавна мисија на ИКОМОС / УНЕСКО;
**Април 2017**: Заедничка реактивна мониторинг мисија на Центарот за светско наследство/ICOMOS/IUCN

*Фактори кои влијаат врз доброто идентификувани во претходни извештаи*

- Системи за управување/План за управување
- Градби и развој
- Инфраструктура за патен и железнички транспорт
- Големи сместувачки капацитети и придружна инфраструктура (предлог: Ски-центар „Галичица“)
- Влијанија од туризмот/посетителите/рекреацијата

*Илустративен материјал* на следниов линк: http://whc.unesco.org/en/list/99/

*Актуелни прашања во врска со заштитата*

На 29 ноември 2018 година земјата потписник поднесе извештај за состојбата со заштитата за кој беа поднесени амандмани на 30 јануари и 8 април 2019 година, што следеа по два извештаи за напредокот доставени во февруари и јуни 2018 година, достапни на http://whc.unesco.org / en / list / 99 / documents /, и кој го известува следново:

- оостапката за измена на Планот за управување со Националниот парк „Галичица“ (2011 - 2020), посебно неговото зонирање, официјално беше запрена во март 2018 година, што резултираше со последователно запирање на изградбата на автопатот А3 од Пештани до Охрид и Ски-центарот „Галичица“;

- проектната документација за подобрување на третманот на отпадните води е подготвена со користење средства од ЕУ, но сè уште не се обезбедени средства за нејзино спроведување;
- завршена е анализа на потенцијалното влијание на хемикалиите применети за пилоните (столбовите) во идната реконструкција на Музејот во Заливот на Коските во езерските води;
- преземени се почетни чекори за враќање на реката Сатеска во старото корито со финансиска поддршка на УНДП, како и за расчистување на 12 нестандардни и 84 диви депонии, вклучително и на локацијата Мауцкер. Меѓутоа, сè уште не се обезбедени финансии за подоцнежни активности;
- акумулираните одложувања во исполнувањето на препораките од Заедничката реактивна мониторинг мисија на Центарот за светско наследство/ICOMOS/ IUCN од 2017 година и Комитетот, за кои не е предложена временска рамка за завршување, вклучуваат: завршување на Планот за управување со доброто и Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС) во врска со кумулативните влијанија на предложените проекти; изработка на детални урбанистички планови за 19 комплекси на Старото јадрото на Охрид, првично очекувани до крајот на 2017 година; воспоставување мораториум за каква било трансформација во рамките на доброто; финализација и одобрување на сите релевантни плански документи, инвентаризација на дивоградби и уривање на тие кои го загрозуваат доброто и спроведување на препораките 10, 18 и 19 од Мисијата;
- земјата потписничка забележува дека разгледувањето на алтернативни траси за железничката пруга Кичево - Лин на Паневропскиот коридор VIII планирана да стигне до албанската територија преку крајбрежјето во Лин, ќе биде можно само ако се пронајде нова врска на албанска страна, што, според мислењето на земјата потписничка ќе бара нов договор меѓу двете држави. Земјата потписничка смета дека оригиналната предложена траса е целосно соодветна. Земјата потписничка подготви експертско мислење за автопатот А2 Требениште - Струга како одговор на препораките на Мисијата, што ја поддржува првично планираната рута.

На 6 март 2019 година земјата потписничка достави дополнителни информации во врска со проектот Али пашина џамија и Предлог-законот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион. Ажурирана верзија на Предлог-законот беше поднесена на 8 април 2019 година.

На 13 март 2019 година Центарот за светско наследство доби извештај од трета страна за натамошни закани на доброто, вклучувајќи ја и можноста за легализација на бесправните градби и одобрени нови развојни промени.

*Анализа и заклучоци на Центарот за светско наследство и Советодавните тела*

Земјата потписничка презеде одредени чекори за да одговори на барањата од Комитетот, вклучувајќи запирање на постапката за промени на зонирање во Планот за управување со Националниот парк „Галичица“, кој, како што беше образложено од страна на земјата потписничка, де факто ја запре надградбата на потсекцијата (а) и (е) на автопатот А3 Охрид - Пештани и изградбата на Ски-центарот „Галичица“.

Подготвен е Предлог-закон за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион. Сепак, се забележува дека во случај на непочитување на неговите одредби, на пример, спроведување на активности кои можат да ја загрозат или ја загрозиле

*исклучителната универзална вредност* (Outstanding Universal Value - OUV) на доброто, се вклучени само финансиски, но не и казнени санкции. Овие мерки не се доволни за да се обесхрабри непочитување на одредбите.

Сепак, поголемиот дел од барањата на Комитетот и препораките од Мисијата од 2017 година остануваат неисполнети, вклучувајќи го и воспоставувањето мораториум на трансформации долж крајбрежјето, инвентаризација на дивоградбите и постапки за нивно уривање, спроведување студии за воспоставување на контактна зона и сеопфатно решавање на проблемите во урбаниот сообраќај.

Важно е да се напомене дека земјата потписничка не спровела споредбена студија за алтернативни железнички траси за Паневропскиот коридор VIII, како што било побарано од Комитетот во 2017 година. Не е направена процена за алтернативното решение за тунел што ја поврзува територијата на Северна Македонија со рамнината Прењас во Албанија, кој ќе биде надвор од сегашното добро и од проширувањето предложено од страна на земјата потписничка Албанија. Ова решение ќе биде разгледано од страна на Комитетот под точка 8 од дневниот ред. Таквата траса ќе ги минимизира потенцијалните влијанија врз *исклучителната универзална вредност* (OUV) на доброто и неговото предложено проширување во согласност со европската практика за железнички тунели.

Консултациите меѓу земјата потписничка и земјата потписничка Албанија во однос на проширувањето на доброто не ги адресираат негативните влијанија кои можат да произлезат од планираната траса за железницата, клучно прашање за зачувување на еден од ретките останати и речиси непроменети делови од охридскиот брег, кој се протега меѓу границата на Северна Македонија и Албанија. Планираната железничка траса поминува близу полуостровот Лин во Албанија и може да ги загрози клучните карактеристики кои го поддржуваат предложеното проширување на доброто.

За трасата на автопатот А2 Требеништа - Струга стручното мислење на земјата потписничка ги поддржува резултатите од претходно спроведената Процена за влијанието врз наследството (HIA) и Процена за влијанието врз животната средина (EIA), кои, сепак, несоодветно ги адресираат потенцијалните негативни влијанија врз *исклучителната универзална вредност* (OUV) на доброто кој се протега во голем дел подалеку од Охридското Езеро. Освен тоа, само дел од патот е проценет и затоа нема сеопфатна процена за потенцијалните влијанија на целиот инфраструктурен проект, ниту какви било развојни промени по неговата должина.

Центарот за светско наследство и советодавните тела забележуваат дека е постигнат мал напредок во спроведувањето важни барања и препораки од Комитетот, вклучувајќи го и одложеното спроведување на клучните барања без да се предложи ревидираната временска рамка. Освен тоа, земјата потписничка нема намера да адресира одредени горенаведени приоритетни препораки.

Во својата Одлука **40 COM 7B.68** Комитетот забележал дека постои голема веројатност Железничкиот коридор VIII и Автопатот А2 да предизвикаат потенцијално значителни негативни влијанија врз исклучителната универзална вредност (OUV) на доброто и сметал дека овие проекти претставуваат потенцијална опасност за имотот во согласност со алинеја 179 и 180 од Оперативниот водич.

Исто така, Мисијата од 2017 година забележа бројни закани со кои се соочуваат природните и културните вредности на доброто, вклучувајќи: намалени нивоа на вода, неконтролирано испуштање, загадување на водата поради несоодветни системи за третман на отпадните води што доведува до евидентна еутрофикација на устијата на влезните реки, големи притисоци од туризмот, како и екстензивен неконтролиран урбан развој и несоодветна експлоатација на крајбрежните зони. Ова резултира со повисока потрошувачка на вода,

зголемено загадување, фрагментација и уништување на живеалиштата, како и значително негативно влијание врз визуелниот квалитет на доброто.

Мисијата заклучи дека севкупната состојба на зачувување на доброто е ранлива и доколку приоритетните препораки не се спроведат во рамките на двегодишна рамка, имотот би можел да ги исполни критериумите за впишување на Листата на светско наследство во опасност. Ова гледиште беше потврдено од страна на Комитетот во својата Одлука донесена во 2017 година.

Центарот за светско наследство и советодавните тела забележуваат дека иако проектите за Ски-центарот „Галичица“ и потсекциите (а) и (е) од патот А3 биле прекинати во последните две години од мисијата, има мал напредок во решавањето на овие тековни закани. Не е постигнат напредок во одобрување на инструментите за планирање, вклучувајќи го и Планот за управување во воспоставување мораториум за какви било трансформации, во инвентаризација и отстранување на дивоградбите кои негативно влијаат врз *извонредната универзална вредност* (OUV) на доброто, како и во спроведувањето систем за третман на отпадните води. Освен тоа, земјата потписничка ја изразила својата намера да продолжи со првичната рута на Железничкиот коридор VIII и покрај барањето на Комитетот да разгледа алтернативни рути.

Доброто сега се зачува со неповратни трансформации на општата врска меѓу историскиот град, археолошките остатоци, природното опкружување и Охридското Езеро, кои можат да се решат само со големи промени во процесите на владеење, управување, планирање, конзервација и спроведување.

Тековните закани во комбинација со инфраструктурни и развојни проекти од големи размери, поединечно и кумулативно, претставуваат потенцијална опасност за *извонредната универзална вредност* (OUV) на доброто. Поради тоа, се заклучува дека доброто ги исполнува критериумите за впишување на Листата на светско наследство во опасност во согласност со алинеите 177, 179 б) и 180 б) од Оперативниот водич. Се препорачува Комитетот да го разгледа впишувањето на имотот на Листата на светско наследство во опасност и да побара од земјата потписничка, во консултација со Центарот за светско наследство и советодавните тела, да воспостави низа корективни мерки и предлог за потребното ниво конзервација со цел отстранување на имотот од Листата на светско наследство во опасност (DSOCR).

**Предлог-одлука: 43 COM 7B.36**

Комитетот за светско наследство,

1. *По разгледувањето* на документот WHC/19/43.COM/7B,

2. *Повикувајќи се* на одлуките бр. **40 COM 7B.68** и **41 COM 7B.34**, усвоени на 40. (Истанбул/УНЕСКО, 2016) и 41. (Краков, 2017) сесија,

3. *Го поздравува* запирањето на постапката за измена на Планот за управување со Националниот парк „Галичивца“, особено неговото зонирање, кој де факто ги запре градежните проекти на подделници (а) и (е) од патот А3 и Ски-центарот „Галичица“ во рамките на доброто. Сепак, истовремено смета дека овој чекор не е доволен за значително да се намали ранливоста на доброто,

4. *Воедно, повикувајќи се* на одлуките кои ги поддржуваат заклучоците од Реактивната мониторинг мисија од 2017, а кои наведуваат дека севкупната состојба на заштита на доброто е ранлива од повеќе закани и, доколку не се спроведат приоритетните препораки во рок од две години, доброто би можело да ги исполни критериумите за впишување на Листата на светско наследство во опасност,

5. *Забележува* дека постои делумен напредок во спроведувањето на итните барања и препораки на Комитетот, вклучувајќи го одложеното спроведување на клучните одредници, без притоа да се предложи ревидирана временска рамка, особено мораториум на било каква трансформација во рамките на доброто, инвентар на бесправно изградените објекти и уривањето на тие кои негативно влијаат на извонредната универзална вредност (ИУВ) на доброто, одобрувањето на сите релевантни плански документи, вклучувајќи го и Планот за управување, како и други клучни препораки на Заедничката реактивна мониторинг мисија на Центарот за светско наследство/ИКОМОС (Меѓународниот совет за споменици и места)/ИУЦН (Меѓународната унија за заштита на природата) од 2017 година,

6. *Исто така, забележува* дека државата не го информира редовно Центарот за светско наследство за проекти и активности за планирање кои се изготвуваат во на границите на доброто, а во согласност со параграфот 72 од Оперативниот водич,

7. *Забележува со загриженост* дека државата сè уште не се осврнала на препораките за Железничкиот коридор VIII и покрај барањето на Комитетот да се разгледаат алтернативни траси надвор од доброто и надвор од проширувањето предложено од Албанија; на делницата од автопатот А2 Требеништа - Струга, иако не е преземена соодветна процена на влијанието врз наследството (НІА) за севкупното влијание на овој пат врз исклучителната универзална вредност на доброто, и го повторува барањето до државата итно да изнајде оптимални решенија за овие проекти, и притоа да се избегне влијанието врз исклучителната универзална вредност на доброто и предложеното проширување од страна на Албанија,

8. *Со задоволство забележува* дека преземеното дејство на државата за долгорочните проекти, кое вклучува систем за управување со отпадни води и пренасочување на реката Сатеска, и дополнително го поздравува усвојувањето на Законот за управување со природното и културно наследство во Охридскиот Регион од страна на Владата, како и владината одлука од јуни 2019 година со која се задолжуваат сите релевантни домашни институции да ги спроведат препораките на Центарот за светско наследство,

9. *Засилено ги повторува* своите барања до државата во врска со:

   а) воспоставување мораториум за какви било урбани и крајбрежни трансформации во рамките на доброто сè додека не се финализираат и усвојат сите релевантни плански документи, и сè додека не се одобрат ефективни прописи за заштита и не се воспостават ефективни контролни механизми,

   б) изготвување инвентар на бесправно изградените објекти, проценувајќи го нивното влијание врз исклучителната универзална вредност на доброто преку соодветни процеси за процена на влијанието врз наследството и процена на влијанието врз животната средина и да пристапи кон уривање на сите тие градби кои претставуваат закана за доброто;

   в) осигурување за строго спроведување на законите и прописите со цел да се спречи натамошно беспарвно градење,

   г) финализирање на Планот за управување со доброто и усогласување на сите релевантни плански инструменти со крајна цел заштита и

задржувањето на извонредната универзална вредност на доброто, како и доставување на Нацртот-планот до Центарот за светско наследство и советодавните тела, пред тој да биде финализиран и усвоен;

д) спроведување на сите претходни барања на Комитетот и препораките од Мисијата од 2017 година;

10. *На крајот, од државата бара* до **1 февруари 2020 година** да поднесе ажуриран извештај за состојбата со заштитата на доброто до Центарот за светско наследство заради негово разгледување од страна на Комитетот за светско наследство на неговата 44. сесија во 2020 година, и доколку се **потврди потенцијална или утврдена опасност врз неговата исклучителна универзална вредност, можно е впишување на доброто на Листата на светско наследство во опасност.**

## Изјава за исклучителна универзална вредност

### ПРИРОДНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА ОХРИДСКИОТ РЕГИОН (N/C 99)

**Кратка синтеза**

Регионот на Охридското Езеро, мешовито добро што опфаќа 83.350 ha, беше впишан за неговите природни вредности во 1979 година, а за неговите културни вредности една година подоцна. Охридското Езеро е извонреден природен феномен кој е прибежиште за бројни ендемски и реликтни слатководни видови флора и фауна кои потекнуваат од терциерниот период. Древното езеро со тектонско потекло, ова длабоко езеро постои континуирано околу 2 до 3 милиони години. Неговите олиготрофни води чуваат над 200 вида растенија и животни кои се уникатни за езерото, вклучувајќи алги, сплескани црви, полжави, ракови и 17 ендемски вида риби, вклучително и два вида пастрмка, како и мноштво птици.

Лоциран на брегот од Охридското Езеро, градот Охрид претставува една од најстарите човечки населби во Европа. Изграден претежно меѓу VII и XIX век, тој бил седиште на најстариот словенски манастир (посветен на Свети Пантелејмон) и на повеќе од 800 икони со светска слава во византиски стил, насликани меѓу XI и крајот на XIV век. Охридската архитектура е најдобро зачуваната и најкомплетната збирка на урбана архитектура од овој дел на Европа. Словенската култура се ширела од Охрид кон другите делови на Европа. Со археолошките истражувања откриени се седум базилики во стариот дел на Охрид (ова сигурно не е конечниот број), кои датираат од периодот меѓу IV, V и почетокот на VI век, а содржат такви архитектонски и декоративни својства кои неспорно укажуваат на силниот подем и слава на античкиот Охрид (Лихнид), во овој поглед. Структурата на градското јадро е збогатена со голем број археолошки локалитети, со акцент на ранохристијански базилики кои имаат бројни мозаични подови. Посебно место во градителското наследство на Охрид припаѓа на нејзината стара урбана архитектура, особено поради фактот дека на оваа локација може да се види добро зачувана доцноосманлиска урбана резиденцијална архитектура од XVIII и XIX век, со традиционално локално влијание. Ограниченото простор за градежни активности довел до формирање на многу тесни улици.

Иако градот Струга се наоѓа по должината на брегот од Охридското Езеро, неговиот живот е сконцентриран на бреговите од реката Црни Дрим, која истекува од езерото. Постоењето на Струга е поврзано со неколку рибарски населби од дрвени колци лоцирани покрај брегот на Езерото. Голем број археолошки локалитети сведочат за постоење наоди од неолитскиот период, бронзеното време, македонско-хеленистичкиот период, римскиот период и раниот средновековен период.

Спојот на добро зачуваните природни вредности со квалитетот и разновидноста на неговото материјално и духовно наследство го прави овој регион навистина уникатен.

**Критериум (i) -** градот Охрид претставува една од најстарите човечки населби во Европа. Тој е една од најдобро и целосно зачуваните ансамбли во кои се опфатени археолошки остатоци од бронзено време до средновековниот период, најдобрите примери на

верска архитектура од VII век до XIX век и урбаната структура која ја претставува народната архитектура од XVIII-XIX век кои поседуваат вистински историски, архитектонски, културни и уметнички вредности. Нивната концентрација во старото градско јадро на Охрид, што само по себе е од големо значење, како и по бреговите на Охридското Езеро и поширокиот простор со кој сочинуваат една извонредно хармонична целина, е она што овој регион го чини единствен и го оправдува неговото значење како извонредна универзална вредност.

**Критериум (iii) -** локалитетот преставува сведоштво за византиската уметност преставена на повеќе од 2500 $m^2$ фрески и повеќе од 800 светски познати икони. Црквите Света Софија (XI век), Света Богородица Перивлепта и Свети Јован Богослов - Канео, меѓу другите, прикажуваат високо ниво на уметничко достигнување преку нивните фрески и теолошки претстави, изработени од страна на локални, како и странски уметници. Древните архитекти подигнале огромни базилики кои требало да служат како модели за други базилики со векови. Развојот на црковниот живот по должината на брегот на Охридското Езеро, со својата верска архитектура, фрески и икони, сведочи за значењето на овој религиозен и културен центар низ вековите.

**Критериум (iv) -** тука се наоѓа еден од најстарите словенски манастири и седиштето на првиот Словенски универзитет на Балканот - Охридската книжевна школа која ја ширела писменоста, образованието и културата низ целиот стар словенски свет. Стариот урбан центар на Охрид е единствениот зачуван автентичен древен урбан ентитет, прилагоден на позицијата на езерското крајбрежје и теренот, а кој се карактеризира со верска и профана архитектура со висок квалитет. Архитектонските решенија, со форум, јавни, резиденцијални и верски објекти со потребната инфраструктура биле присутни дури и во античкиот Лихнидос (старото име на градот). Присуството на архитектура од периодот на раното христијанство (IV до VI век), со возвишените базилики, проследено со византиската архитектура (IX до XIV век), со голем број зачувани верски објекти од различни типови, е од најголемо значење и претставува единство со урбаната архитектура на градот.

**Критериум (vii) -** Охридското Езеро, кое датира од предглацијалното време, е суперлативен природен феномен кој обезбедува уникатно прибежиште за бројни ендемски и реликтни слатководни видови флора и фауна кои се резултат на географска изолација и непрекината биолошка активност. Неговите олиготрофни води содржат над 200 ендемски вида со високи нивоа на ендемизам, особено кај бентонските видови, вклучително и алги, дијатоми, тубеларни црви, полжави, ракови и 17 ендемски вида риби. Регионот на Охридското Езеро исто така има богат свет птици.

**Интегритет**

И покрај малата измена на границите на страниците во 2009 година за обединување на регионот, сегашната граница сè уште не ги опфаќа целосно сите карактеристики што ја пренесуваат извонредната универзална вредност на доброто.

Интегритетот на дброто, особено во однос на природните вредности, е ограничен само на две третини од Охридското Езеро (делот што припаѓа на Поранешната југословенска Република Македонија) и мал дел од сливот. Пожелно е доброто да се прошири за да се

процени можноста за вклучување на албанскиот дел од езерото, како и други области неопходни за заштита на сливот на езерото со цел соодветно да се заштити исклучителниот биодиверзитет на езерото. Главните закани за интегритетот на доброто вклучуваат некоординиран урбан развој, зголемување на населението, несоодветно отстранување на отпадот и притисок на туризмот. Ова влијае на квалитетот на водата од загадување од зголемен сообраќај и несоодветно постапување со отпадни води и цврст отпад и преку осиромашување на природните ресурси.

Интегритетот на имотот наместа страдаше, бидејќи неколку куќи изградени на крајот од XIX век беа срушени со цел да се изложат ископаните остатоци од римскиот театар.

**Автентичност**

Градот Охрид е добро зачуван, иако во поглед на верските објекти позначајни конзерваторско-реставраторски работи се спроведуваат уште од 90-тите години. Исто така, направени се некои измени во резиденцијалната употреба на куќите, особено во внатрешноста (за подобрување на условите за живеење) и има изведени обнови со истите материјали. Иконите и фреските се во добра состојба и се чуваат во црквите.

Конзервацијата на спомениците во регионот се придржува кон добрата конзерваторска практика и тие се темелно истражени и документирани.

**Услови за заштита и управување**

Природното и културното наследство на Охридскиот Регион има неколку слоеви на правна заштита. Заштитата на културното наследство е регулирана со Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр. 20/04, 115/07) и со подзаконски акти и закон со кој се прогласува старото градско јадро на Охрид како културно наследство од особено значење (Службен весник на РМ бр. 47/11). Заштитата на природата е регулирана со Законот за заштита на природата (Службен весник на РМ бр. 67/2004, 14/2006 и 84/2007), вклучително во и надвор од заштитените подрачја. Исто така, постои и Закон за управување со светското културно и природно наследство на Охридскиот Регион (Службен весник на РМ бр. 75/10). Правните инструменти треба да бидат ажурирани и спроведени за да се заштити доброто.

Доброто се управува и заштитува преку низа релевантни документи за управување, а постоењето Генерален план за управување е јасно поставен и долгорочен услов.

Просторниот план на Република Македонија од 2004 година е најуспешен долгорочен и интегриран документ за управување со земјиштето, што дава визија за целта, заштитата, организацијата и пејзажот на земјата и начинот на нивното управување. Овој план треба да се одржува и ажурира на постојана основа, иако постојат некои недостатоци во општата примена на регулативите и плановите за урбанистичко планирање.

Со доброто управуваат две министерства, Министерството за култура и Министерството за животна средина преку три општини (Охрид, Струга и Дебрца, иако законски тие немаат надлежности да го штитат културното и природното наследство). Заводот

за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид има надлежност да го заштитува културното наследство, а Музејот „д-р Никола Незлобински“ во Струга е надлежен за заштита на движното наследство. Националниот парк „Галичица“ е овластен да управува со природното наследство во рамките на паркот како целина, како и со дел од културното наследство кое се наоѓа на територијата на Паркот. Хидробиолошкиот завод од Охрид континуирано го следи екосистемот на Охридското Езеро, презема истражувања и се грижи за флората и фауната на Охридското Езеро. Тој управува со мрестилиштето со риби и е одговорен за збогатување на рибните резерви во езерото. Сепак, потребно е интегрирано управување со природното и културното наследство преку заедничко координативно тело и заедничко планирање за управување со цел да се обезбеди зачувување на вредностите на доброто.

Долгорочните услови за управување со доброто вклучуваат зајакнување на постојните, како и воведување нови механизми за соработка и практики за управување. Ова вклучува потенцијално преоценување на постојните заштитени области, соодветни финансиски и човечки ресурси за управување, ефективно планирање на управувањето и соодветно спроведување на законите. Комплексноста на заедничкото природно и културно наследство на Охридското Езеро бара иновативни модели на управување, способни да се справат со мноштво управувачки цели во поширокиот прекуграничен регион на Охридското Езеро. Соработката меѓу секторите за култура и природа е од суштинско значење. Ефективната интеграција на процесите на планирање на различни нивоа, меѓусекторската соработка, учеството на заедницата и прекуграничната заштита се предуслови за успешно долгорочно управување со Охридското Езеро. Важно е да се преземат мерки за градење капацитети со персоналот одговорен за управување со Охридското Езеро со цел ефикасно да се заштитат и културните и природните вредности на доброто.

**Исклучителна универзална вредност, состојба на нејзините атрибути и закани за нејзиното зачувување**

| Изјава за исклучителната универзална вредност | Состојба на атрибутите на исклучителната универзална вредност | Закана/коментар |
|---|---|---|
| Охридското Езеро е извонреден природен феномен кој е прибежиште за бројни ендемски и реликтни слатководни видови флора и фауна кои потекнуваат од терциерниот период. Древно езеро со тектонско потекло, ова длабоко езеро постои континуирано околу 2 до 3 милиони години. | Охридското Езеро е идентификувано како едно од вкупно две „жаришта“ на биолошката разновидност во Европа (Neubauer et al (2015). Како најдлабоко и најстаро езеро во Европа, тоа обезбедува стабилни услови во периодот од илјадници години за развој на реликтни видови, но и за еволуција на сосема нови видови, што резултирало со најверојатно највисок процент на ендемизам на единица површина во однос на кое било езеро во светот (Albrecht и Wilke, 2008). Присутни се најмалку 212 ендемски вида (182 животни) од вкупно 1200 таксони што се среќаваат во езерото. Овие видови се приспособиле на олиготрофните услови што се | Реката Сатеска од 1962 година, наместо да се влива во реката Црни Дрим, е целосно пренасочена во Охридско Езеро. Со претходни микробиолошки и физичко-хемиски анализи се утврдени негативни ефекти од седиментот што реката Сатеска го транспортира во езерото (Watzin et al., 2002).<br>Седиментацијата се зголемува заради намалување на површините под шума во сливот на реката Сатеска (N. Hoffmann, 2010; Vogel et al., 2010b).<br>Расте бројот на викенд-куќи, хотели, плажи, кампови, особено во крајбрежјето во околината на Охрид и Струга. Има силен притисок за урбанизација на неизградено земјиште со висок индекс на функционалност на |

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Изјава за исклучителната универзална вредност | Состојба на атрибутите на исклучителната универзална вредност | Закана/коментар |
|---|---|---|
| | поддржани со карстните извори и Студенчишкото Блато. (Apostolova et al, 2016). Охридското Езеро има клучна улога за палеоеколошките и палеоклиматските истражувања; придонесува разбирањето на интеракцијата меѓу биолошката и геолошката еволуција; конечно, ова езеро има голем придонес за истражувањата на видовите (Wagner, 2017). Заради своите специфики, ова релативно мало езеро е исклучително богато со биолошка разновидност и функционира како „природна лабораторија“ (Hauffe et al, 2011). Студенчишкото Блато го снабдува езерото со вода преку подземна врска, притоа, регулирајќи ги екосистемските услуги на поширокиот регион преку задржување нутриенти и со тоа го намалува антропогеното влијание и го подобрува квалитетот на водите (Apostolova et al, 2016; Друштво на научници за блатни живеалишта, 2018). Студенчишкото Блато е остаток од претходното поголемо блатно станиште, но тоа е сè уште функционално, а стратифицираните слоеви на тресет претставуваат еден вид палеоеколошки архив; во блатото се мрестат три таксони на комерцијално значајни риби. Блатото придонесува и за секвестрација на јаглерод во 300 cm длабокото хистосолно тресетиште (Apostolova et al, 2016; Society of Wetland Scientists, 2018). | крајбрежјето и покрај тоа што овие зони се исклучително сензитивни и имаат огромна важност за опстанокот на ендемските видови (Hauffe et al., 2010). На овој простор се застапени и бесправно изградени објекти и пристаништа/марини. Дури и на повисоките делови од котлината и на планината Галичица се градат објекти, што може негативно да се одрази на хидрологијата на сливот. Брзите пловила креираат бранови што можат да бидат деструктивни за литоралните заедници и за блатата. (Schmieder and Pier, 2000). Во повеќе делови на крајбрежјето, а особено близу Трпејца и Пештани, се уништуваат или фрагментираат макрофитните асоцијации (Трајановска, 2009). Наместо автохтоните асоцијации, се јавуваат нови, заради кои е можно да се јави промена на видот на рибите што таму се мрестат и наместо салмониди, да преовладаат ципринидни видови (Спирковски и Илиќ-Боева, 2004). Се уништуваат блатните живеалишта во Струшкото Поле и Студенчишта. Струшкото Блато е целосно претворено во земјоделско земјиште, додека во Студенчишкото Блато е евидентно намалување на дистрибуцијата на одделни реликтни блатни асоцијации (Министерство за животна средина и просторно планирање, 2003). |
| Неговите **олиготрофни води** чуваат над 200 вида растенија и животни кои се уникатни за езерото, вклучувајќи алги, црви, полжави, ракови.... | Во 2019 година (февруари, април и јули), при изработката на Планот за управување со сливот на Охридското Езеро (во рамките на проектот за одржлииво управување со сливот на Црн Дрим) е спроведен мониторинг на езерото и неговите притоки. Утврдено е дека водите на Охридското Езеро имаат **олиготрофен статус**. Притоките на езерото го имаат следниот статус:<br>Сатеска 1 – добар статус;<br>Сатеска 2-среден статус;<br>Сатеска 3: среден статус;<br>Коселска 1 – добар статус; | Околу 65% од отпадните води од населбите и туристичките објекти се третираат во станицата за пречистување отпадните води во Враништа (Avramoski et al., 2003, 2006).<br>Колекторот што ги собира отпадните води од секундарните канализациски системи е делумно нефункционален (D. Georgiev, 2009).<br>Промените во користењето на земјиштето и интензивното земјоделство имаат голема важност за зачувувањето на екосистемот на Охридското Езеро (Watzin et al., 2002). |

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Изјава за исклучителната универзална вредност | Состојба на атрибутите на исклучителната универзална вредност | Закана/коментар |
|---|---|---|
| | Коселска 2 - среден статус; ***Студенчишки канал – лош статус***.<br>Степенот на ендемизам на Охридското Езеро се проценува на 36% за сите видови и 34% за животните. Значајно е да се одбележи дека се застапени 72 гастроподни вида, од кои 78% не се среќаваат на друго место од планетата. Кај други так сони исто така се среќава висок степен на ендемизам, и тоа: ciliophora (91% ендемизам од вкупно 34 вида), amphipoda (90% од вкупно 10 вида), porifera (80% од вкупно 5 вида), isopoda (75% од вкупно 4), tricladida (79% од вкупно 29 вида), ostracoda (63% од вкупно 52 вида) и hirudinea (54% од вкупно 26 вида) (Albrecht and Wilke, 2008).<br>Во езерото се среќаваат бројни загрозени видови од регионален, европски и глобален карактер. Според глобалната Црвена листа на ИУЦН, во Охридското Езеро се среќаваат 26 ранливи, 17 засегнати и 11 критично загрозени видови. Како поважни растителни видови може да се спомнат *Nufar lutea, Nymphaea alba*, кои се строго заштитени според националното законодавство. | Исцедочните води од депонијата за отстранување на комунален отпад во Буково (слив на Коселска Река) може да имаат влијание врз квалитетот на водите на езерото.<br>Интензивниот воден сообраќај се одразува негативно врз квалитетот на водите од езерото.<br>Заради хидрауличката врска меѓу Охридското и Преспанското Езеро (e.g., Amataj et al., 2007) се транспортира фосфор, што во иднина може да влијае негативно на олиготрофниот статус на Охридското Езеро (Matzinger et al., 2006a). Со натамошна еутрофикација на Охридското Езеро можно е да се влијае негативно на ендемските видови во сублиторалниот појас (Stankovic´, 1960). |
| 17 ендемски вида риби, вклучително и два вида пастрмка. | Охридското Езеро го поддржува рзвојот на биолошката разновидност на слатководните риби, со густина од >8 таксони на секои 104 km² (Hales, 2015).<br>Застапена е релативна рамнотежа меѓу ципринидните и салмонидните риби.<br>Ихтиофауната е претставена со 21 вид, од кои 15 се карактеристички за Западен Балкан, 13 се среќаваат во Југоисточниот Јадрански Регион, а 8 се ендемски за Охридското Езеро (Hales, 2015). | Прекумерното ловење на охридската пастрмка (Salmo letnica) и на белвицата (Salmo ohridana) е причина за намалување на бројноста на нивните популации.<br>Порибувањето, исто така, не е соодветно (Szymanczak et al., 2009<br>Зголемениот број туристи влијае за размножувањето на ендемските видови риби (особено на ципринидите). (Спирковски и Илиќ-Боева, 2004).<br>Рибите според составот на видовите се значајно изменети (e.g., Talevski et al., 2010), меѓутоа, последиците врз интегритетот на екосистемот н се доволно истражени.<br>Пред неколку декади во Охридското Езеро се интродуцирани егзотични видови како калифорниска пастрмка и *silver carp* (Серафимова, 1985); |

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Изјава за исклучителната универзална вредност | Состојба на атрибутите на исклучителната универзална вредност | Закана/коментар |
|---|---|---|
| | | најмалку седум вакви видови се среќаваат во езерото (Talevski et al., 2010). Златната пастрмка (Oncorhynchus mykiss aguabonita) исто така е пронајдена во улов близу Свети Наум (З. Спирковски, 2010).<br>Потребно е да се истражува феноменот на неавтохтони видови во наредниот период (e.g., Wilke et al., 2010). |
| ...како и мноштво птици. | Евидентирани се 88 вида птици што зависат од екосистемот на Охридското Езеро. Со подобрувањето на мониторинтот се очекува оваа бројка да се зголеми. | Бучавата во туристичката сезона влијае на размножувањето на птиците. Особено е штетна бучавата од глисери и скутери. Со Законот за внатрешна пловидба не е регулирано користењето на глисери и скутери. |
| Градот Охрид претставува една од најстарите човечки населби во Европа. Тој е една од најдобро и целосно зачуваните ансамбли во кои се опфатени археолошки остатоци од бронзеното време до средновековниот период, најдобрите примери на верска архитектура од VII век до XIX век и урбаната структура која ја претставува народната архитектура од XVIII - XIX век кои поседуваат вистински историски, архитектонски, културни и уметнички вредности. | Некогаш воспоставениот урбан концепт, односно поредок се одржува до денес наспроти поединечните градби кои се рушат и се обновуваат.<br>Најстар слој на урбаната структура е црковната архитектура од времето кога Охрид, како архиепископски град, бил средиште на верскиот живот. Нејзиното хронолошко датирање се движи во период од IX до XIX век. Денес во споменичката целина има 15 верски објекти/цркви, меѓу кои, се издвојуваат: Св. Софија (XI век); Св. Богородица Перивлепта - (1295 год.); Св. Богородица Болничка (XIV век); Св. Никола Болнички, црквата Мал св. Климент (1378 год.); Св. Константин и Елена (XIV-XV век); Св. Димитрија (XIV век); Св. Пантелејмон (IX-XIV век), Св. Јован Богослов - Канео (XIII век) и др.; | Урбаниот концепт на градот Охрид е делумно нарушен. Дел од профаните објекти се целосно руинирани, со што се изгубени архитектонските, градителските и материјалните вредности.<br>Ненавременото изведување на конзерваторските интервенции доведува до трајно оштетување или губење на тие градби. Новите објекти се без карактеристичните архитектонски фасадни елементи, со доградби, надградби или поткровја кои ја загрозуваат рамнотежата на просторната структура по висина, затворајќи ги визурите и нарушувајќи ја инсолацијата на околните објекти. Ова придонесува за една сосема поинаква густина на населеност и процент на изграденост.<br>И покрај зголемениот урбан развој, сè уште е зачуван типичниот изглед на ориенталната градска куќа од XVIII и XIX век.<br>Религиските објекти се во релативно стабилна состојба. Кај поголемиот број се преземени конзерваторско-реставраторски и санациони работи.<br>Континуираното тековно одржување е задолжително како превентива. |

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Изјава за исклучителната универзална вредност | Состојба на атрибутите на исклучителната универзална вредност | Закана/коментар |
|---|---|---|
| Голем број археолошки локалитети сведочат за постоење наоди од неолитскиот период, бронзеното време, македонско-хеленистичкиот период, римскиот период и раниот средновековен период. | Археолошките локалитети кои се во рамките на урбаните јадра - заштитената целина, превентивно се заштитетни и презентирани. На дел од нив е извршена само превентивна конзервација. За преземените археолошки истражувања изготвена е целосна документација (антички театар, Самоилова тврдина, Плаошник, Енгелана, подводните истражувања во Заливот на Коските - Музеј на вода...).<br>Во Старото градско јадро на Охрид се откриени неколку археолошки локалитетите, како: семејната, старомакедонска гробница „Караѓулевци“ (III век пр. н.е.); храмот на божицата Изида во Карабегомала, во централното подрачје на Охрид, (III-II век пр. н.е.); Дебој, хеленистичка и римска некропола каде е откриена и ранохристијанска базилика од V-VI век; семејната гробница во североисточното предградие на Охрид (III-IV век); базиликата „Манчевци“ (VI век) и многу други. | Урбаната стратиграфија во градските јадра има изолирани ископини и сознанија за поголем број антички археолошки остатоци на просторот, но без доволна документираност. Не доволно се финансира во археолошките истражувања во овој дел. |
| Стариот урбан центар на Охрид е единствениот зачуван автентичен древен урбан ентитет, прилагоден на позицијата на езерското крајбрежје и теренот, а кој се карактеризира со верска и профана архитектура со висок квалитет... | Во старото градско јадро на градот Охрид сè уште се препознатливи и видливо зачувани автентичните урбани плански архитектонски решенија - форум, јавни, станбени и сакрални објекти со потребната инфраструктура кои со својата хармонична поставеност се вклопуваат во крајбрежната линија и околниот терен. Значењето на Струга го потврдуваат и репрезентите на градската архитектура кои се истакнуваат со своите амбиентални, естетски и градителски вредности. Бројните сакрални и сè уште зачувани профани градби и остатоците од тесните, калдрмисани улички, говорат за постоењето на старото градско јадро на овој град. Зачуваните куќи од старата градска архитектура на Струга говори за совршената хармонија во нивното градење со сите карактеристики на типичната ориентална градска архитектура од крајот на XIX и почетокот на XX | Оформените станбени низи, чијашто функција, главно, била домување или комбинирано со дуќани, со општествено економските промени претрпеле и одредени промени во функцијата, и тоа во смисла на: отворање локали во објектите, приватно сместување на туристи, како и објекти кои се напуштени или, пак, објекти кои се користат повремено, во текот на викенди или преку летниот период. Поголеми измени градот Охрид има претрпено во 90-те години од XX век кога современиот урбанизам не ги почитуваше методологијата и принципите на заштитата. Во тој период се извршени измени во централното градско подрачје со изградба на објекти со големи габарити и висини и со несоодветна архитектура (пр.во комплекс Кеј). Изведени се и многу поткровни простори на постојните објекти кои не се во духот на охридската архитектура и претежно се диво изградени. |

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| Изјава за исклучителната универзална вредност | Состојба на атрибутите на исклучителната универзална вредност | Закана/коментар |
|---|---|---|
| ...Иако градот Струга се наоѓа по должината на брегот на Охридското Езеро, неговиот живот е сконцентриран на бреговите на реката Црни Дрим, која истекува од Езерото. Постоењето на Струга е поврзано со неколку рибарски населби од дрвени колци лоцирани покрај брегот на Езерото. | век. | Поголем дел од градбите во Струга исчезнале низ времето и денес веќе не постојат, а тіе малобројните што останале се вистинска гордост на стружани и сѐ уште сведочат за градителската активност во минатото.<br>Недоволните финансиски средства, економската и урбаната експанзија се главните закани за губење на овој значаен споменички фонд. |
| ...претставува сведоштво за византиската уметност претставена на повеќе од 2500 m² фрески и на повеќе од 800 икони со светска слава во византиски стил, насликани меѓу XI и крајот на XIV век. | Ова светско наследство е сведоштво на vизантиската уметност, која е прикажана на повеќе од 2500 m² фрески и повеќе од 800 икони. Црквите Света Софија (XI век), Света Богородица Перивлепта (XIII век) и Свети Јован Богослов - Канео (XIV век) презентираат високо ниво на уметнички достигнувања во фреските и теолошките претстави коишто се изработени од домашни и странски уметници. Естетските вредности на религиската архитектура, фреските и иконите придонеле овој регион да стане значаен верски и културен центар низ вековите. | Христијанските сакрални објекти (цркви) се во релативно стабилна состојба. Се преземаат конзерваторско-реставраторски и санациони работи кои во голема мера се условени од финансиските средства.<br>Генерално гледано, состојбата на фрескоживописот и иконите е во релативно добра состојба, но имајќи ја предвид сензитивноста и значењето кое тие го поседуваат, неопходно е континуирано следење и превентивно делување во некои од објектите. |
| Спојот на добро зачуваните природни вредности со квалитетот и разновидноста на неговото културно, материјално и духовно наследство го прави овој регион навистина уникатен. | Специфичноста на природното опкружување, езерото, пејзажот, богатството и разновидноста на биодиверзитет, во хармонија со автентичните вредности на создаденото културно наследство, му даваат посебност на целиот регион и го чинат единствен. Милениумската активност на многу генерации оставила зад себе синтеза на природното и урбаното наследство. | Постепеното губење делови од традиционалните градби влијае врз менувањето на изгледот на пејзажот во целина, со што трајно се губат неговите карактеристики. Од таа причина, треба реално да се согледаат вредностите на сите елементи на традиционалното градителство, затоа што, иако секој елемент од градителството сам за себе не претставува исклучителна вредност, тој во интегрална конотација влијае на хармонизација на целината.<br>Градењето голем број објекти на крајбрежниот појас на Охридското Езеро што доведува до континуирана промена на постојната структура на населбите од крајбрежјето, на самиот пејзаж и на крајбрежјето; |

## Прилог 2: Историски развој на Охридскиот Регион

**Охрид**

Градот Охрид претставува ретко архитектонско-уметничко остварување и богата ризница на архитектонско, археолошко, материјално и нематеријално наследствп, со огромна концентрација на значајни споменички добра. Старото градско јадро на Охрид претставува комплексна споменичка целина чие формирање, според потврдени артефакти и зачуваните објекти, непрекинато опстојува од праисториските времиња, преку античкиот и доцноантичкиот период, раното христијанство, раниот и развиениот среден век, османлискиот период, преродбата и модерната, па сè до денес, односно периодот од IV век пр. н.е. до XXI век. Тргнувајќи од бројните крајезерски праисториски наколни живеалишта, па преку античкиот Лихнид (Охрид), како еден од најстарите градови во Европа, на источното подножје од охридскиот рид е евидентирана богата материјална култура со континуирано егзистирање од неолитскиот период до почетокот на железното време. Со археолошките истражувања на просторот од Самоиловата тврдина и Плаошник се откриени остатоци на сликана керамика и гробови од раното железно време (XIII-XII век пред н.е.). Од истиот период во водите на Охридското Езеро се откриени остатоци од населби, и тоа на локалитетот Уста на Дрим и Врбник во Струга, и на источното крабрежје, Заливот на Прчот кај с. Трпејца, Заливот на Коските кај полуостровот Градиште (реконструирана населба која претставува и прв музеј на вода во поширокиот регион на Балканот) и Заливот на Бомбите кај с. Пештани.

Архајскиот период (VI-V век пр. н.е) е еден од најзначајните за Охрид и неговата непосредна околина во рамките на археолошката наука, бидејќи од овој период потекнуваат прочуените четири златни посмртни маски откриени во некрополата Требеништа кај с. Горенци, северозападно од Охрид, како и во градот Охрид, на локалитетот Горна Порта. Заедно со овие предмети во гробовите од некрополите се откриени и многубројни други прилози од злато, сребро, бронза, килибар и керамика кои припаѓале на тогашната племенска аристократија на Енхелеите (Енгелани), племе од регионите на Горна Македонија, често спомнувано во античките извори.

Местото и улогата на градот Лихнид во античкиот период, и посебно во македонско-хеленистичкиот е големо и потврдено со материјално-културни сведоштва. Стратешките позиции на двата рида (Охридскиот и Габавскиот) сместени северно покрај езерот,о ги забележал македонскиот крал Филип II (358 год. пр. н.е.) кој минувал низ Лихнитида (областа покрај Лихнид и Лихнидското Езеро) и наредил на нив да се подигнат моќни бедеми - тврдини. Остатоци од најстарата охридска тврдина се откриени на просторот од денешната Самуилова тврдина, додека на Габавскиот Рид до денес се зачувале видливи остатоци од бедеми изградени од мегалитни („киклопски“) камени блокови кои некогаш биле моќна престолнина на Енгеланите, а подоцна и на другите македонски кралеви. Во македонско-хеленистичкиот период (од крајот на IV до I век пр. н.е.), Лихнид бил богат, урбанизиран град, покрај брегот од Белото (Лихнидско) Езеро и покрај познатата античка магистрала Виа Игнација. За тоа говорат некрополите кај Дебој (помалиот источен дел од Охридскиот рид) и кај Горна порта (северен влез во стариот дел на Охрид), која обилува со многубројни археолошки предмети од злато, сребро, бронза и керамика.

Во времето на римската доминација, Лихнидос, заедно со Дасаретите, бил *libera gens*, односно град кој во голема мера слободно се развивал. Оттогаш потекнуваат новооткриените мозаични подови на локалитетот Плаошник (I век пр. н.е.) со претстава на тврдина со кули и разни други мозаични уметнички слики, а во рамките на објекти од раскошни палати. Денешниот изглед и протегањето на тврдината најверојатно биле оформени во IV век, која денес ја препознаваме по техниката на ѕидање *opus mixtum*. Во историските извори е забележано дека вака укрепениот град имал силна одбранбена моќ, поради што во 479 год. кралот Теодорих Амалиецот, крал на источните Готи, во својот поход од Македонија кон Нов

Епир, не успеал да го освои Лихнид „затоа што градот лежел на утврденото упориште и изобилувал со извори меѓу ѕидиштата“.

Кон крајот на доцноантичкиот/старохристијанскиот период Охрид (Лихнид) се трансформирал во многу значаен духовен и културен центар, што, пак, е евидентирано со присуството на 18 монументални ранохристијански базилики, од кои најголемот број се лоцирани токму во самиот град и во неговата непосредна крајбрежна околина, како и со моќта на лихнидската епископија, со што излегува надвор од своите регионални граници.

Живеењето и развојот на градот во променети општествени, економски и културни услови, предизвикано од населувањето на Словените кон крајот на VI и почетокот на VII век продолжило и врз со остатоците од доцната антика. Врзувајќи се на придобивките од доцноантичките традиции на Лихнид, во поглед на материјалната, а особено на духовната култура, Охрид низ средновековието израснува во значаен црковен, културен, административен и занаетчиско-стопански центар, не само во регионот туку и во поширокото балканско подрачје. Неговото историско значење го отсликуваат поголем број археолошки локалитети во чија комплексност влегуваат и најраните средновековни културни хоризонти. Така, триконхалните цркви, присутни на овие простори, се зачетоците на средновековната сакрална архитектура. Во времето на мисионерската дејност на словенскиот просветител и прв словенски епископ св. Климент и на неговиот соработник св. Наум, во Охрид и Охридско се изградени неколку цркви со манастирски комплекси кои се особено важни за ширењето на словенската богослужба на територијата од Македонија.

Од 976 до 1018 година Охрид бил средиште и центар на држава на чело со царот Самоил, кога и Охридската црква е подигната на ранг на патријаршија - Охридска патријаршија. Во тој период била воведена словенска литургија и библиските книги во Источната црква биле кодифицирани на црковнословенски јазик, а Охридскиот книжевен центар прераснал во главен двигател на сѐ што подоцна е создадено во писменоста, литературата и културата, не само во Македонија туку и пошироко во средновековниот словенски свет.

Во бурното средновековие Охрид се развил и во исклучително црковно средиште во кое биле подигнати многубројни сакрални објекти кои поради својата архитекотнска типологија и фрескоживопис влегуваат во редот на најзначајните дела од византиска средновековна уметност. Во археолошка смисла, помаркантните остатоци од испреплетената средновековна архитектура во Охрид се откриени и презентирани на локалитетите Самуилова тврдина и на Плаошник.

Овој период е прекинат со раното продирање на Османлиската Империја на овие простори, околу 1385 год., кога Охрид добил извонредно значење во освојувачките планови на Османлиите. Охридскиот санџак спаѓал меѓу најстарите санџаци формирани на балканскиот дел од османлиската држава.

За време на османлиското владеење Охрид продолжил да биде значаен општествен, религиски и трговски центар. Големата политичка промена донела општествени, културни и религиозни промени, чии материјално-културни траги се зачувани до ден денешен. Градот значајно го менува својот изглед за време на овој период кога постои строга поделба на христијански и муслимански дел. На ридот, меѓу многубројните сакрални објекти, останува да живее христијанското население, додека муслиманското население се населува во рамничарскиот дел и плодната рамница.

Во текот на XV век поголемиот број христијански цркви биле претворени во џамии. Ова е периодот кога во архитектурата и применетата уметност продирале силни ориентални влијанија што се преплетувале со локалните традиции. Охрид во XVI век бил познат како пазар за риба (крап, пастрмка и друга риба), која била позната дури во Цариград. Кон крајот на XVIII

век Охрид прераснува во едно од главните места во Битолскиот Вилает како добро населен и утврден град со околку 4000-5000 жители, кои, главно, се занимавале со трговија. Кон средината на XIX век полека се формирала физиономијата на стариот град, чиј дух е контурно препознатлив и денес. Станбените единци за живеење се тетарлано поставени на источната, северната и западната страна од централното географско седло. Чаршијата е растурена низ повеќе улици во западниот рамничарски дел. Во нив останале трагите од дуќаните изградени од послаб материјал, додека во главната улица што води кон езерското пристаниште сè уште сведочат „магазите“ од цврст материјал, камен и тула со сводови, подруми и полукатови. Охридската чаршија претрпела најмногу измени во втората половина од XIX век, кога во неа почнале да се градат дополнителни катови во бондручни конструкции што се користеле за работилници, а кои можат да се забележат до денес. За жал, другите дуќани како трошни и дотраени објекти се срушени и од нив нема зачувани траги. Во овој период во Охрид биле евидентирани околу 1300 семејства со околу 6000 до 8000 жители. Класичната препознатлива Охридска чаршија била лоцирана на една до две улици со околу 250 дуќани. Развиената трговија со постојан проток луѓе и производи бил забележлива и на улиците исполнети со народ во различни видови на облека. Охрид останува познат по продажбата на риба - свежа и посолена (конзервирана). Во втората половина на XIX век Охрид забележува значителен трговски и индустриски развој, што е забележано и од познатиот австриски конзул Ј. Хан. Во овој период во Охрид особено биле развиени кожарскиот и ќурчискиот занает, односно околу 150 куќи во Охрид тргувале со кожа која ја преработувале. Се смета дека Охрид, заедно со Костур и Јанина, биле главни извезувачи на кожа во Лајпциг, кој го снабдувал Балканскиот Полуостров со скапоцена кожа. Трговијата се одвивала и во обратна насока со увезување различни волнени и памучни ткаенини и други видови текстил од Австрија во Охрид.

Градот претрпел поголеми промени и во периодот меѓу двете светски војни, кога биле изградени монументални објекти со неокласична архитектура настаната под европските влијанија. Но и покрај одделните претрпени измени, зачувани се основните урбани елементи на чаршијата: главната улица, пазарот со своите историски и верски градби (христијански и муслимански), како и природни добра (стариот Чинар).

XX век со промената на економските, социјалните и општествените прилики доведува до менување на функцијата на одредени објекти кои се ориентираат кон развој на културата (музеи и музејски згради), туризмот, угостителството и други дејности.

Охрид забележува економски и културен процут во периодот 1945 - 1991 кога СР Македонија е федерална единка во рамките на поранешна СФР Југославија. Во овој период се отворени бројни фабрики и културно-образовни институции. Така, во периодот од 1950 до 1961 година во Охрид се основани неколку значајни институции од областа на културата како што е Народниот музеј (1950), Уметничката галерија (1952), Архивскиот центар (1954), Општинскиот завод за заштита на споменици на културта (1962) и Завод за заштита на споменици на културата и музеј - Охрид (1973), кој во ваква форма функционира до денес. Во 1961 година е основана светски познатата манифестација Охридско лето.

Во однос на историските занаети кои го правеле препознатлив Охрид во минатото, забележан е целосен дисконтинуитет. Старите занаети, како: ќурчискиот, опинчарскиот, терзискиот, самарџискиот се целосно загубени. Не постои ниту попис на историските занаети ниту релевантни податоци за нивно евентуално егзистирање во малите населени места во околината на градот. До почетокот на деведесеттите години од минатиот век во с. Речица фукционираше една валавица за килими и јамболлии. Од новите занаети најприсутна е изработката на охридскиот бисер и незначително филигранството.

**Струга**

Градот Струга се наоѓа по должината на брегот на Охридското Езеро, но неговиот живот е сконцентриран на бреговите од реката Црни Дрим, која како природен феномен истекува од

Езерото. Постоењето на Струга е поврзано со наколните населби покрај Охридското Езеро. Археолошките локалитети сведочат за постоењето наоди од периодот на неолитот, бронзеното време, македонско-хеленистичкиот период, римскиот и раниот средновековен период. Во византиските извори Струга се споменува во XI век, а веќе во XVI век се споменува како значајна населба со каравансарај и со пазар за жито кое се извезувало во Тирана и Елбасан. Според патописците, во овој период во Струга живееле околу 3000 жители во населба која била поделена на два дела кои биле поврзани со дрвен мост на Црни Дрим. Кон средината на XIX век Струга претставувала доста динамична населба со импресивна чаршија во која биле сместени преку двеста дуќани (меѓу 180 и 280 дуќани). Еден од централните занаети во економскиот живот на градот во минатото бил кујунџиството, а имало и самарџии, ортомари, грнчари итн. Во февруари и септември се одржувале познатите струшки панаѓури кои траеле по петнаест дена. Главна стопанска активност бил традиционалниот риболов кој се одржувал со векови. Кон крајот на XIX век Струга била доста голема населба која ја задржала поделеноста на градот - на десниот брег од Црни Дрим биле сместени муслиманските куќи, а на левиот христијанските. Карактеристичните струшки куќи биле градени на два и три ката, што укажува за благосостојбата на нивните сопственици.

Градот Струга доживува голем економски и културен развој во периодот 1944 - 1991 година, кога се изградени бројни економски препријатија и институции од областа на културата, а дел од нив како што се Струшките вечери на поезијата имаат светско реноме и опстојуваат до денес.

Во градот Струга е забележан огромен демографски раст, кој се забележува и во зголемената урбанизација на градот.

**Дебрца**

Областа Дебрца се наоѓа на југозападниот дел од Македонија, меѓу Кичево и Охрид. По своите географски, етнографски и економски одлики претставува специфично индивидуализиран крај.

Досега во науката нема сосема точни податоци за потеклото на името на областа Дебрца. Постојат претпоставки дека во рамките на Климентовата епископија Велика (Дрембица) спаѓала и сегашната територија на Дебрца.

За историскиот развој на овој крај се знае многу малку. Поволната геоморфолошка положба на Дебрца создала услови да се развијат живеалишта на луѓето од уште од најраните оформени човечки заедници. Траги од неолитски населби се пронајдени на теренот од некогашното село Јаворец, во подножјето на Илинска Планина, каде што се наоѓа пештерата Јаворец, потоа кај месноста Кутлина - кај селото Велмеј, Зла Страна кај Горно Средоречe, Черепец, источно од село Годивје, до црквата Св. Богородица во село Брежани и кај ридот Горица блиску до селото Лешани.

До целосното потпаѓање на Македонија под власта на Римјаните, 168 год. пр. н.е. Дебрца била населена од Десаретите кои живееле северно од Лихнидското (Охридско) Езеро. Присуството на Римјаните во Дебрца е потврдено со повеќе археолошки наоди.

Од времето на византискиот император Анастасиј (491 - 518) до 20-тите години на VII век Македонија била населена со многубројни словенски племиња. На територијата од Дебрца се населиле Берзитите (Брсјаците), чие име и денес е зачувано во народот. За животот на Словените по доаѓањето во овие краишта нема речиси никакви податоци. Од археолошките истражувања може да се утврди дека тие се населиле на теренот од некогашните антички живеалишта или формирале нови населби.

Во периодот на силниот развој на јужнословенската култура и писменост најверојатно Дебрца била составен дел од Климентовата парохија (до 893 год.) и потоа во составот на

неговата епископија Велика. Тоа го потврдуваат и археолошките остатоци од над 30 раносредновековни цркви и манастири што се наоѓаат во оваа област.

**Урбанизација на градовите Охрид и Струга**

Најголеми промени градовите Охрид и Струга претрпеле по Втората светска војна. Како последица на големите миграции село - град и индустријализацијата на градовите се формираат нови градски населби со индивидуални и колективни станбени објекти лоцирани претежно на плодното земјоделско земјиште во рамничарскиот дел. Овие населби се решени со нова инфраструктура и нова сообраќајна мрежа. Најголема девастација на просторот е направена со нетретирањето на контактните зони кои би ги поврзале ситните структури на историските урбани јадра со новата волуменска архитектура и кои би претставувале еден вид тампон-зона меѓу старото и новото. Со нетретирањето на контактната зона е направен голем контраст меѓу старото и новото, така што градовите изгубиле доста од своите историски и урбани физиономии и препознатлив амбиент.

Карактеристично за градовите е тоа што се врши голем атак на просторот од крајбрежниот дел на езерото, заземајќи сè повеќе простор од недопрената природна средина и културен пејзаж.

При реализацијата на новите објекти веќе не се користат традиционалните градежни материјали. Објектите добиваат современ изглед и се унифицирани од комерцијални причини. Полека се губи идентитетот и традиционалните вредности, така што објектите ја губат пропорцијата и волуменски не се вклопуваат во просторот. Предвидените капацитети во голема мера ги надминуваат просторните можности на локацијата.

Со големата експанзија на капиталот и комерцијализацијата на просторот, како и заради честите промени во урбанизацијата според потребите и желбите на населението за поседување недвижност на ваков атрактивен простор, градовите се доведени до фаза на урбанистички максимум, а беше доведена во прашање неговата функционалност.

Во Охридскиот Регион современата урбанизација ги зафаќа слободните простори покрај брегот на езерото, како и пополнување на слободните зелени површини во старите градски јадра. Претежно се градат индивидуални семејни куќи. Притоа, се градат објекти со несоодветни габарити и висини и несоодветна архитектура. Со ваквите градби се менува препознатливата силуета на градовите. На овој начин се загрозуваат одликите на урбанистичките матрици, затоа што новите градби ја нарушуваат изворната просторна организација во рамките на традиционалната целина

**Изградба на туристички капацитети**

Изградбата на објектите за потребите на туризмот во голема мера ја нарушуваат архитектурата на старите градски јадра. Прекумерната изградба на вакви објекти може да ја доведе во опасност традиционалната архитектура и културниот пејзаж. Жителите на стариот дел на Охрид во насока на развој на туристичките капацитети неконтролирано ги приспособуваа постојните објекти, на тој начин менувајќи ја нивната автентичност. Поголеми туристички хотелски капацитети во Охрид се градат во рамничарскиот дел покрај езерскиот брег, во продолжение на хотелите Ривиера и Палас, сè до Билјанините Извори. Тие хотели не го загрозуваат брегот на езерото и не ги нарушуваат визурите кон старото градско јадро.

Доктрината на чување и заштита на природното и културното наследство денес подразбира вклопување на старото и традиционалното во новите урбанизации, без нарушување на амбиенталните вредности на просторот, визурите и инсолацијата.

## Прилог 3: Природни вредности

Светското наследство во Охридскиот Регион содржи повеќекратни природни вредности кои ги сочинуваат географско-амбиенталните својства на регионот во кои се соединети мотиви од исконската природа, пред сè, на Охридското Езеро. Посебно значајни за науката се 212 ендемски вида, од кои 182 се животински вида. Еден дел од нив претставуваат живи фосили, речиси неизменети од времето на терциерот, како што се ендемскиот сунѓер, реликтните видови полжави, а од рибите охридската пастрмка и белвицата.

Охридското Езеро со 212-те ендемски видовии површина од 358,2 $km^2$ најверојатно претставува езеро со најголем диверзитет во светот, земајќи ја предвид неговата површина.

Најексплицитна експресија на ендемизмот во Охридското Езеро е регистрирана кај групите од бенталната фауна, каде што постојат цели еволутивни линии: пијавици (Hirudinea), ракови (Crustacea), школки (Bivalvia) и полжави (Gastropoda) и сплескани црви (Turbellaria). Кај некои од спомнатите групи, покрај големиот биодиверзитет, посебно обележје претставува и нивото на ендемизам кое се движи во границите од 54% кај класата (Hirudinea) до 79% кај класата полжави (Gastropoda). За забележување се и големиот број реликтни видови алги, меѓу кои најбројни се дијатомеите.

Евидентираните таксони во пелагијалната зона на Охридското Езеро припаѓаат на следните типови алги: *Cuanophuta, Bacillariophuta, Chlorophuta, Chrusophuta* и *Purrophuta*.

Со најголем број видови (но со мала бројност) застапени се зелените алги, а потоа следат синозелените алги, а апсолутно доминантни по својата квантитативна застапеност се ендемските дијатомеи *Cyclotella fottii* и *Cyclotella hustedtii,* кои сочинуваат нешто повеќе од 40% од вкупната фитопланктонска густина.

Во литоралната зона постои значително поголемо видово разнообразие во фитопланктонската заедница. Со најголем број видови се застапени дијатомеите, а по нив следуваат зелените алги.

Истражувањата на зоопланктонот, како значаен конституент во синџирите на исхрана во пелагијалните акватични екосистеми, имаат значајна улога во одредување на квалитетот на водите и стабилноста на водните екосистеми.

Во вкупниот квантитет на зоопланктонот, како и според биомасата доминираат претставниците од *Copepoda*.

На второ место според квантитативната застапеност се претставниците од типот *Rotifera*, меѓутоа, тие имаат незначително учество во вкупната биомаса на зоопланктонот.

Групата *Cladocera* учествува со мал дел во вкупниот зоопланктон. Меѓутоа, со оглед на нивната голема индивидуална биомаса, како и нивната квантитативна застапеност, особено во летниот период кога во зоопланктонот се присутни двата алохтони вида: *Diaphanosoma birgei lacustris* и *Leptodora kindtii* (евидентирани во последнава деценија), тие имаат значаен дел во вкупната биомаса на *Cladocera*, односно во вкупната биомаса на зоопланктонот.

Ендемските видови за Охридското Езеро се: A*rctodiaptomus steindachneri* Rich, 1897, *Cyclops ochridanus* Kiefer, 1931 и според Лова и Старобогатов (1982) и ларвените стадиуми од видот *Dreissena (Carinodreissena) stankovici.*

Макрофитската вегетација на езерото е зонирана во три појаси: првиот е појасот на трската (Phragmites), вториот на видот локумицата (Potamogeton) и третиот е на појасот.

Растителниот свет од Охридското Езеро се карактеризира со флористичка разно-врсност, со три карактеристични групи макрофити: емергентни, флотантни (пливачки) и субмерзни (потопени) макрофити.

Од вкупниот број евидентирани макрофити со најголем процент се присутни субмерзни (потопени) макрофити (околу 75%), потоа следуваат емергентните (околу 16%) и флотантните со само 9 %.

Од емергентните растенија доминира трската, *Phragmites australis* која образува дисконтинуиран појас околу езерото и со вкупна површина од околу 74 ha (0,31% од вкупната површина на езерото), а од субмерзните растенија доминираат стеблообвиткувачката локумица, *Potamogeton perfoliatus* (1021,13 ha - 4,28%) и харата *Chara tomentosa* и други видови хара (1049,16 ha - 4,39 %), кои заедно прекриваат околу 2070,16 ha, односно 8,67% од вкупната површина на езерото.

Во Охридското Езеро доминираат и макрофитски видови кои се показатели за води од втора категорија *(Nuphar lutea (L.) Smith, Polygonum amphibium L., Potamogeton perfoliatus L., Muriophullum spicatum L., Myriophyllum verticillatum L., Ceratophyllum demersum L., Elodea canadensis Rich.&Michh., Najas major All. и Lemna trisulca L.).*

Вообичаено, литоралната зона е најгусто населена. Таа е живеалиште на најголем број видови од бенталната фауна со исклучок на длабочинските форми. Така, во оваа зона се сконцентрирани претставници од класите: *Turbellaria, Oligochaeta, Hirudinea, Bivalvia, Gastropoda, Amphipoda, Isopoda* и *Insecta*.

Во сублиторалната зона квантитативно најзастапен е видот *Dreissena prespensis*. Оваа зона е живеалиште и на следните видови од макрозообентосот: О*chridospongia rotunda, Dendrocoelum lychnidicum, Peloscolex stankovici, Asellus arnautovici, Polinskiola polinskii* и други.

Во профундалната зона се среќаваат следните видови: *Criodrilus ochridensis, Macedopyrgula wagneri, Micropyrgula stankovici, Stankovicia baicaliiformis, Nimphargus foreli ochridanus* и други.

Во однос на процентуалната застапеност на поедините класи во вкупната бентална фауна, на профилот ХБЗ-с. Радожда беше утврдено дека (во сите три длабочински зони), *Amphipoda* се одликува со најголема процентуална застапеност, односно 31%. Следуваат *Oligochaeta* со 24%, *Bivalvia* со 20%, *Insecta* со 9%, *Hirudinea* со 8%, *Isopoda* со 5%, *Gastropoda* со 3% и најмалку застапената *Turbellaria* со само 1% (Трајановски, С. 2004).

Поради долгата и едновремено континуирана егзистенција на Охридското Езеро од терциер до денес, по природен, т.е. еволутивен пат во него е формирана и стабилизирана по својот состав исклучителна ихтиофауна. Имено, во контекст на изнесеново, да истакнеме дека најголем број од видовите се ендемески, односно егзистираат само тука и никаде на друго место во светот. Меѓу нив се наоѓаат и реликтни видови кои се запазени како животни облици од времето на нивното населување во езерото.

Евидентираните автохтони видови припаѓаат кон пет семејстваа од коскените риби, и тоа: *Anguillidae, Salmonidae, Cyprinidae, Cobitidae* и *Nemachilidae*. Семејството *Anguillidae* е застапено со еден вид, односно со јагулата *Anguilla anguilla* (L.). Кон семејството *Salmonidae* (пастрмки) пропаѓаат пет видови, и тоа охридска летна пастрмка - *Salmo aphelios* (Kottelat,1997), охридска пастрмка - *Salmo balcanicus* (Karaman, 1928), охридска пастрмка - *Salmo letnica* (Karaman, 1924), охридска речна пастрмка - *Salmo lumi* (Poljakov, Filip & &Basho 1958), охридска белвица - *Salmo ohridanus* (Steindachner 1892). Кон семејството *Cyprinidae* (краповидни) припаѓаат 12 вида, и тоа: охридска гомнушка, шљунец - *Alburnoides ohridanus* (Karaman, 1928), охридска плашица - *Alburnus scoranza* (Heckel et Kner, 1858), црна мрена - *Barbus rebeli* (Köller, 1925), охридски скобуст - *Chondrostoma ohridanus* Karaman, 1924, крап - *Cyprinis carpio* (Linnaeus, 1758), охридски мренец, дујак - *Gobio ohridanus* (Karaman, 1924), моранец - *Pachychilon pictum* (Heckel et Kner, 1858), охридско мало грунче - *Pelasgus minutus* (Karaman, 1924), пиор - *Phoxinus limaireul* (Schinz, 1840), охридски грунец - *Rutilus ohridanus* (Karaman, 1924), писа - *Scardinius knezevici* (Bianco & Kottelat, 2005) и клен - *Squalius squalus*

(Bonaparte, 1837). Присутноста на видот караманов грунец - *Rutilus karamani* (Fowler, 1977) - во Охридското Езеро е проблематично и е под знак на прашање.

Од семејството на штипалките (Cobitidae) е застапен видот охридска штипалка - *Cobitis ohridana* (Karaman, 1928), а од семејството *Nemachilidae* се среќава охридска вретенушка - *Barbatula sturanyi* (Steindachner, 1892).

Освен тоа во Охридското Езеро е присутна и караманова змиорка - *Eudontomyzon stankokaramani* (Karaman, 1974), која припаѓа кон семејството *Petromyzontiae*.

Во Охридското Езеро, покрај автохтоните, се констатирани и неколку алохтони (интродуцирани) риби, и тоа: кубла - *Alosa falax* (La Capede, 1803), сребрен карас - *Carassius gibelio* (Bloch, 1782) - гамбузија - *Gambusia holbrooki* (Girard, 1859), сончарка - *Lepomis gibbosus* (Linnaeus, 1758) - виножитна пастрмка - *Oncorhynchus mykiss* (Walbaum, 1792), псеудоразбора, амурче - *Pseudorasbora parva* (Temmini & Schlegel, 1846), платиче, плоскун - *Rhodeus amarus* (Bloch, 1782).

По однос на биодиверзитетот значаен е локалитетот[85] Студенчишко Блато, валоризиран како природен феномен зачуван со милениуми, кое не така одамна претставувало интегрален дел на Охридското Езеро.

На просторот на Студенчишкото Блато во последната деценија се евидентирани пет блатни заедници:

1. Асоцијација Scirpeto - Phragmitetum, W. Koch, 1926;

2. Асоцијација Oenantheto - Roripetum, Lohm, 1950;

3. Асоцијација Sparganio - Glycerietum fluitantis, Br. - Bl. 1925;

4. Асоцијација Caricetum elatae, W. Koch, 1926;

5. Асоцијација Cyperetum longi, Mic. 1957.

Со извршената валоризација на локалитетот Студенчишко Блато во 2012 година и врз основа на постоечките научни податоци, утврдено е присуство на 89 вида силикатни алги (дијатомеи). Најголем дел од овие видови, односно околу 62 припаѓаат кон групата видови со космополитско распространување. Утврдено е присуство и на 11 ендемески и 4 ретки вида на флората од Македонија (со 2 до 5 познати локалитети), и еден вид за кој ова блато е прв наод за Македонија.

Флората е претставена од широко распространети блатни видови, од кои би ги истакнале ретките видови, како што се: *Ceratophylum submersum L. Nuphar lutea. L. Polygonum amphibium,* L. *Cyperus longus L*. и др.

За флората на подводните ливади може да се најдат податоци во студиите на Талевска (2005) и Трајановска (2002, 2009). Според Талевска (2005) на овие локалитети може да се сретнат 11 васкуларни хидрофити и 6 хари (реси).

Од без'рбетната фауна на локалитетот Студенчишко Блато според податоците на (Филевска 1954; Peters & Hackethal 1986; Jović & Mihajlova 2009) и теренските истражувања може да се наведат 34 вида вилини коњчиња. Во Охридскиот Регион преку целата година можат да се сретнат 138 вида дневни пеперутки**,** што претставува 68% од вкупниот број видови во државата, (Scheider & Jakšić, 1989; Krpač & Mihajlova, 1997; Меловски, 2004; Веровник & Мицевски, 2008). Како позначајни видови од видовите кои се среќаваат во Охридскиот Регион се: *Gegenes nostradamus, Cupido argiades, Cupido alcetas, Polygonia egea, Melitaea diamina* и *Neptis rivularis.* За Студенчишкото Блато се значајни следните видови

[85] Локалитетите со природни вредности во Охридскиот Регион се обележани на картата со граници на природното и културно наследство на Охридскиот Регион (прилог).

дневни пепертуки (*Lycaena dispar*, Maculinea *arion*, *Parnassius mnemosyne* и *Zerynthia polyxena*) кои се од посебен конзервациски интерес за ЕУ. Во 2010 година од семејството на тркачите (Coleoptera,Carabidae) се регистрирани 39 вида, но некои од нив се ретки за фауната на Република Северна Македонија. Како ретки видови се видовите: Agonum *lugens, Apiceum, Amara convexiuscula, Stenolophus skrimshiranus, Brachinus elegans, Stenolophus proximus, Pterostichus elongatus Oodes helopioides* и O. *Gracilis.* За изворите во близина на Студенчишкото Блато познати се девет видови планарии (Plathelminthes, Turbelaria, Tricladida).

Заради непосредната близина на Студенчишкото Блато и неговата директна поврзаност со Охридското Езеро, фауната на ’рбетниците на блатото секогаш била разгледувана во состав на таа со Охридското Езеро. Во Студенчишкиот Канал како еден од водоснабдителите на блатото во денешно време, во одделни периоди од годината, присутни се 14 (од вкупно 22) автохтони вида риби од Охридското Езеро, како и три алохтони (интродуцирани) видови. Од водоземците се присутни најмалку девет вида, сите вклучени во анексите 2 и 3 на Бернската конвенција. Најзначајни на европско ниво се македонскиот мрморец и жолтиот мукач, двата широко распространети на целата територија од државата. Од влекачите во Студенчишкото Блато се среќаваат најмалку четири вида. Ждрепката (Elaphe quatorlineata) доаѓа во блатото од околните терени во потрага по плен, а тоа може да биде случај и со неколку други видови смокови. Блатната желка е најзначаен вид од влекачите кои се среќаваат во Блатото, но и таа е широко распространета во државата. Од птиците во блатото се среќаваат околу 50 вид, но со мал број единки или двојки (најчесто само со по неколку). Со исклучок на неколку видови трскари, барските кокошки и малиот воден бик, практично и да нема други гнездилки во блатото, а постојат податоци за гнездење и на црвеноклунестиот лебед (Cygnus olor). Од цицачите најзначајно е присуството на видрата (*Lutra lutra*), а веројатно се присутни и повеќе видови глодари, лисицата (Vulpes vulpes), творот (Mustela putorius), куната белка (Martes foina) и други.

Вредностите на биодиверзитетот на Охридско Езеро се дадени во табели во прилог.

На територијата од Охридскиот Регион како светско наследство се идентификувани следните локалитети со природни вредности:

1. Света Богородица Калишка - сублакустриски извори;
2. Калишта - единствено природно живеалиште на жолтиот локвањ (*Nuphar lutea*) на Охридско Езеро;
3. Подмоље - најраспространет појас на трска *(Phragmites australis*) на Охридското Езеро, природно живеалиште на загрозени видови птици и мрестилиште на крап;
4. Мазија - ревитализирано природно живеалиште на жолтиот локвањ (*Nuphar lutea*), мрестилиште на крап и живеалиште и гнездилиште на птици;
5. Студенчишко Блато - макрофитска вегетација и плодиште на крапoвидни риби;
6. Вели Даб - сублакустриски извори, плодиште на пастрмка и биодиверзитет на бентосна фауна;
7. Вељa Пеш - сублакустриски извори, плодиште на пастрмка и биодиверзитет на бентосна фауна;
8. Свети Петар - крајбрежни и сублакустриски извори, мрестилиште на пастрмка и биодиверзитет на бентосна фауна;
9. Светинаумски Извори - најиздашен извор на Охридско Езеро, мрестилиште на пастрмки и крапoвидни риби и биодиверзитет на бентосна фауна.

Локалитетите со природни вредности во Охридскиот Регион се обележани на картата со граници на природното и културно наследство на Охридскиот Регион.

***Вредности на Националниот парк „Галичица“***

Копнениот дел од Охридскиот Регион зафаќа повеќе од 2/3 од Националниот парк „Галичица“ или 18000 ha и се одликува со голем диверзитет на видови, живеалишта и екосистеми.

***Шуми***

Шумите во паркот имаат големо еколошко значење и вклучуваат повеќе типови живеалишта кои се сметаат за загрозени или ретки во Европа, односно се значајни за зачувувањето на повеќе видови, кои исто така се сметаат за клучни вредности.

Во согласност со класификацијата ЕУНИС[86] од 2004 година - *типови на живеалишта*, во паркот се среќаваат десет типови живеалишта (со вкупно 13 растителни заедници) кои се заштитени со Директивата на ЕУ за зачувување на природните живеалишта и на дивата фауна и флора. Меѓу нив, по своето значење се издвојуваат шумите од фоја (пеониски шуми со фоја, ЕУНИС 2004: Г3.933) кои во паркот опфаќаат три растителни заедници: *Pruneto-Celtetum* (Em 1989), Biaro tenuifolii-Juniperetum excelsae Em, and Querco-Juniperetum excelsae Матевски et. all. (prov.).

***Грмушеста вегетација***

Во паркот се среќаваат два типа живеалишта со грмушки кои се сметаат за загрозени или ретки во Европа, односно се важни за зачувувањето на некои клучни видови. Тука спаѓаат живеалиштата со грмушки од зеленика (живеалишта со грмушки од *Buxus sempervirens,* ЕУНИС 2004: Ф 3.12) и живеалиштата со грмушки од модра смрека (предмедитерански живеалишта со грмушки од модра смрека, ЕУНИС 2004: Ф 3.164).

***Пасишта***

Во паркот, во согласност со класификацијата ЕУНИС од 2004 година, се среќаваат 4 типа од овие живеалишта, со вкупно 8 растителни заедници кои се сметаат за загрозени или ретки во Европа. Меѓу нив, ридските пасишта (елино-балкански степи со *Satureja montana*, ЕУНИС 2004: Ф 1.21 ) се посебно значајни за голем број видови орхидеи во паркот. Пасиштата имаат и социо-економско значење за населението во паркот, но и пошироко.

***Хазмофитска вегетација и вегетацијата на сипари***

Во согласност со класификацијата ЕУНИС од 2004 година, се среќаваат два типа хазмофитска вегетација (ЕУНИС 2004: Х3.2А1 и ЕУНИС 2004: Х3.2А11, со четири растителни заедници) и еден тип вегетација на сипари (ЕУНИС 2004: Х2.6, една растителна зедница) кои се сметаат за загрозени или ретки во Европа.

***Водни живеалишта***

Поради варовничкиот карактер на планината, водните екосистеми во паркот имаат големо еколошко значење за голем број клучни видови. Меѓу нив се издвојуваат и два типа живелишта кои се ретки или загрозени во Европа [Привремени површински текови (влажна фаза) – ЕУНИС 2004: Ц2.26 и Вегетација на олиготрофни брзи потоци богати со варовник – ЕУНИС 2004: Ц2.5]. Покрај нив се среќаваат уште најмалку 5 типа водни живеалишта кои се од посебно значење за зачувувањето на голем број клучни видови без’рбетници и ’рбетници. Од нив, од посебно значење се извориштето Св. Наум, Црвена Локва, другите природни и вештачки локви, како и планинските и крајбрежните извори.

***Пештери***

[86] EUNIS – European nature information system (Европски информативен систем за природа).

Варовничкиот карактер на планината е причина за богатството на подземни геоморфолошки форми, како, на пример, пештерите кои претставуваат значајни живеалишта на повеќе клучни видови.

Според класификацијата ЕУНИС од 2004 година, во паркот се среќаваат три типа живеалишта кои се ретки или загрозени во Европа (ЕУНИС 2004: Х1.1, Х1.221 и Х1.231). Од пештерите како значајни живеалишта се издвојуваат: Мечкина Дупка, Воила, Лескоска Пештера и други.

Горенаведените живеалишта придонесуваат дел од паркот да биде прогласен за посебно подрачје за зачувување во рамките на Европската еколошка мрежа НАТУРА 2000.

***Глобално загрозени видови***

Според критериумите на ИУЦН во паркот се среќаваат повеќе видови кои се сметаат за глобално загрозени (статус „endangered“) од кои 4 вида без’рбетни, а 13 од ’рбетните животни. Кон оваа група може да се додадат и 19 виши растенија од паркот кои се вбројуваат меѓу глобално ретките видови растенија, како и 15 видови габи од глобално значење.

***Значајни популации од видовите кои се ретки или засегнати во Република Северна Македонија во Европа или глобално***

Од алгите 7 таксони кои се ретки кај нас и во паркот се претставени со значајни популации. Од вишите растенија се среќаваат 56 таксони, кои се ретки во кај нас (до 10 наоѓалишта). Кон нив треба да се додадат и локалните ендемити. Од маркомицетите во паркот се среќаваат 47 вида кои се ретки или загрозени не само кај нас туку и во Европа. Од нив 38 имаат национално значење, 22 се со европско значење и 10 со глобално значење.

Од без’рбетниците кои се заштитени во Европа во паркот се среќаваат 11 вида, чии популации се значајни на национално ниво. Меѓу нив се вбројува и еден вид чија популација во паркот има европско значење. Од ретките без'рбетници во паркот се среќаваат 15 вида, чии популации се значајни на национално ниво. Меѓу нив се вбројува и еден вид чија популација во паркот има европско значење. Кон нив треба да се додадат и локалните ендемити.

Од ’рбетните животни кои се заштитени во Европа во паркот се среќаваат 77 таксони, чии популации се значајни на национално ниво, а 8 од нив имаат европско или глобално значење. Кон оваа група треба да се додадат и два вида птици, чии популации се сметаат за значајни поради нивниот реликтен карактер.

## Прилог 4: Културни вредности

Во севкупниот историски развој на заштитеното подрачје на Охридскиот Регион, урбанистичко-архитектонските, културно-уметничките и историските вредности меѓусебно се испреплетувале, создавајќи нераскинливо единство.

**Недвижно културно наследство**

Старото градско јадро е оформено и заградено со периметрални бедемски ѕидови со цитадела која се наоѓа на највисоката точка од ридот. Главните градски комуникации се поврзани и оформени по изохипсите, поврзувајќи ги главните градски порти од Самоловата тврдина. Ридот е пресечен и со главна и споредни вертикални комуникации кои ја поврзуваат главната градска порта со приобалниот езерски појас. Од ваковиот состав и конфигурацијата на теренот произлегува дека некогаш воспоставениот урбан концепт или поредок се одржува до денес наспроти поединечните градби кои се рушат и се обновуваат. Структурата на јадрото го збогатуваат и големиот број археолошки локалитети, со акцент на ранохристијанските базилики, кои изобилуваат со богати мозаични подови.

Како најстар слој урбана структура може да се нагласи црковната архитектура, ценејќи дека Охрид како архиепископски град бил средиште на верскиот живот. Нејзиното хронолошко датирање се движи во период од IX до XIX век. Карактеристично е да се напомене дека сакралните објекти егзистираат во своите урбани рамки од станбена архитектура, која каскадно го исполнува просторот меѓу некогашните оформени комуникации изведени меѓу објектите на економична неправилна локација со развиена просторна структура во висина. Денес во споменичката целина има 15 црковни објекти (иако по една легенда се вели дека во градот постоеле 365 цркви) живописани со редок и вреден живопис. Од позначајните сакрални објекти се издвојуваат: катедралниот храм Св. Софија, кој во XI век е седиште на Охридската архиепископија, а фрескоживописот со кој е насликана црквата зазема истакнато место во сликарството од XI и XIV век; црквата Св. Богородица Перивлепта - која со специфичното решение на внатрешниот простор, како и карактеристичниот опус на градење со богата керамопластична декорација и вредниот фрескоживопис овозможуваат таа да се вброи во рамките на ретко зачувани византиски споменици од втората половина на XIII век (1295); црквата Св. Богородица Болничка, датирана во седумдесеттите години на XIV век; црквата Св. Никола Болнички, со ретка камбанарија на западната страна во форма на „фурка“ и вредно сликарство од XIV и XV век; црквата Мал св. Климент, која се датира во 1378 год.; црквата Св. Константин и Елена, подигната во периодот од XIV до XV век; црквата Св. Димитрија, датирана во 80-тите години од XIV век; црквата Мал св. Врачи; црквата Св. Богородица Челница; црквата Св. Никола Чудотворец, со живопис од настанат во повеќе периоди од XI - XX век; црквата Св. Пантелејмон, изградена од IX до XIV век, а возобновена во 2000 - 2002 год.; црквата Св. Јован Богослов - Канео, чие датирање се сместува во крајот на XIII век; црквата Св. Никола Геракомија, која за првпат се споменува во XVII век, а денешната градба потекнува од XIX век; и црквата Св. Богородица Каменско - подигната во XVII век, чиј живопис во олтарниот простор е завршен од страна на Дичо Зограф во 1864 год., а кој претставува редок пример на живопис во сакрален објект каде што целосно го извел овој наш преродбеник.

Профаната архитектура век според органската методика и безимениот мајстор - неимар го оформува и му дава живот на просторот затворен во куќата. Условите на ограничениот простор за градба го принудиле да ја усвои концепцијата на вертикална поделба - економски дел во приземјето, често вкопано во теренот во наклон, простории за живеење на средината, а највисоко - репрезентативни одаи отворени за сонце и за воздух. Голем дел од профаните објекти во темелните партии се фундирани во карпа.

По својот обликовен израз се издвојуваат повеќе објекти од кои позначајни се куќите на Робевци, на Уранија, на Христо Узунов, на Тримчеви, на Крапчеви и многу други. Овие

објекти во голема мера се автентични, каде организацијата на просторот произлегува од самиот начин на живеење.

Покрај остатоците од охридските староградски куќи од XIX век во Охрид постојат и објекти градени во периодот меѓу двете светски војни, поточно, објекти од градска архитектура. Овие објекти се одликуваат со елементи од европското градителство од почетокот на XX век, каде што преовладувале класичниот, неокласичниот, ренесансниот и академско-барокниот манир. Тие оставиле свој белег и историска порака преку малкуте објекти со изразени архитектонски вредности, ретки примероци за творештвото од почетокот на XX век, меѓу кои, како најрепрезентативни примероци се издвојуваат управната зграда на НУ Завод за заштита на зпомениците на културата и музеј - Охрид, т.н. Замок, Музејот на словенска писменост, куќата на Ѓурчинови и многу други.

Охридската чаршија и просторно и по функција претставува единствен градски центар. Таа и денес е срце на градот. Развивајќи се низ историјата, Охрид полека прераснал во современ град со ориентално влијание, за чие постоење требало да се задоволат одредени критериуми, меѓу кои, да постои економски дел од градот, а тоа е чаршијата.

**Археолошко наследство**

Археолошкото наследство на Охридскиот Регион кое има свој континуитет од праисториските, преку античките, па сè до средновековните наоѓалишта и локалитети, овозможува да се следи цивилизацискиот континуитет и културната историја на регионот. Од големиот број локалитети треба да се напоменат неолитската населба на локалитетот Зла Страна кај селото Горно Средоречe на 35 km северно од Охрид (IV милениум пр. н.е.); локалитетот Кутлина, енеолитска населба, кај с. Велмеј, 40 km северно од Охрид (3000 - 2500 год. пр. н.е.); некрополата Требеништа кај с. Горенци, покрај магистралниот пат Охрид -Кичево - Скопје, на локалитетите Сува Чешма, Три Чељусти и Вртуљка; некрополата Црвејнца кај Прентов Мост, покрај патот Охрид - Битола - Скопје; Долно Трново, праисториска населба од неолитскиот период, до северното предградие на Охрид (IV милениум пр. н.е.); семејната, старомакедонска гробница „Караѓулевци“ од хеленистичкиот период, се наоѓа во стариот дел на Охрид - Варош (III век пр. н.е.); храмот на божицата Изида во Карабегомала, во централното подрачје на Охрид, (III-II век пр. н.е.); локалитетот Дебој, хеленистичка и римска некропола (централна некропола на градот Лихнид) на која е откриена и ранохристијанска базилика од V - VI век; семејната гробница од античкиот период во североисточното предградие на Охрид (III-IV век); населба Видобишта; античката фурна наменета за печење на керамички садови покрај патот Охрид - Св. Наум (III-IV век); локалитетот Козлук, на 1 km северозападно од Охрид, каде што е откриена *Villa rustica* од доцноантичкиот период (IV век), базиликата „Манчевци“ (VI век) и многу други. Во хеленистичкиот период, (од крајот на IV до I век пр. н.е.), Лихнид бил богат, урбанизиран град на познатата античка магистрала Вија Игнација, за што говори и некрополата на Дебој (помалиот источен дел од Охридскиот Рид) и кај Горна порта, која обилува со многубројни археолошки предмети од злато, сребро и бронза, денес изложени во Златната соба во Куќата на Робевци (отворена во декември 2014 год.) во Охрид. Во градот Лихнид постоела и ковница за пари за што сведочат зачувани примероци на монети од II век пр. н.е., со предниот дел од чун и името на градот на аверсот, и македонски штит на реверсот. Од овој период е и античкиот театар кој се наоѓа во близина на Горна порта и кој денес, истражен, конзервиран и ревитализиран, служи за разновидни културни манифестации.

**Културен предел**[87]

Територијата на Охридскиот Регион како светско наследство претставува интегрално добро од наследени природни и културни вредности во кои разновидното и богато архитектонско наследство е испреплетено со природата и е неделиво од неа. Токму оваа карактеристика го вбројува заштитеното подрачје во категоријата на културен предел во кој нераскинливо се поврзани историјата, континуитетот на културните традиции, општествените вредности и стремежи со исконската природна убавина на регионот. Вредност од овој тип е идентификувана особено кај манастирскиот комплекс Св. Богородица Захумска, римскиот каструм, рибарските населби Трпејца и Пештани, населбата Канео над која се издига црквата Св. Јован Богослов - Канео, манастирскиот комплекс Калишта итн.

Посебна карактеристика на Охридско-струшкиот Регион се пештерните цркви. Имено, постојат повеќе христијански објекти кои се обликувани според конфигурацијата на крајбрежниот карпест предел кој се протега од с. Радожда до с. Пештани, а понатаму продолжува во Албанија. За нив се веќе изнесени научни согледувања, но повеќето од нив се сè уште недостапни за пошироката јавност.

**Културно-уметнички вредности**

Културно-уметнички вредности на заштитеното добро со сите свои атрибути препознаени во светски рамки ги вклучуваат:

- сикарството: мозаици, фрескоживопис, икони, ѕидни декорации, илуминации на ракописи, графики, слики на платно;
- вајарството и резбата: скулптури, камена пластика, иконостаси, владички тронови и друг црковен мобилијар, дрвени резбани украси;
- применетите уметности: предмети од керамика, стакло, дрво, метал, текстил, кожа, хартија и разни други дела на традиционалните уметнички занаети;
- нематеријалното културно наследство: традиционални обичаи и верски и културни манифестации.

**Движно културно наследство**

Универзалните вредности на природното и културното наследство на Охридскиот Регион ги збогатуваат и извонредните дела од областа на сликарството, вајарството и применетите уметности.

Некои од овие уметнички дела претставуваат интегрален и неделив сегмент од објектите во кои се наоѓаат, како што се подните мозаици на ранохристијанските базилики, фреските, иконите и иконостасите во црквите од византискиот, поствизантискиот и периодот на преродбата, ѕидните украси итн. Со своите културно-уметнички вредности тие во голема мера придонесуваат за значењето и вредноста на самите објекти во кои се наоѓаат и чуваат. Такви се поголемиот број ранохристијански базилики во заштитеното подрачје, бројните цркви од наведените периоди, дел од зачуваните автентични ентериери во објектите од староградската архитектура, меморијалната куќа на охридскиот поет Григор Прличев итн.

Регионот е препознатлив по автентичноста на своите уметнички дела, пред сè, средновековните фрески, кои се дело на бројни анонимни сликари, но и на едни од најпознатите во својата епоха - зографите од познатата Охридска сликарска школа од XV век

[87] https://whc.unesco.org/en/series/26/

Михаил Астрапа и Евтихиј, потоа светски познатата Охридска збирка икони, делата од познатата Охридска резбарска школа и многу други.

Најстарата ѕидна декорација е зачувана во катедралата на Охридската архиепископија - монументалната црква Св. Софија. Сликарството, иако во голема мера оштетено и исчезнато, претставува најголем зачуван фрескоансамбл од XI век во византиската уметност. Во последната четвртина на XIV век, катот на нартексот со фрески го насликал суптилниот и надарен сликар Јован Теоријан, кој веројатно работел и икони за некои од охридските цркви.

Сепак, една од најцелосните, најубави, најдраматични и најзачувани сликарски целини и вистински бисер на зачуваното средновековно ѕидно сликарство во Охрид е ѕидното сликарство на црквата Св. Богородица Перивлепта, кое во 1295 год. го извеле прочуените солунски зографи Михаил Астрапа и Евтихиј.

Светски познатата збирка икони, постојано изложена во Галеријата на икони во Охрид, како една од најзначајните, најубави и највредни збирки, се вбројува во самиот врв на овој вид уметност. Се состои од четириесетина икони со највисоки уметнички квалитети, создадени меѓу XI и XIX век во уметничките работилници во Охрид (мал број од нив биле донесени од сликарските ателјеа во Цариград и Солун). Некои од иконите се покриени со окови од позлатено сребро, украсени со минијатурни фигури на пророци и разни други светители, сцени од Стариот и Новиот завет, како и флорални и геометриски орнаменти. Различните временски епохи оставиле свои хронолошки и стилски обележја врз иконите од оваа значајна збирка. Најраните познати охридски икони се само пандан на ѕидното сликарство од истото време, а основни карактеристики им се монументалноста, вкочанетоста на изразот и чудната смиреност што зрачи од лицата на светителите. Двете најстари охридски икони - „Св. Василиј Велики и св. Никола“ (1045-50 год.) и „Четириесетте севастиски маченици“ (XI век), му припаѓаат на овој стилски период.

На почетокот од XII век, од кога датираат иконите на Богородица и архангелот Гаврил, што заедно ја сочинуваат композицијата Благовештение, уметничкиот израз е попрефинет и има понагласен графицизам во обработката на ликовите.

Една од ретките икони кај кои се среќава запис за нејзиното настанување е иконата на Исус Христос од 1262/63 год., нарачана од охридскиот архиепископ Константин Кавасила за



некоја од охридските цркви.

Сепак, вистинските ремек-дела настанале во периодот на т.н палеологовска ренесанса, период на процут на уметноста. Крајот на XIII или самиот почеток на XIV век е време кога настанува иконата со претстава на евангелистот Матеј, експресивна и цврсто моделирана фигура, едно од најдобрите остварувања во византискиот иконопис воопшто. На почетокот на XIV век се насликани и празничните икони „Крштевање Христово", „Слегување во Ад" и „Томино неверство" за иконостасот на тукушто живописаната црква Св. Богородица Перивлепта (1295), како и истоимената храмовна икона. Вистинското совршенство е постигнато во сликањето на литиските икони „Богородица Психосострија" со „Благовештението" на задната страна и „Исус Христос Психосости" со „Распетието" на реверсот, настанати во почетокот на XIV век како дело на вештите раце на непознат мајстор.

Силниот култ кон словенските просветители св. Климент и св. Наум Охридски придонел тие да бидат сликани бројни икони во еден веќе дефиниран и вообичаен иконографски облик за тој период.

Во севкупните вредности на Охридскиот Регион особен придонес имаат и извонредните дела на зографите Константин, Михаил и Даниил од Самарина и, особено, најпознатиот и најплоден македонски сликар од XIX век - Дичо Зограф.

Од камената пластика, меѓу најстарите зачувани примероци се двете статуетки на египетската божица Изида од III-II век пр. н.е., откриени во централното подрачје на Охрид; релјефи кои некогаш биле дел од величествената декорација на античкиот театар, од приближно истото време и повеќе други целосно или делумно зачувани вајарски дела.

Меѓу најрепрезентативните елементи на средновековната камена пластика, секако, спаѓаат зачуваните столпци и релјефните парапетни плочи од некогашната мермерна олтарна преграда на црквата Св. Софија од XI век. Тие, со уште пораскошно украсените мермерни делови од некогашниот амвон, цибориумот и владичкиот престол беа вградени во турскиот мимбар по претворањето на црквата во џамија, во втората половина на XV век, кој во 1997 год. беше демонтиран, а сите елементи се целосно графички и фотографски документирани и депонирани. Зачувани се и поголем број столбови со капители, корнизи, релјефни плочи и разни елементи од мермерна пластика од разни епохи и стилови, од антиката, преку ранохристијанскиот, па сè до средновековниот период, од кои дел се вградени како сполии во разни средновековни сакрални објекти, а дел се зачувани *in situ*.

Единствен зачуван примерок на дрвена пластика, и воопшто еден од ретките во византиската уметност, е дрвената икона на св. Климент Охридски, патронот на градот, изработена кон крајот на XIII век во длабок релјеф од црешово дрво, која денес е изложена во Галеријата на икони.

Во некои од црквите во Охрид олтарскиот простор е одделен од наосот со величествени дрвени иконостаси (од кои некои се и позлатени), изработени од рацете на прочуените македонски и охридски резбари. Украсени се со најразлични геометриски, растителни и животински мотиви, меѓу кои, доминираат цветните мотиви, преплети на лозица и разно лисје и голем број птици во најразлични пози. Со својата раскошност и убавина се издвојуваат иконостасите во црквите Св. Никола Геракомија, Св. Богородица Болничка, Успение на Богородица - Каменско, Св. Георгиј во Влашка Маала (сите од XIX век), додека најстариот дрвен иконостас во Охрид и воопшто во Македонија е зачуван во црквата Мали Св. Врачи (XIV век). Овде посебно место зазема иконостасот во манастирот Св. Наум, кој е работен во плитка резба и е целосно позлатен, а на него е запишана и годината на изработка - 1711.

Од останатите копаничарски дела во црквата Св. Богородица Перивлепта се чува и дрвениот престол на охридскиот архиепископ Прохор од 1540 год., украсен со инкрустација од

седеф, а тука е и поновиот архиерејски престол, уметнички изработен од дебарски мајстори, по порачка на охридскиот митрополит Григориј (1891 - 1897).

Во охридскиот музеј се чуваат и копаничарски дела изработени од мајсторите на познатата охридска резбарска школа која функционирала до шесеттите години на XX век, меѓу кои, по својата мајсторска изработка и убавина се издвојуваат двата целосни тавани, кабинетот изработен во ажурна резба, клупските гарнитури со масички и фотелји, повеќе розети и разни други елементи.

Фактот дека во црквата Св. Богородица Перивлепта во Охрид постоел архиепископски музеј, чии корени навлегуваат длабоко во историјата, а опстојувал сè до 1916 година, е причина во 1951 година да биде формиран Народниот музеј во Охрид. Тој наследил голем број илуминирани грчки и словенски ракописи од X век наваму, од кои, како позначајни се издвојуваат: Минејот за месеците ноември и февруари, пишуван на пергамент (крајот на XIII или почетокот на XIV век), Псалтирот од средината на XIV век, Лествицата на св. Јован Синајски (крај на XIII или почеток на XIV век), Лествицата на св. Јован Лествичник (средина на XIV век) итн. Треба да се напомене дека прочуениот Болоњски псалтир од првата половина на XIII век (1230 - 1242), пишуван на пергамент, настанал во селото Рамне, што се наоѓа на само неколку километри од градот Охрид, а се чува во Августинскиот манастир во Болоња уште од почетокот на XVIII век. Денес во охридскиот музеј се чуваат голем број археолошки предмети од различни епохи како и многу други движни музејски предмети, изработени од дрво, метал, стакло, текстил и други материјали. Меѓу најзначајните дела на уметничките занаети, претежно со литургиска намена, спаѓаат: ставротеката изработена од позлатен сребрен лим, дрво и полоскапоцени камења (XI век); евхаристичната гулабица, изработена од позлатен бакар и емајл во Лимож, Франција (XIII век); кадилницата од позлатен бакар и емајл (крајот на XIII или почетокот на XIV век), окови за икони и цковни книги, кандила, кадилници, напрестолни крстови, дарохранилници и многу други предмети.

Охрид има мошне стара и долга традиција на везење, особено во областа на црковниот уметнички вез. За жал, најпепрезентативните примероци, меѓу кои, и познатата плаштаница на византискиот император Андроник II Палеолог, што ја дарувал на црквата Св. Богородица Перивлепта, денес се чуваат во витрините на музеите во некои соседни земји. Меѓу везените предмети што се зачувани во самиот Охрид се четирите крста, делови од омофор или сакос, со везени претстави на Големите празници, бисти на пророци и други светители. Стилските и иконографските особини на овие крстови и начинот на изработката укажуваат дека тие настанале во XV век. Во Охрид е зачувана и една подеа (везена икона која обично висела под сликаната икона со иста претстава) на која е извезено Воведението на Богородица, а која најверојатно била изработена во втората половина на XV век, како и еден надбедреник што датира од крајот на XV или почетокот на XVI век. Од црковните одежди од постар период во

Охрид е зачуван единствено фелонот којшто се наоѓал во црквата Св. Богородица Перивлепта.

Изработен е од зелена свилена ткаенина од поново време на која се аплицирани постари везени делови. Везениот украс се состои од крстови исполнети со орнамент од лозница, од кои еден е нашиен на грбот на фелонот, а два на градниот дел. Употребениот материјал, начинот на изработка и применетата орнаментација индицираат дека везените делови настанале кон крајот на XIV или почетокот на XV век.

Ткаењето, исто така, е една од старите, традиционални дејности на подрачјето од Охрид, а по својата уметничка вредност и шаренило особено се издвојуваат охридските килими, ткаени, главно, во XIX век за да ги красат подовите на гостинските соби во куќите на богатите охридски семејства. Килимите, заедно со уште некои други видови ткаени предмети за украсување на куќите или за секојдневна употреба, со своите симболи, шари и бои ја изразуваат традицијата и топлиот колорит на охридското поднебје.

Заокружување на богатото движно наследство на Охрид преставува големата збирка на сликарски и вајарски дела од современата уметност (крај на XIX и XX век) создадени од познати македонски уметници и уметници од просторите на цела поранешна Југославија.

**Нематеријално културно наследство**

Значаен сегмент во севкупните вредности на Охридскиот Регион преставува нематеријалното наследство кое го сочинуваат бројните верски и културни манифестации кои традиционално, со години, а некои и со векови наназад се одржуваат во заштитеното подрачје. Со разни прослави и празнувања, маскембали и карневали се одбележуваат верските празници. На овој начин се зачувува традицијата, пренесувајќи ја на идните генерации сè она што е обележје на вековното минато.

Вековна традиција во регионот е прославата на верскиот празник Водици или Богојавление, како еден од најголемите христијански паразници. Ова е многу стара православна традиција на крштевање на водите на Охридското Езеро и сите води во целиот регион. На тој ден, многу млади луѓе се фрлаат во студената езерска вода за да го фатат дрвениот крст што охридскиот митрополит го фрла во езерото. Се верува дека по оваа церемонија езерската вода е осветена и поради тоа и лековита, така што сите што присуствуваат на овој настан полнат садови со вода и ја чуваат во своите домови сè до следната година. Исто така, се верува дека фаќањето на крстот ќе им донесе здравје и среќа во годината што доаѓа. Оваа манифестација сè почесто е посетувана од голем број туристи и станува своевиден бренд во туристичката понуда.

Македонската православна црква со особени почести го прославува празникот на својот патрон - св. Климент Охридски, нејзиниот прв архиепископ и основач на охридската книжевна школа, а градот Охрид го слави св. Климент како свој патрон и заштитник и овој ден се прославува како празник на градот. Според традицијата, секогаш кога на градот Охрид му се заканувала некаква опасност или несреќа, се појавувал духот на св. Климент и го спасувал својот град од неволји. На овој ден во Охрид доаѓаат голем број туристи и гости од збратимените градови и други места, придружувајќи се на свечената прослава.

Исто така, посебно обележје на Охридскиот Регион е „охридска торта“ - познато благо чија технологија на изработка е пренесена од Власите, коишто во голем дел биле и сè уште се етничка заедница која учествувала во формирањето на имиџот и во севкупниот општествен развој на градските јадра во Охридскиот Регион.

Поради долгогодишната традиција на рибарството во Охридскиот Регион, посебна кулинарска карактеристика се и охридската пастрмка, белвица, јагула, како и „охридското

макало“, кои често се составен дела на специјалната кулинарска (туристичка) понуда на Охридскиот Регион.

Вековна традиција во Охридскиот Регион е изработката на предмети од сребро (филигран) и охриски бисери.

Охридскиот Регион некогаш бил препознатлив и по изработката на килими и други текстилни производи со карактеристични мотиви од Охридско-струшкиот Регион.

Облежје на Охридскиот Регион е и староградската музика, како и Охридските трубадури, кои во своите изведби користат специфични инструменти, а репертоарат на нивните песни го отсликува социјалниот и политичкиот живот на познатите времиња на некогашната Охридската архиепископија. Негувањето и пренесувањето на оваа традиционална музика, карактеристична исклучиво за овој регион, треба да прерасне во одржлива традиција.

**Културно-уметнички манифестации**

Културните манифестации преставуваат вистинско збогатување на културното милје на градот. Меѓу најзначајните и веќе традиционални и ширум светот познати и признати културни манифестации се Балканскиот фолклорен фестивал, на кој традиционално учествуваат вокално-инструментални ансамбли и солисти од балканските и другите соседни земји, претставувајќи го својот автентичен фолклор и традиционална култура преку игри, песни, обичаи, народни носии, музички инструменти и разни други предмети од рачна изработка. Фестивалот Охридско лето е еден од најголемите и најзначајните музичко-сценски фестивали во Македонија на кој учествуваат голем број водечки уметници, музичари и ансамбли од најпознатите европски и светски музички центри (Алдо Чиколини, Андре Навара, Рави Шанкар, Хенрик Шеринг, Леонид Коган, Виктор Третјаков, Иво Погорелиќ, ѕвездите на руската опера и балет, светски познатиот тенор Хозе Карерас и познатиот диригент, маестро Зубин Мехта).

За време на одржувањето на фестивалот градот станува средиште во кое се среќаваат голем број музички и драмски уметници од целиот свет кои со својата високо професионална уметничка изведба ја збогатуваат туристичката понуда на Охрид.

Како рамнопрвен член на Европската асоцијација на фестивали, охридскиот фестивал ужива голема репутација во светот и во летниот период, користејќи ги прекрасните природни и историски локации во Охрид, како што се античкиот театар, катедралната црква Св. Софија, Самоуловата тврдина и многу други, станувајќи главен центар на севкупното културно живеење на Охрид, Македонија и пошироко.

Во градот Охрид традиција на повеќегодишно одржување има семинарот за македонски јазик со учество на експерти слависти од целиот свет.

Струшките вечери на поезијата се најголемата светска поетска манифестација што се одржува секоја година во градот Струга и на која присуствуваат најмалку 200 поети од светот.

**Праисториска наколна населба во Заливот на Коските кај Градиште на Охридското Езеро**

Наколните надводни живеалишта како начин на човечко егзистирање во специфична микросредина се особено карактеристични за праисторискиот период, и тоа од времето на неолитот - младото камено време, енеолитот - бакарното време, бронзеното и железното време.

Во 1977 година беа извршени првите подводни археолошки истражувања на локалитетот Плоча Миќов Град, во Заливот на Коските, покрај

јужниот брег на полуостровот Градиште, близу селото Пештани.

На длабочина од три до пет метри беа откриени 6000 дрвени колци закачени во езерското дно и многуброен движен археолошки материјал (фрагментирани керамички садови, камени артефакти и фрагментирани животински коски) со хронолошка припадност на крајот од бронзеното и почетокот на железното време, односно, од 1200 год. пр. н.е. до 700 год. пр. н.е. Се претпоставува дека оваа и другите слични населби на Охридското Езеро припаѓаат на времето кога почнале да се профилираат првите племенски популации, односно времето на егзистирање на Бригите, најстарата племенска заедница од овие краишта.

Констатирано е дека населбата се простирала на површина од околу 8500 $m^2$. Остатоците од населбата се откриени на десетина метри од брегот на Заливот на Коските, на јужниот брег од полуостровот Градиште, во должина од 155 m (запад - исток) и 55 m (север - југ). Била изградена на платформа поставена на дрвени колци забиени во дното на езерото, а со дрвен мост населбата била поврзана со копното.

Во рамките на овој музејски комплекс на зарамнетото плато е презентирана и тврдина - римски кастел од III век од н.е.

**Самоилова тврдина**

Охридската тврдина е еден од најголемите фортификациски објекти во Македонија. Откриените остатоци укажуваат на претпоставка дека се дел од првата тврдина од времето на Филип II Македонски. Се претпоставува дека тврдината била изградена во средината на IV век пр. н.е. Иако се пронајдени остатоци од бедемот и кулата од раната антика, сепак, најголемиот дел од тврдината е од времето на царот Самоил (од 976 до 1014 год.), период кога Охрид бил престолнина на првата држава на македонските словени, и затоа, таа денес е позната како Самуилова тврдина.

Тврдината е повеќепати уривана, но таа подоцна била повторно градена.

Со своите кули и бедеми (долги околу 3 km, а високи од 3 до 16 во зависност од конфигурацијата на теренот) тврдината го опфаќа целиот охридски рид што се издига над езерото. За влез во градот имало три порти: Горна порта (во близина на црквата Св. Богородица Перивлепта), Челна порта (кај црквата Св. Богородица Челница) и Долна порта (во близина на црквата Св. Никола Болнички), од кои само Горна порта е во целост зачувана.

Тврдината за одбрана и за живеење последен ја користел Џеладин-бег, којшто владеел со Охрид како самостоен феудален господар кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век.

Во однос на состојбата тврдината, таа е речиси целосно истражена. Потребно е доистражување на преостанатиот дел од тврдината/цитаделата во јужна половина.

**Антички театар**

Античкиот театар се наоѓа веднаш под Самуиловата тврдина, близу до Горна порта. Првите сознанија за неговото постоење ги дал рускиот историчар на уметноста Н. П. Кондаков во 1900, а во текот на 1935 год., и 1959/60 год. со сондажни ископувања театарот бил и фактички констатиран. Изграден е кон крајот на III или почетокот на II век пр.

н.е. за драмски, музички и поетски претстави. Театарот бил доградуван, со што се издвојуваат три различни фази на градба - во првата фаза тој бил објект за театарски претстави со помал број седишта, во втората фаза (времето на Римската Империја) театарот бил приспособен за гладијаторски и борби со диви животни, и последната фаза, кога оркестрата со почесните седишта била заградена со заштитен ѕид. Подоцна, во горната надворешна зона бил изграден епитеатрон, со што капацитетот се зголемил до 5000 гледачи. На многу седишта се најдени врежани имиња од побогати граѓани на Лихнид од тој период кои ги имале закупено седиштата за сите претстави во театарот. По 313 год., кога христијанството било легализирано во Римската Империја, театарот бил разурнат, а неговиот материјал бил користен за изградба на базилики и други профани објекти.

Со истражувања на просторот на театарот е откриено богато споменичко наследство: релјефи од театарски сцени, многу монети, накит, амулети, и други предмети од античкиот период, како и објекти од средновековието од сакрален и од профан карактер.

Во 2001 год. театарот е отворен за јавност и во него се одржуваат концерти, претстави и најразлични културни манифестации.

**Плаошник**



Локалитетот Плаошник, сместен на зарамнето плато на повисокиот Охридски Рид, уште во ранохристијанскиот период бил многу почитуван простор каде биле изградени голема поликонхална црква (V или VI век) и уште една поголема, петкорабна базилика (V век), двете со крстилници откриени во поново време, со извонредните подни мозаични украси со геометриски, флорални, зооморфни и фигуративни претстави, како и бројни фрагменти од архитектонска пластика.

Археолошките остатоци се речиси целосно истражени. Потребни се конзерваторско-реставраторски зафати на цистерните и другите архитектонски остатоци од доцноантички, средновековен и доцносредновековен период.

Св. Климент, кој во Охрид пристигнал пролетта 886 год., ја обновил старата запуштена и полуразурната трикорабна црква и тука ја започнал својата дејност. Кон основното јадро на црквата тој додал припрата, а потоа и нови градби - на запад, север и југ. Така се развивало жариштето на словенската писменост, центарот на Охридската книжевна школа и центар на повеќе духовни и научни дисциплини низ кој минале 3500 ученици - идни свештеници, писатели, преведувачи и мисионери.

На десната страна од пронаосот е гробот на св. Климент.

Пред самиот крај на XV век манастирската црква и сите конаци биле урнати и врз темелите на црквата била подигната џамијата Султан Мехмед, а имотите на црквата биле одземени и доделени на установата Имарет. Во непознато време минарето и покривот на џамијата се урнале и останале само страничните ѕидови. По уривањето на црквата граѓаните на Охрид ги пренеле моштите на светецот во црквата Св. Богородица Перивлепта, која добила нова намена на архиепископска катедрала.

Црквата е возобновена врз средновековниот габарит, при што се зачувани и конзервирани старите зачувани ѕидови и фрески, а осветена е во август 2002 год. под името

Св. Климент и Пантелејмон, а моштите на светителот по 530 години беа повторно вратени во неговиот гроб.

Од 2007 година, како капитален проект на Владата на Република Македонија, започна реализацијата на проектот „Возобновување на Светиклиментовиот универзитет на Плаошник".

**Ранохристијанска базилика - Студенчишта**

Во близина на Билјанините Извори кај Студенчишта се зачувани остатоците од ранохристијанска базилика која потекнува од V-VI век. На зачуваните подни мозаици, во кружни медалјони, среќаваме претстави на долгоноги птици, и што е можеби и најзначајно за овој регион, претстави на риби во вода.

**Ранохристијанска базилика Св. Еразмо**

Под средновековната пештерна црква посветена на антиохискиот епископ Еразмо се наоѓа истоимената ранохристијанска базилика со трикорабен облик со нартекс, атриум, помошни анекси и крстилница со базен. Во централниот дел на атриумот има бунар кој служел како фонтана. Мозаичната декорација во базиликата кај Св. Еразмо, главно, се состои од геометриски орнаменти и го претставува богатството од разновидни елементи: меандри, кругови, квадрати, соломонови јазли, плетенки, стилизирани шишарки, ромбоиди, шестоаголници итн.

**Ранохристијанска базилика - Радолишта**

Во селото Радолишта, Струга, се наоѓаат остатоците на ранохристијанска базилика којашто е датирана кон крајот на V или почетокот на VI век. По својата форма и архитектонска композиција оваа црква е трикорабна, со апсида на исток и е слична со базиликата во Студенчишта во Охрид. Подовите на нартексот и на централниот кораб се покриени со мозаик, а декорацијата е исполнета со стилизирани четворолисти, со двојна плетенка на рабовите, со кружни медалјони изведени во двојна плетенка, а во медалјоните се наоѓаат стилизирани дрвја со најразлични плодови и животни, додека просторите меѓу кружните полиња се исполнети со мотивот на Соломонов јазол.

**Црква Св. Софија**



Катедралната црква Св. Софија (неколку векови седиште на Охридската архиепископија), се наоѓа во стариот дел на Охрид. Нејзините исклучителни фрески спаѓаат меѓу најдобрите достигнувања на средновековното сликарство од периодот на македонската династија во Византија (XI век). Со археолошките истражувања е утврдено дека црквата била изградена врз темелите на ранохристијанска базилика, а била обновена и украсена со фрески во времето на архиепископот Лав, во периодот меѓу 1037 и 1056 год. Како единствена галерија на сликарството од периодот меѓу XI и XIV век, таа претставува еден од најзначајните средновековни споменици, не само во Охрид и Македонија туку во византиската уметност воопшто.

Во втората половина на XV век црквата Св. Софија била претворена во џамија, а подоцна и магацин. Во 1912 год. таа повторно станала православна црква.

Заради нејзината извонредна акустика, за време на одржување на фестивалот Охридско лето, црквата се користи како сцена за одржување концерти на клисична музика и драмски претстави.

**Црква Св. Богородица Перивлепта**

Црквата Св. Богородица Перивлепта, се наоѓа на врвот од ридот во стариот дел на градот, во близина на Горна порта и е датирана во 1295 год. Извонредната архитектура и прекрасното ѕидно сликарство ја чинат оваа црква како еден од најзначајните средновековни споменици во Македонија. Фреско-сликарството во црквата претставува едно од првите дела на најпрестижните средновековни сликари Михаил и Евтихиј. Нивниот драматичен експресионизам бил основа за еден нов правец во византиската уметност од оваа епоха, наречен „ренесанса на Палеолозите". На ѕидовите од оваа црква, со извонредна живост и сила тие ги насликале сцените од животот на Богородица и Исус Христос. По уривањето на Светиклиментовата црква Св. Пантелејмон, моштите на св. Климент биле пренесени овде и оттогаш жителите на Охрид ја нарекуваат оваа црква уште и Св. Климент.

По претворањето на најголемата охридска црква Св. Софија во џамија оваа црква станала катедрална црква на Охридската архиепископија. Во тој период многу црковни предмети, како ракописи, икони, книги, везови итн. биле пренесени во оваа црква, од кои некои се зачувани и до денес.

**Црква Св. Јован Богослов - Канео**



Живописната црква посветена на св. Јован Богослов е една од најстарите и најатрактивни цркви во Охрид. Се претпоставува дека потекнува од XIII век. Со извонредната положба над населбата Канео, таа е едно од обележјата и симбол на Охрид.

Особено се впечатливи нејзините фасади и куполата поради хармоничната и мајсторски изведена декорација од тули и камен бигор. Појавата на византиските и ерменските елементи во архитектурата и нивната извонредната комбинација, ја прави црквата да биде еден од најпрепознатливите средновековни споменици во Охрид.

Според историските извори, црквата била напуштена во периодот меѓу XVII и XIX век, што резултирало со уништување на фреските на нејзините ѕидови. Зачувани се само некои делови од внатрешната декорација, и тоа во куполата и апсидата, како и на северниот и јужниот столб.

**Манастир Св. Наум**



Манастирот Св. Наум, се наоѓа на околу 29 km од Охрид, на извонредна локација во карпите високо над Охридското Езеро, опкружен со прекрасна природа. Најрепрезентативен дел на манастирскиот комплекс е црквата посветена на светите архангели Михаил и Гаврил подигната во 900 год. од страна на св. Наум (погребан во

малата капела во црквата, украсена со прекрасни фрески со сцени од животот и чудата на Св. Наум).

Во времето на турското владеење црквата била целосно разурната. Денешната црква била изградена во неколку фази во периодот меѓу XVI и XVII век врз темелите на старата црква. Карактеристичен елемент во црквата, познат по своите уметничко-естетски вредности, е иконостасот изработен во позлатена резба (1711), како и повеќето икони поставени на него. Сегашниот фрескоживопис бил насликан во 1806 год.

**Црква Св. Богородица Захумска**

Црквата Св. Богородица Захумска се наоѓа во подножјето на планината Галичица, на источниот брег од Охридското Езеро, во близина на селото Трпејца. Од ктиторскиот натпис се дознава дека таа била подигната и украсена со фрески во 1361 год. (ктитор бил ќесарот Гргур, а патрон на нејзината внатрешна декорација деволскиот епископ Григориј, една од највлијателните личности на Охридската архиепископија од средината на XIV век).

Фрескодекорацијата (иако доста оштетена), зазема значајно место во охридската уметност од XIV век, бидејќи нејзините творци, покрај тематските карактеристики и традиции на охридското сликарство, овде ги презентирале и новите струења во византиската уметност од тоа време.

**Црква Св. Никола Болнички**

Еднобродната црква Св. Никола Болнички, која се наоѓа во близина на брегот од езерото, е подигната во 1313 год. и некогаш се користела како болница и карантин (оттаму е и нејзиното име). Сликарството на нејзините ѕидови потекнува од неколку периоди, но најголемиот дел му припаѓа на украсувањето од првата половина на XIV век. Особено значајни се сцените: Успението на Богородица, Прображението Христово и Влегувањето во Ерусалим, како и фигурите на св. Климент Охридски, св. Никола и св. Пантелејмон, претставени во цел раст.

**Црква Св. Богородица Болничка**

Црквата Св. Богородица Болничка се наоѓа во близина на црквата Св. Никола Болнички и се користела како болница. Нејзиниот архитектонски тип е особено интересен - има попречен брод наместо купола, што мошне ретко се среќава во овој регион. Црковниот двор е ограден со висок ѕид од камен и во него има мноштво гробови на монаси и свештеници, како и заедничка гробница на многу граѓани на Охрид. Сликарството во црквата потекнува од три различни периоди: од времето на нејзината изградба (околу 1368 год.), од почетокот на XV век, а украсување било изведено во 1834 год. Во црквата има и неколку вредни икони и дрвен иконостас, изработен во резба во 1833 год. од мајсторот Никола Дарковски Караџовиќ од Лазарополе.

**Црква Св. Кузман и Дамјан (Св. Врачи Мали)**

Еднобродна градба посветена на св. Кузман и Дамјан, позната и како Мали св. Врачи, се наоѓа во близина на црквата Св. Константин и Елена. Има фрагментарно зачуван фрескоживопис што потекнува од третата деценија на XIV век. На јужниот ѕид од црквата е насликан патронот на Охрид, св. Климент, со модел на градот во рацете. Сепак, најголемата

вредност на оваа малечка црква е нејзиниот дрвен иконостас во резба, кој потекнува од XIV век, и е најстариот зачуван иконостас во Македонија.

**Црква Св. Димитриј**

Еднобродната црква посветена на светиот воин Димитриј се наоѓа во непосредна близина на Горна порта. Според квалитетот и стилот на зачуваната фрескодекорација, таа најверојатно била изградена и насликана во XIV век. Во делумно уништените фрески кои се поделени во три зони, според својата убавина, се издвојува ликот на патронот на црквата - св. Димитриј облечен во војничка облека.

**Црква Св. Константин и Елена**



Црквата на светиот цар Константин и неговата мајка Елена се наоѓа веднаш зад црквата Св. Богородица Перивлепта и претставува еднокорабна градба со попречен брод. Според натписот над јужниот влез, црквата била подигната и насликана во 1477 год. Меѓу бројните претстави се издвојува претставата на ктиторот на црквата, еромонахот Партениј.

**Црква Мал св. Климент**

Оваа мала црква се наоѓа во непосредна близина на црквите Св. Богородица и Св. Никола Болнички. Изградена и живописана е во 1378 год. со залагање на свештеникот Стефан и е единствената средновековна црква во Охрид што го носи името на неговиот патрон - св. Климент. Голем дел од фрескодекорацијата е оштетен, но зачуваните остатоци покажуваат дека тоа било изведено во најдобрите традиции на охридското средновековно сликарство.

**Црква Св. Богородица Челница**

Црквата е изградена по 1380 год. врз темелите на постара средновековна градба, чијашто источна страна се потпира врз средновековните градски бедеми. Во нејзина близина се откриени остатоците на една од трите главни градски порти (т.н. Челна порта според која и го добила името).

Фрескосликарството, дело на двајца сликари кои работат во духот на локалните сликарски традиции од XIV век, е зачувано само фрагментарно на јужниот ѕид со неколку остатоци од циклусот на Големите празници. Во XIX век внатрешната декорација ја изработил познатиот сликар Дичо Зограф.

**Пештерна црква Св. Архангел Михаил - Радожда**

Пештерната црква посветена архангелот Михаил е изградена во една природна пештера високо во карпите над селото Радожда, на западниот брег од Охридското Езеро. Денешниот архитектонски изглед црквата го добила во XIV век, кога нејзината внатрешност била украсена со фрески, а дел од зачуваните фрески потекнуваат уште од XIII век. Една од композициите насликани во оваа црква која заслужува особено внимание е Чудото во Хона, со исклучителна претстава на архангелот Михаил - една од најстарите вакви сцени во

фрескосликарството во христијанската уметност воопшто. Нејзиниот иконостас со крстот е дело на Мијачката уметничка школа од XIX век.

**Пештерна црква Св. Атанасиј - Калишта**

Во непосредна близина на црквата посветена на празникот на Рождеството на Богородица, на стрмната карпа над езерото, се наоѓа пештерната црква посветена на св. Атанасиј. Природниот отвор во карпата служи како наос, додека апсидата и јужниот ѕид (каде се наоѓа и влезот) се градени од кршен камен. Сликарството претставува најголем зачуван ансамбл на средновековното сликарство во Струшко. Според стилските одлики, овие фрески може да се датираат во втората половина на XIV или првата половина XV век. Изборот на композициите и светителите во сликаниот ансамбл е направен умешно и со мерка која одговара на расположивите површини во внатрешниот простор на црквата. Поголем дел од фреските во XIX век се ретуширани.

**Пештерна црква Рождество на Богородица - Калишта**

Пештерната црква Рождество на Богородица е сместена во природна пештера во Мокра Планина и до неа се доаѓа преку дрвени скали. Најверојатно пештерата првобитно била приспособена за живеалиште на некој монах, а подоцна црквата го добила денешниот архитектонски облик. Зачувани се неколку ќелии каде што живееле монасите и пустиниците.

Од насликаните претстави особено внимание привлекува ликот на св. Пантелејмон (на јужниот ѕид) заедно со неговиот учител Ермолај. Композиција на која се претставени св. Кирил Филозоф и св. Климент Охридски како извршуваат литургиска служба заврТени еден кон друг, е мошне ретка и засега единствена не само во Македонија, туку и во поширокиот регион на Балканот. Од иконографска гледна точка оваа сцена е единствена не само во поствизантискиот период туку и во сите претходни периоди во историјата на уметноста.

**Пештерна црква Св. Еразмо**

Се верува дека пештерата која се наоѓа на околу 2 km оддалеченост од Охрид, од десната страна на патот што води кон Струга и Скопје, била првата што била приспособена за монашка ќелија или црква. Црквата е посветена на антиохискиот епископ Еразмо, кој бил првиот што го донесол христијанството во овие краеви кон крајот на IV век.

Фреските кои насликани на природните карпи на пештерата се многу добро зачувани. Иако имињата на сликарите не се познати, врз основа на претставата на епирскиот деспот, а подоцна и солунски цар, Теодор I Ангел Дука, се верува дека сликарството потекнува од XIII век.

**Пештерна црква Св. Стефан**

Црквата Св. Стефан, во месноста викана Панцир, е сместена во една шуплина на природната карпа високо над Охридското Езеро, на околу 5 km од Охрид на патот кон Св. Наум. Црквата е најверојатно постара. Фрескосликарството на оваа црква (изведено во XV век) поседува високи уметнички квалитети, но во голема мера е оштетено.

**Пештерна црква Св. Богородица Пештанска**

Црквата Св. Богородица се наоѓа во карпите на источниот брег од Охридското Езеро, близу рибарското село Пештани. Внатрешноста на црквата е во целост покриена со фрески кои се добро зачувани и се датираат во средината на XIV век.

Фрескодекорацијата е изведена директно врз нерамната површина на карпите и сцените се прилагодени на нивниот облик. Меѓу најзначајните композиции се сцените од

Големите празници. Ова е најголемиот фрескоансамбл зачуван во некоја од пештерните цркви на бреговите од Охридското Езеро.

**Црква Св. Никола - Косел**

Покрај големите црковни споменици, чија внатрешност е богато украсена со фрески, прекрасен иконостас и мноштво икони, не помалку значајни за познавањето на нашата историја, уметност и култура од времето на навлегувањето на Османлиите во овие краеви се и малите христијански храмови, изградени во руралните области околу поголемите урбани центри Охрид и Струга. Една од нив е и црквата Св. Никола во охридското село Косел, која претставува едноставна еднобродна градба со ниска тристрана апсида на источната страна и засводена со полуобличест свод. Со своите мали димензии и со својата форма таа е слична на повеќето рустично ѕидани и грубо малтерисани споменици од XV век век од околината на Охрид. Овој мал христијански храм е значаен за запознавање на нашата историја, уметност и култура од времето на навлегувањето на Османлиите во овие краеви.

**Црква Вознесение Христово (Св. Спас) - Лескоец**

Во с. Лескоец во 1462 год. е подигната и живописана црквата посветена на празникот на Вознесението Христово, позната уште и како Св. Спас. Таа е еднокорабна градба со полукружен свод и тристрана апсида. На натписот над западниот влез (кој е од времето на обновата на црквата во 1898 год.), се споменува и годината 1462, како датум кога црквата била изградена и живописана. Живописот од црквата е доста добро зачуван и претставува интересна ликовна целина. Најинтересна фреска во оваа црква, секако, е композицијата Тајната вечера, на чија трпеза се наоѓа и риба, охридската пастрмка со карактеристичните црвени точки на кожата.

**Црква Успение на Богородица - Велестово**

Црквата Успение на Богородица се наоѓа на падините на планината Галичица, во с. Велетово. Тоа е мала, еднокорабна градба со полуоблест свод и тристрана апсида на источната страна, а како материјал за градба е употребен кршен и делкан камен.

Првата фаза покажува континуитет на сликарството што се негувало во Охрид, додека втората фаза покажува дека воопшто не бил значаен квалитетот и уметничките знаења на зографот, туку едноставно било важно да се доврши живописувањето на црквата.

**Црква Св. Никола - Геракомија**

Црквата Св. Никола Геракомија, изградена во XIX век, се наоѓа во близина на катедралниот храм Св. Софија во Охрид. Самиот назив „Геракомија“ значи „дом за стари лица“ и упатува на заклучокот дека овде некогаш постоела установа која единствено можела да биде под патронат на архиепископијата и како таква му припаѓала на архитектонскиот комплекс околу охридската катедрала. Таа претставува трикорабна базилика, градена од кршен камен и делкан бигор, а на аглите има вградени обработени камења кои веројатно потекнуваат од постара градба. Над централниот кораб има три слепи куполи, а страничните се засводени со полуцилиндрични сводови. Сводовите се меѓусебно разделени со столбови врз кои се потпира и женската галерија, што се наоѓа на западната страна од храмот. Живописот во страничните сводови и во слепите куполи над централниот кораб го изработил Дичо Зограф во шеесеттите години на XIX век. Внатрешноста на црквата ја краси дрвен иконостас изработен во резба, за кој иконите, според натписите на повеќе икони, во периодот меѓу 1862 и 1864 год. ги изработил, исто така, Дичо Зограф.

**Црква Успение на Богородица - Каменско**

Црквата Успение на Богородица се наоѓа во близина на древниот Чинар. Постојат податоци дека таа постоела уште во XVII век, а според врежаната година на еден камен блок на источната страна однадвор, денешниот изглед и димензии ги добила, најверојатно, при обновата во 1832 год., кога била и проширена.

Изградена е од обработен камен во вид на трикорабна базилика, со купола над централниот брод. Бродовите се меѓусебно разделени со столбови, а на западната страна има и женско одделение. Според натписот што се наоѓа на внатрешната страна над јужната врата во олтарниот простор, црквата била живописана во 1863 год. од страна на Дичо Зограф. Тоа што посебно импресионира во оваа црква е нејзиниот дрвен иконостас, изработен во резба, во 1867 год. Тој е дело на резбарот Петар Станишев од познатиот копаничарски род од с. Тресонче.

**Црква Св. Георгиј - Горна Влашка Маала**

Кон крајот на XVIII и во почетокот на XIX век е изградена и црквата Св. Георгиј во Влашка Маала.

Во внатрешноста на црквата се наоѓа голема збирка икони, а големо внимание заслужуваат царските двери на нејзиниот иконостас, кои потекнуваат од XV-XVI век. Поголемиот број икони во црквата, настанати по 1840 год., ги изработил зографот Михаил од епирското село Самарина, кој, заедно со син му Даниил, ги насликал и престолните икони во манастирот Св. Јован Бигорски.

**Црква Св. Кузман и Дамјан (Големи св. Врачи)**

Трикорабната базилика на светите бесребреници Кузман и Дамјан, позната како Големи св. Врачи се наоѓа на падината од ридот, во стариот дел на Охрид, над црквата Св. Софија. Сегашната црква била подигната кон средината на XIX век и подоцна преправена, но има извесни сознанија дека на тоа место некогаш постоел многу постар храм. Во лунетата над влезната врата, што се наоѓа на јужниот ѕид од црквата, се наоѓа една фреска на која се претставени нејзините патрони св. Кузман и Дамјан, дело на Дичо Зограф од 1867 год.

Поголемиот дел од иконите на нејзиниот голем иконостас се дело на зографската тајфа во која главни мајстори биле Мануил Георгиев и Константин Јованов од костурското село Селица. Според зачуваните натписи на некои од иконите тие биле насликани во 1850 и 1855 год.

**Црква Св. Георгиј - Струга**

Црквата Св. Георгиј што се наоѓа во центарот на Струга, била изградена во 1835 год. врз темелите на постар црковен објект од XVI век.

Таа е најстарото христијанско светилиште во градот. Внатрешноста е декорирана со фрески од крајот на XIX век, меѓутоа, вистинско богатство на црквата претставува нејзиниот прекрасен иконостас изработен во резба, како и поголемиот број икони. Тие датираат од периодот меѓу XIII и XIX век, но, секако, најстара, најубава и највредна меѓу сите нив е иконата со претстава на патронот на црквата - св. Георгиј. Според долгиот запис на нејзината задна страна, во кој се споменува Струга Охридска, неа во 1266/67 год. ја насликал зографот Јован по нарачка на ѓаконот Јован, референдар на Охридската архиепископија.

**Црква Сите Свети - Лешани**

Црквата Си Свети е подигната во 1451/2 година, а нејзин ктитор бил Никола Божиќев. Таа претставува еднокорабна црква со полуобличаст свод, тространа апсида на источната страна и влез на западната страна. Според остатоците од живопис видливи на западната и јужната фасада, се претпоставува дека оваа црква веројатно имала и нартекс. Сите Свети, на кого е посветен храмот, се почитуваат како заштитници на мртвите.

**Хаџи Дургут (Крст) џамија**

Крст џамија (Хаџи Дургут), за која се смета дека се наоѓа на местото на некогашната црква Св. Недела, е најстарата џамија во Охрид изградена во 1466 год.

Во полумесечината на врвот на минарето и денес се наоѓа мал крст, а легендата вели дека кога Турците го подигнале минарето откако претходно го фрлиле крстот во езерото, тој повторно се вратил на неговиот врв. Кога тие повторно го фрлиле крстот, минарето се урнало, а кога тие пак го подигале, крстот се враќал на неговото место. Ова се повторувало повеќепати, сè додека некому не му се сонило дека минарето нема да падне само ако го остават крстот на врвот. Тогаш Турците го ставиле крстот во полумесечината и така минарето стои до денес.

**Али пашина џамија**

Али пашината џамија се наоѓа во Старата чаршија, во близина на стариот чинар. Според историските податоци и врз основа на архитектонските карактеристики, таа била изградена кон крајот на XV или самиот почеток во XVI век од страна на везирот Али-паша.

Според Охридската вакуфнама од 1491 год. постоеле сараи и вакафи кои му припаѓале на Али-паша, а меѓу повеќето заветнини што тој ги изградил имало и џамија.

Архитектонските елементи на џамијата говорат за спецификите на првите почетоци на османлиската класична архитектура. Покривот на куполата е потиснат, а отворите се доста тесни, што е карактеристика на локалните градби и говори во прилог на тоа дека нејзин градител бил некој локален неимар, најверојатно од Охрид.

**Зејнел-Абедин теќе и џамија**

Дервишкото теќе од редот Халвети било изградено во првата половина на XVII век од страна на Зејнел Абедин-паша како обична џамија и верско училиште (медреса). Денес, како дел од верскиот комплекс, постои и турбе, во кое централното место го зазема гробот на хаџи Мухамед Хајати, кој имал персиско потекло и бил првиот дервишки шех во Охрид.

**Синан Челеби турбе**

Во близина на црквата Св. Климент и Пантелејмон на Плаошник се наоѓа турбе со гробот на Синан Челеби, основачот на добротворната установа Имарет (кујна) за сиромашни која што постоела сè до 1912 год. Тој умрел во 1493 год., а покрај неговиот гроб во турбето се наоѓа и гробот на ќерката на Ташула којашто била жена на господарот на Охрид од XIX век, Џеладин-бег.

**Саат-кула**

Саат-кулата е изградена во подножјето на источниот дел од Охридскиот Рид во 1726 год. од страна на Чаваш Дол Сулејман-ага. Името на донаторот и годината на градбата се запишани на горниот дел од ѕвоното на старотурски со арапски букви. Сè до 1912 год. го

отчукувала секој изминат час. Таа се издига како нагласена вертикала на станбениот дел и пазарот, некогашен еснафски центар на Охрид, а била и тесно поврзана со чаршијата.

## Прилог 5: Други вредности

*Економски вредности*

Во античкиот Охрид (Лихнид), благодарение на неговата геополитичка положба, како една од главните станици на Вија Игнација, имало постојан проток на стоки, луѓе и идеи од Запад кон Солун и Константинопол (и обратно) во текот на вековите.

Охрид во текот на својата долга историја имал свои возвишувања и падови во согласност со економско-општествените односи и политичките прилики на немирниот Балкан. Основен извор за егзистенција на населението во Охридскиот Регион отсекогаш било рибарството, земјоделството и сточарството, но тоа не било доволно за опстојување, така што печалбарството имало сериозни позитивни импликации врз економскиот развој на регионот.

Разновидноста и динамичноста на природните појави и процеси во регионот овозможиле создавање голем број на природни ресурси кои преку примена на соодветна технологија може да се стават во функција на вкупниот развој на пограничниот регион.

*Рударство*

Контактната зона на Северна Македонија со соседните земји Албанија и Грција металогенетски припаѓа на рудниот реон на Шарско-пиндскиот Масив. Перспективни рудни наоѓалишта се: јагленовите лежишта во Пискупштина - Струшко и Лавци - Ресенско, лежиштата на варовници во Струшко (Лабуништа, Ташмаруништа, Калишта, Струга), Охридско (Лескоец, Рамне, Куратица и Трпејца), травертинот во Велмеј - Охридско и бречите на Јабланица.

*Шумарство*

Површините под шуми во општините во пограничниот регион заземаат 107.470 ha. Вкупната дрвна маса изнесува 195.989 $m^3$ годишно што претставува солидна основа за развој на малите дрвопреработувачки капацитети. Со посебно високи квалитети се одликуваат високостеблените букови шуми на Јабланица (бука) и Баба Планина (молика и бука). Меѓутоа, поради историско-економските услови (развојот и опстојувањето на селата) и природните услови изразени преку динамиката на релјефот, геолошката основа, хидролошко-метеоролошките услови и вегетациската покривка на поголем дел од ниските терени (рабните делови на котлините Дебрца, Струшко Поле, Преспанската Котлина) се изразени ерозивните процеси. Како последица на овие процеси се појавуваат голем број поројни текови и висока продукција на наносен материјал во долните течанија на реката Сатеска, Голема Река и поголем број мали реки кои директно се вленваат во езерата.

*Земјоделство*

Во опфатот на анализираниот простор се наоѓаат Преспанското Поле и Струшкото Поле кои располагаат со високопродуктивни обработливи површини, а според хидроклиматските услови погодни се за одгледување на овоштарски култури и лозја, како и голем број индустриски култури. Вкупната површина на земјоделското земјиште изнесува 75.000 ha, а обработливата површина изнесува 39.000 ха. Површините под пасишта завземаат 35.000 ha, од кои посебно се издвојуваат високопланинските пасишта на Јабланица, Галичица и Баба со вкупна површина од 24.836 ha. Посебна погодност претставуваат езерата за развој на стопанскиот риболов.

*Туризам*

Туризмот и угостителските услуги покрај трговските дејности се главните стопански дејности. Во последно време, сериозно е зголемен развојот на културниот туризам, особено од соседните земји, но и од Западна Европа, имајќи го предвид богатото културно и природно

наследство на Охридскиот Регион. Развојот на туризмот овозможува економски бенефит преку можноста за отворање нови работни места, креирање нови бизниси, развој на креативните индустрии итн. Воедно развојот на културниот и еко туризам игра огромна улога во промоцијата на културното и природното наследство на регионот и на целата држава во светски рамки. Во таа насока се прават значителни чекори во унапредување на состојбата со конзервација на заштитените добра но и на подобрувањето на потребната туристичка инфраструктура. Туристичката експлоатација на Охридскиот Регион треба да е во научно основани рамки со максимално почитување на заштитниот третман за природното и културното наследство. Во таа насока, одредени популарни форми на алтернативен туризам (сафари, џипови, катамарани) за кои ќе се оцени дека имаат негативно влијание врз природните вредности или се во директна спротивност со традиционалните вредности ќе се ограничат.

Туризмот претставува отворена можност за учество на чинители кои имаат заеднички интереси и интеракциски односи. Ваквиот приод подразбира дека општата интегративна заложба во креирањето на туристичкиот развој и организација на туристичките простори во рамките на Охридскиот Регион ќе се темели на усвоените просторни решенија во сферите кои се во непосредна врска со туристичкиот развој. Сепак, со сите наброени потенцијали сè уште не постои јасно дефинирана визија на туристичкиот производ на локално ниво и стратешки не се одредени целите за одржлив развој на рагионот.

## Прилог 6: Планска документација

| Ред. бр. | Важечки планови | Година на донесување на планот |
|---|---|---|
| **I.** | **Генерален урбанистички план на Охрид** | 2006 |

| | | |
|---|---|---|
| **II.** | **ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ** | |
| 1. | План за реализација на 4-тата УЕ – Охрид | 1980 |
| 2. | Ревизија на Планот за реализација на 7-мата УЕ Охрид | 1984 |
| 3. | ДУП за 9-тата УЕ | 1985 |
| 4. | ДУП за 10-тата УЕ | 1987 |
| 5. | ДУП за населба „Радојца Новичиќ“ | 1989 |
| 6. | Измена на ДУП за 8-тата УЕ | 1990 |
| 7. | ДУП за населба „15-ти корпус“ | 1990 |
| 8. | Измена и дополнување на ДУП за 5-тата УЕ | 1990 |
| 9. | Измена на дел од ДУП за 6. УЕ Охрид | 1990 |
| 10. | ДУП за 11-тата УЕ МЗ „Видобишта“ | 1992 |
| 11. | Измени и дополнување на ДУП за станбена населба „Бејбунар“ | 1992 |
| 12. | Измена на дел од ДУП за 5-тата УЕ Охрид | 1993 |
| 13. | ДУП со измени и дополнувања за: (пошироко централно градско подрачје), МЗ – 10 „Центар“ – дел, МЗ – 11 „Стар Град“ – дел, МЗ – 6 „Кошишта“ – дел, без кејот | 1995 |
| 14. | Измена и дополнување на ДУП за 3-тата УЕ Охрид во МЗ2 „Воска“ – дел; МЗ – 6 „Кошишта“ - дел | 1997 |
| 15. | Измена и дополнение за: МЗ – 10 – Центар – дел, МЗ – 11 – Стар град – дел, МЗ – 6 – Кошишта – дел, Блок западно од „Палас“ | 1998 |
| 16. | Измени и дополненија за 3. УЕ | 1998 |
| 17. | Измени и дополнувања на дел од ДУП за ПЦГП (Блок 2 „Палас“) | 1999 |
| 18. | Измена и дополнување на дел од ДУП за 4-тата УЕ | 1999 |
| 19. | Измени и дополнување на делови од плановите за реализација на 1-ва; 3-тата; 6-тата и 7-мата УЕ на потегот од „Булевар на Револуцијата“ | 1983 |

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| | | |
|---|---|---|
| 20. | Урбанистичка документација за ДУП за „15-ти корпус“ | 1999 |
| 21. | Измена и дополнувања на дел од ДУП за ПЦГП (Блок 2 „Палас“) | 1999 |
| 22. | ДУП за Болнички комплекс МЗ „Гоце Делчев“ | 1999 |
| 23. | Измена и дополнување на дел од ДУП за ПЦГП Охрид (Блок кај Саатот) | 2000 |
| 24. | Измена и дополнување на дел од ДУП за 6-тата УЕ (Блок 1 Детска градинка) | 2000 |
| 25. | Измена и дополнување на дел од ДУП за УЕ 4 | 2000 |
| 26. | Измена на дел од ДУП за ПЦГП Охрид, (комплекс „Летница“) | 2000 |
| 27. | Дополнување на дел од ДУП за МЗ „Гоце Делчев“ и Болнички комплекс | 2000 |
| 28. | ДУП за деловно станбена зона „Запад“ Охрид | 2001 |
| 29. | ДУП за Крајбрежен простор „Канео – Студенчишта“ | 2001 |
| 30. | ДУП за комплекс на ул. „Железничка“ – Охрид | 2001 |
| 31. | ДУП за крајбрежна зона Грашница | 2001 |
| 32. | ДУП за деловно станбена зона „Запад“ Охрид | 2001 |
| 33. | ДУП за Крајбрежен простор „Канео - Студенчишта“ | 2001 |
| 34. | ДУП за крајбрежна зона Грашница | 2001 |
| 35. | ДУП за дел од МЗ „15-ти корпус“ Охрид | 2002 |
| 36. | Измени и дополненија на ДУП УМ во МЗ „15-ти корпус“ Охрид | 2002 |
| 37. | Измена и дополнување на ДУП за Урбан модул од МЗ „15-ти корпус“ | 2002 |
| 38. | ДУП за дел од МЗ „15-ти корпус“ Охрид | 2002 |
| 39. | ДУП за дел од ПЦГП – Урбан модул „ЦЕ“ | 2004 |
| 40. | Измена и дополнување на дел од ДУП за 10-тата УЕ | 2004 |
| 41. | Измена и дополнување на ДУП за МЗ „Радојца Новичиќ“ | 2004 |
| 42. | ДУП за урбан модул 5 во ПЦГП | 2004 |
| 43. | ДУП за дел од пошироко централно градско подрачје Охрид УМ 2 и УМ 4 | 2005 |
| 44. | ДУП за дел од 2 УЕ МЗ 4 Долна Влашка Маала Охрид | 2005 |
| 45. | ДУП за дел од УЕ 7 УМ 1 | 2007 |

| | | |
|---|---|---|
| 46. | ДУП дел од централно градско подрачје Поликлиника „Маларична“ – Охрид плански опфат помеѓу ул. „Туристичка“, ул. „Јане Сандански“, ул. „106“, ул.„107“, ул. Димитар Влахов“, ул. „119“ и ул. „Даме Груев“ | 2008 |
| 47. | ДУП за дел од УЗ 16 - „Рача“, УБ 16.3 опфат 3 | 2008 |
| 48. | ДУП за дел од УЗ 16–„Рача“, дел од УБ 16.2 – опфат 1 | 2008 |
| 49. | ДУП за УЗ 1, дел од УБ блок 1.3 Опфат 1 | 2009 |
| 50. | ДУП УЗ 2, дел од УБ 2.2 | 2009 |
| 51. | ДУП за дел од УЗ 3 – Кошишта, дел од УБ 3.2, за плански опфат меѓу улиците: Васил Стефоски, Махмуд Рифат и новопредвидени улици | 2009 |
| 52 | ДУП за УЗ 6, УБ 6.2 Опфат 1 | 2009 |
| 53. | ДУП за УЗ 8, дел од блок 8.1 опфат 1 | 2009 |
| 54. | ДУП УЗ 8, УБ 8.2 | 2009 |
| 55. | ДУП за УЗ 12, дел од УБ 12.4 | 2009 |
| 56. | ДУП за УЗ 15 (15-ти Корпус), дел од УБ 15.1, плански опфат 1 (ул.„ 15-ти корпус“ и ул. „Живко Чинго“) | 2009 |
| 57. | ДУП УБ 2, дел од блок – 2.1 опфат 2 | 2011 |
| 58. | ДУП УБ 2, дел од блок – 2.4 опфат 2 | 2011 |
| 59. | ДУП за УБ 2, дел од УБ 2.3 опфат 1 | 2011 |
| 60. | ДУП за УЗ 8, дел од блок – 8.1 опфат 2 | 2011 |
| 61. | ДУП УБ 10 и 11 УБ 10.4 и 11,1 Влашка Маала и Градинар | 2011 |
| 62. | ДУП за УЗ 13, УБ 13.1 | 2011 |
| 63. | ДУП за УЗ 17, УБ 17.2 опфат 1 | 2011 |
| 64. | АУП за ГП 1.02 од ДУП УЗ 17 „УБ 17.2 – опфат1“ Спортско-рекреативен центар „Билјанини Извори“ - Охрид | 2014 |
| 65. | ДУП за УЗ 13, дел од УБ 13.4, опфат 1 - Железничка – КО Охрид | 2012 |
| 66. | ДУП за дел од УЗ 13, дел од УБ 13.2 опфат 1 (ул. „Будва“ и ул.„Винковачка“) КО Охрид 4 | 2012 |
| 67. | ДУП УЗ 1-дел, УБ 1-1, плански опфат 1 Централно градско подрачје | 2013 |
| 68. | ДУП дел од УЗ, 2 дел од блок 2.5 – опфат 1 | 2013 |
| 69. | ДУП за УЗ 4, дел од блок 4.2 опфат 1 | 2013 |
| 70. | ДУП за УЗ 5, дел од УБ 5.1 – опфат 1 | 2013 |
| 71. | ДУП за УЗ 7, блок 7.1 | 2013 |

| | | |
|---|---|---|
| 72. | ДУП УЗ 12, блок 12.1 | 2013 |
| 73. | ДУП за дел од УЗ 12, дел од УБ 12.2 – опфат 3 (ул. „Болничка“) КО Охрид 2 | 2013 |
| 74. | ДУП за УЗ 9 (9.4) и УЗ 15 (дел од УБ 15.5) плански опфат (ул. „15-ти Корпус“ и ул. „Кленоец“) Охрид | 2014 |
| 75. | ДУП за дел од УЗ 1, дел од блок 1.1 – опфат 4 | 2014 |
| 76. | ДУП за УЗ 2, УБ 2.3, Опфат 4 плански опфат меѓу училиштето „Даме Груев“, ул. „119“, ул. „Новопроектирана 1“, ул. „Новопроектирана 2“ | 2014 |
| 77. | ДУП за УЗ 2, дел од блок 2.3, опфат 3 | 2014 |
| 78. | ДУП УЗ 9, УБ 9.2 | 2014 |
| 79. | ДУП за УЗ 11, дел од УБ 11.4 опфат 1, МЗ Видобишта | 2014 |
| 80. | ДУП за дел од УЗ 11, дел од УБ 11.3 опфат 2 | 2014 |
| 81. | ДУП за дел од УЗ 12 дел од УБ 12.3 – опфат 1 | 2014 |
| 82. | ДУП за УЗ 7, дел од УБ 7.2 опфат 2 | 2014 |
| 83. | ДУП УЗ 18, УБ 18.1 и дел од 18.2 „Чекоштина“ | 2015 |
| 84. | Измени и дополнување на ДУП УЗ 17 УБ 17.4 Охрид | 2015 |
| 85. | ДУП за УЗ 2, блок 2.3, опфат 2 | 2016 |
| 86. | ДУП за УЗ 6, дел од УБ 6.1 – опфат 1 Охрид | 2016 |
| 87. | ДУП за УЗ 4, дел од Блок 4.7 опфат 2 | 2016 |
| 88. | ДУП за УЗ 1, дел од блок 1.4 опфат 1 | 2016 |
| 89. | ДУП за УЗ 12, дел од УБ 12.4 - опфат 4 | 2016 |
| 90. | ДУП за УЗ 16, дел од Блок 16.2 опфат 3 | 2017 |

| | | |
|---|---|---|
| **III.** | **УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО** | |
| 1. | УПВНМ за дел од туристички комплекс „Горица - Св. Стефан - Метропол дел од блок 2 (Детска Болница)“ Општина Охрид | 2007 |
| 2. | УПВНМ за туристички комплекс на дел од туристички локалитет Горица - Св. Стефан – Метропол, Општина Охрид 2007 - 2017 (хотел Инекс) | 2007 |
| 3. | УПВНМ Лагадин – Пештани, Општина Охрид дел од УБ 9 – измена и дополна | 2008 |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | УПВНМ за дел од туристичка населба Горица – Исток (хотел Бонка) | 2008 |
| 5. | УПВНМ Охрид за комплекс „Свети Еразмо“ КО Охрид, Општина Охрид | 2011 |
| 6. | УПВНМ индустриска зона Мауцкер | 2015 |
| 7. | УПВНМ Лагадин Пештани блок 3 и дел од блок 4 | 2015 |
| 8. | УПВНМ туристички локалитет Св. Стефан опфат 3 | 2015 |
| 9. | Урбанистичко планска документација за туристичка развојна зона „ЉУБАНИШТА 1“, КО Љубаништа, Општина Охрид | 2014 |

| | | |
|---|---|---|
| **IV.** | **ОПШТИ АКТИ ЗА СЕЛО** | |
| 1. | Општ акт за село Лагадин | 2015 |
| 2. | Општ акт за село Љубаништа | 2016 |
| 3. | Општ акт за село Велгошти | 2017 |

| | | |
|---|---|---|
| **V.** | **Планови кои биле во важност до стапување на сила на член 24 од Законот за изменување и доиплнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање** | |
| 1. | ДУП за Пештани | 1980 |
| 2. | План за реализација на туристички комплекс „Свети Стефан“ Охрид | 1983 |
| 3. | ДУП за вилски комплекс „Лагадин“ | 1987 |
| 4. | Основен урбанистички план на крајбрежен простор на Општина Охрид | 1989 |
| 5. | ДУП за Трпејца | |
| 6. | Основен урбанистички план на крајбрежен простор на Општина Охрид во Зоната Исток 1, потег Лагадин - Пештани - измени и дополненија | 1997 |
| 7. | ДУП за потег Лагади - Пештани | 1999 |
| 8. | Урбанистичка документација за населено место Лескоец | 1999 |
| 9. | Урбанистичка документација за населено место Долно Лакочереј | 1999 |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | Урбанистичка документација за населено место Горно Лакочереј | 1999 |
| 11. | Урбанистичка документација за населено место Коњско | 1999 |
| 12. | Урбанистичка документација за населено место Вапила | 1999 |
| 13. | Урбанистичка документација за населено место Елшани | 2001 |
| 14. | ГУП за Косел | 199 |
| 15. | Измени и дополнувања на ГУП Косел | 2002 |
| 16. | Измена на дел од ОУП за крајбрежен простор Охрид (зона Север - Туристички локалитет „Андон Дуков“) | 2001 |
| 17. | ГУП за дел од крајбрежен простор туристички локалитет „Горица - Св. Стефан - Метропол“ | 2001 |

**Изработени урбанистички планови за село/Општи акти за места на територијата од Општина Дебрца кои се во границите на заштитеното добро:**

- Ботун
- Лешани
- Мешеишта
- Требеништа
- Горенци
- Оровник

## Прилог 7: Список на културно наследство во Охридскиот Регион

### Список на културни добра на територија од Општина ОХРИД

***I. Христијански сакрални градби***

| Ред. бр. | Име на доброто | Адреса | место | Решение бр. | дата | Ц.Р. | ЕМБ | состојба |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Црква Св. Богородица Болничка**<br>(Црква Св. Богородица Болничка – старо име на доброто) | **ул. „Коста Абрашевиќ“ бр. 36**<br>(стара адреса ул. „Коста Абраш“ бр. 30-6) | Охрид | 1028 | 26.7.1950 | 75 | 4-819-038/041 Р НД | Последен мониторинг во 2018 година. Се забележуваат одредени оштетувања и на архитектурата и на фрескоживописот на објектот. Моментално се изработува Елаборат за конзервација на фрескоживописот на црквата. Неопходно е да се изработи и Елаборат за конзервација на архитектурата. |
| | | | | 07-23/1 | 12.3 1968 | | | |
| | | | | 07-690/1 | 16.6.1998 | | | |
| | | | | Одлука бр. 42-5482/5 | 22.7.2014 | | | Културно наследство од особено значење (поткатегорија - големо значење)<br>(„Сл. весник на РМ“ бр. 113. од 29.7.2014) |
| 2. | **Црква Св. Никола Болнички во Охрид**<br>(Црква Св. Никола Болнички – старо име на доброто) | **ул. „Коста Абраш“ бр. 34**<br>(стара адреса ул. „Коста Абраш“ бр. 30-а) | Охрид | 1028 | 26.7.1950 | 76 | 4-819-038/040 Р НД | Последен мониторинг во 2018 година. Неопходно е да се изработи Елаборат за конзервација на фрескоживописот. |
| | | | | 07-22/1 | 12.3 1968 | | | |
| | | | | 07-692/1 | 16.6.1998 | | | |
| | | | | Одлука бр. 42-5482/3 | 22.7.2014 | | | Културно наследство од особено значење (поткатегорија - големо значење) (Сл. весник на РМ бр. 113. од 29.7.2014). |
| 3. | **Црква Мал св. Климент во Охрид** | **ул. „Методи Патчев“ бр. 9** | Охрид | 55 | 13.2.1953 | 78 | 4-819-038/075 Р НД | Последен мониторин во 2018 година. Има појава на влага на јужниот ѕид од црквата во појасот |
| | | | | 07-31/1 | 15.3 1968 | | | |

*План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)*

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | (Црква Мал св. Климент – старо име на доброто) | (стара адреса ул. „Методи Патчев“ 9-а) | | 07-689/1 | 16.6.1998 | | | меѓу контрафорите и запчестиот венец и капиларна влага на северниот ѕид заради вкопаноста на објектот. |
| | | | | Одлука бр. 42-5482/6 | 22.7.2014 | | | Културно наследство од особено значење (поткатегорија - големо значење) (Сл. весник на РМ бр. 113. од 29.7.2014) |
| 4. | **Црква Св. Никола Чудотворец во Охрид** (Црква Св. Никола Чудотворец - старо име на доброто) | **Ул. Методи Патче бр. 24** (стара адреса ул. „Климентска“ бр. 61-а) | Охрид | 07-33/1 | 18.3.1968 | 689 | 4-819-038/036 Р НД | Последен мониторинг во 2018 година. Состојба: добра; извршена е целосна конзервација на архитектурата и фрескоживописот. |
| | | | | | | | | Изработен е Елаборат за ревалоризација - не е усвоен и не е донесено ново Решение. |
| 5. | **Црква Св. Софија –** (старо име на доброто) – не е изработен Елаборат за ревалоризација | **стара адреса ул. „Цар Самуил“ –** | Охрид | 1028 | 26.7.1950 | 80 | 4-819-038/031 Р НД | Последен мониториг во 2018 година. Состојбата на архитектурата е добра. Неопходно е да се изработи Елаборат за конзервација на фрескоживописот и да се конзервира. |
| | | | | 07-18/1 | 12.3 1968 | | | Потребно е да се изработи Елаборат за ревалоризација. |
| | | | | 07-694/1 | 16.6.1998 | | | |
| 6. | **Црква Св.Никола Геракомија** (старо име на доброто) – не е изработен елаборат за ревалоризација | **стара адреса ул. „Коста Абраш” 70 -** | Охрид | 02-609/1 | 8.8.1986 | 686 | 4-819-038/045 Р НД | Последен мониторинг во 2018 година. Состојбата на архитектурата е добра. Неопходно е да се направи конзервација на фрескоживописот. |
| | | | | | | | | Потребно е да се изработи елаборат за ревалоризација. |
| 7. | **Црква Св. Јован** | **ул. „Кочо Рацин“** | Охрид | 1028 | 26.7.1950 | 79 | 4-819-038/034 Р НД | Последен мониториг во 2018 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Богослов - Канео во Охрид**<br>(Црква Св. Јован Богослов – Канео – старо име на доброто) | **бр.37**<br>(стара адреса - населба Канео) | | 07-30/1<br>07-697/1 | 15.3 1968<br>16.6.1998 | | | година. Состојба: добра.<br>Изработен е Елаборат за ревалоризација - не е усвоен и не е донесено ново Решение. |
| 8. | **Црква Големи Свети Врачи (Св. Кузман и Дамјан) во Охрид** | **ул. „Григор Прличев“ бр. 37** | Охрид | 18-190 | 14.5.2012 | | 4-819-038/004 Е нд | Последен мониториг во 2017 година после серијата на земјотреси. Има отпаднување на малтери од сводот на објектот. Има појава на капиларна влага за чие отстранување неопходно е да се направи соодветна дренажа. Неопходна е промена на дотраената електрична инсталација.<br>Значајно културно наследство |
| 9. | **Црква Св.Пантелејмон**<br>(старо име на доброто) – не е изработен Елаборат за ревалоризација | **ул. „Страшо Пинџур“ бр. 44 (месност Имарет) - *дел од археол. комплекс Плаошник*** | Охрид | 07-21/1 | 12.3.1968 | 101 | 4-819-038/039 Р НД | Последен мониторинг во 2018 година. Објектот е возобновен во 2000 - 2002 година; Состојба: добра.<br>Треба да се изработи Елаборат за ревалоризација на целиот археолошки локалитет. |
| 10. | **Црква Св.Никола Арбанашки**<br>(старо име на доброто) – не е изработен Елаборат за ревалоризација | **ул. „Страшо Пинџур“ бр. 16-а** | Охрид | 07-34/1 | 18.3.1968 | 688 | 4-819-038/037 Р НД | Последен мониторинг во 2017 година. Неопходно е да се изврши конзервација на архитектурата на објектот и да се постави заштитен наткров заради посоодветна заштита на остатоците од објектот.<br>Треба да се изработи Елаборат за ревалоризација. |
| 11. | **Црква Св. Богородица Перивлептос**<br>(старо име на доброто) – не е изработен Елаборат | **ул.„Климентска“** | Охрид | 1028 | 26.7.1950 | 77 | 4-819-038/038 Р НД | Последен мониторинг во 2018 година. Состојба: добра; направена е комплетна конзервација на архитектурата и фрескоживописот |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
